**ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И РАБОТАТА НА НОВИНАРИТЕ – осврт од аспект на правата на децата**

Програма изготвена од Регионалната канцеларија на UNICEF за централна и источна Европа и Заедницата на независни држави (CEE/CIS)

© UNICEF – Институт за технологија во Даблин, 2007 година

**СОДРЖИНА**

ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И РАБОТАТА НА НОВИНАРИТЕ
Увод

ЛЕКЦИЈА 1: УВОД ВО ПРАВАТА НА ДЕЦАТА
1. УВОД ВО КОНЦЕПТОТ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
Човековите права и природните права
Универзална декларација за човековите права
Одбрана на правата

2. ПРАВА НА ДЕЦАТА
Конвенција за правата на детето
Комитет за правата на детето

3. ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И МЕДИУМИТЕ
Предизвикот од Осло
Како се прикажани децата во медиумите
Медиумско експлоатирање на децата
Учеството на децата во медиумите

4. ПРЕЧКИ И БАРИЕРИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА
Заштита на човековите права
Застапување за правата на децата
Проблеми во реализирањето на правата на децата
Одговор на предизвиците на правата на децата

5. ЗАСТАПЕНОСТ И ПРИКАЖУВАЊЕ ВО МЕДИУМИТЕ, ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И ОДГОВОРНОСТА НА МЕДИУМИТЕ
Како ги претставуваат децата медиумите
Стереотипи во медиумите
Кршење на правата на децата
Заштита на децата
Медиуми за новата генерација
Професионална одговорност
Внатрешно регулирање

6. ДОБРИ ИСКУСТВА ВО ПРЕЗЕНТИРАЊЕТО НА ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ПЕРСПЕКТИВАТА НА ДЕЦАТА
Свет по мера на децата
Национални планови за дејствување за децата
Учество на децата
Поволности од учеството
Принципи од најдобрите искуства и практики
Обезбедување на ставовите на децата: примери
Пречки и бариери за учество

ЛЕКЦИЈА 2: ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И ПРОФЕСИОНАЛНАТА НОВИНАРСКА ПРАКТИКА

1. КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ И УПАТСТВА ЗА УРЕДНИЦИТЕ
Развој на новинарскиот кодекс
Слобода на медиумите
Што треба да содржи кодексот?
Системи за отчетност на медиумите
Меѓународни кодекси
Кодекс на однесување во однос на децата
Инструкции на IFJ за известување во врска со децата
Информативна мрежа за правата на децата (CRIN): етички инструкции за известување за децата
ПРИЛОЗИ
Ароднички принципи на Би-Би-Си за известување за децата
Статус на новинарите и новинарска етика – принципи на IFJ
Декларација на IFJ за принципите на однесувањето на новинарите

2. ПОЛИТИКИ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА
Заштита на децата
Заштитата на децата во организации
Политики за заштита на децата во медиумите

3. ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ
Студија на случај: Работна група за арбитрарно приведување
Возраст за кривична одговорност
Медиумите и децата во судир со законот: заштита на идентитетот
Прва студија на случај (Велика Британија): Мери Бел
Втора студија на случај (Велика Британија): Убијците на Џејмс Балџер

4. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИЛОЗИ (ПРИКАЗНИ) И ИЗВОРИ
Улогата на новинарите
Потребни вештини за да се известува за правата на децата
Инструкции на UNICEF за известување за децата
Доведување на Конвенцијата на Обединетите нации под знак прашалник
Извори на приказни
Клучни поими кога се работи со извори

5. ИНТЕРВЈУИРАЊЕ НА ДЕЦАТА
Користење на децата на фотографии и слики
Инструкции на UNICEF за интервјуирање на деца
По самото интервју...
Save the Children - Инструкции за интервјуирање на децата

6. ДЕЦАТА ВО ВООРУЖЕН КОНФЛИКТ
Медиумите и децата во вооружен конфликт

7. МОЖНОСТ НА ДЕЦАТА ДА СЕ ИЗРАЗАТ И МЕДИУМИ КОИ СЕ ФОКУСИРААТ НА ДЕЦАТА
Инволвирање на децата
Поволности од медиумските програми направени со и за децата
Меѓународен контекст
Предизвици и проблеми за смислено и корисно учество на децата во медиумите

8. НАЈДОБРИ ИСКУСТВА ВО НОВИНАРСТВОТО ВО ОДНОС НА ДЕЦАТА
Примери за најдобрите искуства

## ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И РАБОТАТА НА НОВИНАРИТЕ

### Увод

Добредојдовте во овој модул, наменет за новинарите, а кој се однесува на правата на децата!

Целта на овој модул е да ви ги долови вам, како обучени новинари, концептите и информациите кои ќе ви помогнат во изготвувањето новинарски вештини кои значат одговорно известување и кои ги почитуваат правата на децата.

**Кој пристап го користи овој модул**
Human Rights Education Associates (HREA) укажува на т.н. „пирамида на учење“ која се состои од три клучни модули за едукација за правата на човекот. Најдолу ги имаме „моделот на вредности и свест“, во средината е „моделот на отчетност“ и најгоре е „моделот на трансформација“.

**Модел 1 – вредности и свест**
Во моделот за вредности и свест главниот фокус е ставен врз образованието за човекови права и тој треба да обезбеди основна едукација за човековите права. Целта на моделот „е да го трасира патот кон свет кој ги почитува човековите права, преку свест и посветеност на нормативните цели утврдени во Универзалната декларација и други клучни документи“(Emerging Models for Human Rights Education, Felisa Tibbitts, International Review of Education – Special Human Rights Education edition, 2002). Примери за овој модел се кампањи за подигнување на јавната свест, програми за млади и образовани програми на сите нивоа од образованието.

**Модел 2 – отчетност**
Од учесниците во овој модел се очекува да имаат стекнато претходно разбирање на човековите права. Од друга страна, од нив, исто така, се очекува да бидат директно или индиректно инволвирани во заштитата на човековите права. Овој модул се фокусира на изградбата на човековите права и на вештините за застапување, како и на продлабочување на разбирањето на правото кое се однесува на човековите права. Примери за овој модел се сесиите за обука, наменети за активистите за човекови права, или за оние што се задолжени за евидентирање на случаите на злоупотреба на човековите права.

**Модел 3 – Трансформациски модел**
Овој модел има цел да им помогне на оние што виделе или биле жртва на злоупотреба на човековите права. Овој вид образование за човековите права може да се фокусира или на поединци или на цели заедници. Целта на моделот за трансформација е на учесниците да им овозможи да се заштитат себеси и нивните заедници од злоупотреба на човековите права. Примери за овој модел се програми во бегалски кампови и програми за групи за поддршка кои им помагаат на жртвите на семејното насилство.

Со оглед на тоа што целта на овој модул е да ги обучи новинарите со информации кои им се потребни да развијат вештини за одговорно известување во однос на човековите права, ќе се користи модулот на вредности и свест, со посебен акцент врз правата на децата. Целта на овој модул не е да се создадат активисти за

човекови права, туку да се поставаат основите за разумно известување за прашања кои се однесуваат на работата со децата и нивните права.

По завршувањето на овој модул вие ќе бидете во можност да ги разберете детските права, особено во контекст на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето. Вие, исто така, ќе бидете во можност да правите критична проценка на новинарските извештаи кои ги засегаат децата од аспект на човековите права. Исто така, ќе бидете и свесни за упатствата и кодексите на дејствување во новинарското известување по прашања поврзани со децата и ќе бидете во можност да правите професионална проценка за вашите сопствени практики од аспект на нивните права. Најважно од се', вие ќе бидете во можност да го примените она што сте го научиле во идната новинарска работа и ќе можете да известувате правично, точно и во согласност со принципите за правата на децата.

**Организација на модулот**

Модулот е организиран во две главни единици (делови).

Единица 1 – Уводот во правата на децата дава уводни информации за тоа зошто е толку важно разбирањето на правата, ќе ги разгледа најдобрите искуства, како и проблемите и предизвиците кои произлегуваат во известувањето во врска со децата.

Единица 2 – Права на децата и професионална новинарска практика, кои се однесуваат на професионалните новинарски практики од аспект на правата на децата и кои ги разгледуваат политиките и контекстите во чии рамки треба да се размислува за тоа како да ја подобриме нашата работа како новинар.

Овој материјал треба да се чита заедно со поголемиот број упатувања, референци и препораки за дополнително читање. Се надеваме дека она што ќе го научите во модулот ќе ги даде основите (и ќе биде референтна точка) за сите форми на новинарското известување, но особено за она известување во кое децата се во центарот на веста.

ЛЕКЦИЈА 1: УВОД ВО ПРАВАТА НА ДЕЦАТА

## 1. Увод во концептот на човековите права

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- Што се човековите права?
- Која е разликата меѓу природните права и човековите права?
- Универзалната декларација за човекови права
- Одбрана на човековите права

**Човековите права и природните права**
„Човеково право“ се однесува на природни, универзални права на човековите суштества, без разлика на другите фактори (како што се етничката припадност, религијата, државјанството или родот).

Човековите права се оние базични стандарди без кои луѓето не можат да живеат достоинствено.

Човековите права ги имаат сите лица – еднакво, универзално и трајно.

Човековите права се **неотуѓиви**: не можете да ги изгубите овие права се’ додека сте човечко суштество.

Човековите права се **неделиви:** не може да ви негираат право затоа што е „помалку важно“ или „небитно“.

Човековите права се **меѓузависни:** сите човекови права се дел од една сеопфатна рамка. На пример, вашата можност да учествувате во она што го правите директно зависи од вашето право да се изразувате себеси, да се стекнувате со образование и да ги обезбедувате неопходните работи во животот.

Идејата за човековите права произлегува од филозофската идеја за природни права. Според некои, не постои разлика меѓу природните и човековите права; тие и двата изрази ги сметаат како начин за прикажување на истото нешто. Други, пак, прават разлика меѓу овие два поима и велат дека некои карактеристики кои традиционално се однесуваат на природните права не се поврзани и со човековите права.

### ШТО СЕ ТОА ПРИРОДНИ ПРАВА?

**Природните права** се универзални права кои се сметаат за својствени на човековата природа и не зависат од човековите дејства или убедувања. Поединецот станува член на општеството со одредени основни права и ниедно друго право не може да му ги негира основните.

Најстаро спомнување на природните права може да се најдат во хинди, агама и упаниша текстовите, како и во ведите, напишани пред повеќе од три илјади години. Оттогаш, па наваму, природните права се важен концепт во текстовите кои се во основата на поголемите светски религии. Библијата и

Коранот заедно ја проповедаат важноста на човековата еднаквост, на достоинството и на одговорноста.

Една од теориите за природни права е развиена од теоријата за природниот закон, во времето на Преродбата, како спротивност на божествената моќ на кралот, и оваа тоерија овозможи морална оправданост на либерализмот.

Со развојот на идејата на индивидуализмот, особено во 17. век, доктрините на природното право се изменети за да го потенцираат фактот дека поединците, поради тоа што се физички суштества, имаат права кои не треба да бидат прекршени од никого ниту, пак, од кое било општество.

Можеби најпознатата формулација на оваа доктрина можеме да ја најдеме во делата на Џон Лок (1632-1704). Тој претпоставувал дека луѓето по својата природа се рационални и добри и дека во политичкото општество ги внесуваат истите права кои ги уживале во претходните фази на општеството. Најважни од нив се слободата на култот (обожавањето), правото на глас во сопствената власт и правото на сопственост.

На концептот на природно право може да му го спротивставиме оној за природното право – природното право е она за кое се тврди дека постои дури и кога тоа не го применува државата или општеството во целина, додека, пак, законско право е право кое конкретно го создава државата или општеството, за доброто на своите членови.

**Предлог дополнителна литература:**
Peter Jones: Rights, Oxford: Palgrave Macmillan, 1994.
Jeremy Waldron, ed: Theories of Rights, (Oxford Readings in Philosophy), Oxford: Oxford University Press, 1984.

Постоењето, валидноста и содржината на човековите права и понатаму е предмет на дебата во филозофијата и во политичката наука. Правно гледано, човековите права се дефинирани во меѓународното право и договори, како и во домашните правни системи на многу држави. Сепак, за многу луѓе доктрината на човековите права излегува и надвор од законските рамки и формира фундаментална морална основа за регулирање на редот во современото општество. За нив, тие се демократски идеали.

На сите нас ни се потребни права, и ние имаме право на нив. Тие обезбедуваат дека ние опстојуваме, се развиваме, и не' заштитуваат од физичка или психолошка злоупотреба. Правата, исто така, значат да постои можноста да се биде инволвиран во прашања кои не' засегаат. Правата обезбедуваат дека секој поединец ќе биде третиран на еднаков и правичен начин. Да се застапуваат човековите права значи да се бараат почитување и заштита на човековото достоинство на *сите* луѓе. Но, со правата доаѓаат и одговорностите, и ние сите мораме да ги почитуваме човековите права на другите, а не само да бараме тие да ги почитуваат нашите.

**Универзална декларација за човековите права**

Во 1945 година светот само што ја преживеа втората, по ред, светска војна за помалку од 30 години. Огромните злосторства кои биле извршени врз малцинските групи и воените затвореници за време на Втората светска војна, ќе ги натера светските лидери да ги формираат Обединетите нации со цел промовирање на мирот, просперитетот и заштитата на човековите права.

На 10 декември 1948 година, Генералното собрание на Обединетите нации ја усвојува и ја прокламира Универзалната декларација за човековите права. Таа ги признава „својственото достоинство“ како и „еднаквите и неотуѓиви права на сите членови на човековата заедница“. Таа, исто така, признава дека „непочитувањето и потценувањето на човековите права резултирале во варварски чинови“ и прокламира дека „светот во кој човечките суштества ќе ги уживаат слободата на говор и убедување, како и слободата од страв, се сметаат за највисоки аспирации на луѓето“.

Декларацијата се состои од 30 членови кои ги содржат ставовите на Обединетите нации за човековите права кои им се гарантирани на сите луѓе. Елеанор Узелт, член на Комисијата за човекови права која ја изготви самата декларација, изјави: „Не се работи за договор... (во иднина тој би можел да стане) меѓународна Magna Carta...“. Во својот говор од 5 октомври 1995 година, Папата Јован Павле II ја нарече Универзалната декларација за човекови права „едно од највисоките изразувања на човековата свест на нашето време“.

Сепак, Џин Киркпатрик, американски амбасадор во Обединетите нации, ја нарече Декларацијата „писмо со празни желби“ со следните зборови: „ниту една природа, искуство или веројатнос не можат да бидат основа за овој список на ‘права’. Овие права не се предмет на никакви ограничувања освен на оние во самиот ум и апетитите на нивните автори“ (конференциски документ: „Формирање на соодветна политика за човекови права“, 1981 година).

Некои од најважните членови во неа се:

- Член 1: Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и во своите права.
- Член 3: Право на живот, слобода и безбедност на лицето.
- Член 4: Слобода од измачување или од сурово, нечовечко постапување или казнување.
- Член 18: Слобода на мисла, совест и вероисповест.
- Член 19: Слобода на изразувањето и мислењето.
- Член 26: Право на образование.

По донесувањето на Универзалната декларација за човековите права, Генералното собрание на Обединетите нации ги повика своите земји-членки да го објават текстот на Декларацијата и „да сторат се’ за нејзина дисеминација, предочување, читање или информирање во училиштата и во другите образовни институции, без разлика на политичкиот статус на државите или на територииите“.

Гинисовата книга на рекорди за Универзалната декларација за човековите права вели дека е документ кој е преведен „најголем број пати во светот“. Според информациите на веб сајтот на УНХР од 2009 година, Универзалната декларација

за човекови права досега е преведена на 360 јазици и дијалекти и сите преводи се достапни на www.ohchr.org.

Донесувањето на Универзалната декларација за човековите права беше проследено со повеќе значајни спогодби кои имаат цел да ги промовираат и да ги обезбедат човековите права. Во 1966 година Обединетите нации ги донесоа Меѓународната спогодба за граѓански и политички права (ICCPR) и Меѓународната спогодба за економски, социјални и културни права (ICESCR). Овие договори правата, утврдени во Универзалната декларација за човековите права, ги направија задолжителни за сите држави кои го потпишале договорот. Други важни чекори во развојот на човековите права се Женевската конвенција за правилата за војување и Конвенцијата за елиминирање на сите форми на расна дискриминација (CERD).

Многу е важно да се запомни дека човековите права и натаму еволуираат. На пример, во изминативе години активистите за животна средина повикуваа на проширување на човековите права, а имено - во нив да се содржат и универзалното право на вода и други права поврзани со животната средина.

### Одбрана на правата

Голем број групи и движења успеаја да постигнат суштински промени во општеството во текот на 20-от век, во името на човековите права. Во Западна Европа и Северна Америка, синдикатите успеаја да се изборат за закони кои им дозволуваат на работниците право на штрајк, воспоставување на минимални услови за работа и забранување или регулирање на детскиот труд. Движењата за женски права успеаја да се изборат за право на глас на жените. Националните ослободителни движења ги „избркаа“ колонијалните сили во голем број држави. Едно од највлијателните беше движењето на Махатма Ганди за ослободување на Индија од британската власт. Во многу делови од светот, движењата кои ги водеа религиозни и расни малцинства кои беа репресирани долг период, се покажаа како успешни. Дел од нив се и движењата за граѓански права, како и најновите движења за политички идентитет кои се борат за правата на жените и малцинствата во САД.

Според Универзалната декларација за човековите права, фундаменталните човекови права, меѓу другото, се прекршуваат тогаш:

- кога на раса, на убедување или на група им се негира признавањето како „лице“ (членови 2 и 6);
- кога мажите и жените не се третираат еднакво (член 2);
- кога различните расни или религиозни групи не се третираат како еднакви (член 2);
- кога му се загрозени животот, слободата или безбедноста на лицето (член 3);
- кога лицето се продава или се користи како роб (член 4);
- кога на жртвите им се негира ефективен судски лек (член 8);
- кога казните се изрекуваат арбитрарно или еднострано, без соодветно и правично судење (член 11);

- кога постои арбитрарно мешање во личниот или приватниот живот од страна на агенти на државата (член 12);
- кога на граѓаните не им се дозволува да ја напуштат својата државата или да се вратат во неа (член 13);
- кога се негира слободата на вероисповед или говор (членови 18 и 19);
- кога се негира правото да се стане член на синдикатот (член 23);
- кога се негира правото на образование.

Декларацијата за човековите права, како и визијата за светот содржана во неа, ја претставува основата за организациите какви што се Amnesty International и Human Rights Watch, кои ги промовираат сите човекови права и кампањите против нивната злоупотреба. Тие изготвуваат годишни извештаи за состојбата со човековите права во секоја држава.

Според Amnesty International, само мал број држави не прават значителни прекршувања на човековите права. Во својот извештај за состојбата со човековите права во 2007 година, 57 држави имаат затвореници поради убедување и 102 држави имаат случаи на измачување или лошо постапување од страна на полицијата, на воениот и на полицискиот персонал.

Некои луѓе веруваат дека злоупотребата на човековите права многу почесто се случува во диктаторските отколку во демократските држави, поради тоа што слободата на говорот и слободата на печатот, обично, ги откриваат злоупотребите оркестрирани од државата. Сепак, злоупотреби имаме и во демократските држави. На пример, извештајот на Мекферсон утврди дека британската полиција е институционално расистичка во постапувањето со смртта на еден млад црнец, Стивен Лоренс. Исто така, Amnesty International, во една серија извештаи, ги нарече кампот и базата на САД во Гвантанамо „скандал со човековите права“.

Во повеќе од 90 држави се формирани национални институции за заштита на човековите права со цел промовирање или набљудување на човековите права во овие држави.

**Проценка**
Разговарајте за концептот на човековите права во контекст на избрани и современи, релевантни теми.

**Предлог за дополнителна литература**

Ресурсен центар за човекови права:
http://www1.umn.edu/humanrts/edumat/background.shtm

Форум на национални институции за човекови права: http://www.nhri.net/

Amnesty International: http://www.amnesty.org/

Извештаи за државите на Amnesty International за 2006 година:
http://web.amnesty.org/report2006/index-eng

Human Rights Watch: http://www.hrw.org/

Канцеларија на високиот комесар за човекови права:
http://www.ohchr.org

Универзална декларација за човекови права:
http://www.un.org/en/documents/udhr/
http://www.ohchr.org/EN/UDHR/Pages/Introduction.aspx

Видео материјали за Универзалната декларација за човекови права:
http://video.google.com/videosearch?hl=mk&q=Universal+Declaration+for+Human+Rihts&um=1&ie=UTF-8&ei=ks1-SvOMJoHJ_ga2iuXnBw&sa=X&oi=video_result_group&ct=title&resnum=4

Извештаи на Amnesty International за државите за 2009 година:
http://thereport.amnesty.org/

Извештај на Amnesty International за 2009 година за Република Македонија:
http://thereport.amnesty.org/en/regions/europe-central-asia/macedonia

Други извештаи на Amnesty International за Република Македонија:
http://www.amnesty.org/en/region/macedonia

Видео материјали за извештаите на Amnesty International:
http://www.youtube.com/watch?v=yy14tRe1e-c

Извештаи на Amnesty International за државите за 2008 година:
http://archive.amnesty.org/report2008/eng/Homepage.html

Извештај на Amnesty International за 2008 година за Република Македонија:
http://archive.amnesty.org/report2008/eng/regions/europe-and-central-asia/macedonia.html

Извештаи на Human Rights Watch за 2008 и 2009:
http://www.hrw.org/world-report-2009
http://www.hrw.org/en/reports/2008/01/30/world-report-2008

## 2. ПРАВА НА ДЕТЕТО

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- Зошто права на детето?
- Конвенција на Обединетите нации за правата на детето
- Комитет за правата на детето

„Права на детето“ се човекови права на децата и на лицата помали од 18 години. Постои посебен збир на права за децата и младите, преку признавање на фактот дека детството е посебен момент во нашите животи. Тоа е време кога многу учиме, растеме и се развиваме; кога ни се потребни други да се грижат за нас и да не’ чуваат; време кога, едноставно, треба да уживаме.

Во 1989 година, Обединетите нации се согласија дека за децата треба да има посебна конвенција. Овој збир на правата на децата и младите се нарекува **Конвенција на Обединетите нации за правата на детето (UNCRC).** Таа укажува дека лицата под 18 години ги имаат сите права содржани во неа, без разлика на расата, вероисповедта или способностите, без разлика што мислат или што кажуваат тие, и без разлика на тоа од какво семејство потекнуваат.

**Зошто правата на децата се издвоени во посебна конвенција за човековите права?**

**Децата се индивидуи**. Тие не се во сопственост на родителите или на државата. Тие имаат еднаков статус како членови на семејството.

**Децата го започнуваат својот живот како лица кои се целосно зависни**. Тие мора да се потпираат на возрасните во однос на негувањето и упатувањето што им е потребно за да се развијат во независни индивидуи. Таквото негување е најдобро да потекнува од возрасните членови на семејството на тоа дете, но кога основните негуватели не можат да му излезат во пресрет на детето, тогаш општеството треба да ја пополни оваа празнина.

**Децата се особено ранливи на злоупотреба и експлоатација**. Децата физички се поранливи отколку возрасните. Тие, исто така, се емоционално чувствителни на негативните искуства. Физичката или менталната злоупотреба може да остави доживотен белег кај детето. Во многу делови од светот, децата се експлоатирани како работници или војници.

**Дејствата (или недејствувањето) на државата влијаат врз децата многу посилно отколку врз која и да е друга група во општеството.** Речиси секоја област на владината политика (на пример, образованието или јавното здравство) донекаде ги засега и децата. Кусогледото креирање политика кое не успева да ги земе предвид децата ја загрозува иднината на сите членови на општеството.

**Ставовите на децата, речиси, никогаш не се слушаат или не се земаат предвид во политичкиот процес.** Децата, обично, не гласаат или не учествуваат во политичките процеси. Поради тоа што не се обрнува

посебно внимание на мислењата на децата (кои се изразуваат дома и на училиште, во локалните заедници, па дури и во Владата), остануваат неслушнати нивните ставови за многу важни прашања кои ги засегаат во актуелниот момент или кои ќе ги засегнат во иднината.

**Многу промени во општеството имаат нееднаков (и најчесто негативен) ефект врз децата**. Трансформирањето на семејната структура, глобализацијата, промените во состојбата со вработеноста и намалувањето на општествената благосостојба во многу земји имаат сериозно влијание врз децата. Ефектот од овие промени може да биде особено разорен во ситуации на вооружени конфликти и други итни ситуации.

**Здравствениот развој на децата е суштински за идната благосостојба на кое било општество**. Поради тоа што децата, сè уште, се во развој, тие се особено ранливи (многу повеќе од возрасните) поради лошите животни услови, какви што се: сиромаштијата, неадекватната здравствена нега, слабата исхрана, непостоењето здрава вода за пиење, лошите домашни услови и загадувањето на животната средина. Болестите, слабата исхрана и сиромаштијата претставуваат закана за иднината на децата и со тоа и закана за општествата во кои живеат тие.

**Трошоците за општеството кое не ги исполнува потребите на своите деца се огромни.** Социјалните истражувања укажуваат дека токму најраните искуства на децата влијаат најмногу на нивниот иден развој. Насоката на нивниот развој е, всушност, основата за она што тие ќе го прават понатаму за самото општество.

**Конвенција за правата на детето**
На 20 ноември 1989 година, Обединетите нации ја одобрија Конвенцијата за правата на детето (UNCRC). Конвенцијата стапи на сила на 2 ноември 1990 година. Таа сега е меѓународен договор кој го потпишуваат државите и, откако ќе го ратификуваат, законски се обврзани да го исполнуваат. Таа е првиот законски и обврзувачки меѓународен инструмент кој во себе го содржи целиот спектар на човекови права. Сите држави во светот ја имаат ратификувано оваа Конвенција, освен Сомалија и САД. Сомалија не беше во можност да ја ратификува бидејќи нема призната влада. Со потпишувањето на Конвенцијата, САД ја искажаа својата намера да ја ратификуваат, но тоа сè уште се нема случено.

Во согласност со Конвенцијата, децата имаат право на исполнување на нивните основни потреби: опстанок, заштита, детска нега, храна и вода. Тие, исто така, имаат право на можност да им се помогне за да го изразат својот целосен потенцијал низ: образованието, играта, спортот, слободата за искажување на своето мислење и вклучувањето во одлуките кои ги засегаат.

Конвенцијата потенцира дека сите деца ги имаат истите права и дека сите права се меѓусебно поврзани и еднакво важни. Таа, исто така, се однесува на обврската децата да ги почитуваат правата на другите, особено на своите родители.

Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето има вкупно 54 члена: секој од нив се однесува на посебно право. Овие права се групирани во четири групи: опстанок, заштита, развој и учество.

**Правата на опстанок** го признаваат правото на детето на живот и на потребите кои се основни за да се обезбеди постоењето. Овие потреби се: исхрана, засолниште и адекватен стандард на живеење, како и пристап до здравствена заштита.

**Развојни права** укажуваат што треба да имаат децата за да го реализираат својот целосен потенција. На пример: образование, слободни активности, културни активности, пристап до информации и слобода на мислата, на свеста и вероисповест.

**Правата на заштита** бараат децата да бидат заштитени од сите видови злоупотреба, занемарување и експлоатирање. Тие се однесуваат на нешта, какви што се: посебната заштита на децата-бегалци, заштитата на децата кога се вработени и заштита и рехабилитација на децата кои се соочиле со каква било форма на злоупотреба или експлоатација.

**Права на учество** кои признаваат дека на сите деца треба да им се овозможи да имаат активна улога во своите заедници и општества. Овие права се слободата за изразување на мислењата и правото на глас во однос на прашања кои ги засегаат нивните животи. Како што се развиваат нивните способности, децата, исто така, имаат поголеми можности да учествуваат во своето општество, како подготовка за одговорен живот како возрасно лице.

На четири од вкупно 41 суштински член на Конвенцијата им се става посебен акцент, бидејќи тие се основа за имплементација на сите права содржани во неа. Тоа се следниве членови кои се познати уште и како ‘општи принципи’ на Конвенцијата:

- Член 2: Сите права гарантирани со Конвенцијата мора да им бидат достапни на децата без каква било дискриминација;
- Член 3: Најдобриот интерес на детето мора да биде основната работа при преземањето на сите дејства кои се однесуваат на децата;
- Член 6: Секое дете има право на живот, опстанок и развој;
- Член 12: Ставовите на детето мора да се земаат предвид кај сите прашања кои го засегаат.

Во изминативе години се изготвени и два опционални протокола на Конвенцијата zа правата на детето:

- Опционалниот протокол за продажба на децата, детска проституција и детска порнографија, донесен на 25 мај 2000-та година;
- Опционалниот протокол за инволвирање на децата во вооружен конфликт, донесен на 25 мај 2000-та година.

Конвенцијата ја рефлектира новата визија на детето и детството. Децата се човечки суштества и имаат свои сопствени права. Конвенцијата му нуди визија на детето како силна, компетентна индивидуа и како член на семејството и на

заедницата, со права и одговорности кои им се соодветни на возраста на детето и на фазата на развој. Со ваквото признавање на правата на децата, Конвенцијата јасно го става акцентот врз детето во целина.

Република Македонија ја ратификувала Конвенцијата за правата на детето во 1993 година.

**Комитет за правата на детето**
Владите кои ја ратификуваат Конвенцијата мора редовно да го известуваат Комитетот за правата на детето (CRC). Се работи за експертско тело кое е задолжено да врши мониторинг за тоа како ја имплементираат државите Конвенцијата. Овие извештаи ја прикажуваат состојбата на децата во државата и ги објаснуваат мерките што ги преземаат државите за да ги реализираат нивните права. При разгледувањето на извештаите од државите, Комитетот им сугерира на сите нивоа на владите да ја користат Конвенцијата како водич во креирањето на политиката и нејзината имплементација. Бидејќи заштитата на човековите права по својата природа е бескраен процес, секогаш постои можност за подобрување.

Креирањето на тело за правата на децата и прашањето што, навистина, значат правата на децата и како тие можат најдобро да се реализираат, и натаму е предмет на оспорување. Промовирањето на правата на децата се базира, делумно, врз признавањето дека свеста за загрозеноста на децата и, со тоа, потребата од специјална заштита, не ги спречува нивните страдања, како последица од донесените одлуки од страна на возрасните. Сочувствувањето со маката на децата најчесто води кон тоа децата да се гледаат како колективитет и да бидат третирани како објекти на милосрдие наместо како индивидуални човечки суштества, со сопствени силни страни и способности, со свои сопствени потреби и права.

Како последица од тоа, прашањата кои се однесуваат на децата најчесто се сметале дека немаат политичка природа и не биле решавани. Основниот принцип на правата на децата е дека општеството има обврска да им излезе во пресрет на фундаменталните потреби на децата и да обезбеди поддршка во развивањето на личностите на децата, на нивните таленти и способности.

Креирањето на Конвенцијата за човекови права обично го рефлектира општоприфатеното правило дека колку што е поголема свеста за правата толку се поголеми и шансите за нивно запазување. Со Конвенцијата за правата на детето, човековите права на детето се јасни, сеопфатни и доследни. Дефинирањето на правата на децата на овој начин е предуслов тие да бидат почитувани.

**Проценка**
Врз основа на националните извештаи кои ги испраќа  вашата држава до Комитетот на Обединетите нации за правата на детето, како и врз основа на неговото разгледување на овие извештаи, дискутирајте за механизмот на мониторинг на UNCRC и за неговото локално влијание.

## ДЕЦАТА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Има околу 100 милиони деца на возраст од 0 - 18 години кои живеат во Европската Унија. Иако многу од активностите во ЕУ делуваат на децата што живеат внатре и надвор од ЕУ, се уште нема систематични разгледувања на тоа како активностите на земјите членки на ЕУ влијаат на децата. Ова е во спротивност со ратификацијата на Конвенцијата за Правата на детето на ОН (1989) од сите држави членки на ЕУ. Децата се уште не се целосно препознаени како еднакви европски граѓани и нема кохерентен обид на земјите членки на ЕУ во однос на детските права. Преку користење на нивните законодавни, буџетски и политички сили, членовите на Европскиот Парламент (МЕП) можат да помогнат да ги направат детските права реалност во Европа и пошироко.

Ги обврзуваме кандидатите на МЕП на следново:

1. Помогни и направи ја ЕУ лидер во детските права преку “Безбедни детски права”.

Многу ЕУ политики и активности делуваат значајно за децата преку " Безбедни детски права ". Се земаат предвид влијанијата врз детските права. Во 2006, Европската Комисија се согласи да развие стратегија за детските права, за да ги оствари целите, но ниедна стратегија се уште не е прифатена. Потребна е политичка одговорност на највисоко ниво што ќе трае и ќе го води овој процес напред при што ќе имплементира практични мерки во ЕУ институциите базирани врз најдобри интернационални програми. Лисабонскиот Договор за прв пат ги вклучува детските права во целите на ЕУ.

2. Бранителите на детските гледишта да бидат сослушани преку одлуките и дискусиите во ЕУ, а децата да се ополномоштат да учествуваат.

UNCRC имаат јасни изјави дека децата имаат право нивните гледишта да бидат земени предвид во сите дискусии што ги засегаат. Последователно, во ЕУ децата би требало да бидат препознаени како активни учесници во полиси од сите форми што ги засегаат нив.

3. Документот за доволни ресурси да биде предвиден за детските права во ЕУ буџетот.

Фондациите на ЕУ насочени кон одредени проблематични прашања за децата се ограничени на неколку места и се нередовни. Нема буџет кој ги опфаќа сите права на децата или кратки прегледи на средствата што ЕУ ги троши на децата. Вистинската одговорност кон правата на децата бара распределба на доволни ресурси од ЕУ буџетот за детските права.

4. Поддржи ги прогресивните ЕУ мерки што се борат против дискриминација на децата.

Децата искусуваат многу форми на дискриминација што се должи на немоќност или на етничка припадност. Децата се, исто така, дискриминирани заради нивната возраст, но ова се уште не е препознаено од ЕУ техниките за дискриминација. ЕУ

техниките на дискриминација мора да бидат продлабочени за да се препознае дали децата искусуваат нефер дискриминација заради нивната возраст.

5. Унапреди ја честољубивата дејност на ЕУ за искоренување на детската беда и социјално исклучување од ЕУ.

Приближно 19 милиони деца од ЕУ живеат сиромашно. Постои широк консензус на Националната влада која тешко се справува со детската сиромаштија како приоритет, но се уште постои неуспех да се земе разбирлива и одлучна акција. ЕУ мора да постави амбициозни квантифицирани цели за редукција на детската сиромаштија, поддржани од ригорозни национални одговорности и мониторинг за доброто на децата. Државите членки мора да останат одговорни за нивните ангажмани.

6. ЕУ да ги заштити децата од насилство, злоупотреба и експлоатација.

Многу е важно ЕУ да се соочи со неколку аспекти на насилство и искористување на децата, како што се трговија со деца или детско искористување преку интернет (детска порнографија). Понатаму, ЕУ може да ги поддржи земјите членки да учат едни од други како ефективно да ги заштитат децата од насилство и како да ги заштитат оние кои искусиле насилство.

7. Осигурај се дека ЕУ ги унапредува и заштитува правата на децата и ја контролира емиграцијата.

Низ ЕУ, на децата припадници на третата национална држава членка, кои немаат документи за престој во ЕУ или кои се дел од процесот на аплицирање за азил, им се одбиени барањата да ги остварат своите права. Овие деца, било да се разделени било придружени од нивните фамилии, прво и основно мора да бидат третирани како деца и да имаат полза од сите права во Конвенција на правата на детето.

8. Унапреди ја интеграцијата на детските интереси и потреби преку ЕУ средината, медиумски и потрошувачките заштитни полиси и законодавството, како и на здравствено, образовно и културно поле.

ЕУ ја игра главната улога во прифаќање на стандарди од подрачја како што се околината, медиумите и заштитата на потрошувачите. Децата се генерално поранливи од ефектите на проблемите од средината отколку возразните, што значи дека се значајна потрошувачка група на добрини и услуги. Како и да е, нивните потреби и права се ретко земени предвид во развојот на ЕУ полисите и законодавството на тие прашања проблем. Интересите и правата на децата мора да бидат систематично разгледани во сите полисиПОЛИТИКИ  што ги засегаат.

9. Јавување на полиси кои активно земаат учество во подобрување на правата на децата во ЕУ и земјите кандидати.

Стапувајќи во преговори со земјите што сакаат да станат членки на ЕУ, може да помогнат во донесување на значајни реформи во земјите што се загрижени за детските права, подобрувајќи го пристапот на децата до нивните права во оние земји во кои нема такви услови.

10. Реагирај за да ја подобриш имплементацијата на надворешните врски, средства и инструменти на детски права во ЕУ.

ЕУ има неколку средства и инструменти кои можат да се употребат за заштита и промовирање на детските права во земјите партнерки. Како и да е, нивната имплементација е проста и правата обично губат од нивниот интерес, како трговија, обезбедување или енергија. Овој недостаток на постојаност помеѓу светот и делата ја намалува ЕУ можноста за светска сцена. Потребите на ЕУ да ја зголеми и подобри имплементацијата на детските и човековите права во Брисел, во партнер земјите и во интернационалниот форум како УН.

**Што може да направи МЕП?**

**МЕП може:**

 Да помогне во подобрување на соработката помеѓу Комитетите на Европскиот парламент и Политичките групи за проблематични прашања за детските права, на пример, преку поддржување на формирањето на интергрупа за детски права или нивните соодветни механизми.

 Да се зголемат прашањата за детските права во Комитетите и Политичките групи и да бидат сигурни дека детските права ќе бидат третирани преку дебати, изјави и дискусии.

 Поставувајте прашања за детските права на комисари и претставници на претседателот кога тие ќе ги посетат Комитетите, дури и за време на рочиштето за нов Европски комесаријат.

 Осигурување на распределбата на доволни ресурси за детските права на ЕУ буџетот.

 Пишани и усни прашања на Комисијата и Советот за детските права.

 Зборувајте со децата и младите луѓе, како и со детските организации во вашето изборно тело за да дознаете кои од проблематичните прашања се важни за нив.

 Работете со Европската детска мрежа и обидете се да ги имплементирате одговорностите од овој Манифест. Ние можеме да ве снабдиме со информации и да сугерираме корисни активности.

**Предлог за дополнителна литература**

UNICEF: Конвенција за правата на детето:
http://www.unicef.org/crc/index_index.html

Комитет за правата на децата:
http://www2.ohchr.org/english/bodies/crc/index.htm

Child Rights Information Network (CRIN) – Конвенција за правата на детето:
http://www.crin.com/resources/treaties/CRC.asp?catName=International+Treaties&flag=legal&ID=6

Children‘s Rights Alliance – Конвенција за правата на детето:
http://www.childrensrights.ie/convention.php

Конвенција за правата на детето (превод на македонски):
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/konvencija%20celosna.pdf

Направи ги детските права приоритет- ,,Меѓаши,,:
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Napravi%20gi%20detskite%20prava%20prioritet.pdf

Моите права за деца од 9 до 12 години- ,,Меѓаши,,:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=8E7E8C580040AA47AD92F5FEE0462795

Моите права за деца од 13 до 18 години- ,,Меѓаши,,:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=BF349A827B2E00408399EE651057B00F

Брошура ,,Сите за еднакви права,, во рамки на проектот ,,Промоција на правата на детето во ромската заедница,, спроведен од ,,Меѓаши,,:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=8E0554CABAEF1447AA9D963AFEC4C730
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Brosura_ROMI_ver_9_Page_2.large.jpg

Конвенција на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=DF6900A0E2810D458D3839BCD317BFEF

## 3. ПРАВА НА ДЕТЕТО И МЕДИУМИТЕ

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- Влијанието на медиумите врз младите
- Сликата за децата во медиумите
- Медиумско експлоатирање на децата
- Учеството на децата во медиумите

### Предизвикот од Осло

Во ноември 1999 година, млади луѓе инволвирани во медиумски проекти, медиумски професионалци и експерти за правата на децата се собраа во главниот град на Норвешка за да дискутираат за улогата којашто може да ја имаат медиумите во развивањето на правата на децата низ целиот свет, и тоа во следниве пет точки:

- Правата на децата за пристап до медиумите, вклучувајќи ги тука и новите медиуми;
- Правата на децата за едукација за медиумите и описменување;
- Правата на децата за нивно учество во медиумите;
- Правата на децата за заштита од лошото во медиумите и од насилството на екраните;
- Улогата на медиумите во заштитата и промовирањето на детските права.

Од овие дискусии произлезе „Предизвикот од Осло“. Тој признава дека односот дете/ медиум е влезната точка во широкиот и повеќестран свет на децата и нивните права – пристап до образованието, слободата на изразување, играњето, идентитетот, здравството, достоинството и самопочитувањето, заштитата – и дека во секој аспект на правата на децата, во секој елемент од животот на детето, односот меѓу медиумот и детето игра значајна улога“.

Предизвикот од Осло беше повик на акција. Тој им беше упатен на сите оние што се вклучени во истражувањето, развивањето, мониторингот и кои учествуваат во сложениот однос меѓу детето и медиумот. Ова подразбира активности за децата од страна на државата, организациите и поединците, од страна на стручни медиумски лица на сите нивоа и во сите медиуми, како во приватниот сектор, вклучувајќи ги и сопствениците, децата и младите, родителите, наставниците и истражувачите (Magic интернет страницата на UNICEF е одговор на оваа иницијатива и на неа се прикажани медиумски проекти од, со и за децата од целиот свет, заедно со други линкови и информации.)

Неколку клучни членови од Конвенцијата на Обединетите нации за правата на децата се однесуваат на медиумите и децата. Комитетот за правата на децата утврди три главни области кои треба да се земаат предвид:

- начините за подобрување на имиџот на детето преку медиумското известување;
- поттикнување на децата активно да учествуваат во медиумите; и
- заштита на децата од штетните влијанија на медиумите.

Членот 17 од Конвенцијата укажува на важната улога на медиумите во дисеминирањето на информации кои ја промовираат добросостојбата на децата во најширока смисла, давајќи им на земјите-членки конкретни задачи. Тој потенцира дека државата треба „да ја признае важната функција која ја вршат мас-медиумите“ и „да обезбеди дека детето има пристап до информации и материјали од повеќе домашни и странски извори, особено од оние што се насочени кон промовирањето на неговата општествена, духовна и морална благосостојба, како и кон физичкото и ментално здравје“.

Членот 12 за правата на децата го признава правото на децата да ги искажуваат своите ставови во врска со прашањата што ги засегаат нив. Членот 13 го заштитува нивното право на слобода на изразување. „Ова право ќе вклучува слобода за барање, добивање и непристрасно информирање и идеи од секаков вид, без разлика на ограничувањата, било усно, писмено или печатено, во вид на уметност или преку какви било други медиуми по избор на детето.“

Овие членови треба да придонесат не само кон развивање на добро информирани граѓани, туку и кон тоа почесто да се слуша гласот на младите во медиумите. Тие испраќаат и јасна порака дека децата треба да бидат учесници и корисници во информациската револуција.

Во последниве две децении, а особено со развојот на новите медиуми и појавата на интернетот, медиумите за деца и млади се појавија на глобалната агенда. Некои фактори започнаа да дознаваат за правата на децата токму преку медиумите (на пример, дека младите имаат пристап до квалитетни медиумски содржини, преку овозможување да се слушне гласот на младите и преку вршење притисок за етички пристап во известувањето за децата).

**Влијание што го имаат медиумите врз младите**
За влијанието на медиумите (особено за насилството во медиумите) врз децата се направени голем број студии. Некои експерти, како што е професорот Роуел Хуесман од Универзитетот во Мичиген (2000), од нивното 50-годишно искуство, укажуваат дека „изложеноста на насилство од страна на медиумите“ прави децата да се однесуваат поагресивно, што има влијание врз нив во нивните подоцнежни, возрасни години“. Други, пак, како што е Џонатан Фридман од Универзитетот во Торонто, велат дека „научните докази едноставно не покажуваат дека гледањето насилство создава насилство кај луѓето“.

Профилирањето и глобализацијата на медиумите се некои од главните карактеристики на современата култура кај младите. Во голем број држави, младите имаат големи шанси за пристап до поголем избор на мултимедијални содржини како никогаш досега (кабелски и сателитски канали, радиостаници, весници и списанија, интернет, компјутерски и видеоигри). Денес има поголема достапност до странски програми и медиуми и помалку официјална цензура и контрола во многу делови на светот. Информациите, електронските пораки и сликите се движат низ целиот свет многу побргу и послободно отколку досега. Потребно е да се разгледаат прашањата за заштитата и за учеството.

**Како се прикажувани децата во медиумите**

Начинот на кој медиумите ги прикажуваат децата има значително влијание врз ставовите спрема децата и детството, и тоа има големо влијание на тоа како возрасните се однесуваат кон децата. Медиумите креираат кој ќе биде пример за младите и кој влијае врз нивното однесување и врз нивните очекувања. Начинот на кој медиумите ги претставуваат, па дури и ги игнорираат, децата може да влијае врз одлуките кои се преземаат во нивно име и како општеството гледа на нив. Медиумите најчесто ги прикажуваат децата како пасивни, „тивки“ жртви.

Со тоа што им даваат можност на децата и младите самите да ги искажат своите надежи и стравови, своите постигнувања, како и можноста да се искажат како однесувањето на возрасните влијае врз нивниот живот, професионалните лица во медиумите може да ја потсетат јавноста дека децата заслужуваат да бидат почитувани како индивидуални човечки суштества.

Според Меѓународната федерација на новинарите, портретирањето на децата во медиумите постојано повторува една цела серија митови:

- Семејствата во земјите во развој, децата кои живеат во сиромаштија и жртвите на војни и катастрофи ја губат својата индивидуалност и хуманост. Тие најчесто се претставени како беспомошни страдалници, немоќни да сторат што и да е, да размислуваат или да за зборуваат за самите себе.
- Постои тенденција прашањата кои се однесуваат на децата, главно, да се фокусираат на сензационализам, при што се игнорираат широк спектар на прашања поврзани со децата, а кои се утврдени со Конвенцијата за правата на детето.
- Медиумските вести за децата најчесто се еднократни приказни, без, речиси, никакви анализи или проследувања.
- Не се почитува секогаш доверливоста/ приватноста на децата.
- Кога децата се дел од вестите, тие најчесто се претставени преку стереотипи, какви што се: „деца кои гладуваат во Африка“ и „неодговорни тинејџери“.

Приказните за злоупотребата на децата, за децата вклучени во криминал и за децата на улица се најчесто застапените теми додека, пак, пошироките теми за правата (како што се правото на игра, рекреација и спорт) често се сметаат како помалку вредни теми од страна на медиумите. Ова резултира во неурамнотеженост во импресиите на „децата како жртви“ или како „постојани создавачи на неволји“.

Британската организација Children’s Express која ги вклучува децата и младите во медиумската продукција, како и во самото пишување и менување на медиумските вести, во 1998 година направи еднонеделен мониторинг на националните весници. Истражувачите утврдија „седум смртоносни стереотипи“, и тоа според следниов редослед:

- Децата како жртви (31,5%)
- Слатки дечиња (благопријатни слики) (26,7%)
- Мали ѓаволчиња (децата се демонизираат) (10,8%)
- Децата се прекрасни (извонредни деца ) (9,7%)
- Децата како „прибор“ (т.е. сопственост на родителите) (8,4%)
- Децата денес... (носталгија кај возрасните за минатото) (7,5%)

- Мали ангелчиња (кои никогаш не прават грешки) (5,4%)

Доказите за стереотипите се содржани во студијата организирана од MORI (Market and Opinion Research International) за британското списание Young People во 2004 година. Оваа студија забележува дека „овие групи (на млади лица) сметаат дека за нив во печатот постојат негативни стереотипи и чувствуваат дека тоа влијае врз нивните секојдневни животи во смисла на тоа како возрасните гледаат на нив кога се надвор, односно на јавни места со нивните пријатели. Тие, исто така, веруваат дека новинарите се веднаш тука за да го проценуваат нивното однесување од морален аспект“. Тие гледаат на ова како на состојба на хипокризија, зашто сметаат дека новинарите тенденциозно претеруваат со цел да ги продаваат весниците во поголем тираж, а со тоа и да заработат повеќе: *Тие ќе направат се' да напишат што и да е, ако немаат за што друго да пишуваат. Нив не ги интересира како влијае тоа врз нечиј углед“*. Ова е според едно претходно истражување на MORI, направено во 2003 година, на примерок од 914 лица на возраст 11-18 година, кое утврдило дека 64% од испитаниците изјавиле дека не им веруваат на новинарите.

Од ова произлегува дека медиумите, иако имаат важна улога во подигнувањето на јавната свест за правата на децата, тие, често, можат да бидат и „двосмислени“ партнери.

## Медиумско експлоатирање на децата

Уште едно важно прашање е дали медиумите ги поттикнуваат децата да станат предвремено сексуално активни, особено од аспект на нивното учество на модни настани или на настани поврзани со поп-музиката.

Од една страна, медиумите известуваат за одредени случаи на злоупотребено лице и лице кое ја извршило таквата злоупотреба, и тоа преку новинарски извештаи, фотографии, прилози и сл. Од друга страна, токму самите медиуми е можно да бидат „експлоататори“ со креирањето сексуално провокативни слики на децата во вестите или во рекламите.

Професионалните лица во медиумите се на позиција која им овозможува водат сметка за правата на децата кога се известува за нив, преку соодветно контролирање на обидите да се заштитат овие права и со соодветно повикување на одговорност на оние кои не успеваат да ги исполнат своите заложби кон децата. Сепак, комерцијалниот притисок може да ги присили медиумите да ја не се придржуваат кон оваа обврска. Обично преовладува едно „несоодветно“ урамнотежување на интересите во случаи кога етичките стандарди се жртвуваат за комерцијални цели.

## Учеството на децата во медиумите

Примерите на учество на младите луѓе во медиумите се потврда за нивниот интерес за светот околу нив, особено доколку им се даде шанса да се изразат себеси на смислен начин во врска со прашањата кои ги засегаат. Се' поголем број на интересни групи и медиумски организации креираат голем број можности за да учествуваат младите во медиумите.

**ПРИМЕРИ ЗА МЕДИУМСКИ ПРОЕКТИ**

*Еве некои примери за растечкиот број на успешни медиумски проекти и програми за и со децата и младите:*

**ANDI –** Бразилската новинска агенција за правата на децата врши мониторинг на опфатот на децата и на младите во медиумите, и тесно соработува и ги обучува новинарите за тоа како да известуваат за децата и, воопшто, за прашањата поврзани со младите. Обидите на оваа организација резултираа со значително поголем и подобар опфат на децата и младите во медиумите во Бразил. Овој модел сега се применува во уште осум други држави од Латинска Америка.

**TROC** – Млади известувачи од Албанија. Поголем број млади, на возраст од 13 до 18 години од целата држава беа обучени за реализација на една актуелна програма во текот на една недела во весниците и на телевизијата. Учениците ги научија сите аспекти на тоа како се произведува видеовест, а, исто така, тие и самите беа одговорни за планирањето и продукцијата на програмата, со мала помош од повозрасните. Оваа програма е мошне популарна во цела Албанија и во соседните држави кај младите гледачи. Тие ја гледаат TROC како прва телевизиска програма која ги прикажува вистинските потреби на општеството и сличните вакви примери од целата држава.

**Mukto Khobor (Free News)** – се работи за мошне популарна телевизиска програма, која се прикажува еднаш неделно со траење од 25 минути. Оваа програма покрива актуелни настани од Бангладеш и е во продукција на деца на возраст од 11 до 17 години. Таа се фокусира на децата и на прашањата поврзани со детските права. Претставува форум во кој младите ги искажуваат своите ставови, ги поттикнуваат младите новинари со специјализирани вештини, ги инспирираат младите гледачи кои ја гледаат успешната работа на своите врсници во медиумите и покажува дека младите можат да дадат вреден и значаен придонес во решавањето на актуелните проблеми.

**Children and Broadcasting Foundation for Africa (CBFA).** Оваа фондација е формирана во 1995 година со цел да овозможи примена на Африканската повелба за децата и емитување, и да ја подигне свеста кај стручните медиумски лица и кај оние кои емитуваа програма за потребата од квалитетна програма наменета за децата. CBFA е насочена кон децата на возраст од 9 до 16 години, кон професионалните лица во медиумите и сл. Организира работилници, семинари за продукција, состаноци и сл. со фокус врз потребите и правата на децата во Африка.

**Video and the Community Dreams проект во Египет** – кој го проширува знаењето и искуството на програмата “New Horizons” покрената од Центарот за развој и активности насочени кон населението и го зајакнува гласот на младите жени и девојчиња во египетското општество. Тимови жени од четири египетски заедници стекнуваат доверба во своите вештини за видеопродукција и нивната способност да известуваат токму за најчувствителните теми. Членовите на овие тимови се „видливи“ во

општеството, како медиумски лица и како лидери, и тие помагаат во уривањето на стереотипите. Прилозите подготвени од овие тимови се користат за провоцирање на дискусии и за промовирање на решенија во секоја заедница.

Учеството во медиумите генерира одлични резултати за младите луѓе што е утврдено во Годишниот преглед на UNESCO од 2001 година, насловен како *Преглед на децата и медиумите:*

- Зајакнато чувство на гордост, моќ и самодоверба, како резултат од чувството дека нивниот глас се слуша, дека тие се дел од сопствената заедница и дека постигнале разбирање за другите и разбирање на својата сопствена култура.
- Утврдување дека нивните секојдневни визии и нивната сопствена, социјална и етничка култура и реалност се прикажани во медиумите.
- Зајакнување на способностите и љубопитноста, како и зголемена медиумска компетентност (т.е. критичко разбирање на медиумите).
- Поголема социјална правда изразена преку фактот што им се овозможува на младите кои не се снаоѓаат најдобро во традиционалните училиште, да учествуваат во продукцијата на видеоматеријалите.
- Поголем интерес и инволвираност на општеството според нивните услуги кои, за возврат, инспирираат активности за зголемување на опфатот на прашањата кои се однесуваат на младите во медиумите и во нивните сопствени заедници.

**Проценка**
Изберете еден медиум за тема која се однесува на децата и разговарајте за неа во контекст на правата на децата.

## Конвенција на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба

Членот 9 од Конвенцијата на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба се однесува на учеството на децата, приватниот сектор, медиумите и граѓанското општество:

1. Секоја договорна страна ќе повикува на учесто на децата според нивниот развоен капацитет, во развој и имплементација на државните политики, програми или други иницијативи што се однесуваат на борбата против сексуалната експлоатација и сексуалната злоупотреба на децата.

2. Секоја договорна страна ќе ги повика приватниот сектор, особено информатичкиот и комуникациско технолошкиот сектор, туризмот и патната индустрија и банкарството и финансиските сектори, како и граѓанското општество да учествуваат во разработка и имплементација на политики за

спречување на сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба на деца и да имплементираат внатрешни норми преку авторегулирање или корегулирање.

3. Секоја договорна страна ќе повика медиумите да даваат соодветни информации во врска со сите аспекти на сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба на деца, со почитување на независноста на медиумите и слободата на печатот.

4. Секоја договорна страна ќе обезбеди финансирање, вклучително и каде е возможно, создавање на фондови, на проекти и програми реализирани од граѓанското општество чија цел е превенција и заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба.

**Предлог за дополнителна литература**

Children, Youth and Media Around the World: An Overview of Trends & Issues, изготвено од Susan Gigli од InterMedia Survey Institute за потребите на UNICEF, April 2004:
http://www.intermedia.org/

Centre for the Study of Children, Youth and Media:
http://www.childrenyouthandmediacentre.co.uk/

Childrens Rights and the Media – A Resource for Journalists:
http://www.unicef.org/southafrica/SAF_publications_soulbuddiez.pdf

UNICEF – Magic website: http://www.unicef.org/magic/briefing/about.html

UNICEF – Voices of Youth: http://www.unicef.org/voy. Тука се содржани размислувањата на младите луѓе за медиумите, искажани со свои зборови.

The UNESCO International Clearinghouse on Children, Youth and Media: http://www.nordicom.gu.se/clearinghouse.php. Многу добар извор на информации за конкретни проекти и прашања кои ги засегаат децата, младите и медиумите од целиот свет. Clearinghouse-от има цел да ги подигне свеста и знаењето за децата, младите и медиумите, со што дава основа за релевантно донесување политики, придонесува кон конструктивна јавна дебата и ја зголемува информираноста на медиумите во однос на децата и младите.

Children‘s Rights Information Network: Media
http://www.crin.com/themes/ViewTheme.asp?id=12

„The Influence of Media Violence on Youth‘ (Psychological Science, март 2004):
http://www.psychologicalscience.org/pdf/pspi/pspi43.pdf

A Public Health Approach on Research Findings on Influence of Violent Media Content‘: The Lancet, Vol. 356, Issue 9460 (February 2005, стр. 702-710)

L. Rowell Huesmann (2000) ‗The Columbia County Longitudinal Study', University of Michigan: http://www.rcgd.isr.umich.edu/aggr/Projects/CCLS/description.html.

Работилница на ,,Меѓаши,,- Еднаков пристап на сите деца до модерната технологија:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=F62B08C3056C294E8D5F5254A511B9D5

Градење култура на детско учество:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=D694F8BC25E856408CDEA9B89863BBBC
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=451AFC19A7A9ED4C91B14F462D03D5BA

Публикација ,,Водич за волонтери,,:
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/vodic%20mk%20cel.pdf

## 4. ПРЕЧКИ И БАРИЕРИ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО И РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- Заштита на човековите права
- Заштита на правата на децата
- Проблеми во остварувањето на правата на децата
- Одговор на предизвиците поврзани со правата на децата

### Заштита на човековите права

На меѓународно, регионално и национално ниво постојат механизми за остварување на човековите права. На политичко ниво, политичарите и креаторите на политика можат да ги промовираат правата на децата преку нивно востановување. Од општ аспект, овие востановувања, всушност, ги утврдуваат правилата кои „ги дефинираат должностите, овластувањата и функциите на разни владини институции“. Тие се најефикасни во заштитата на човековите права кога ги дефинираат овие работи на конкретен начин и кога постои поделба на власта во државата.

Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето е ратификувана, речиси, од сите држави во светот, што претставува одраз на глобалната посветеност на принципите на детските права. Со ратификувањето на Конвенцијата, државите ја потврдуваат својата намера оваа своја заложба да ја преточат во практиката. Партиите во државата се обврзани да менуваат и да создаваат закони и политики кои целосно ја имплементираат Конвенцијата. Тие мора да ги разгледуваат сите преземени дејства во однос на тоа како се штитат интересите на детето на најдобар можен начин.

Членот 4 од Конвенцијата бара од државите „да ги преземат сите соодветни законски, административни и други мерки за имплементација на правата признати со Конвенцијата“. Исто така, според членот 42, државите „мора и' да ги направат принципите и одредбите на Конвенцијата познати на пошироката јавност, со соодветни и активни средства, и тоа еднакво како на возрасните така и на децата.

Уставот на државата не овозможува секогаш апсолутна заштита од злоупотреба на детските права. Во такви случаи, граѓаните можат колективно да ја повикаат својата влада да ги објасни своите дејства и да биде одговорна за нив. Граѓанското општество доаѓа до израз тогаш кога граѓаните се организираат за да и’ предочат на државата одредени работи. Тука се мисли на невладините и на непрофитните организации, на телата во заедницата и сл.

Во многу држави овие организации играат клучна улога како независни застапувачи на децата. Нивната улога е призната во Конвенцијата за правата на децата и од Комитетот за правата на детето. Ратификувањето и промовирањето на конвенцијата резултира со се’ поголем број и со се’ поголемо влијание врз невладините организации кои ги застапуваат правата на децата. Во многу европски држави се формирани и коалиции на невладини организации кои работат на проблемите во врска со правата на децата.

Обединетите нации гледаат на граѓанското општество како на неопходен елемент во одржувањето на мирот и промовирањето на правата низ целиот свет. Поранешниот генерален секретар на Обединетите нации, Кофи Анан, изјави:

„Обединетите нации порано работеа само со владите. Сега знаеме дека мирот и просперитетот не можат да се постигнат без соработка која ги вклучува владите, меѓународните организации, деловната заедница и граѓанското општество. Во денешниот свет ние сите зависиме еден од друг“.

Развитокот на институциите во промовирањето на човековите права на децата се вклопува во пошироката цел на Обединетите нации: да го поттикнат формирањето на национални институции кои ќе ги промовираат и ќе ги заштитуваат општите човекови права. Во некои држави постојат дирекции за деца кои функционираат како составен дел на националните институции за човекови права. Во други, пак, се формирани независни институции со цел промовирање и заштита на човековите права на децата.

Во државите кои сакаат да ја развијат севкупната култура на човековите права, формирањето на канцеларии (дирекции) кои се фокусирани на човековите права на децата е добра почетна точка, ако се има предвид централната важност на децата и на развојот на децата во насока на креирање на една таква идна култура.

Овие независни институции за децата се разликуваат од невладините организации со тоа што имаат овластувања кои се предвидени со законот. Невладините организации имаат важна улога во промовирањето на човековите права, обично со висок степен на независност. Но тие можеби нема да имаат капацитети, било поединечно или заеднички, навистина да ги променат владините приоритети и политики.

**Заштитата на правата на децата**
Кога државата ратификува инструмент за човекови права, каков што е Конвенцијата за правата на детето, таа или ги вклучува неговите одредби директно во домашното законодавство или презема врз себе на друг начин да ги исполни обврските за почитувањето на човековите права. Сепак, ,,најчесто самиот факт дека постои закон кој ги заштитува одредените права не е доволен ако истиот тој закон не предвидува и законски овластувања или институции кои се неопходни да обезбедат ефективна реализација на овие права...“ (Прирачник за обука од Центарот за човекови права).

Придржувањето до Конвенцијата за правата на детето се мониторира од Комитетот на Обединетите нации за правата на детето. Тој добива национални извештаи од државите, како и придружни извештаи од невладините организации.

Комисијата ги повикува сите нивоа во државата да ја користат Конвенцијата како водич во креирањето на политиката и имплементацијата, со цел:

- изготвување сеопфатна национална агенда за децата;
- развивање постојани тела или механизми за промовирање на координацијата, мониторингот и евалуацијата на активностите преку сите сектори на владата;

- да обезбеди дека сето законодавство е целосно компатибилно со Конвенцијата;
- да ги направи децата видливи во процесите на развојот на политиката во рамките на владата преку воведување на проценка на влијанието врз децата;
- спроведување соодветна буџетска анализа за утврдување на обемот на средства кои ќе се потрошат за децата и да се обезбеди нивно ефективно искористување;
- осигурување дека се обезбедени доволно податоци и дека тие се користат за подобрување на потребите на сите деца;
- подигнување на свеста и дисеминирање на информации за Конвенцијата преку обезбедување обуки за сите кои се инволвирани во креирањето на владините политики и во работата со децата;
- инволвирање на граѓанското општество (вклучувајќи ги и самите деца) во процесот на имплементирање на детските права и во подигнувањето на свеста за нив; и
- формирање независни дирекции и канцеларии – омбудсман, комисии и други институции кои ќе имаат задача да ги промовираат правата на децата.

Сепак, не постои едноставен начин да се обезбеди почит за правата на децата низ целиот свет. Иако Обединетите нации, националните устави, како и граѓанското општество имаат важна улога во спречувањето на злоупотребата на правата децата, сепак, ваквите злоупотреби и натаму се случуваат.

Освен тоа, економската добросостојба на државата не е гаранција дека правата на децата ќе бидат заштитени. Просперитетот и развојот на услугите во западните држави немаше секогаш како резултат добро детство за сите деца. Многумина од нив живеат во сиромаштија или во семејства кои не се соодветни или кои имаат преголем број членови. Многу деца се соочуваат со злоупотреба и занемарување. Поддршката за нив е бавна и таа бавно реагира на нивните потреби. Потенцијалот на голем број деца не доаѓа до израз поради неможноста да влезат во образовниот процес, поради недоволното образование, како и поради слабите услови за игра и рекреација.

**Проблеми во реализирањето на правата на децата**

Во секое општество постојат традиции и групи кои му се спротивставуваат на застапувањето на детските права. Понекогаш закана за нивните права се големите општествени промени. На кој начин државата не успева да ги заштити или ефективно да ја имплементира Конвенцијата за правата на детето? Најчесто се работи за неуспех да им се даде висок приоритет на децата. Политичките лидери, политичарите и официјалните државни претставници можеби и нема да покажат разбирање за животот на децата или да покажат посветеност во реализирањето на правата на децата. На пример, децата најчесто не се земаат предвид во креирањето на владините политики.

Многу важен дел е промовирањето на одговорното учество на децата. Владите треба да го слушаат мислењето на децата за политиките и таквите мислења да ги земаат многу сериозно. Сепак, не постојат секогаш формални канали за консултирање на децата. Законодавството треба да ги рефлектира во себе

барањата на Конвенцијата дека децата имаат право да ги искажат своите гледишта и ставови, и тие да бидат сериозно земени предвид.

Многу често постои недоволна координација меѓу владините институции во однос на политиките кои ги засегаат децата. Добрите политики за деца треба бидат ефективно имплементирани на локално ниво и целото законодавство треба да биде предмет на постојана ревизија за да се осигури дека тоа е компатибилно со Конвенцијата и со промовирањето на правата на децата.

Понекогаш неуспехот се должи и на тоа што ограничените ресурси, насочени кон активностите за поддршка на децата, не се користат на ефективен начин. Потребно е да постои внимателно менаџирање како на локално така и на национално ниво, во однос на буџетите наменети за правата на децата. Потребно е, исто така, да се направи и проценка на влијанието и проценка во рамките на владите.

Исто така, може да има проблем и во однос на дисеминирањето на информациите за човековите права на децата. Секоја држава треба да има сеопфатен план за дисеминирање на информации за правата на децата, и тоа како за децата така и за возрасните. Потребно е да се направат истражувања за да се направи проценка за тоа колкаво е познавањето на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на децата кај самите деца, кај оние што работат со нив и, воопшто, во јавноста.

Сепак, во заштитата на детските права мора да се вклучат не само владите, туку и сите фактори во општеството. Стандардите и принципите, артикулирани во Конвенцијата, може да станат реалност само кога тие се почитуваат од сите – во рамките на семејството, во училиштата и во другите институции кои овозможуваат услуги за децата, во заедниците и на сите нивоа на администрацијата.

Во денешно време, децата треба да бидат прифатени како луѓе, а не само како „деца кои треба да пораснат“. Тие се целосни човечки суштества со сопствени права. Тие ќе се менуваат и ќе се развиваат со текот на годините, но општеството треба да го вреднува детството како фаза со свои посебни права, а не само како чекор кон светот на возрасните. Овој принцип има импликации за социјалните програми и услуги – тој го менува  фокусот на работењето со деца на „работење сега и тука“.

Исто така, политичките одговори на прашањата кои ги засегаат деца многу ретко во себе содржат компонента на итност или свест за тоа колку кратко и влијателно е самото детство. Тоа не е статично додека се развива некоја друга стратегија. Во периодот од, речиси, две децении откако беше донесена Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето, најмалку една генерација деца го има проживеано и завршено своето детство.

**Одговор на предизвиците поврзани со правата на детето**

По ратификувањето на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето од државите се бара да обезбедат дека сите законски рамки, политики и практики одговараат на нејзините принципи и стандарди. Во случаи кога е неопходно, треба да се направи реформа на законодавството – на пример, да се заштитат децата од семејно насилство, како и од насилство во училиштето. Комитетот за правата на децата, исто така, им препорачува на владите да воспостават независни

механизми за да осигурат дека Конвенцијата е предмет на редовен мониторинг и разгледување, преку формирање комесари или омбудсмани за детските права.

Се’ поголем е бројот на независни институции кои се формираат во согласност со темпото на имплементација на Конвенцијата од страна на државите. Иако овие тела, речиси, во сите случаи се формирани од владите или од парламентот, нивна суштинска карактеристика е независноста: нивната можност независно да ги застапуваат децата. Формирањето на овие институции е доказ од страна на владата дека таа има добри намери кон децата, дека таа сака да ги исполни своите заложби согласно Конвенцијата и дека е подготвена да овозможи третман на децата од страна на некоја независна институција.

Од владите се бара да го анализираат буџетскиот дел кој им се доделува на децата за да се осигури дека инвестицијата во младите граѓани е пропорционална со нивниот број и нивните потреби. Многу често владите ги спојуваат социјалните расходи со што го маскираат релативно ниското ниво на средства, наменети за промовирање на добросостојбата на децата и на човековите права.

Од државите се бара да ги промовираат принципите и стандардите на Конвенцијата кај целата јавност, вклучително и кај децата. Државите, исто така, имаат обврска да ја зголемат општествената свест на децата како носители на правата. Тие мора, исто така, да гарантираат дека сите стручни лица кои работат со децата, вклучувајќи ги и оние што работат во здравствениот и во казнениот сектор, се обучени за тоа како да ја спроведуваат Конвенцијата во секојдневната практика.

Промовирањето и ратификувањето на Конвенцијата резултираше со значително зголемување на бројот и на влијанието на невладините организации кои ги промовираат правата на децата. Во голем број држави се формирани и коалиции за правата на децата, како што е Children‘s Rights Information Network (CRIN). Тие имаат клучна улога во независното застапување на децата. Центарот за човекови права укажува дека „дополнителна поддршка во имплементирањето на меѓународните стандарди за човекови права доаѓа од засегнатата заедница и од невладините организации, кои имаат посебна улога во развивањето на универзалната култура на човековите права“. Оваа организација, исто така, укажува дека „невладините организации, по својата природа, имаат слобода на изразување, флексибилност во дејствувањето и слобода во движењето што, во определни услови, им овозможува да вршат задачи кои државите или другите организации не се во можност или, пак, не сакаат да ги направат“.

Како дел од граѓанското општество, професионалните лица во медиумите, исто така, имаат определена одговорност. И покрај тоа што новинарите може да откријат случаи на злоупотреба и да ја подигнуваат свеста за правата на децата, тие, исто така, во голема мера влијаат врз тоа на кој начин се гледа на децата и како тие се прикажуваат во медиумите. Новинарите треба да бидат свесни за последиците од својата работа, бидејќи токму тие го креираат јавното мислење и влијаат врз однесувањето.

Оваа многу моќна позиција на медиумите значи дека нив им се потребни интерни регулативи за да се обезбеди дека тие ги застапуваат на точен и соодветен начин детските права.

**Проценка**
Утврдете ги групите во вашата држава кои се застапуваат за правата на децата! Дали тие се повикуваат на одредени права кои го застапуваат? Дали при нивната работа помагаат да дојде до израз гласот на детето?

## ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ ,,МЕЃАШИ,,

Од 2005 година Првата детска амбасада во светот ,,Меѓаши,, има бесплатна СОС телефонска линија. Линијата 0800 1 2222 е бесплатна, благодарение на Македонски Телекомуникации. Со оваа линија се постигна СОС телефонот да стане подостапен за децата и младите, посебно оние од пониските социјални слоеви. На оваа бесплатна линија може да се јават и оние на кои им е исклучен телефонот поради неплатени сметки.

Во годишниот извештај на ,,Меѓаши,, за 2008 година се забележани следниве повреди на правата на децата.

**Злоупотреба и насилство**

Семејно насилство

Забележано е вербално и физичко насилство во семејствата, удари, инцест и силување, потоа вербална агресивност, заканувања, итн. Иако се уште кај нас како и во светот машкото/ таткото е повеќе процентуално посочен како агресор, сепак, во првата половина на 2008, СОС операторите регистрираа забележително посочување и на мајката како агресор.

Насилство во воспитно образовни институции (дете-дете, наставник/ воспитувач-дете)

Забележана е вербална и физичка агресивност, недостаток на толеранција, емпатија и доверба помеѓу другарчињата на училиште, но и на наставниците во основните училишта и воспитувачите во градинка спрема децата/ учениците.

Семејни проблеми

Најголем дел од јавувањата се однесуваа на проблеми поврзани со одредување на старателство врз децата или, пак, со решенијата за регулирање на видувањата на детето со родителот кој не е старател. Забележавме семејна дисфункционалност и недостаток на комуникација во семејствата каде што врските се пресечени, како при разводите. Исто така, при семејните проблеми често пати беше посочено и семејното насилство.

Психосоцијално и физичко здравје

Помладите јавувачи (тинејџерите) најчесто се интересираа за здравствени совети. Понудивме поддршка и советување на децата и на родителите при проблеми

поврзани со воспитувањето и едукацијата на децата, проблеми во комуникацијата во семејството и на училиште, проблеми во однесувањето, итн.

Друго – финансиски проблеми, исчезнати деца, трговија со луѓе, проблеми со зависности, проблеми со административни судски/ полициски постапки при случаи каде што децата се субјекти.

За случаите за кои од SOS службата за деца и млади беше побарана поддршка за заштита на детските права, Амбасадата ,,Меѓаши,, соработуваше со Народниот правобранител, а за одредени случаи кога беше потребно нашата комуникација беше упатена кон полицијата, судовите, центрите за социјална работа и други институции.

Исто така, имавме одлична соработка со другите невладини организации и ги упатувавме до нив јавувачите во случаи кога сметавме дека тие посоодветно ќе одговорат на конкретниот проблем, како при проблеми со зависности и трговија со луѓе.

Првата детска амбасада во светот ,,Меѓаши,, е дел од меѓународната мрежа Child Helpline International - која ги обединува СОС сервисите за помош на деца од земји ширум целиот свет. Така, на 17 мај (Меѓународен ден на SOS линиите за деца) заедно го потенциравме фактот што ниедно дете не е само. Децата денес имаат можност да користат телефони, компјутери, радиопрограми и телевизија, и повеќе различни начини за да добијат помош и подршка. Во 2008- та мотото на 17 мај беше Поврзување на децата. Исто така, 17 мај е ден кога ја користиме можноста да ја подигнеме свеста, особено кај претставниците на Владата, локалната самоуправа и телекомуникациските служби за потребата и важноста на овие SOS служби. Увидувајќи го непроценливото значење на оваа услуга која ја нудат линиите за помош на деца, тие можат да ги поддржат на повеќе начини, особено финансиски.

**ПРИМЕРИ**

Седумгодишно момче и неговата мајка претрпуваат закани и физички удари од неговиот татко/ сопруг кој се наоѓа во алкохолизирана состојба. Соседот кој е сведок, го врти бесплатниот телефонски број и ја добива помошта која им е потребна.

Девегодишно девојче од струшко село било силувано од пријател на нејзината мајка, која претходно ја претепала ќерката, при што вработените во Основното училиште во селото го пријавиле насилството на СОС- телефон. Секретарот на училиштето каде што учело девојчето изјавил дека за насилството го известиле Центарот за социјални работи во Струга, но дека оттаму веќе две недели не дошле во селото да пружат поддршка или да разговараат со мајката.

Учителка го нарекувала ученикот ретардиран и правела притисок да се исключи од класот. Друга наставничка од основно училиште, кое се водело како елитно, ги навредувала децата со погрдни зборови и ги удирала децата по глава, со креда, тетратки и книги. Ученикот се пожалил кај класниот раководител, но му било одговорено дека тоа се случувало со години и поради партиската припадност на наставничката не можеле да преземат ништо.

**Предлог за дополнителна литература**

ENOC Training Pack: Информативен и пакет за обука изготвен од Европската мрежа на народни правобранители за деца за сите што се ангажирани во формирањето на независни канцеларии или дирекции кои ги промовираат човековите права на децата – народни правобранители за деца и комесари за детски права
http://www.ombudsnet.org/docs/informationandtrainingpack.pdf

Social Work and the Rights of the Child: Стручен прирачник за обука за Конвенцијата на Обединетите нации, Меѓународна федерација на социјални работници, 2002 година

The State of the World‟s Children 2006, UNICEF: http://www.unicef.org/sowc06/

National Human Rights Institutions, Centre for Human Rights, Professional Training Series No.4, Centre for Human Rights, Geneva, 1995, став 15.

Putting Children in the Right, Меѓународна федерација на новинари, 2002: www.unicef.org/magic/resources/childrights_and_media_coverage.pdf

From Rhetoric to Rights: Втор извештај во сенка на Комитетот на Обединетите нации за правата на детето, Children‘s Rights Alliance, 2006: http://www.childrensrights.ie/pubs/CRARepUNCRC.pdf

Прва детска амбасада во светот за заштита на правата на детето ,,Меѓаши,,:
www.medjashi.org.com
www.childrenembassy.org.mk

Интервју на Драги Змијанац, директор на Првата детска амбасада ,,Меѓаши,, за Радио Слободна Европа:
http://209.85.129.132/search?q=cache:fh7TFu1lMbAJ:www.makdenes.org/content/article/1514163.html+%D0%9C%D0%B5%D1%93%D0%B0%D1%88%D0%B8&cd=3&hl=mk&ct=clnk

Анкета на деца- Зошто јас доаѓам во ,,Меѓаши,,:
http://209.85.129.132/search?q=cache:p6OElrTbiMUJ:www.medzasi.org.mk/WBStorage/Files/Vesnik.pdf+%D0%9C%D0%B5%D1%93%D0%B0%D1%88%D0%B8&cd=9&hl=mk&ct=clnk

Информатор број 34 на ,,Меѓаши,, (октомври 2008- февруари 2009)
http://209.85.129.132/search?q=cache:rTU9ltM1VSIJ:www.medjasi.org.mk/WBStorage/Files/informator%252034.pdf+%D0%9C%D0%B5%D1%93%D0%B0%D1%88%D0%B8&cd=19&hl=mk&ct=clnk

Извештај- Над 17.000 деца побарале помош од ,,Меѓаши,,:

http://www.novamakedonija.mk/NewsDetal.asp?vest=51997259868&id=12&setIzdanie=21691

Омбудсман за детски права:
http://www.ombudsman.mk

Излагање на народниот правобранител на РМ на меѓународната тркалезна маса по повод 60-годишнината од основањето на Советот на Европа на тема: ,,Улогата на европските парламенти во поглед на унапредувањето на правата и заштитата на децата,,
http://www.ombudsman.mk/default.aspx?menu=Aktivnosti&GroupID=2&Lan=MK&EventId=233

Заменик правобранител за заштита на правата на децата во рамките на институцијата Народен правобранител:
http://www.ombudsman.mk/default.aspx?cId=97&Lan=MK

Посебни извештаи на народниот правобранител на РМ што се однесуваат на децата:
http://www.ombudsman.mk/default.aspx?cId=132&Lan=MK#Deca

АМОС- Центар за човекови права
http://www.amos.org.mk/mak/zastitanadecata/index.htm

СОС телефони за деца и млади при Детската амбасада Меѓаши (0 800 1 2222)

Реакција на Првата детска амбасада ,,Меѓаши,, на се позачестените случаи на родосквернавење и сексуално злоупотребување на децата во Македонија како и несоодветен третман на децата жртви на инцест и педофилија:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=C227132F03478244B7879A9AC600CC00

Реакција на Првата детска амбасада ,,Меѓаши,, по повод зачестените случаи на педофилија во Македонија:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=53FA4B3BB4185741959F05ADBC84A6AB

Кампања на ,,Меѓаши,,- ,,Помогнете на деца и млади жртви на сексуална злоупотреба,,:
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/ChAbFund-mac.jpg.large.jpg

## 5. ЗАСТАПЕНОСТ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ ВО МЕДИУМИТЕ, ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И ОДГОВОРНОСТА НА МЕДИУМИТЕ

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- Како медиумите ги претставуваат децата
- Стереотипи во медиумите
- Кршењето на правата на децата
- Заштитата на децата

Професионалните лица во медиумите имаат важна улога во мобилизирањето на општеството во однос на правата на децата. Тие може да бидат или во улога на известувачи за непочитување или за кршење на нивните права, но во секој случај тие се катализатори. Како чувари на јавниот интерес и промотори на демократското општество тие, исто така, имаат важна улога во процесот на подобрувањето на имиџот, на правата и на децата и на нивните идни можности.

**Како медиумите ги претставуваат децата**
Иако медиумите имаат мошне моќна функција, тие не се секогаш сојузници за правата на децата. Веќе дискутиравме за тоа дека младите луѓе не се задоволни со начинот на кој се претставени во медиумите и одредени истражувања утврдија сличности во начините на кои децата се претставени во медиумите низ целиот свет.

Во ноември 2003 година, MediaWise направи истражување со земање примероци од три британски таблоиди кои излегуваат во недела. Резултатите покажаа сива слика за претставувањето на децата. Од вкупно 32 написа за децата, само два беа позитивни. Во три написи, на правата на родителите им се дало поголема предност отколку на оние на нивните деца.

Поголем број студии во Велика Британија утврдија постоење стереотипи. Во 2004 година беше направено едно истражување од MORI за потребите на списанието *Young People Now* кое дојде до сознание дека младите луѓе во голема мера се претставувани како „проблем“. Од вкупниот број на такви приказни за нив во националните и локалните весници во Велика Британија, набљудувани во текот на една недела во 2004 година, 71% беа негативни, 14% позитивни и само 15% неутрални. Во 48% од приказните за криминал и насилство младите беа претставени како сторители. Вкупно 70% имаа момчиња како сторители, а во само 32% момчињата беа жртви. Девојчињата беа сторители во само 10%, а жртви во 19%. Спротивно на она што го прикажуваат медиумите, статистичките податоци покажуваат дека момчињата се почести жртви на насилнички криминал отколку девојчињата.

Други истражувања, исто така, покажаа дека ваквите стереотипи за децата се меѓународен феномен. Истражувањето спроведено од Glocal Youth, кој ги обвини медиумите за тоа дека не се фокусираат доволно на општествените активности на младите луѓе, ги утврди сличните трендови кај повеќе водечки медиуми низ цела Европа: *младите луѓе обично се гледаат како синоним за проблеми, деливкенција, насилство во одредени градски населби; како синоним за дроги и рејв-журтки, особено ако зборуваме за млади имигранти. Овие слики најчесто се*

*појавуваат во некои документарни програми и списанија (како печатени така и аудиовизуелни) во кои е прикажана урбаната култура".*

Во 2003 година проектот за мониторинг на медиумите (ММР) го истражуваше претставувањето на децата и правата на децата во вестите во Јужна Африка. Проектот Empowering Children & Media (ECM) имаше неколку фази, вклучувајќи и партиципативни работилници со децата, тримесечен период на мониторинг и специјализирана обука со новинари и медиумски претставници. И возрасните и децата вршеа мониторинг на вестите во медиумите. Беше прибележана секоја вест во која на кој било начин се споменуваат деца и беа евидентирани сите релевантни информации за темата, изворите, претставеноста и другите прашања кои се однесуваат на правата на децата. Децата се ангажираа во паралелен проект во кој тие вршеа мониторинг на еден медиум, по нивен избор, во период од две недели.

Најважните согледувања од истражувањето беа следниве:
*1. Децата се недоволно застапени во новинските медиуми*
Децата се застапени во само 6% од новинските медиуми, според податоци обезбедени од возрасните набљудувачи, додека децата кои вршеа набљудување утврдија дека само 26% од вестите кои тие ги набљудуваат содржат податоци за нив.

*2. Децата се најчесто прикажани како жртви.*
Во набљудувањето кое го вршеа возрасните, повеќе од 25% од вестите ги прикажуваа децата како жртви. Во целина, децата најчесто се прикажани со негативни поими и со ограничени улоги. Мониторингот од страна на децата ги потврди овие трендови. Децата коментираа дека медиумите треба да се потрудат да ги претставуваат децата во попозитивни улоги.

*3. Децата се претставени најчесто во негативни приказни*
Мониторингот на возрасните и на децата утврди дека прилозите во медиумите во кои се појавуваат децата се најчесто негативни. Според мониторингот од страна на возрасните, една во две приказни во која се прикажани деца има негативна тема, како што се криминалот, насилството, злоупотребата или сл.

*4. Момчињата и девојчињата се еднакво претставени, но и натаму со стереотипи*
И покрај оваа навидум еднаквост, дополнителната анализа утврди постоење на вообичаените родови стереотипи при претставувањето на децата. Девојчињата е поверојатно да се појават во прилози за злоупотреба на децата додека момчињата најчесто се појавуваат во спортски вести. Ова уште повеќе го зајакнува стереотипното прикажување во медиумите на жените како жртви, а мажите како „посилен пол".

Во оваа табела се прикажани темите утврдени од децата како најважни при нивниот мониторинг на медиумите.

| Десетте најважни прашања (според децата) | % |
|---|---|
| Децата забележуваат/ не сакаат смрт и убиства | 15 |
| Децата треба да се застапени во вестите | 13 |
| Децата се жртви | 12 |

| | |
|---|---|
| Децата не се застапени во медиумите | 10 |
| Децата имаат право на заштита, образование, здравствена и друга заштита | 9 |
| Децата уживаат во спортот и забавата | 9 |
| Злоупотребата на децата е ужасна | 4 |
| Децата забележуваат криминал | 3 |
| Добро е да им се помага на децата/ луѓето кои имаат потреба од помош | 2 |
| Криминалците не смее да останат неказнети | |

Резултатите од ЕСМ-проектот се уште една потврда за истражувањето спроведено во 1998 година од страна на добротворната организација Save the Children за ставовите на децата околу нивното претставување во печатените и електронските медиуми. Со неа беше утврдено дека на децата им е сосема јасно што е тоа што тие не го сакаат во однос на нивниот третман во медиумите:

- сериозните коментари од децата се користат за потсмев од страна на возрасните;
- користењето на „слатки дечиња“ за да се стекнат симпатии;
- користењето на фотографии и описи на децата во мизерни ситуации за да се провоцираат емоции, дури и ако тоа не придонесува со ништо кон самопочитта на децата или за почитувањето кон нив од страна на јавноста;
- децата се третираат како некои кои постојано треба да слушаат се’;
- возрасните зборуваат за децата кога децата, всушност, знаат повеќе за таа тема од возрасните;
- од децата се бара да изведуваат нешта како животни во циркус;
- на возрасните не им е грижа за игнорантноста на децата;
- возрасните „им ставаат зборови во уста“ на децата или ги прекинуваат;
- децата ги прават да изгледаат пасивно кога, всушност, не се такви; и
- младите луѓе се собрани на едно место како проблематична група наречена „млади“.

**Стереотипи во медиумите**
Вообичаено, децата се сметаат како подгрупа на општеството која треба да се заштитува. Заканите врз децата создаваат силни емотивни одговори кои може да се насочат за да го задржат вниманието на читателите и на гледачите. Во таа смисла, прилозите и сликите за децата може да се оценуваат како од аспект на нивниот потенцијал да ја информираат јавноста така и од аспект на социјалното значење на самата приказна. Како резултат од тоа, децата најчесто се претставени во медиумите како жртви или како „слатки“ дечиња приврзани кон родителите.

Овој став кон децата може да претставува одраз на универзалната перцепција за детството како време на невиност. Нивниот шарм го буди кај возрасните чувството на заштита, носталгија и супериорност. Доколку тие се повредени или доколку се соочат со лоша среќа, возрасните чувствуваат потреба истовремено да изразат и симпатии и морален бес. Како резултат од тоа, пак, на децата им се дава статус кој донекаде е на пониско ниво од оној на обичниот граѓанин.

Прикажувањето на децата како жртва или како „слатки дечиња“ приврзани за родителите дава ограничена и неточна претстава за нив. Медиумите може да укажуваат дека ваквата слика произлегува од фактот дека вестите, по дефиниција,

се фокусираат на она што е необично. Но ова ја игнорира еднакво важната улога на медиумите - тие да го одразуваат општеството и луѓето да можат подобро да ги разбираат настаните кои се случуваат околу нив. Новинарите се повеќе свесни од сите други дека перцепциите многу често се посилни отколку фактите. Преку искривувањето на перцепциите за младите, медиумите им прават лоша на услуга како на младите така и на поширокото општество. Тие можеби ги прекршуваат и нивните права.

**Кршењето на правата на децата**
Постојат повеќе начини на кои правата на децата може да се прекршат со несоодветно прикажување и со стереотипи преку медиумите. Членот 8 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи (ECHR) го промовира правото на почитување на семејството и приватниот живот. Членот 14 од истата Конвенција ја промовира забраната за дискриминација.

Правата на децата во согласност со Конвенцијата на Обединетите нации за правата на децата се состојат во следново:

- Член 12: право на детето слободно да го искажува своето мислење за сите прашања кои го засегаат;
- Член 13: право на детето на слобода на изразување која е ограничена со закон кога тоа е потребно за заштита „на националната безбедност, на јавниот ред.... или на јавното здравство и морал“;
- Член 16: заштита од мешање или напади врз „приватноста, семејството, домот или комуникацијата... честа или репутацијата“;
- Член 17: признавање на важноста на медиумите и поттикнување на дисеминацијата на материјали „кои се од социјален и културен бенефит за детето“, како и „изготвување на соодветни насоки за заштита на детето од информациски и материјални повреди на неговата или нејзината добросостојба“.

Сиве овие членови јасно ги утврдуваат правата на децата кои може да се прекршат со неодговорно медиумско работење. Конкретно, членот 17 од Конвенцијата укажува дека медиумите се одговорни за промовирање на добросостојбата на детето.

Кршењето на детските права се состои од прилози и погрешни толкувања кои се „без мера“ или со неотстапување простор за нивните мислења за разни прашања.

**Заштитата на децата**
Иако е мал бројот на луѓето кои би го одобриле мешањето на државата во независните медиуми, потребата да се заштитат децата, сепак, провоцираше интервенции во одредени области. На пример, во согласност со делот 30 од Законот за деца и млади на Велика Британија од 1933 година, законот во Велика Британија не дозволува идентификување на младите луѓе што се инволвирани во судски случаи. Овој закон предвидува дека младите луѓе заслужуваат можност да се вратат на нормален колосек, надвор од медиумското прикажување и јавната стигматизација. Сепак, во одредени околности, дури и овие заштитни механизми не се покажаа како доволни. Медиумите го заменија директното идентификување на децата со стереотипното означување на сторителите.

И покрај обидите на некои организации, каква што е Меѓународната федерација на новинари (IFJ), која во 1998 година покрена своја сопствена иницијатива за поттикнување на одговорно покривање на децата во медиумите, оваа тенденција на прикажување стереотипи за децата и натаму е присутна како практика на секој континент.

Сепак, опфатот на децата ретко е предмет на обуките за новинари бидејќи најчесто новинарите покриваат теми од и за возрасните, наменети за светот на возрасните. Не е вообичаено  да се видат прилози во медиумите за тоа како новите социјални или фискални политики би имале влијание врз децата, освен ако тие директно не се однесуваат на бенефиции за децата или нивно образование. И натаму е реткост да се видат во весник коментари од млади луѓе во кои тие се искажуваат во однос на актуелни прашања. На крајот од краиштата, тие, сепак, не се главниот пазар за повеќето весници или списанија.

Во оваа смисла, децата не можат да бидат сфатени сериозно од медиумите, бидејќи главната цел на медиумите е пазарот на возрасните. Претпоставката тука е дека децата ги гледаат главните медиумски производи кои не се направени конкретно за нив. Вестите најчесто се сметаат за производ наменет за возрасните.

Уште една опасност во овој контекст е дека, во овој пазар за возрасни, децата имаат пристап до потенцијално опасни материјали, како што се слики на насилство, секс или „сексуално провокативни“ прикази на деца. Развивањето на новите форми на комуникација, како што е интернетот, ја зголеми загриженоста особено од причина што не постои, речиси, никаква контрола на она што може да се најде на интернет.

Иако и натаму имаме дебата за степенот до кој таквите материјали директно влијаат врз однесувањето на децата, приоритет кај медиумите треба да биде тоа да се обезбеди дека децата нема да бидат брутализирани т.е. изложени на ризик од лесен пристап до одредени материјали, вклучувајќи, тука, слики и претстави кои поттикнуваат насилство или недозволени сексуални активности.

Мора, исто така, да му се посвети внимание и на прашањето за медиумската писменост кај децата. Многу е важно децата да ја ценат улогата на медиумите во граѓанското општество и да можат да ја гледаат на критичен начин, исто како што и новинарите треба да бидат свесни за потребите, за проблемите и за правата на децата.

Според UNICEF, тоа што модерните медиуми не успеале да се научат на критика е „најголемата пропуштена можност во образованието“. Британскиот парламентарец Теса Јоуел предложи дека медиумската писменост, заедно со ефективното регулирање на медиумите, е најдобриот начин да се поттикнат децата да бидат поактивно вклучени во светот кој е претставен од медиумите.

**Медиуми за новата генерација**

И покрај профилирањето во медиумите во изминатите години, на почетокот од новиот милениум, кога извршната директорка на УНИЦЕФ разговараше преку интернет со околу 70 млади медиумски активности од 17 држави, едногласната порака која што таа ја доби беше дека медиумите не одговараат на потребите на младите.

Медиумите треба повторно да размислат за нивниот пристап кон децата и младите – да ги избегнуваат стереотипите (со сите последици) и промовирање на подоброто разбирање од нивна страна. Сега расте една нова генерација, полна со депресивни и неточни вести за нив. Со новата технологија којашто им е на дофат, тие можат да креираат свои сопствени медиуми преку интернет и да ги заобиколат традиционалните методи на медиумска продукција.

Веќе го гледаме создавањето на интернет-заедници и канали на Bebo, YouTube и на MySpace. Во 2007 година, поранешниот потпретседател на САД, Ал Гор, покрена нов кабелски канал за млади, Current TV, и содржините на овој канал во целост ги подготвуваат млади гледачи. Ал Гор рече дека тоа ќе им овозможи на гледачите да се „ангажираат во демократски дијалог“ и дека ќе ја поттикне јавноста да направи свои сопствени телевизиски пакети и прилози. Овој концепт, според него, „би можел да го измени телевизискиот медиум како што го познаваме“ така што сега станува поедноставно гледачите да ги искажуваат своите ставови и им се дава можност да се слушне нивниот глас.

Незадоволни од тоа што го продуцираат за нив мас-медиумите, младите луѓе ги заобиколуваат традиционалните медиуми и сами формираат свои сопствени прилози. Ова би можело да има значајно влијание врз идните мас-медиуми и врз конвенционалната (комерцијална) популарна култура.

**Професионална одговорност**

Секако дека новинарите се воздржани спрема секој кој им „диктира“ како да ја вршат својата работа. Тие се предмет на надворешен притисок и се скептични во однос на намерите на моќните елити. Новинарите ги имаат загубено своите животи и нивната лична слобода во обидите да и’ предочат на јавноста несоодветно постапување кое, инаку, и понатаму би останало невидливо за јавноста поради ограничувањата на слободата на медиумите.

Стручните лица од медиумите чувствуваат одговорност да ги повикаат на одговорност оние кои имаат најголемо влијание врз општеството во целина. Тие ја чуваат нивната независност. Нивната најважна улога во граѓанското општество е да бидат чувари на јавниот интерес и да промовираат дебати, свест и јавно признание на прашањата кои се важни за изразување на демократијата и почитта за човековите права. Способноста на новинарите да ја исполнат оваа улога е ослабена со степенот до кој тие им стануваат сервилни на одредени интереси.

**Внатрешни регулативи**

Новинарите имаат кодекс на однесување, кој обично го објавува нивниот новинарски синдикат, здружение, професионална асоцијација или работодавач. Сепак, во практиката, повеќето новинари немаат јасна претстава за овој кодекс и се потпираат само на познавањето на општите принципи. Од друга страна, пак, децата бараат прецизни правила доколку целта е нивните права да бидат заштитени.

Новинарската активности која известува за живтото и добросостојбата на децата треба да секогаш да се извршува со земање во предвид на ставовите и гледиштата на децата. Новинарските и медиумските организации треба да се

стремат кон одржување на највисоките стандарди за етичко постапување при известување за прашања кои ги засегаат децата.

Во Велика Британија, инструкциите на државната институција Office of Communications (Ofcom) и на Би-Би-Си (Би-Би-Си) и' посветуваат големо внимание на заштитата на правата на децата, каков што е случајот со Кодексот на британската новинска индустрија за чија што примена надзор врши Комисијата за жалби кон медиумите. Тие признаваат дека новинарите во медиумите имаат обврска да обезбедат дека работењето на медиумот не им штети на детските права.

*Инструкции на Меѓународната федерација на новинари*
Меѓународната федерација на новинари ги има интегрирано правата на децата во професионалниот етички кодекс и управува со програми кои се однесуваат на подигнување на свеста. Таа ја поддржува размената на меѓународните искуства меѓу синдикатите, здруженијата, со што претставува противтежа на комерцијалните притисоци врз новинарите за сензационални вести и им овозможува на децата да бидат видени и слушнати.

Инструкциите на Меѓународната федерација на новинари: *Правата на децата и медиумите: Инструкции и принципи за известување за прашања кои се однесуваат на децата* беа донесени од новинарски организации од вкупно 70 држави на Првата светска меѓународна консултативна конференција за новинарство и детски права која се одржа во Речифе, Бразил, на 2 мај 1998 година. Овие инструкции ќе им помогнат на децата да увидат дека новинарите сериозно ги земаат предвид нивните ставови, гледишта и проблеми. Тие велат дека:

> „Сите новинари и лица во медиумите имаат обврска да ги запазуваат највисоките етички и професионални стандарди. Тие исто така треба, во рамките на дејноста, да овозможат најголема можна дисеминација на информации за Меѓународната конвенција за правата на детето и нејзините импликации и влијание во извршувањето на независно новинарство.“

Исто така, инструкциите на Меѓународната федерација на новинари укажуваат дека:

Организациите на медиумите треба ги земаат како важни прашањата на прекршувањето на правата на децата и прашањата поврзани со безбедноста на децата, приватноста, сигурноста, образованието, здравството и општествената благосостојба, како и сите форми на експлоатација како важни прашања за истражување и за дебата во јавноста.

Децата имаат апсолутно право на приватност, освен во оние случаи кои се јасно наведени во овие инструкции.

Новинарските активности кои се однесуваат на животот и добросостојбата на децата треба секогаш да се вршат првенствено со земање во предвид на ранливата состојба во која се наоѓаат децата.

Организациите на медиумите и новинарите треба се стремат кон одржување на највисоки етички стандарди кога се известува за прашања поврзани со децата. Конкретно, тие треба:

1. Да се стремат кон стандарди за извонредност во смисла на точност и чувствителност кога се известува за прашања поврзани со децата;
2. Да избегнуваат објавување на слики кои го нарушуваат медиумскиот простор на децата со информации кои се штетни за нив;
3. Да избегнуваат да користат стереотипи и сензационални презентации за промовирање на новинарски материјал во кои се содржани децата;
4. Внимателно да се разгледаат последиците од објавувањето на какви било материјали кои се однесуваат на децата и да се редуцира штетното влијание врз нив;
5. Заштита од визуелно или какво било друго идентификување на децата, освен ако е очигледно дека се работи за јавен интерес
6. Секогаш кога е можно на децата да им се даде правото за пристап до медиумите, преку кои ќе можат да ги изразат своите сопствени размислувања, без какво било прејудицирање,
7. Да се обезбеди независно потврдување на информациите кои ги даваат децата и да се обезбеди дека таквата проверка се прави без да се изложи на ризик лицето кое ја дало таквата информација
8. Да се избегне употреба на сексуални слики и претстави на децата;
9. Да се користат отворени и директни начини за фотографирање на децата и, кога тоа е можно, овие фотографии да бидат направени со знаење и согласно на децата или на одговорното возрасно лице, старател или негувател
10. Да се провери кредибилитето на секоја организација која има намера да ги застапува интересите на децата;
11. Да не им се даваат пари на деца за теми кои се однесуваат на нивната добросостојба ниту, пак, на родители или старатели освен ако тоа не е во интерес на детето.

Новинарите, исто така, треба критички да ги разгледуваат извештаите кои се доставуваат и барањата кои се покренуваат од нивните влади за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето.

Медиумите не треба да ги земаат во предвид ниту да известуваат за состојбата на децата само како настани, туку тие треба „континуирано да известуваат за нештата кои е веројатно дека ќе водат, или веќе водат, кон тоа таквите настани да се случат“.

*Прирачник за новинари*

MediaWise и UNICEF заеднички изготвија прирачник за новинари во однос на претставувањето на децата во медиумите, насловен како The Media and Children's Rights (2005). Овој прирачник е изготвен да им помогне на медиумите и на другите да размислат на кој начин Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето може да го засегне начинот на кој децата се претставени од и во медиумите. Врз основа на практичното искуство на новинарите, неговата цел е да создаде одговорно известување за децата и за тоа како одлуките и однесувањето на возрасните влијаат на животот на децата, како и да ги поттикне медиумите да

размислат на кој начин најдобро да ги заштитат правата на децата и да им помогнат да го заземат своето место кај мас медиумите.

Известувањето за децата и младите носи свои посебни предизвици. Информативната мрежа за правата на децата (CRIN) изготви *етички инструкции за разговарање со децата* додека, пак, UNICEF има изготвено свои сопствени *Принципи за етичко известување за децата*.

Но сепак, медиумите немаат само улога да известуваат правично, искрено и точно – тие исто така мора да одвојат простор за различните и креативни размислувања на самите деца. Без разлика дали се во прашање вести, актуелни прашања, сите новинари и организациите за кои тие работат, имаат обврска да ги признаваат детските права и да ги запазуваат во својата работа.

Со ова доаѓаме и до едно важно прашање за тоа какви обуки се потребни новинарите. Во моментов акцентот е ставен на тоа оние кои се обучуваат да се стекнат со соодветни вештини за да можат да се прилагодуваат во една работна средина која постојано се менува и во која флексибилноста е од суштинско значење.

Фотографирањето и снимањето на децата треба да биде дел од обуките бидејќи ова прашање може да биде мошне проблематично – какви методите треба да се користат за обезбедување на слики фотографии, како да се создаваат таквите слики и на кој начин истите ќе бидат прикажувани.

Доколку целта е новинарите да бидат што е можно поактивно вклучени во заштитата на правата на децата, потребно е да се изготват програми за обуките, информативните материјали како и меѓународна соработка помеѓу медиумите за да се обезбеди дека опфатот на децата (и воопшто на детските права) го добива соодветното внимание.

Подигнувањето на свеста кај раководните лица за потребите и правата на децата е еднакво важно како и потребата од обезбедување дека новинарите и креаторите на програми развиваат односи на доверба со другите стручни лица кои работат со децата (наставници, социјални работници и сл.)

**Проценка**
Разгледајте ги упатствата за етичко постапување на CRIN и утврдете некои клучни поенти кои се применливи и на вашата работа. Дали овие упатства CRIN одговараат на актуелната пракса?

## **Пристап кон соодветни информации (член 17 од Конвенцијата**)

Текстот што следува е извадок од Извештајот на Народниот правобранител за имплементација на Конвенцијата за правата на детето и протоколите кон Конвенцијата 2000- 2005, објавен во октомври 2007.

Во поглед на учеството на децата што подразбира и примање на разни информации достапни на децата, Народниот правобранител има преземено

повеќе активности за заштита на децата од информации штетни за нивниот развој.

Со оглед на тоа што насекаде без почитување на закон се рекламираа алкохолот и цигарите, побаравме да се забрани рекламирање на овие производи надвор од местата предвидени со закон, односно забрана на нивно рекламирање во средствата за јавно информирање, на билборди или на слични јавни начини достапни до децата. Исто така побаравме со закон да се забрани продажба на цигари и на алкохол во малопродажната мрежа покрај постоечката забрана да се точи алкохол на малолетници во угостителските објекти.

Овие предлози се прифатени во Законот за заштита од пушењето ("Службен весник на РМ".бр.70/2003). Во член 4 се забранува рекламирање на цигари во дневниот, неделниот и месечниот печат, како и во други списанија, на радио и телевизија, по пат на филмски дијапозитиви, филмови, паноа, табли, налепници и други форми на реклами на јавни места. Во Законот за трговијата ("Службен весник на РМ" бр 38/20030) е предвидена забрана за продажба на алкохол и цигари во трговијата на мало на лица под 18 години. Со Законот за угостителската и туристичката дејност ("Службен весник на РМ" бр. 38/2003), забранет е пристап на лица под 18 години во угостителските објекти ноќен бар и кабаре.

За непочитување на овие забрани предвидени се казни, но во практиката се уште не секаде и секогаш се почитуваат овие забрани, иако во сите објекти на видно место се истакнати. Исто така, и во законската регулатива што се однесува на радиодифузната дејност се предвидени соодветни забрани за емитување содржини што влијаат штетно на развојот на децата, но се уште дел од телевизиите, особено приватните, често емитуваат содржини што влијаат штетно на децата.

Според сознанијата на Народниот правобранител, овие законски забрани не се почитуваат секогаш доследно поради што надлежните инспекциски служби треба да се поактивни во преземањето мерки и казнувањето на субјектите што не се придржуваат на наведените забрани, а со цел за заштита на децата од штетното влијание на алкохолот и цигарите.

Исто така, има појави преку средствата за јавно информирање да се пласираат информации, а и дезинформации што штетното влијаат на децата. Народниот правобранител интервенираше поради објавени слики на деца заболени од разни тешки заболувања во средствата за јавно информирање, укажувајќи дека една од обврските на државата, предвидена со Конвенцијата за правата на детето, е да го поттикнува развојот на основните насоки за заштита на детето од сите информации штетни за неговата благосостојба и за неговото физичко и ментално здравје, како и да обезбеди заштита на детето од повреди на неговата приватност и изнесување информации што можат да му наштетат на угледот и на неговиот приватен живот.

Народниот правобранител интервенираше и да се преземат соодветни мерки од страна на Советот за радиодифузија против одредени телевизиски куќи поради пласирање информации дека во одредено училиште секое второ дете се дрогира. Фактот без претходна проверка на вистинита беше пласиран во јавноста како потврден, со што беа повредени правата на децата, особено со оглед на тоа што информациите не беа потврдени, односно беа негирани.

На овој план потребна е обука на новинарите и предвидување и изрекување казнени мерки за повреда на правата на децата со објавување информации штетни за нивниот психофизички развој.

## ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ ,,МЕЃАШИ,,

Првата детска амбасада во светот ,,Меѓаши,, е основана на 29 Април 1992 година во Скопје, како светска асоцијација и прва регистрирана меѓународна, непрофитна, непартиска и невладина организација во Република Македонија за заштита на правата на детето.

Амбасадата ,,Меѓаши,, се залага за почитување на детската личност преку заштита на нивните права, застапување на детските интереси и преку збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и творечко. Го зајакнува НВО движењето за правата на детето, развивајќи го волонтерскиот пристап во работата и се грижи за спроведување на Конвенцијата за правата на детето.

Амбасадата со своите активности придонесе во развивањето и јакнењето на граѓанската свест за детските права. Таа го сруши молкот за детските страдања, особено за физичката, сексуалната и економската злоупотреба на децата, откривајќи во јавноста повеќе случаи на злоупотреби и директно ангажирајќи се за воспоставување поефикасни механизми за заштита на децата.

**Предлог за дополнителна литература**

Slander, sentimentality or silence? What young people have to put up with from the media, Mike Jempson, MediaWise Trust, 2003.

Children and Media: A global concern, Mike Jempson, MediaWise Trust, 2003.

Inequality and the Stereotyping of Young People, Dr Maurice Devlin, NUI Maynooth, 2006.

Putting Children in the Right, IFJ Guidelines for Journalists, 2002: www.unicef.org/magic/resources/childrights_and_media_coverage.pdf

Children's Rights and Media: Guidelines and Principles for Reporting on Issues Involving Children, Меѓународна федерација на новинари, 1998: http://www.ifj.org/default.asp?index=192&Language=EN

Збирка инструкции за тоа како се врши интервју со деца, CRIN, 2005:

http://www.crin.org/resources/infoDetail.asp?ID=5572

Glocal Youth: www.glocalyouth.net

Save the Children:
http://www.savethechildren.org.uk/scuk/jsp/newhome.jsp?flash=true

Current TV: http://uk.current.com/

Проект за мониторинг на медиумите: http://www.mediamonitoring.org.za

UNICEF: Principles for Ethical Reporting on Children:
http://www.unicef.org/media/media_tools_guidelines.html

Interviewing Children: A guide for journalists and others, Save the Children, 1998.

The Media and Children's Rights, MediaWise, 2005:
http://www.mediawise.org.uk/files/uploaded/The%20Media%20and%20Children%20Rights%202005.pdf

Ethical Guidelines for Interviewing Children, The Children‘s Rights Information Network (CRIN):
http://www.crin.com/resources/infoDetail.asp?ID=5572&flag=report

Извештај на Европската комисија за пристапот на децата до Интернет,
Public Consultation, Age Verification, Cross Media Rating and Classification, Online Social Networking:
http://ec.europa.eu/information_society/activities/sip/docs/pub_consult_age_rating_sns/results/macedonia_a533696.pdf

Broadcasting Council of Republic of Macedonia; Protection of Minors - Rulebook and Comments to the Rulebook:
http://www.srd.org.mk/default-en.asp?ItemID=10DB99D7D0D2A243A6FF1E0E958297DF

Пораст на сексуалната злоупотреба на малолетници од родителите, текст објавен во неделникот Форум:
http://forum.com.mk/_tools/print/2536/article

Текст во ,,Дневник,,- ,,Силуваните деца препуштени сами на себе,,:
http://www.dnevnik.com.mk/?itemID=CEE027B74C79424E96B8E38DF7DC1033&arc=

Прилог на телевизијата ,,Канал 5,,- ,,Скопска апелација ја потврди 15 годишната казна затвор за педофилот од Богомила,,:
http://www.kanal5.com.mk/ShowNews.aspx?ItemID=46504&mid=1500&tabId=1&tabindex=0

Текст во ,,Дневник,,- ,,Деветгодишно девојче силувано од пријател на мајката,,:
http://www.dnevnik.com.mk/?itemID=3E5F76A3C3BEC74A86DE149BBD961C30&arc=1

Текст во ,,Дневник,,- ,,Деветгодишно девојче избега од Дом за деца без родители,,:

http://www.dnevnik.com.mk/?itemID=325D0E2D688AF64DAAE5BB5DBC3DC010&arc=1

Текст во ,,Утрински весник,,- ,,Последна шанса за биолошките родители да го вратат чедото,,:
http://www.utrinski.com.mk/?ItemID=B21BE04CF0EE2547A082BC9AE1358783

Текст во ,,Дневник,,- ,,Тепаното дете од Пехчево болно и од шуга,,:
http://www.dnevnik.com.mk/?itemID=65427DB88BC9D44090E11C0F77A0BF4E&arc=1

Текст во ,,Дневник,,- ,,Дете болно од рак жртва на насилство во Дом за деца без родители,,:
http://www.dnevnik.com.mk/?itemID=B61DD28F3A593C45AB055A8832429FC6&arc=1

Текст во ,,Нова Македонија,,- Меѓаши: Питањето не се решава со полициско апсење:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=C5D1DB5D3E75E249A11D60C511483BAC

Текст во ,,Време,,- ,,Очув со месеци ја силувал малолетната посвоена ќерка,,:
http://vreme.com.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=2&tabid=1&EditionID=1691&ArticleID=112834

Текст во ,,Нова Македонија,,- ,,Институциите затечени од случајот на силуваните сестрички,,:
http://www.novamakedonija.com.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=1&tabid=2&fCat=1&top=1&EditionID=343&ArticleID=20398

## 6. ДОБРИ ИСКУСТВА ВО ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ПЕРСПЕКТИВА НА ДЕЦАТА

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- Свет по мера на децата
- Национални планови за дејствување на децата
- Учество на децата
- Принципи на најдобрите искуства и практики
- Обезбедување на ставовите на децата: примери

Специјалната сесија за деца на Обединетите нации која се одржа во мај 2002 година беше клучен момент во развојот на децата и, воопшто, на човекот. Се работи за прва Специјална сесија на Генералното собрание која им беше посветена исклучиво на децата и на неа за првпат присуствуваа деца во својство на официјални делегати. На настанот на едно место присуствуваа вкупно 69 шефови на држави или влади, 190 национални делегации, повеќе од 1 700 претставници од невладини организации, 5 нобеловци, повеќе лидери од деловното, верското, уметничкото, академското и граѓанското општество и, за првпат во историјата на средбите во Обединетите нации, повеќе од 600 деца како делегати и како активни учесници.

**Свет по мера на децата**
На Специјалната сесија во 2002 година за првпат младите луѓе му се обратија на Генералното собрание оо свое име, нудејќи идеи и креативни решенија. Нивното присуство создаде возбуда и заложби. Светските лидери беа во можност да се информираат од прва рака дека, за да се промени светот *за* децата, тие мора да го менуваат светот *заедно со* децата.

Инспирирани од посветеноста и визијата на овие млади луѓе, Генералното собрание постигна договор насловен како „Свет по мера на децата“ – мошне прецизен план за промовирање на здрав живот, овозможување на добро базично образование, борба против СИДА-та и заштита на децата од злоупотреба, експлоатација и насилство.

*Керол Белами, поранешен извршен директор на УНИЦЕФ, изјави: „Никогаш порано на ниту еден поважен состанок на Обединетите нации не биле поканети толку многу деца и млади да учествуваат како официјални делегати... нивното учество ја прави оваа Специјална сесија толку многу посебна“.*

„Светот по мера на децата“ утврдува цели за мерење на напредокот кон постигнувањето на милениумските развојни цели на Обединетите нации до 2015 година. Исто така, утврдува и цели кои се конкретно насочени кон децата:

„На децата, вклучително и на адолесцентите, мора да им се овозможи да ги остваруваат своите права и слободно да ги изразуваат своите ставови, во својот полн капацитет, и да создаваат самодоверба, да стекнуваат знаење и вештини, какви што се оние за решавање на конфликтите, донесувањето одлуки, остварувањето комуникација и справување со животните предизвици. Правото на детето, вклучително и на адолесцентите, слободно да се изразува, мора да биде

почитувано и промовирано, додека нивните ставови за сите нешта кои директно ги засегаат мора, исто така, да се земаат предвид; на ставовите на децата да им се даде соодветна тежина соодветно на нивната возраст. Енергијата и креативноста на детето и младите мора да се негуваат за тие да можат да земат активно учество во креирањето на својата средина, на своето општество и на светот кој ќе го наследат".

Овие зборови, како и активната инволвираност на децата во Генералното собрание, се рефлексија на идеалите содржани во членот 12 на Конвенцијата за правата на децата – правото на детето да ги искажува своите гледишта. Секое дете кое е способно да формира свое сопствено мислење има право да го изрази таквото мислење за сите нешта кои го засегаат.

**Национални планови за дејствување на децата**
На уште еден помал настан кој се одвиваше паралелно со Специјалната сесија на Обединетите нации за децата, беа дискутирани прашањата за вклучување на децата во националните стратегии. Вкупно четири активности беа утврдени како приоритетни: здравство, образование, заштита од насилство, злоупотреба и експлоатација, како и СИДА-та.

За да им се помогне во остварувањето на глобалниот акциски план, државите во светот се согласија да изготват национални планови за дејствување на децата, и тоа до крајот на 2003 година. Овие планови за дејствување објаснуваат на кој начин секоја држава ќе работи во насока на општите и конкретните цели на глобалниот акциски план.

Специјалната сесија ја покажа важноста на придонесот кој можат да го дадат децата и младите при донесувањето одлуки кои ги засегаат нив самите, и покажа колку е важно за оние кои ги донесуваат одлуките да се консултираат со децата и да ги слушнат. Децата и младите луѓе јасно ставија до знаење дека тие сакаат, на соодветен начин, да бидат вклучени во развивањето, имплементацијата и мониторингот на националните планови на дејствување во нивната држава.

Save the Children запраша околу 4 500 млади луѓе од 14 држави зошто би сакале да бидат вклучени во овој процес. Главните причини кои ги искажаа тие се:

- Децата се оние кои се директно засегнати од плановите и се најважните чинители;
- Тие се лицата со најголемо директно искуство во врска со состојбата на децата и тие можат да им помогнат на владите подобро да ги разберат нивните проблеми;
- Сите деца не се исти, па државите би требало да ги слушнат ставовите на различните групи деца;
- Тие имаат право да бидат консултирани за сите одлуки кои ги засегаат (содржано во членот 12 од Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето);
- Децата и младите можат (и сакаат) да бидат дел од поддршката за имплементирање на планот;
- Тие ќе ја подобрат ефективноста и влијанието на планот, со што тој ќе биде многу поуспешен;

- Планот помага во градењето на демократијата и ја поттикнува одговорноста кај децата за нивниот сопствен живот, за заедницата и за општеството;
- Децата и младите чувствуваат дека можат да придонесат кон процесот со свои постапки – нови идеи и перспективи за иднината.

Во глобалниот план за дејствување, државите се согласија дека: „Мора да ги почитуваме правата на децата и на адолесцентите да се изразуваат себеси и да учествуваат во сите прашања кои ги засегаат, соодветно на нивната возраст и зрелост". Со оглед на тоа што националните планови за дејствување се изготвуваат со цел подобрување на животот на децата и со цел остварување на нивните права, од суштинско значење е децата и младите да можат да придонесат кон развивањето и креирањето на овие планови. Децата се клучните фактори чии ставови треба да се слушнат. Ваквите ставови се основата за вистинските цели кои треба да се земат во предвид и да се види кои се најдобрите начини за нивното остварување.

**Учество на децата**

Генералното собрание на Обединетите нации во 2002 година и процесот на изготвување на национални планови за дејствување на национално ниво покажаа колку големи ентузијасти се децата кога тие треба да бидат вклучени во работите кои се однесуваат на нив. Нивното учество го зајакнува нивното чувство за припадност и чувството дека на нивниот придонес се гледа со почит од страна на организациите чиишто политики ги засегаат нивните животи. Вклучувањето на децата и младите во одлучувањето „ги подобруваат релевантноста и квалитетот на политиките и услугите, им дава на младите чувство за граѓанска одговорност, ги прави позаинтересирани за национални и локални политики и ја зголемува веројатноста дека ќе гласаат на избори". (Дирекција за деца и млади, Велика Британија, 2002 година).

Учеството не се случува туку-така – тоа бара лидер и лица за пример на национално, локално и организациско ниво. Конкретно, потребно е силно лидерство во рамките на организациите за иницирање и проширување на можности за реално и активно учество од страна на децата и на младите.

На подготвеноста и желбата на организациите да се вклучат во соработка со децата и младите влијаат многу фактори, вклучувајќи ги тука и културните вредности, ставовите на возрасните за вредноста на размислувањата на младите, вештините во рамките на организацијата и подготвеноста на децата и младите да се вклучат во сите активности.

Децата и младите имаат потреба од информации, разбирање, вештини и доверба доколку сакаат добро да учествуваат во сите активности. Развојот на овој капацитет за учество започнува во самото семејство. Всушност, семејствата можат да ги оспособат децата во рамките на секојдневниот живот така што ќе им овозможат избор и ќе им помогнат да ги разберат последиците од нивните одлуки и дејства, и да ја засилат културата на почитување на нивните размислувања.

Освен семејството, наставните програми и културата во училиштето се некои од најважните начини преку кои децата можат да научат вештини, капацитети и одговорности за активно учество и граѓанство. Со оглед на тоа што многу деца

поминуваат многу време во образование, овие структури и системи треба да имаат партнерски пристап кон децата.

Во училиштата може да се организираат обуки за наставниците и вработените со цел олеснување и поддршка на училишните совети и учеството на децата. Училиштата имаат особено голема важност да го развијат образованието на начин што тоа ќе биде двонасочен процес на комуникација во кој децата стануваат активни учесници.

Во заедницата, локалната власт може да организира консултантски настани со децата и младите од кои децата можат да ги изберат своите сопствени локални младински совети, кои потоа ќе може да соработуваат со локалната власт во која има и возрасни.

Со зголемената улога на технологијата во општеството, развојните механизми како што се користењето на интернет и мобилни телефони може да помогнат да се зајакне учеството и тоа да стане уште покорисно. Во денешно време интернетот се' повеќе е новиот меѓуграничен форум во чии рамки децата и младите можат да ги искажуваат своите ставови и искуства, како и да придонесат кон развојот на јавната политика и тоа на национално и на локално ниво.

„Активното граѓанство се учи низ конкретните искуства и чувството на припадност, преку слушање и зборување, преку вреднување и вклучување“ (извадок од извештајот Comhairle na nÓg групата за имплементација, Ирска, 2007 година).

**Позитивни нешта од учеството**

Вклученоста во донесувањето одлуки носи директни бенефиции за децата и за младите. Тие се стекнуваат со вештини за учење преку тимска работа, преговарање, решавање проблеми и влијание. Тие стекнуваат знаења за тоа на кој начин се изготвува политиката и на кој начин работат организациите. Тие учат како да функционираат со возрасните како соработници, и нивната самодоверба и почит може да се зајакнат преку учеството. Можноста да се учествува може да донесе конкретни бенефиции и позитивни нешта за децата и за младите кои се маргинализирани или исклучени од општествениот, културниот, економскиот и политичкиот живот.

Децата и младите можат да дадат единствена перспектива и искуство за прашањата кои ги засегаат нивните животи. Давајќи им можност да се искажат за тоа на кој начин политиките и услугите се развиваат, обезбедуваат, проценуваат, мониторираат и подобруваат, ќе се отвори можности истите тие политики и услуги да ги исполнуваат нивните барања и да се идентификуваат оние потреби кои треба да се решаваат.

Кога децата и младите се вклучени во креирањето на политиката, тие од улога на пасивен реципиент на одлуките на возрасните се претвораат во „носители на права“ кои сега се во можност да ги креираат своите животи и своето општество. „Освен информациите и гледиштата кои се обезбедуваат, овој процес им овозможува на членовите да ги дискутираат, да се подготвуваат и да го очекуваат нивното вклучување во промени, и повторно да ги откријат и да ги потврдат своите вредности како граѓани“ (Hearing Young Voices, McAuley and Brattman, Children‘s Rights Alliance, 2002)

**АНКЕТА ВО ОДНОС НА УЧЕСТВОТО**
Во Велика Британија, Националната агенција за млади и Британскиот младински совет во 2004 година направија анкета во однос на задолжителното и доброволно секторско организирање во Англија, со цел добивање на систематска слика за нивоата и начините на кои тие ги вклучуваат децата и младите во јавното донесување одлуки. Од сиве овие организации кои имаа структури за учество, околу 80% од испитаниците во задолжителниот и доброволниот сектор се согласија дека нивните услуги се подобриле како резултат од вклучувањето на децата и младите во процесот на одлучување.
Oldfield, Carolyn with Clare Fowler (2004). Mapping Children and Young People‟s Participation in England. London: Department for Education and Skills.

**Принципи на најдобрите искуства**
Националните младински совети, како и дирекциите кои се занимаваат со детските прашања, изготвија инструкции за вклучување на децата во сите активности и иницијативи кои ги засегаат нив.

Во 2005 година, ирскиот омбудсман за деца, во соработка со Националниот младински совет на Ирска и со Сојузот за правата на децата, ги изготвија сугестиите насловени како *Млади гласови: инструкции за тоа како да ги вклучите децата и младите во вашата работа.*

*Видливост*
На највисоко организациско ниво потребно е да постои јасна посветеност кон принципите и праксите за вклучување на децата и младите. Оваа посветеност е суштинска вредност и таа треба да се спроведува преку детално планирање, овозможување на ресурси и изградба на капацитети.

*Признавање на различностите*
Децата и младите не се една хомогена група. Нивното вклучување во донесувањето одлуки е поверојатно дека ќе успее ако се признаваат почитуваат различноста на нивните ситуации, етничка припадност, интересите, вештините и потребите.

*Еднаквост*
Сите деца и млади луѓе треба да имаат можност да бидат вклучени во развојот на политиката и во планирањето. Можеби понекогаш ќе биде тешко да се допре до некои од нив поради нивните лични околности или поради непостоењето на едноставен пристап до консултации со јавноста. Еден сеопфатен (инклузивен) пристап обрнува особено внимание на тоа да обезбеди вклучување на децата и на младите кои, можеби, се соочуваат со ризикот да бидат отфрлени (на пример, децата со тешкотии во учењето или многу малите деца).

*Искреност, транспарентнот, отчетност*
Децата и младите мора да бидат третирани на чесен начин. Тие треба да бидат свесни за целта на нивната работа и зошто се вклучени во неа. Тие, исто така, треба да бидат вклучени на начин кој им соодветствува на нивната возраст и на фазата од развојот во која се наоѓаат. Треба да знаат колкаво влијание ќе можат

да имаат. Потребно е да постои можност навистина да се влијае врз она што се планира. Нивниот придонес треба сериозно да се земе во предвид. Тие треба да добиваат повратен одговор кој ќе им каже какво влијание имаат нивните ставови.

*Градење капацитети*
Заложбата за учество значи подготвеност да се инвестира во градењето на капацитети и подготвеност како кај децата така и кај возрасните за заедничко дејствување. Многу е важно да се овозможат ресурси за учество и да се поддржи нивната имплементација.

*Еманципирање*
Начинот на кој децата и младите се вклучени во процесите треба да биде еманципирачки и треба да го зајакне нивното чувство за самопочит и доверба. Методите за учество треба да ги промовираат вештините за донесување одлуки, за решавање на проблемите и за преговарање.

*Избор*
Децата и младите треба самите да изберат дали да бидат вклучени, да знаат дека имаат право да изберат кога  и на кој начин ќе бидат вклучени.

*Безбедни начини*
Безбедноста и добросостојбата на децата и младите е приоритет број еден. Од суштинско значење е да се има јасен кодекс за заштита на нивната безбедност и добросостојба и да се обезбеди дека се исполнети барањата за заштита на децата.

*Висок квалитет*
Активностите кои подразбираат ангажирање на децата и младите мора да бидат со висок квалитет. Доколку не е така, тие ќе претставуваат пречка или, во најдобар случај, ќе бидат лошо искуство за возрасните и за децата/ младите.

*Почит и партнерство*.
Во самата работа, децата/ младите и возрасните треба да работат во меѓусебно партнерство, на начин кој ги почитува и двата партнера.

(Преземено од: Young Voices: Водич за тоа како да ги вклучите младите луѓе во вашата работа, Национален младински совет на Ирска, 2005 година)

**Обезбедување на ставовите на децата: примери**

*Омбудсман (народен правобранител) за деца*
Повеќе држави во Европа имаат формирано омбудсмани за деца, вклучувајќи ги тука Австрија, Белгија, Хрватска, Данска, Финска, Исланд, Ирска, Норвешка, Шведска и Шпанија.

*Студија на случај: Ирска*
Во Ирска, Националната канцеларија за децата (NCO) е институцијата задолжена за ангажирањето на децата и младите во процесот на соработка со Народниот правобранител за деца (ОСО). Се користат сличните искуства и препораки за закажување од други држави и правни системи. Овие искуства беа адаптирани кон ирскиот контекст. Во процесот на селекција и интервју за омбудсман учествуваа

вкупно 64 млади луѓе на возраст од девет до 17 години. Тие, исто така, беа вклучени и во формирањето на Младински советодавен панел која има задача да го советува ОСО за прашањата кои ги засегаат младите денес во Ирска. На своите редовни состаноци во просториите на омбудсманот, тие го информираат за прашањата кои се важни за нив и како би сакале тие да се решаваат.

Канцеларијата на Народниот правобранител (Омбудсманот) е вклучена во тоа да обезбеди дека се поставени и подобрени соодветните структури кои овозможуваат учество од страна на децата и младите, како што е Младинскиот парламент Dáil na nÓg и Советот на млади Comhairle na nÓg. Тој, исто така, спроведува проекти во соработка со другите институции, владини тела и невладини организации.

Во изминативе три години беа организирани голем број вакви партиципативни проекти во кои беа вклучени широк спектар на фактори. Еве некои примери од неговата работа:

- Консултации со младите за прашања кои треба да се земат предвид кога се разговара за возраста за сексуална активност;
- Работење со Советот за радиодифузија на Ирска за вклучување на децата и младите во јавните консултативни процеси за детскиот кодекс за рекламирање;
- Изготвување на Young Voices: Водич за тоа како да ги вклучите младите луѓе во вашата работа, во соработка со Националниот младински совет на Ирска и Алијансата за правата на децата;
- Вклучување на децата и младите во планирањето на здравствените услуги.

## НАДЛЕЖНОСТ И НАЧИН НА РАБОТА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ВО РМ

Институцијата Народен правобранител во Република Македонија е востановена со Уставот на Република Македонија донесен во 1991 година, а со работа започна во февруари 1998 година по донесувањето на Законот за народниот правобранител, изборот на народен правобранител и неговите заменици и создавањето на просторни и техничко-адмнистративни и кадровски услови за работа.

Институцијата Народен правобранител во Република Македонија, според Уставот, е инокосен орган кој е носител на функцијата. Тој е самостоен и независен орган кој својата работа ја врши врз основа на устав, закон и меѓународни договори.

Народниот правобранител и неговите заменици ги избира Собранието на Република Македонија под услови определени со закон.

Одделението за заштита на правата на децата во рамките на институцијата Народен правобранител е основано во октомври 1999 година со одлука на Народниот правобранител, во соработка и со поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Македонија. Со Одделенито за заштита на правата на децата раководи еден од замениците на народниот правобранител.

Канцеларијата на Народниот правобранител како уставна институција во чии рамки работи Одделението за заштита на правата на децата своите овластувања ги извршува врз основа на Законот за народниот правобранител. Одделението за заштита на правата на децата е овластено да ги штити уставните и законските права на децата кога им се повредени од страна на органите на државната управа или од други органи и организации што имаат јавни овластувања.

Постапка за заштита на правата на децата се покренува по поднесена претставка, писмено, усно на записник, по телефон или телефакс и по електронска пошта. Постапка се покренува и по сопствена иницијатива, што е доста чест случај при повреда на правата на децата.

Одделението не е овластено да донесува одлуки и да решава за правата на децата, туку претставува контролен механизам кој ја следи работата на органите пред кои е надлежно да постапува, во поглед на примената на Уставот, законите и меѓународните акти ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија.

При констатација за постоење повреда на некое право на детето Народниот правобранител доставува препораки, предлози, мислења и сугестии како да се реши проблемот и да се отстранат пропустите и неправилностите, со што не само што му се помага на детето да го оствари неговото право, туку им помага и на органите и организациите правилно и законито да ја извршуваат нивната работа. Од досегашното функционирање на Одделението може да се констатира дека најголемиот дел од интервенциите по конкретни предмети, но и генерално се прифаќаат од надлежните органи.

Одделенито за заштита на правата на децата се уште работи во рамките на националната канцеларија на Народниот правобранител на Република Македонија и функционира на истите принципи, односно е овластено пред се да постапува по конкретни претставки за заштита на поединечни права на децата.

Во 2003 година е донесен нов Закон за народниот правобранител, со кој се зајакна улогата на институцијата и се доразработи постапката пред оваа институција. Во врска со заштитата на правата на децата особено е значајно дека со новиот закон децата и немоќните лица се предвидени како посебна категорија на која Народниот правобранител им обезбедува заштита не само по поднесени претставки, туку и по сопствена иницијатива без за тоа да бара каква било согласност од родителот или старателот. Исто така, со новиот закон Народниот правобранител се задолжува да ја следи состојбата со остварувањето на правата на децата на поширок план и да презема мерки за доследно остварување, почитување и унапредување на правата на децата, да ја следи законската регулатива и да дава предлози и мислења за нејзина измена заради усогласување со Уставот и со меѓународните акти, како и да покренува постапки пред Уставниот суд за оцена на уставноста на законите и уставноста и законитоста на другите прописи. Со цел да се зголеми

ефикасноста на постапката пред Народниот правобранител со новиот закон се предвидуваат задолжителни рокови за преземење одредени дејствија од Народниот правобранител и рокови во кои надлежните органи се должни да постапат по барањата на Народниот правобранител. Заради зголемување на одговорноста на надлежните органи спрема Народниот правобранител со новиот закон се предвидува обврска на сите функционери што раководат со државните органи, односно со органите на државаната управа на барање на народниот правобранител да го примат веднаш без одлагање. Со новиот закон се предвидува и обврска на надлежните органи по барање на народниот правобранител задожително да запрат извршување на поединечен акт до завршување на постапката по жалба или до завршување на судска постапка ако се оцени дека со извршувањето на тој акт би настанале неотстранливи штетни последици за децата. Со ова Народниот правобранител и Одделението за заштита на правата на децата добија пошироки овластувања во однос на заштитата на правата на децата, односно со новиот закон се зајакна улогата и значењето на Народниот правобранител, а со тоа и на Одделенито за заштита на правата на децата.

Заради доближување до граѓаните и овозможување сите граѓани од територијата на Републиката полесно да дојдат до Народниот правобранител, врз основа на новиот закон отворени се шест подрачни канцеларии во поголемите градови во државата.

Во согласност со заклучоците и препораките на Комитетот за правата на детето и во согласност со Статутот и Стандардите на Европската мрежа на детски правобранители (ЕНОК) во текот на 2007 година покренавме иницијатива за измени и дополнувања на Законот за народниот правобранител, со барање со Законот да се предвиди изрична одредба дека Народниот правобранител обезбедува посебна заштита на правата на децата, да се предвиди обврска дека еден од замениците на Народниот правобранител кои ги избира Собранието на Република Македонија ќе биде задолжен за заштита на правата на децата, да се предвиди законска можност претставка до Народниот правобранител да може да поднесе и дете и да се предвиди законска обврска за заштита на правата на децата задолжително да се формира посебно одделение со кое ќе раководи избраниот заменик на народниот правобранител. Постапката по овие предлози е во тек.

(Извадок од Извештајот на Народниот правобранител за имплементација на Конвенцијата за правата на детето и протоколите кон Конвенцијата 2000- 2005)

**Детски парламенти**
Во многу земји во светот постојат и детски парламенти, како начин кој обезбедува дека младите луѓе имаат можност да го искажат својот глас во креирањето на иднината.

Oxfam International Youth Parliament (Oxfam IYP) е иницијатива на Oxfam International. Овој младински парламент мобилизира една светска мрежа на млади лидери и активисти со цел остварување на позитивна и одржлива промена. Ова го прави преку помагање на иницијативите со кои раководат младите, со олеснување

на програмите кои имаат цел градење на вештините и со поддршка на младите да се залагаат за нивните права и слободи, како и за правата и слободите на нивните заедници. Парламентот, исто така, ги поттикнува и ги помага младите луѓе како лидери во развивањето на позитивни, одржливи, иновативни иницијативи и на иницијативи кои се ориентирани кон заедницата за остварување на промените.

**СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: Младински совети во Франција**

Младинските совети во Франција функционираат уште од седумдесеттите години на минатиот век, а денес ги има неколку илјади. Нивната улога е да ги артикулираат проблемите на децата и младите во однос на нивните локални заедници. Во 1991 година беше формирана Националната асоцијација на градски совети за деца и млади. На нејзиниот прв годишен состанок присуствуваа околу 700 млади и околу 400 возрасни. На следните состаноци присуствуваа и министри од Владата.

Младинските совети имаа значајни постигнувања: се отворија скејтборд паркови, места за деца со посебни потреби, библиотеки со сликовници, се подобрија транспортните можности, се организираа социјални настани, како креирање мапи на градовите со Брајовата азбука, се направија видеоснимки кои ги прикажуваат проблемите на децата и младите во нивните градови.

Бројката на младински совети како и нивното продолжување со работа укажува на сериозноста со која во Франција гледаат на ваквите тела. Многу важен елемент за организирањето на младите во вакви совети и за нивната ефикасна работа, беше политичката поддршка која ја добија на национално и на локално ниво. На младинските совети се гледа како на ефективен начин кој на младите луѓе им овозможува да имаат значајна улога во нивните локални заедници.

**Европскиот младински форум** е меѓународна организација формирана од националните младински совети и меѓународни невладини младински организации за да ги застапуваат интересите на младите од цела Европа. Форумот има цел да им овозможи на младите да учествуваат во креирањето на Европа и на општествата во кои живеат. Тој ги застапува младите организации во меѓународните институции (најмногу Европската унија, Советот на Европа и Обединетите нации). Тој го канализира протокот на информации и мислења меѓу младите и оние што ги донесуваат одлуките.

Форумот има 93 членови кои се, всушност, национални младински совети и меѓународни невладини младински организации. Тој собира заедно десетици милиони млади од сите европски држави.

**Младински парламент (YPP)** е иницијатива од Велика Британија која е формирана да им помогне на младите во искажувањето на своите ставови во однос на сите прашања кои ги засегаат. Оваа организација започна најпрвин во Бирмингем како форум каде што младите се среќаваа да разговараат за прашањата и за развојните политики во врска со развојот на нивниот град и како тој да стане подобро место за младите. Денес, Младинскиот парламент е основа

за младите од целиот регион и тој, исто така, ќе организира национални и меѓународни настани кои имаат цел да ги соберат младите луѓе на едно место.

**СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: Детски парламент во Словенија**

Во Словенија Детскиот парламент беше формиран во 1990-та година, во исто време кога се случи и воведувањето на парламентарната демократија. Секоја година децата на училиште се запознаваат со одредена тема и им се дава можност да научат нешто повеќе за таа тема. Повеќе од 100 млади луѓе на возраст од 13 до 15 се избираат од нивните училишта за да се состанат во словенечкиот Парламент и за да разговараат за ова прашање. На крајот од сесијата тие ја избираат темата за следната година. Во првата година, темата беше „Здрава и безбедна животна средина".

Во времето до вториот Детскиот парламент, сликата значително се измени. Почна војната во Словенија, Хрватска и Босна. Младите луѓе го користеа парламентот да ја искажат својата загриженост за иднината и жалбите поради неуспехот на политичарите да развијат ефективна влада. Политичарите беа подготвени да слушнат и донесоа во Парламентот извештај за напредокот во однос на препораките изготвени од претходниот состав на парламентот.

Иако извештајот содржеше само неколку конкретни постигнувања, тој им покажа на децата дека нивните размислувања сериозно се земаат предвид. Третиот парламент се фокусираше на создавање училишта по мера на децата. За разлика од претходната година, фокусот беше на конкретни предлози за подобрување наместо чисто критикување.

Суштински фактор во тоа дека парламентот не е само про-форма гест беше тоа што политичарите покажаа дека се подготвени да ги слушаат, да ги земаат предвид и да ги разгледуваат предлозите и прашањата кои ги покренуваа децата и да дејствуваат секогаш кога е тоа можно. Освен тоа, овој процес покажа дека децата би можеле да го развиваат своето чувство за демократска одговорност.

**Пречки и бариери за учество**

Без да ги исклучуваме многуте добри работи кои се случуваа, разбирањето и практиката во однос на тоа да се слуша гласот на младите и понатаму е во зародок. Консултациите со децата и младите во однос на јавната политика продолжува да биде нешто што се соочува со предизвици. Претстои многу работа доколку се сака гласот на децата и на младите да биде структурно интегриран во граѓанското општество.

Овозможувањето на учество на младите во процесот на одлучување е предизвик и бара одредени напори од возрасните, но мал дел од нив добиваат релевантни обуки. Негативните ставови на возрасните (вклучително и на родителите) делуваат како бариери за вклучување на младите.

Иако младите се' повеќе се вклучуваат во партиципативни проекти, заклучоците од евалуациите се дека тие сè уште имаат мало влијание врз оние што ги донесуваат

одлуките, иако овој факт се разликува помеѓу различни организации *(Measuring the Magic?* Perpetua Kirby, Carnegie YPI).

Ќе биде потребно одредено време за да се создаде култура во која фактот дека се слуша гласот на децата станува дел од начинот на решавањето на проблемите кои ги засегаат. Во обидот да се слушнат правата на децата, луѓето мора да го слушнат и гласот на децата.

**ДРУГИ ПРИМЕРИ ОД СВЕТОТ ЗА УЧЕСТВО**

**Меѓународно ниво**

- Годишен Светски младински форум на Обединетите нации
- Меѓународна програма за учество на младите луѓе, 2000, спонзорирана од End Child Prostitution, Pornography and Trafficking (ECPAT)
- Меѓународна конференција на деца жртви на војната во септември 2000-та година, одржана во Винипег, Канада и организирана од Канадската агенција за меѓународен развој
- Меѓународен форум за добросостојба на децата (IFCW) одржан во Лимерик, Ирска во 2001 година и организиран од Barnardos
- Младински милениумски проект

**Европа**

- *Европска конвенција за спроведување на правата на децата* од 1996 година која ги утврдува правата на децата и младите помлади од 18 години директно или индиректно да учествуваат во судските процеси кои ги засегаат.
- *Европска повелба за учество на децата и младите во општинскиот и регионалниот живот* од 1992 година која се застапува за тоа локалната власт и регионите во Европа да имплементираат такви политики кои ќе им помагаат на децата и младите да учествуваат во животот на заедницата
- Консултации со младите (на возраст од 15 до 25 год.) во врска со изготвувањето на *Европскиот бел документ за младите* – иницијатива која им овозможува на илјадници млади од земјите-членки на ЕУ да ги достават своите мислења и препораки до Европската комисија и до владите на државите.

**Велика Британија**

- Во Северна Ирска, Save The Children и Правниот центар за деца и' помагаат на Канцеларијата за човекови права при Кабинетот на примерот и заменик-премиерот во нивните консултации со децата и младите во однос на идните задачи на предложениот Комесар за деца во Северна Ирска
- Невладините организации, вклучувајќи ги тука Save The Children и Правниот центар за деца, ја поддржаа Комисијата за човекови права на Северна Ирска во нејзините обиди да ги обезбеди ставовите од децата и младите во Повелбата за права за Северна Ирска.
- *Bread is Free,* консултација за сиромаштијата која беше спроведена од Сојузот за детски права за Англија и Save The Children во текот на 2001 година, со вкупно 106 деца и млади на возраст од 5 до 16 години кои живеат

во заедници со високо ниво на сиромаштија и социјална немаштија низ цела Англија.

**Проценка**
Разгледајте ја состојбата со вашиот Национален план за дејствување на децата и дискутирајте за учеството на децата и младите во неговото развивање?

**Предлог за дополнителна литература**
Извештај од комуникацијата со децата: Европска мрежа на омбудсмани за деца (ENOC) 17/11/2003:
http://www.ombudsnet.org/Organisations/vieworg.asp?id=2872&fromEnoc=y

Дванаесет лекции научени од учеството на децата на Специјалната сесија на Генералното собрание на Обединетите нации, Save the Children, 2004:
http://www.savethechildren.ca/whatwedo/rights/12lessons_stc.pdf Office for

Годишен извештај на Омбудсманот на Ирска 2005-2006:
http://www.oco.ie/whatsNew/annual_reports.aspx

Глобално движење за деца:
http://www.gmfc.org/index.php/gmc6/homepage

Извештај на невладина организација: Ирско здружение за спречување на лошото постапување со деца: *Правото на детето да биде слушнато*, 2006.

Свет по мера на децата, UNICEF, 2006.

Hearing Voices: Консултации со децата и младите во изготвувањето на јавната политика во Ирска; извршно резиме, 2002, K McCauley & M Brattman.

Young Voices: Инструкции за тоа како да ги вклучите децата и младите во вашата работа, Национална канцеларија за деца на Ирска, 2005.

Вклучување на децата и младите во изготвувањето на Националните планови за дејствување: Резиме за владите, 2002, Save the Children:
www.crin.org/resources/infoDetail.asp?ID=3145

'Measuring the Magic: Евалуирање и истражување на учеството на младите во јавното донесување одлуки, ', Perpetua Kirby, Carnegie Young People Initiative:
http://cypi.carnegieuktrust.org.uk/files/2643_MeasuretheMagic_001.

Анализа на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во законодавството и практиката во Република Македонија:
http://www.mhc.org.mk/?ItemID=B3EB0EB342D4644898D176C6F4EC1A16

Акционен план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија 2009-2012 година:

http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/akcionen_plan_zloupotreba.doc

Акциски план за борба против трговија со деца во РМ 2009- 2012
http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/NAP_Children_April_2009_-_MKD.pdf

Локален акционен план за заштита на децата во Штип
http://www.opstinapomerkanadeteto.org.mk/eng/files/AKTI%20NA%20OPSTINITE/39E14~1/B1D4~1.DOC

Локален план за заштита на детето- Прилеп:
http://www.opstinapomerkanadeteto.org.mk/eng/files/AKTI%20NA%20OPSTINITE/39E14~1/F8F0~1.DOC

Агенција за млади и спорт
http://www.ams.gov.mk/

Детски парламент на Македонија:
http://www.dpm.org.mk/

Статут на Детскиот парламент на Македонија:
http://www.dpm.org.mk/statut.htm

ЛЕКЦИЈА 2: ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И ПРОФЕСИОНАЛНАТА НОВИНАРСКА ПРАКТИКА

## 1. КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ И УПАТСТВА ЗА УРЕДНИЦИТЕ

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- Зошто ни е потребен кодекс за однесување?
- Дали овие кодекси треба да бидат детални или да ги содржат само главните и општи принципи
- Кодекси на однесување и задачите
- Кодекси на однесување и слободата на печатот
- Одговорноста во однос на слободата

Кодексите на однесување претставуваат збир од правила кои го насочуваат однесувањето на уредниците и донесувањето на одлуките. Во целиот свет имаме кодекси на однесување за новинари кои се формирани за да ги решаваат конкретните проблеми со кои се соочуваат новинарите. Овие принципи најчесто им се познати на новинарите како нивен професионален *етички кодекс, кодекс на однесување* или *„новинарски канони“*. Основните кодекси обично се изготвуваат од страна на професионалните новинарски асоцијации, како и од страна на поединечни весници, телевизии, интернет, новински куќи и сл.

Иако кодексите меѓусебно се разликуваат, сите тие споделуваат заеднички елементи како што се: принципи на искреност, точност, објективност, непристрасност, правичност и јавна отчетност, како и заштита на анонимните извори на информации кои се користат во обезбедувањето на вестите и на информациите.

Како и повеќето други етички системи, новинарската етика се состои од принципот на „ограничување на лошото“. Ова значи необјавување на одредени информации од вестите како што се имињата на децата, имињата на жртвите на криминални дејствија од типот на силување или информации кои материјално не се однесуваат на одредена вест (а чие објавување, на пример, би било штетно за нечија репутација), како и откривање на начинот на кој некој/а самиот си го има одземено животот.

**Развој на новинарскиот кодекс**

Принципите на доброто новинарство имаат цел да донесат највисок квалитет на новинското известување, со што се исполнува мисијата за дистрибуирање на информациите за услуги кои се од јавен интерес. Што се подразбира под „јавен интерес“ е прашање кое и натаму е актуелно, но можеме дека кажеме дека тоа е „заедничкото добро“ или „општото добро“.

Националниот синдикат на новинари за Велика Британија и Ирска (NUJ) утврди што тој подразбира под „јавен интерес“:

- Откривање или изложување на криминал или сериозни престапи
- Заштита на јавното здравје и безбедност

- Заштита од тоа јавноста да биде погрешно заведена од некои изјави или дејства на поединци или организации
- Изложување на злоупотреба на јавни средства или на други видови корупција од страна на јавни тела
- Откривање на потенцијални конфликти на интереси од оние што се во позиција на власт и влијание
- Изложување на корпоративната лакомост
- Изложување на хипокритско однесување од лица кои се на високи функции

До одреден степен новинарските кодекси се развиваа преку опсервација и како одговор на поранешни етички грешки на новинарите. Во денешно време, некои од условите за вработување предвидуваат придржувањето до кодексите како за сите вработени така и за слободните новинари. Новинарите, исто така, може да се соочат и со „покривање“ на нивните етички грешки. Сепак, многу често новинарите се соочени со тоа да мора да постапуваат спротивно од сопственото етичко убедување доколку сакаат да го задржат работното место.

Првиот кодекс на однесување во светот беше изготвен од NUJ во 1936 година, а не од некој работодавач. Изготвувањето на кодекси многу често беше одговорот на новинарите на сопствениците на медиумите и на концентрирањето на сопственичката структура.

Етичките кодекси на новинари се изготвени да бидат водичи низ повеќе тешкотии, како што се конфликти на интереси, да им помагаат на новинарите во справувањето со етичките дилеми. Кодексот им овозможува на новинарите рамка за сопствен мониторинг и сопствено коригирање. Придржувањето до професионалните стандарди, исто така, ја зајакнува репутацијата на таа новинска куќа и довербата во неа, што го зголемува бројот на публиката која ја следи таа новинска куќа. Квалитетот на ефектот и придржувањето до вообичаените стандарди на новинарска етика се разликува кај водечките новински организации кои ги донесуваат нив. Сепак, трите најважни работи тука се професионализмот, сигурноста и јавната отчетноста на таа медиумска куќа. Организацијата се стекнува со добра репутација и ја одржува таквата репутација делумно преку постојано следење на етичките стандарди, што влијае врз нејзината позиција со јавноста и во рамките на дејноста.

Некои од најпочитуваните мрежи на вести кои емитуваат на англиски јазик се British Broadcasting Corporation (Би-Би-Си), Canadian Broadcasting Corporation (CBC), весникот Guardian (кој има претставници од читателите). Во САД тоа се Washington Post , New York Times, Wall Street Journal, Cable News Network (Си-Ен-Ен) , National Public Radio (NPR) и Public Broadcasting Service (PBS). Повеќето од овие организации имаат свои сопствени инструкции за уредниците и за новинарите.

**Слобода на медиумите**
Кодексите ги имаме кај сите медиумски куќи во поголем дел од државите со слобода на медиуми. Во некои земји има и по неколку вакви кодекси. Многу често има различни кодекси за печатените и за електронските медиуми. Новинарите во електронските медиуми функционираат во порегулирана средина.

Во земјите во развој, слободата на печатот имплицира дека сите луѓе треба да го имаат правото да се изразат себеси на писмено или на каков било друг начин на изразување на личното мислење или креативност. Универзалната декларација за човекови права (UDHR) го вели следново:

*„Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја подразбира слободата да се изразат мислењата без какви било проблеми и да се бараат, да се добиваат и да се соопштуваат информации и идеи преку кој било медиум, без разлика на границите“.*

Невладините организации имаат направено проценка на степенот на слободата на медиумите во целиот свет. Организацијата „Репортери без граници“ која својата инспирација ја црпи од горенаведениот член на UDHR, има изготвено светски индекс на слободата на медиумите во кој таа објавува колку новинари биле убиени, протерани или малтретирани во некоја држава, известува за постоењето на државни радио и телевизиски станици како монополи, за цензурирањето и самоцензурата кај медиумите. Овој индекс, исто така, прави проценка и на севкупната независност на медиумите, како и на евентуалните тешкотии со кои се соочуваат странските известувачи. Според „Репортери без граници“, повеќе од една третина од луѓето во светот живеат во држави каде што не постои слобода на медиумите (рангирањето на државите  може да го најдете на http://www.rsf.org. Други организации кои вршат мониторинг на слободата на медиумите се Меѓународната федерација на новинари (IFJ) и сл.

Концептот за независност на медиумите е тесно поврзан со концептот на слобода на печатот. За да функционираат медиумите добро во демократијата, тие мора да бидат слободни од политички и од економски „замолчувања“.

Еден од водечките гласови во САД во однос на новинарските стандарди и етика е Здружението на професионалните новинари. Преамбулата на нивниот етички кодекс вели:

*„.... просветлувањето на јавноста е предводник на правдата и основа на демократијата. Задача на новинарот е секогаш да ги приближува овие две нешта во потрага по вистината и преку сеопфатно земање предвид на настаните и на проблемите. Свесните новинари од сите медиуми и специјалности се обидуваат да и’ служат на јавноста со својата исцрпност и чесност. Професионалниот интегритет е клучната работа кога станува збор за кредибилитетот на новинарите“.*

Ова е во согласност и со американскиот Устав во кој слободата на говорот е заштитена со закон, како и со познатиот Прв амандман кој јасно укажува дека „Конгресот не може да донесе закон... кој ја ускратува слободата на говорот или на медиумите...“.

Ниедна друга доктрина која беше воведена од Новата република не беше толку добро поздравена од целиот свет, како што е Декларацијата за слобода во изразувањето. Но државите низ целиот свет може да имаат свои сопствени причини зошто би сакале да наложат ограничувања на однесувањето на новинарите со што, всушност, им даваат дозвола да работат само доколку известуваат согласно со желбите на владата. Ваквото налагање треба да биде

неприфатливо за новинарите кои ја негуваат својата независност и кои се сметаат себеси за очи и уши на јавноста, а не за марионети на елитата на власт.

Државите многу често како изговор го користат „несоодветното постапување од страна на медиумите“ за да го оправдаат наложувањето на контролата врз слободата на медиумите. Ова, можеби, е една од најсилните причини зошто е од суштинско значење работењето на новинарството да биде саморегулирано со еден систем кој, истовремено, е транспарентен, општоприфатен и разбран во рамките на самите медиуми.

Регулирањето на медиумите станува се’ поважно прашање, иако ова прашање и натаму се смета како мошне контроверзно. Со одредени исклучоци, контроверзијата се фокусира не врз стандардите кон кои треба да се стремат медиумите во демократските држави, туку врз мерилата на конкурентите за *саморегулација* и *законско регулирање.*

На пример, Кодексот за работа на Новинарскиот совет на Велика Британија утврдува широк спектар на стандарди за новинари и уредници, вклучувајќи ги тука и точното известување, некои видови на запазување на приватноста и одредена заштита на децата и загрозените лица, но не и правичност или непристрасност. Но, овој кодекс не е законска обврска. Новинарскиот совет го воведе во обид да ја предвиди законската рамка преку воведување на одреден степен на саморегулација. Кодексот на работење е поддржан и со жалбени процедури, но не и со рутински дисциплинирања на однесувањето на новинарите и на уредниците. Неговиот начин на примена е селективен и ретроспективен: Комисија за медиумски жалби која се состои од уредници на медиуми и од други членови, ги истражува и ги решава жалбите за кршење на овој кодекс.

Кодексите кои се изготвени од организации на новинари и синдикати, како и оние на новинарски совети и организации (како што е Би-Би-Си) кои обезбедуваат инструкции и насочување, може да се доведат во врска со оние што се прескриптивни и кои дејствуваат како регулативи, како што се, на пример, кодексите на новинарските совети во скандинавските земји.

Постои тензија меѓу оние кои ги гледаат сите кодекси како вид на кршење на слободата на печатот и оние што ги гледаат кодексите како помошен инструмент на одговорното новинарство. Ова последново обично е генералното размислување во Европа, додека она пред него најчесто се користи од новинарите во САД кои потекнуваат од традиција која е заштитена со Првиот амандман на Уставот на САД, цитиран погоре во текстот.

**Што треба да содржи кодексот?**

Премногу сеопфатен или премногу прескриптивен кодекс може да ја кочи слободата на изразувањето, како и новинарското истражување. Од друга страна, пак, премногу „штур“ или „тенок“ кодекс може да дозволи премногу простор за толкување со што тој би бил практично неприменлив.

За да биде ефективен, кодексот треба да ги утврдува основните принципи во однос на кои новинарите се подготвени нивното однесување и работа да бидат оценувани. На пример, иако новинарите имаат право на свое мислење, класична злоупотреба на нивната позиција е промовирањето на нивните лични ставови

преку игнорирање на информациите со кои тие не се согласуваат. Коментарите и анализите во вестите се легитимно и посакувано средство преку кои се поттикнуваат и овозможуваат различни мислења, но секогаш треба да се прави разлика помеѓу вестите и информациите, и помеѓу коментарите или анализите.

Секој вид на регулирање содржи и систем на одговорност и отчетност. Централното нешто тука е дека „правилата“ имаат влијание врз практиката – било преку тоа што гарантираат придржување кон нив или преку обезбедување дека секое нивно прекршување се решава брзо.

Саморегулирањето на медиумите е посебен вид на отчетност бидејќи има цел да ја убеди јавноста дека на новинарите може да им се верува во случај кога нештата не одат како што треба (без да мора да се применува законот) и со цел да се заштити правото кое го има јавноста на слободни и независни медиуми.

Почетната точка мора да бидат самите оние што го применуваат кодексот. Повеќето ќе се согласат дека кодексите треба да ги содржат следниве нешта:

- Истакнување на принципот на: слободата на медиумите, правото на јавноста да има пристап до информации и правото новинарите да го изразуваат своето лично убедување
- Точност и коригирање на сите неточни нешта
- Правење разлика меѓу факти и коментари
- Почит на личната приватност, особено при болест или сл.
- Заштита на децата кои се жртви на криминал, како и на другите ранливи групи
- Заштита на изворите
- Избегнување на предрасудите и на дискриминацијата
- Избегнување на конфликти на интереси

Секако дека секогаш ќе има исклучоци од правилото. Иако точноста треба да остане „света работа“ за сите новинари, корисно е да се имаат упатства за постапување во конкретни ситуации во кои „општото добро“ (а тоа е правото на јавноста да знае - што понекогаш се нарекува и „преовладување на јавниот интерес“) би оправдувало непридржување до кодексот.

Во Велика Британија, на пример, слободата на изразување се смета како дел од „јавниот интерес“. И новинарската дејност (Комисијата за медиумски жалби) и NUJ инсистираат дека мора да постојат „исклучителни околности“ кои ќе го оправдаат прекршувањето на кодексот кога се работи за деца, но признаваат, исто така, дека непридржувањето кон нивните (слични но сепак различни) кодекси може да биде оправдано доколку мотивот е:

- Откривање или изложување на криминал или сериозни прекршоци
- Заштита на јавното здравје и безбедност
- Заштита на јавноста од тоа да биде погрешно наведена со изјави или дејствија на поединци или организации

За да биде ефективен, потребно е да постојат некои начини преку кои ќе се врши надзор врз кодексот (дали тоа ќе бидат новинарски организации или невладино тело на кое му веруваат и јавноста и медиумите) и преку кое ќе може да се

обезбеди еден вид на „повторно разгледување“ во случај на непридржување до кодексот.

Жан Клод Бетран (види подолу) сугерира дека контролата на квалитетот може да ја прават три групи на фактори и тоа: сопственици, стручни лица и корисници, било посебно или заедно преку разни комбинации, со користење на она што тој го нарекува „системи за одговорност/ отчетност“ на медиумите (MAS).

**Системи за одговорност/ отчетност на медиумите**
Системот за отчетност на медиумите (MAS) се однесува на каков и да е вид на средства кои се користат за да се обезбеди дека медиумите се одговорни кон општеството, начин кој ги „тера“ медиумите и новинарите да ги почитуваат етичките правила кои ги утврдува професијата. Сите MAS имаат за цел да ги подобрат медиумите, но сите тие се неверојатно разнолики:

- Поединци (на пример, омбудсман или претставници од консументите);
- Групи лица (на пример, комисии за евалуација);
- Редовни состаноци (на пример, локални медиумски совети);
- Конкретно работење (на пример, етичка контрола); и
- Долготраен процес (на пример, универзитетско образование или длабинско истражување).

Системите за отчетност на медиумите имаат неколку цели:

- *Критика*, кој е наједноставниот и најчестиот метод за подобрување на медиумите;
- *Мониторинг*, кој е особено потребен, бидејќи медиумските производи се толку многубројни и краткорочни;
- *Пристап* до медиумите, како во смисла на тоа дека секој треба да може да користи широк спектар на медиуми така и во смисла дека секоја група од населението мора да биде во можност да пренесува информации; и
- *Обука*, долгорочно решение за повеќето медиумски проблеми: тука се мисли и на едукација на стручните лица, како и на развивање на сензитивноста кај граѓаните.

Некои системи за отчетност на медиумите се раѓаат во самите медиуми (како кутија за корекција); други, пак, се развиваат надвор од нив (како новинарски преглед), а некои подразбираат соработка на медиумите и јавноста (како медиумски совет).

Да се признаат сопствените грешки секогаш е тешка работа, особено во дејност во којашто се подразбираат информирањето на јавноста со веродостојни информации за настани и прашања кои ги засегаат нивните животи. Сепак, јавното признавање на грешката, нејзиното коригирање и обезбедувањето дека такви грешки во иднина нема да се случуваат е еден од најефективните начини за зајакнување на довербата меѓу јавноста и медиумите.

**Меѓународни кодекси**
Со оглед на тоа што ратификацијата на Универзалната декларација за правата на детето е направена од, речиси, сите држави во светот, тоа покажува дека човековите права и детските права се сметаат за универзални и неотуѓиви. Сепак,

дали постојат универзални стандарди кон кои треба да се придржуваат новинарите? До ден-денес не е воведен универзален кодекс на однесување за новинарите. Наместо тоа, постојат многу регионални и национални кодекси а меѓународните корпорации има создадено свои сопствени инструкции (инаку, Европскиот суд за човекови права има донесено пресуди кои се во полза на слободата на медиумите).

Писмените кодекси и практичните стандарди се разликуваат од држава до држава и од организација до организација, но постои значително совпаѓање кај водечките публикации и општества.

Етичкиот кодекс ги зголемува етичката сензитивност и расудувањето, ја зајакнува поддршката за моралната храброст на поединците и помага во формирањето на чувството на идентитет на организацијата.

Меѓународната федерација на новинари (IFJ) верува дека слободата на договор и слободата на информации се основата за новинарската работа. Таа повикува на независност на медиумите и на нивна саморегулација, а исто така ги поттикнува и дебатите за етиката во новинарството. Таа ги промовира професионалните стандарди како што е Декларацијата за принципите на однесување на новинарите и има изготвено конкретни инструкции за тоа како се известува за прашањата кои ги инволвираат децата. Новинарската активност која се однесува на животот и добросостојбата на децата треба секогаш да се врши со имање предвид на ранливата состојба во која може да се најдат децата. Кодексот на Меѓународната федерација на новинари е многу важен бидејќи тој е основа за многу национални кодекси.

**Кодекси на однесување во однос на децата**
Меѓународната федерација на новинари вели дека сите новинари имаат задача не само да се придржуваат до највисоките етички и професионални стандарди, туку, исто така, во рамките на дејноста, да овозможат максимална можна дисеминација на информации во врска со Конвенцијата за правата на детето и нејзините импликации врз извршувањето на независното новинарство.

Медиумските куќи, според Меѓународната федерација на новинари, треба да го гледаат прекршувањето на правата на децата и нештата поврзани со безбедноста на децата, нивната приватност, безбедност, едукација, здравство и социјална добросостојба и сите форми на експлоатација како важни прашања за истражување и јавна дебата.

Уште повеќе, медиумите не треба да известуваат за состојбите со децата само како настани, туку треба постојано да известуваат за процесите кои е веројатно дека водат или дека ќе водат кон случувањето на овие настани.

**Инструкции на Меѓународната федерација на новинари за известување во врска со децата**

Новинарите и медиумските куќи ќе се обидуваат да одржуваат највисоки стандарди на етичко однесување во известувањето за прашањата поврзани со децата и тие, конкретно:

1. Ќе се стремат кон стандарди за пример во смисла на точност и чувствителност кога се известува за прашања кои се однесуваат на децата.
2. Ќе избегнуваат програмирање и објавување на слики кои претставуваат „напад“ врз медиумскиот простор за децата, со информации кои се штетни за нив.
3. Ќе избегнуваат употреба на стереотипи и сензационални презентации за промовирање на новинарски материјали кои вклучуваат и деца.
4. Внимателно ќе ги земаат предвид можните последици од објавувањето на какви било материјали кои се однесуваат на децата и ќе ја минимизираат штетата врз децата.
5. Ќе водат сметка да не ги идентификуваат децата на каков и да е начин, освен ако очигледно се работи за јавен интерес.
6. Да им се даде на децата, секогаш кога е можно, право за пристап до медиумите преку кои тие ќе можат да ги искажат своите сопствени ставови, без наметнувања од каков било вид.
7. Да се обезбеди независна проверка на информациите добиени од децата и да се води посебна сметка дека таквата проверка се прави без да се изложува на опасност детето од кое се произлезени информациите.
8. Да се избегне употреба на сексуални слики и претстави на децата.
9. Да се користат отворени, правични и директни методи за обезбедување фотографии од децата и, кога е тоа можно, тие да бидат обезбедени со знаење и во согласност на децата или на одговорно возрасно лице, старател или негувател.
10. Да се провери кредибилитетот на секоја организација која има намера да ги застапува интересите на децата.
11. Да не им се даваат пари на деца за теми кои се однесуваат на нивната добросостојба ниту, пак, на родители или старатели освен ако тоа не е во интерес на детето.

Медиумските куќи самите креираат инструкции кои ја регулираат нивната работа со децата. Уредничките инструкции на Би-Би-Си (порано познати како инструкции за продукција) ги содржат стандардите кои Би-Би-Си ги очекува во сите свои содржини на телевизијата, радиото и на интернетот. Тие се изготвени така што секој кој прави содржини за Би-Би-Си да им помогне во донесувањето на тешките уреднички одлуки. Тие содржат конкретни делови само за деца.

Инструкциите на Би-Би-Си велат дека соработката има цел да ја заштити добросостојбата на децата и младите кои придонесуваат кон нивните содржини и кои учествуваат во нив, вклучувајќи го тука и правото да се биде слушнат, без разлика каде во светот функционира Би-Би-Си.

Уредничките инструкции за Би-Би-Си се важни не само поради репутацијата на Би-Би-Си дека е обезбедувач на висококвалитетни вести и актуелни прашања, туку, исто така, и затоа што во BBC се вклучени во обуки на новинари низ целиот свет. Нивните инструкции се преведени на повеќе јазици и тие се еден вид на неофицијален етички стандард за новинарите.

За потребите на Уредничките инструкции на Би-Би-Си, за дете се смета секое лице под 15-годишна возраст додека лицата на возраст од 15, 16 и 17 години се сметаат за млади луѓе. Сепак, ваквите дефиниции не постојат во законите и се разликуваат од Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето кои велат дека дете е

секое лице под 18 години. Оваа разлика во годините може да укажува на евентуални тензии меѓу оние кои се застапуваат за детските права и некои новинари, и е прашање вредно за дискусија во контекст на медиумската опфатеност.

Еве што велат инструкциите на Би-Би-Си:

*„Децата и младите се многу важни за Би-Би-Си. Наша цел е да им обезбедиме содржини кои ќе ги заинтересираат, кои се едукативни, интересни и забавни за подобро да го научат светот околу нив . Тие, исто така, стапуваат во интеракција со нас на многу различни начини – како лица кои даваат придонес, како глумци, презентери и преку нашите интернет и интерактивни услуги.*

*Не е секогаш лесно да се направи рамнотежа помеѓу спротивставените интереси на детето кое учествува во нашата програма и ставовите и амбициите на нивните родители или на нашата јавност. Но, ние секогаш мора да ја заштитуваме добросостојбата на децата и младите од кои обезбедуваме материјал за нашите содржини, било каде во светот, што го вклучува и нивното право да се искажат и да учествуваат“.*

Некои организации, чија работа се фокусира на децата, имаат изготвено инструкции за медиумите за тоа како да работат со деца. UNICEF, на пример, има инструкции за кои верува дека им помагаат на медиумите во известувањето на децата на начин кој е соодветен и кој ја зема во предвид нивната возраст. Намената на овие инструкции е да дадат добри примери за етичките новинар-известувачи – да му служат на јавниот интерес без, притоа, да се компромитираат правата на децата. Нивните принципи се:

1. Мора да се почитуваат дигнитетот и правата на секое дете;
2. Кога се врши интервју со деца и кога се известува за нив, мора да се обрне посебно внимание на правото на приватност на секое дете и на доверливоста, на правото да се слушне нивното мислење, да учествуваат во одлуки кои ги засегаат нив и да бидат заштитени од лошо и од одмазда;
3. Најдобриот интерес на секое дете ќе биде заштитен и тој секогаш ќе биде на прво место, вклучително и над залагањата за правата на децата и нивно промовирање;
4. Кога се прави обид да се утврди најдобриот интерес за детето, мора да му се даде соодветна тежина на правото на детето, односно да бидат земени предвид неговите ставови, во согласност со нивната возраст и зрелост;
5. Оние кои се директно вклучени во ситуацијата со која се соочува детето треба да бидат консултирани за политичките, социјалните и за културните „разгранувања“ на репортажата;
6. Да не се објавуваат прилози или слики кои може да ги изложат на ризик детето, родниниte или врсниците преку откривање, замена или неоткривање на идентитетот.

Информативната мрежа за правата на детето (CRIN) има изготвено инструкции кои треба да ги следат новинарите кога известуваат за децата.

**Етички инструкции за известување на децата, изготвени од Информативната мрежа за правата на детето**

- Да не се објавуваат прилози или слики кои може да ги изложат на ризик детето, родниските или врсниците преку откривање, замена или неоткривање на идентитетот;
- Да не му се наштетува на детето – да се избегнуваат прашања, ставови или коментари кои во себе носат одреден суд, кои не ја земаат во предвид чувствителноста кон културните вредности, кои го ставаат детето во опасност или го изложуваат на понижување, или кои повторно ја активираат болката на детето и жалната состојба од некој трауматичен настан;
- Кога се прави избор за тоа кои деца ќе бидат интервјуирани, да не се врши дискриминација врз основа на полот, расната припадност, возраста, верската припадност, состојбата, образованието или физичките способности;
- Да не се користат стереотипи или сензационални претставувања за да се промовира новинарскиот материјал кој инволвира деца;
- Да нема „наместени“ работи: не прашувајте ги децата да ви кажат нешто, или да направат нешто, што не е дел од нивната приказна;
- Бидете сигурни дека детето или старателот знаат дека зборуваат со новинар. Објаснете им ја целта на интервјуто и со каква цел ќе се користи;
- Побарајте дозвола од детето или од неговиот старател за сите интервјуа, снимања и, кога е можно, за фотографирања. Секогаш кога тоа е можно и соодветно ваквата дозвола (одобрување) треба да биде дадена написмено. Дозволите мора да се побараат во околности во кои детето и старателот не се присилувани на било каков начин и во кои тие дека разбираат дека се дел од прилог и приказна која би се емитувала на локално и глобално ниво. Ова обично се овозможува само доколку дозволата се обезбеди на јазикот на детето и доколку одлуките се носат во консултација со возрасно лице на кое му верува детето.
- Ограничете го бројот на лица кои фотографираат и го вршат интервјуто. Водете сметка децата да се чувствуваат опуштено  и дека се во можност да ја кажат нивната приказна без притисок;
- Секогаш прикажувајте го вистинскиот и точниот контекст на приказната на детето;
- Секогаш изменете ги имињата и замаглете го лицето на детето:
    - Кое е жртва на сексуална злоупотреба или експлоатација;
    - Кое е сторител на физичко или сексуално злоупотребување;
    - Кое има СИДА, освен ако детето, родителот или старателот дал целосна согласност;
    - Кое е обвинето или е набедено за криминал
- Потврдете ја точноста на она што го кажува детето, било со друго дете или со возрасен (пожелно е и со двете);
- Кога се двоумите дали детето е изложено на ризик, направете новинарска приказна за општата состојба на во која се наоѓа детето, наместо конкретно за тоа дете, без разлика што прилогот нема да биде атрактивен како приказна.

**Проценка**

Во почетокот од лекцијата се дадени некои **клучни поенти** кои треба да се научат. Можете ли да дадете одговор на некои од нив? Кодексите за однесување, слично како и законите, се обиди да се направи кодификација на моралните норми.

Понекогаш имаме судир на моралните норми и етичките императиви. Истото се случува и со правата. Можете ли да дадете некој пример каде правото на слободно изразување или правото на слобода на медиумите се во судир со правата на детето? Кое право треба да има предност?

**Предлог за дополнителна литература**
Кодекси на однесување, Mike Jempson, The PressWise Trust:
http://www.mediawise.org.uk/display_page.php?id=792

UNICEF: Принципи за етичко известување за деца:
http://www.presswise.org.uk/display_page.php?id=594

Здружение на професионални новинари: Етички кодекс:
http://www.spj.org/ethicscode.asp

Кој контролира? Почетен материјал за тркалезната маса во врска со глобалните медиумски закани за слободата на изразување, IFJ, 2005.

Правата на децата и медиумите: Инструкции на Меѓународната федерација на новинарите и принципи за известување по прашања кои вклучуваат деца:
http://www.ifj.org/default.asp?index=192&Language=EN

Меѓународна федерација на новинари: http://www.ifj.org/

Етика за новинари, Richard Keeble. Лондон: Routledge, 2001.

Системи за етика и отчетност во медиумите, , Claude-Jean Bertrand, Transaction Publishers, 2000.

Глобално новинарство: Актуелни прашања и медиумски системи. Arnold de Beer and John C Merrill, Allyn & Bacon, 2003.

Здружение на новинари на РМ:
www.znm.org.mk

Статут на Здружението на новинари на РМ:
http://www.znm.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=49&Itemid=61&lang=mk\

Кодекс на новинари:
http://www.znm.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=47&Itemid=62&lang=mk

Декларација за антикоруптивно однесување на новинарите:
http://www.znm.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=72&Itemid=63&lang=mk

Совет за радифузија:
www.srd.org.mk

Закон за радиодифузна дејност:
http://www.srd.org.mk/?ItemID=50168F408EEEB04B92E06A14CED9A865

Кодекс за однесување на членовите на Советот за радиодифузна дејност и на вработените во стручната служба во Советот за радиодифузија:
http://www.srd.org.mk/WBStorage/Files/NOV%20Kodeks.doc

Препорака П (2003) 13 на Комитетот за министри на Советот на Европа за обезбедувањето информации преку медиумите во врска со кривичните постапки:
http://www.srd.org.mk/WBStorage/Files/Preporaka%20Krivicni%20postapki.doc

Препорака (2000) 7 за правото на новинарите да не ги откриваат своите извори на информации:
http://www.srd.org.mk/?ItemID=CB78B0D20FA1B6458EC19A5B8559BAD9

Препорака П (97) 21 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите членки за медиумите и за промоцијата на културата на толеранција (усвоена од Комитетот на министри, на 30 октомври 1997, на 607-от состанок на заменици-министри):
http://www.srd.org.mk/?ItemID=D80A6433B24D39418BF7384F745F4D67

Препорака П (97) 20 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите членки за говорот на омраза:
http://www.srd.org.mk/?ItemID=9B13E5873A308D419A15A085456305EA

Директива за аудиовизуелни сервиси
Директивата 89/552/ЕЕЗ на Европскиот парламент и на Советот на Европа од 3 октомври 1989 година, изменета со Директивата 97/36/ЕК од 30 јуни 1997 и Директивата 2007/65/ЕК од 11 декември 2007:
http://www.srd.org.mk/WBStorage/Files/Direktiva%20prevod.doc

Трибина на Советот за радиодифузија: ,,Заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот развој,,:
http://www.srd.org.mk/?ItemID=DA1328023F0489439ECFBE54FE1F106F

Трибина на Советот за радиодифузија за заштита на децата и младите од насилство и пронографија на телевизија:
http://www.srd.org.mk/?ItemID=906E4EC85A292E498972A80E3A3454E9

Совет
**ПРИЛОЗИ *****

**Уреднички принципи на Би-Би-Си за децата**

*Ние мора да обезбедиме дека се заштитени физичката и емотивната добросостојба, како и дигнитетот на лицата помлади од осумнаесет години, а особено децата под петнаесетгодишна возраст при креирањето и емитувањето програми и интернет-содржини, без разлика на тоа каква била согласноста која била дадена од нив самите или од родител, старател или од трето лице во* loco parentis.

*Мора да обезбедиме дека на децата и на младите не им предизвикуваме непотребен стрес или проблем преку нивното прикажување во програмите. Нивното инволвирање мора да има јасно оправдување од страна на медиумот и мора да им се даде поддршка секогаш кога тоа им е неопходно.*

*Мора да правиме рамнотежа меѓу нашата обврска да ги заштитиме децата и младите од несоодветни содржини со нивните права на слобода на изразување и правото на информирање.*

**Децата и согласноста**

*Обично ние треба да побараме согласност од родителите или од законските старатели, или од кое и да е друго лице над осумнаесет години* in loco parentis *пред да правиме интервју со децата или со младите, или пред да ги инволвираме во медиумите на каков и да е начин. Исто така, колку повеќе детето е помладо и позагрозено, и колку е почувствителна темата, толку е поверојатно дека согласноста е од суштинско значење. Конкретно, од децата не треба да се бара, без нивна претходна согласност, да искажуваат свои мислења за нешта за кои е веројатно дека немаат капацитет да ги одговорат на соодветен начин.*

*Оние што ги креираат содржините во кои се прикажани децата и младите, во нивните содржини мораат:*

- *да обезбедат дека детето и, тогаш кога е неопходно, старателот/ родителот, или друго лице над осумнаесет години* in loco parentis *ја разбираат суштината на програмата и дека се во можност да дадат согласност*;
- *да обезбедат согласност од детето или од младиот човек, и да го почитуваат нивното одбивање за учество. При одлучувањето за тоа дали детето може да даде согласност треба да се земаат предвид фазата на развој на детето, степенот на разбирањето, како и возраста*;
- *обично, во обезбедувањето на согласност од родителите, старателите или од другите лица* in loco parentis *за учество на детето може да се направи исклучок кога се снимаат vox pops со деца за теми коишто не предизвикуваат контроверзи, како што се џепарлакот, популарните пејачи и сл.*
- *секое одбивање за давање согласност од родител, проследете го до уредникот; за слободни новинари, до соодветниот уредник кој, исто*

*така, треба да ја консултира уредувачката политика. Секоја одлука да се продолжи со работа без согласност од родителот обично е оправдана од球 уреднички аспект само врз основа на јасен јавен интерес, од слободата на детето или од правилото младото лице слободно да може да се искаже – ова подразбира нивно право да се слушне нивниот глас*;

- *да се води сметка дека се објаснети сите разумно предвидливи последици од учеството на детето (на пример, можноста од насилство)*;
- *да не им се даваат никакви финансиски стимуланси на детето или на родителот/ старателот за да се обезбеди согласност. Давањето пари е прифатливо само ако се тие оправдани и легитимни*;
- *да се обезбеди дозвола од класниот раководител за снимање или за интервјуирање во просториите на училиштето или за време на часот. Според законот, локалната образовна власт е онаа која дава дозвола за сите активности на децата во рамките на училиштето.*

*Кога преку интернет бараме лични информации од децата, треба да утврдиме колкав степен на согласност е потребен од страна на родителите.*

*Секој предлог за откривање на личните информации на децата на трети страни без дозвола (доколку, на пример, се сомневаме во злоупотреба на детето), мора да се достави до уредникот или, за слободните новинари, до соодветниот уредник, кој може да ја консултира контролната уредничка политика и да побара правен совет.*

*Кога ги покануваме децата да комуницираат со нас по телефон, мора во живо во програмата да им кажеме дека е потребно да добијат согласност од родителот или од оној што ги плаќа сметките, пред да се јават во програмата во живо. Доколку, во исклучителни околности, повиците траат повеќе од една минута, пораката мора да започне така што ќе им кажува на децата дека треба да обезбедат согласност. Мора да се користи автоматско прекинување на повиците за сите детски услуги и трошоците за овие детски услуги, обично, не треба да бидат поголеми од основните трошоци.*

**Придонес од децата и младите**

*Ние мора внимателно да ги разгледаме ефектот и евентуалните последици од сите материјали кои се однесуваат на детето, како во процесот на продукцијата, така и по емитувањето на прилогот. Ова ќе важи без разлика дали имаме обезбедено согласност од родител или не.*

*Децата обично се нестрпливи да придонесат кон нашата работа, но повеќето од нив немаат такво расудување кое е неопходно за да се направи проценка на долгорочното влијание кое тоа нешто може да го има врз нивните животи. Треба да размислиме за консултирање со експерти кога се работи за антисоцијални, штетни или незаконски активности кај децата (какви што се: незаконската употреба на droги, злоупотребата, пречките во јадењето, малтретирањто) за тоа кој е најдобриот начин да се направи интервјуто и да се сведе на минимум евентуалниот стрес.*

*Исто така, се препорачува да бидат присутни и трети лица (роднини, семеен пријател или наставник) кога со детето се разговара за чувствителни теми.*

*Ова дава сигурност дека е присутен некој што ги познава децата и кој може да помогне во зачувувањето на нивните интереси.*

*Ние мора да обезбедиме дека на децата и на младите им се дава можност да се искажат, но, исто така, и да бидеме свесни за случаите во кои децата ги претеруваат работите, кога се обидуваат некоја гласина да ја пласираат како факт. Криминалното или антисоцијалното однесување не треба да биде оставено туку-така.*

**Анонимност**

*Се соочуваме со тешки етички прашања кога размислуваме дали да ги идентификуваме или не децата во антисоцијално или криминално однесување и дали тоа би било добро на подолг рок. Обично при прикажувањето не би требало да го откриваме идентитетот на децата кои се карактеризираат со ваков вид однесување, освен ако за тоа не постои јасно оправдување од страна на уредникот. Ако не сте сигурни како да постапите,*
*секогаш треба да побарате совет од уредникот или, за слободни новинари, од одговорниот уредник.*
*За сите прашања во врска со тоа дали е добро да се идентификува некое дете кои има антисоцијално однесување треба да се консултираме со правниците за совет.*
*Одлуката за вклучување, прикажување или идентификување на децата, чиишто родители се вклучени во антисоцијални или криминални активности, треба да се направи само доколку добросостојбата на детето нема да биде загрозена и доколку тоа е јасно оправдано од уредникот. Ова е особено важно доколку детето е изложено на ризик поради тоа што, на пример, детето живее со родител-алкохоличар или е присилено да работи како разнесувач на дрога.*

**Интернет-заштита на децата**

*Наша цел е да обезбедиме дека децата и младите кои ги користат актуелните технологии се свесни за можниот ризик со кој би биле соочени и дека знаат како би можеле да го минимизираат тој ризик. Интернет-заштитата на децата е заедничка одговорност на Би-Би-Си, на родителот/ старателот и на детето.*

*Приватните интернет-страници каде што се среќаваат лица кои не се познаваат и кои разменуваат лични информации, не се соодветни за децата се’ додека не биде достапен сигурен метод за дигитална идентификација. Ова е така од причина што не може да се врши мониторинг за заштита на децата во вакви случаи.*

*Секој предлог за поинакво постапување мора да биде проследен до директорот.*

*Треба да бидеме внимателни околу тоа колку лични информации прибираме, откриваме и задржуваме во врска со децата на интернет-страниците на Би-Би-Си. Објавувањето на премногу информации може да го изложи детето на ризик.*

**Децата, интернет-содржините и линковите**

*Мора да обезбедиме дека интернет-страниците кои е веројатно дека ќе им се допаднат на огромен број деца и млади имаат соодветна содржина. Поконкретно:*

- *сите материјали на интернет-страницата на Би-Би-Си мора да бидат соодветни и прифатливи за пошироката јавност, вклучувајќи ги тука и децата, и дека со првото кликнување од главната страница на Би-Би-Си не треба директно да се влегува на интернет-страницата која содржи материјали кои не се соодветни за јавноста*;
- *не треба да имаме линкови до страници на телевизиски и радиопрограми, чии содржини не се соодветни за децата*;
- *секое емитување на програма во живо на интернет, а кое е достапно на главната страница, мора да биде приспособено кон сите возрасти*;
- *треба да ја проверуваме содржината на интернет-страниците на трети лица за да видиме каде водат таквите страници*;
- *не треба да имаме линкови кон „chat rooms“ (интернет-места за муабет) за деца кои не се предмет на модерирање*;
- *ние, исто така, ги модерираме сите страници наменети за децата, како и оние што ги создаваат самите корисници. Ова, исто така, се однесува и на оние што ги повикуваат корисниците да испраќаат фотографии по е-пошта за да бидат објавени*.

**Статусот на новинарите и новинарската етика. Принципите на Меѓународната федерација на новинарите (IFJ)**

***1. ОПШТИ ПРИНЦПИ***

1.1. Меѓународната федерација на новинарите, која застапува повеќе од 450 000 новинари во повеќе од 100 држави, верува дека професионалните новинари, организирани во слободни и независни синдикати, имаат клучна улога во креирањето и одржувањето на демократската медиумска култура.

1.2. Меѓународната федерација на новинарите верува дека демократијата зависи од проширувањето на слободата на изразувањето и социјалната правда во целиот свет. Меѓународната федерација на новинарите инсистира дека демократијата зависи од разбирањето на конкретната улога на медиумите во демократското општество.

1.3. Меѓународната федерација на новинарите верува дека медиумите мора да ги почитуваат професионалните и етичките принципи на слободата на печатот врз кои се потпираат слободата на изразување и мислењето.
Меѓународната федерација на новинарите ја дефинира слободата на медиумите како:
„слобода од ограничувања, слобода која е од суштинско значење да им овозможи на новинарите, уредниците и медиумите да го унапредуваат јавниот интерес преку емитувањето или пласирањето во јавноста на фактите и мислењата без кои демократскиот електорат не може да донесе разумни расудувања“.
Меѓународната федерација на новинарите верува дека оваа слобода може да дојде до израз само онаму каде што постојат:
а) слободни, независни и плуралистички медиуми кои се одраз на разноликоста на мислењата;
б) слободен протек на информации кој овозможува целосна демократска размена во сите заедници, било да се базирани врз местоположбата, етничкото потекло, заедничките вредности или истиот јазик;
в) збир од законски заштитни механизми што овозможуваат заштита на правата на граѓаните за слобода на информации, како и заштита на правото да се биде информиран;
г) почит за професионалниот статус и независната улога на новинарите.

1.4. Меѓународната федерација на новинари смета дека третманот на вестите и информациите како „добро кое се продава на пазарот“ не смее да надвладее ниту, пак, да се меша со обврската која ја има новинарот да ја информира јавноста, како и со тоа дека со медиумите мора да се управува според највисоките стандарди за транспарентност и отвореност.

1.5. Меѓународната федерација на новинарите верува во коегзистенцијата на јавните и на приватните медиуми со цел заштита на независноста, плурализмот и разноликоста во програмите со цел збогатување на сите делови во општеството.

1.6. Меѓународната федерација на новинарите ја потврдува одговорноста дека етичкото однесување и одржувањето на највисоките стандарди во новинарството се во рацете на медиумите.

1.7. Меѓународната федерација на новинарите е убедена дека законот не треба да се меша во прашањата кои претставуваат одговорност за новинарите ( тука најмногу се мисли на подготвувањето, изборот и емитувањето на информациите).

### *2. ПРИСТАП ДО ПРОФЕСИЈАТА*

2.1. Пристапот до професијата треба да биде слободен. Професионалното ниво на идните новинари треба да биде што е можно повисоко.

2.2 Новинарите мора да поминат низ соодветна обука под услови договорени со синдикатите на новинари и издавачи

2.3. Состаноците се ограничени само за квалификувани новинари т.е. лица кои имаат минимални професионални квалификации прифатени од синдикатите на новинарите и медиумите. Овие квалификувани новинари треба да бидат признати како такви во колективните договори. Работодавците се согласуваат дека медиумот има задача (а конкретно и работодавецот), да го прикажува општеството на кое му служи.

### *3. СОВЕСТ И СВЕСТ НА НОВИНАРИТЕ*

3.1. Новинарите мора да имаат право да дејствуваат според нивната свест при извршувањето на новинарските задачи. Во случај на фундаменталните промени во политичките, филозофските или во верските основи на работодавецот, новинарот може да го прекине договорот со тој работодавец, без известување, и да добие компензација еднаква на надоместокот кој би го добивал доколку договорот би бил откажан од работодавецот.

3.2. Ниеден новинар не смее да биде „насочуван“ од работодавецот ниту, пак, од кое било лице кое дејствува во име на работодавецот, во вршење на какви било дејства или нешта за кои новинарот верува дека ќе претставуваат прекршување на неговата професионална етика, било да е дефинирана во етичкиот кодекс донесен од новинарски асоцијации на национално ниво или во Меѓународниот кодекс за принципите за однесувањето на новинарите, донесен од Меѓународната федерација на новинарите. Ниеден новинар не смее да подлежи на дисциплински мерки од каков било вид поради извршување на своето право да дејствува според својата совест.

### *4. НЕЗАВИСНОСТ ВО УРЕДУВАЊЕТО*

4.1. За сите медиумите треба да важат заеднички минимални стандарди за независност во уредувањето.

4.2. Овие минимални стандарди мора да го содржат следново:

- Дека уредништвото го претставува моралниот и интелектуалниот капитал на медиумската куќа
- Правото да биде консултиран уредничкиот колегиум за одлуките кои го засегаат, како:
    - назначувањето или разрешувањето на главниот уредник;
    - утврдувањето на уредничката политика и содржината на медиумот;
    - кадровската политика;
    - промената на задачите на новинарите во уредничките одделенија.
- Правото на уредничкиот колегиум да биде слушнат по прашања кои се важни за уредничката политика.

- Правото на новинарот да одбие задача ако таквата задача значи прекршување на новинарската професионална етика што е утврдена во синдикалниот Кодекс на однесување.
- Правото на уредниците да спречат мешање на трети страни во уредувањето на содржините.
- Правото на новинарите во Европа да имаат еднаква плата и еднаков развој во кариерата.
- Во случај на несогласување, уредничкиот колегиум, главниот уредник и раководството организираат преговори за обид за решавање на таквото несогласување со помош на добрата волја. Претставниците на асоцијациите на новинари и нивните синдикати може да бидат вклучени во преговорите, во согласност со законската рамка.

***5. САМОРЕГУЛАЦИЈА И ЕТИКА НА НОВИНАРСТВОТО***

5.1. Меѓународната федерација на новинари верува дека Етичкиот кодекс или кодексот на однесување мора да биде изготвен од самите новинари.

5.2. Кодексот на однесување, донесен за првпат во 1954 година, е основата на кодексот за однесување донесен од сите национални организации на новинарите во Европа. Во оваа смисла, Кодексот на однесување на Меѓународната федерација на новинарите ја дава основата за единствено разбирање на етичките прашања преку негово доброволно донесување од страна на новинарите и на медиумите. Меѓународната федерација на новинарите, во овој дел, не гледа дека државата би имала активна улога.

**Декларација на Меѓународната федерација на новинарите за принципите на Кодексот за новинарите**

Оваа Меѓународна декларација се објавува за да претставува стандард за професионалното однесување на новинарите кои работат на прибирањето, емитувањето, дисеминирањето и коментирањето на вестите и на информациите.

1. Почитувањето на вистината и на правото на јавноста на таа вистина е задача број еден за новинарот.
2. Во спроведувањето на таквата задача, новинарот во секое време ќе се стреми кон заштита на принципите на слободата во искреното прибирање и објавување вести, како и кон давањето правични коментари и критики.
3. Новинарите ќе известуваат само за оние факти на кои им го знаат потеклото. Новинарите нема да ги кријат најважните информации ниту, пак, да фалсификуваат документи.
4. Новинарите ќе користат само правични методи за обезбедување вести, фотографии и документи.
5. Новинарите ќе направат најголем напор за коригирање на сите објавени информации за кои е утврдено дека се неточни и штетни.
6. Новинарите ќе водат сметка за професионалната тајност во однос на изворот на информациите.
7. Новинарите ќе бидат свесни за опасноста од дискриминација која може да биде засилена од медиумите и ќе дадат се' од себе за избегнување на таквата дискриминација врз основа, меѓу другото, на расата, на полот, јазикот, верата, на половата припадност, политичкото или друго мислење, како и врз основа на националното или социјалното потекло.

8. Новинарите за сериозно прекршување на професионалната работа ќе ги сметаат следниве работи:

- Плагијатот;
- Злонамерните и неточните толкувања и интерпретации;
- Клеветењето, обвинувањето и неоправданите обвиненија;
- Прифаќањето поткуп од каков и да е вид за објавување или за криење информации.

9. Новинарите со репутација ќе имаат задача доследно да се придржуваат кон горенаведените принципи. Во рамките на законите на секоја држава, новинарот на професионален начин ќе признае исклучување на секаков вид на мешање на владите или другите.

*Усвоена во 1954 година на Светскиот конгрес на Меѓународната федерација на новинарите, а изменета на Светскиот конгрес во 1986 година.*

*ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИ НА МАКЕДОНИЈА:*
*КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НОВИНАРИТЕ*

## **ПРИНЦИПИ НА ОДНЕСУВАЊЕ**:

Слободата на медиумите е неприкосновено право.

Основна задача на новинарите е да ја почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со член 16 од Уставот на Република Македонија.

Новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и право да коментираат. Почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите ќе бидат чесни, објективни и точни.

Право и должност на новинарите е да настојуваат да ја спречат цензурата и искривувањето на вестите.

Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот.

## ВРЗ ОСНОВА НА ОВИЕ ПРИНЦИПИ И ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ:

**1.** Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес.
Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да

прикрива суштински податоци и да фалсификува документи.
Доколку информацијата не може да се потврди или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**2.** Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација има право за тоа да ја информира јавноста.

**3.** Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

**4.** Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.

**5.** Новинарот ќе ги почитува законите во државата, но нема да објави или сокрие ништо што е во спротивност со јавниот интерес.

**6.** Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или прикривање информации за стекнување лична корист.
Митото, корупцијата и изнудувањето се неспојливи со новинарската професија.
Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето.
Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрацијата.

**7.** Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес.
Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.

**8.** Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.
Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.

**9.** Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето.
Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат.

**10.** Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на

омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).

**11.** Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.

**12.** Плагијаторството е неприфатливо.
Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

**13.** Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

**14.**Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано.
Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

**15.** Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката.
Неспојливо со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.

**16.** Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

**17.** Новинарот има право да одбие работна задача до колку е во спротивност со принципите на овој Кодекс.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:

Новинарите кои работат во согласност со овој Кодекс ја уживаат поддршката на својата медиумска куќа и на својата професионална организација.

Во согласност со законите на Република Македонија, новинарите ќе го прифатат судот во однос на професијата само од своите колеги и ќе бидат надвор од политичко и друго влијание.

За почитувањето на принципите од Кодексот се грижи Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија.

Скопје 14.11 2001 Новинарите на Македонија

## НОВИНАРИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Прилог кон Кодексот на новинарите на Македонија

*Тргнувајќи од Кодексот на новинарите на Македонија и водејќи се од основните принципи за објективно, непристрасно и вистинито известување, како и од Уставот на Македонија и начелото дека новинарите треба да бидат коректив на власта, право и обврска на новинарот е да се бори против злоупотреба и корупција во својата работа и пошироко во општеството.*

- Секој подарок или услуга што може да влијаат врз објективното информирање се смета за корупција.

- Секое искористување на новинарската професијата, функцијата, јавното овластување и службената должност и положба, за создавање на каква било корист за себе или друг субјект, се смета за корупција во новинарството.

- Како можни извори на корупцијата се сметаат: носители на јавни функции, избрани и именувани функционери, стопанственици, политички партии, образовни, здравствени, верски, спортски и културни организации, владини и невладини организации, медиумски куќи и поединци.

- За директна корупција се смета давање, примање и изнудување на незаконска материјална или друга добивка за остварување на корист за новинарот или медиумот.

- За индиректна (скриена) корупција се сметаат: Организирање на патувања, семинари, советувања; протежирање на одредени новинари и редакции како придружба на официјални делегации, како и давање на услуги и средства под повластени услови со цел придобивање на новинарите за премолчување на релевантни факти за јавноста, како и за позитивни и афирмативни текстови.

- Изнудување материјална и нематеријална добивка од страна на новинарот со уцена да објави или не одредена информација која може да му наштети на одреден субјект, исто така, се смета за корупција. За елиминирање на корупцијата во својата професија, новинарите на Македонија се залагаат за следниве принципи:

- Новинарскиот еснаф се спротиставува на обидите за поткуп и корупција на своите колеги и јавно ќе ги посочи таквите случаи, доколку ги има.

- Се бори за искоренување на корупцијата во сопствените редови.

- Ја смета за неспојлива работата на новинарот со каков било политички ангажман.

- Се залага за спречување на дискриминацијата на државните органи кон медиумите.

- Се залага за транспарентност на сопственоста и финансиското работење на

медиумите.

- Инсистира на доследна примена на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

- Соработува со релевантни организации и институции, медиуми, невладиниот и приватниот сектор, домашни и странски независни експерти и меѓународната заедница.

*Имајќи го предвид социјалниот статус на новинарите во Македонија и аналогно на тоа лесната можност за подложност на мито и корупција, секој новинар треба да се запраша што се бара од него за возврат кога ќе му се понуди подарок, патување или друг вид погодност и услуга. Еснафот ќе се огради од новинарот кај кого ќе биде докажано коруптивно однесување и јавно ќе го осуди. Секој новинар и медиум што се придржуваат кон овие одредби ја уживаат поддршката на професионалната организација.*

СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА
КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

Врз основа на член 37, став 1, точка 5 од Законот за радиодифузната дејност (“Службен весник на РМ” бр. 100/ 2005) и член 19 од Деловникот за работа на Советот за радиодифузија, на седницата одржана на ден 23 јуни 2006 година во Скопје, Советот го усвои следниот

# К О Д Е К С

на однесување на членовите на Советот и на вработените во стручната служба на Советот за радиодифузија на Република Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Кодексот на однесување на членовите на Советот и на вработените во стручната служба (во натамошниот текст “Кодекс”) претставува збир на етички правила на однесување на членовите на Советот и на вработените во стручната служба (во натамошниот текст “вработени”) при остварувањето на нивните функции и задачи утврдени со одредбите на Законот за радиодифузната дејност.

Член 2

Целите на овој Кодекс се:

- да се дефинираат и договорат основните етички правила на однесување на членовите на Советот и на вработените;

- да се зголеми ефикасноста, транспарентноста и одговорноста на Советот за радиодифузија во спроведувањето на неговите функции и надлежности утврдени со Законот за радиодифузната дејност;

- да се поттикне и зајакне личната определба на членовите на Советот и на вработените да бидат независни и непристрасни при донесувањето на одлуките и при остварувањето на своите задачи;

- да се одржи и зголеми довербата во Советот за радиодифузија ;

- да се спречи појавата и прифаќањето неетички постапки во однесувањето на членовите на Советот и на вработените;

## II. ДЕФИНИЦИИ

### Член 3

Одделни изрази и термини употребени во Кодексот го имаат следново значење:

- *Совет за радиодифузија* - е независно регулаторно непрофитно тело со јавни овластувања во радиодифузната дејност утврдени со Законот за радиодифузната дејност;
- *Вработени* - се сите лица кои во Советот за радиодифузија се ангажирани со договор за вработување на определено и неопределено време, договор за волонтирање или консултантски договор;
- *Конфликт на интереси* - ги подразбира сите ситуации во кои постои спротивставеност (реална или потенцијална) меѓу интересите на член на Советот или вработен во стручната служба и интересите на Советот за радиодифузија;
- *Индиректен интерес* - ги подразбира интересите на членови на потесното и поширокото семејство на член на Советот или вработен во стручната служба.

## III. ОПШТИ ПРИНЦИПИ

### Член 4

Членовите на Советот и вработените, при вршењето на своите функции односно работни обврски, се обврзуваат дека:

- ќе се залагаат за доследно спроведување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност и другите законски прописи со кои се регулира радиодифузната дејност;
- ќе се грижат за заштитата на јавниот интерес и за задоволување на интересите на граѓаните во радиодифузната дејност;
- ќе се раководат од принципите на непристрасност и независност од кои било политички или економски интереси;

- ќе бидат лојални и целосно посветени на остварување на законските функции и надлежности на Советот за радиодифузија и ќе се грижат за зачувување на неговиот интегритет и углед;
- ќе се залагаат за највисоки професионални стандарди во работењето и за чесно, совесно и ефикасно извршување на задачите и обврските;
- ќе обезбедат еднаков третман и чесно, коректно и правично постапување кон сите правни или физички лица чии барања се предмет на разгледување;
- нема да се ангажираат во какви било активности што се утврдени како конфликт на интерес во согласност со Законот за радиодифузната дејност, другите законски прописи и овој Кодекс.

## IV. НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАСНОСТ

### Член 5

При одлучувањето за сите прашања што произлегуваат од законските надлежности на Советот за радиодифузија, членовите на Советот ќе се раководат од објективна, правична и непристрасна проценка на фактичката состојба.

Членовите на Советот се обврзуваат дека нема да примаат никакви инструкции или задачи од кое било правно или физичко лице и нема да даваат никакви изјави и да преземаат дејствија што можат да ја доведат во прашање независноста на нивната функција и непристрасноста во текот на одлучувањето.

Контактите на членовите на Советот и вработените со правните и физичките лица чии барања се предмет на разгледување и одлучување, треба да бидат ограничени на професионална комуникација и во функција на ефикасно спроведување на постапката на решавање на поднесените барања.

Членовите на Советот се обврзуваат дека целосно и веднаш ќе ги одбијат сите облици на притисок чија цел е да се изврши влијание врз нивното дејствување или одлуки и за тоа ќе го известат Претседателот и другите членови на Советот.

### Член 6

Вработените ги извршуваат своите работни обврски самостојно и непристрасно, земајќи ја предвид фактичката ситуација и придржувајќи се кон постапката утврдена со закон и со актите на Советот.

Вработените се должни да го одбијат секој притисок да постапат спротивно на законските прописи, на актите на Советот и на правилата утврдени со овој Кодекс, дури и кога таквиот притисок доаѓа од нивни претпоставен.

Во ситуација кога постои таков притисок тие се должни за тоа да го известат Претседателот и другите членови на Советот.

### Член 7

Членовите на Советот и вработените нема да ја користат својата професионална позиција во Советот за радиодифузија со цел да ги промовираат интересите на која било политичка партија или група.

Членовите на Советот и вработените нема да го застапуваат или изразуваат своето политичко уверување при вршењето на функцијата односно работните обврски.

## V. КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

### Член 8

Членовите на Советот и вработените не смеат да ја користат својата професионална позиција во Советот за радиодифузија заради остварување лична корист и не смеат да се стават во ситуација во која постои недозволен конфликт меѓу нивните интереси и интересите на Советот за радиодифузија.

### Член 9

Недозволен конфликт на интереси се сите ситуации во кои член на Советот или вработен има каков било директен или индиректен интерес во правно лице кое се занимава со радиодифузна дејност или во друштво кое врши слична дејност (рекламирање, електронски комуникации, производство и продажба на радиодифузна техничка стока).

Недозволен конфликт на интереси може да постои и во ситуација во која член на Советот или вработен има каков било директен или индиректен интерес во правен субјект со кој Советот има склучено или треба да склучи договор за соработка или интерес во друг правен субјект со кој Советот за радиодифузија остварува соработка.

### Член 10

Членовите на Советот и вработените се должни писмено да го информираат Советот за радиодифузија за сите ситуации во кои постои потенцијален или реален конфликт на интереси, во смисла на член 9 на овој Кодекс.

Претседателот на Советот, доколку има сознанија дека постои потенцијален или реален конфликт на интереси, може да побара од член на Советот или од вработен да достави писмена изјава за природата на интересот што тој/таа го има во правниот субјект за кој станува збор.

Советот за радиодифузија расправа за сите ситуации во кои постои или може да постои недозволен конфликт на интереси и презема соодветни мерки за нивно разрешување во согласност со Законот за радиодифузната дејност, другите законски прописи со кои се регулира оваа материја и овој Кодекс.

### Член 11

На членовите на Советот и на вработените не им е ограничена слободата на изразување преку медиумите во својство на слободни индивидуи, надвор од нивниот професионален ангажман во Советот, ниту, пак, им е ограничена слободата на научно, уметничко или друг вид творештво.

## VI. ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ

И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

Член 12

Членовите на Советот и вработените ќе им го олеснат пристапот на граѓаните до сите информации поврзани со активностите на Советот што тие имаат право да ги добијат заради остварување на нивните права и интереси.

Членовите на Советот и вработените ќе ја почитуваат доверливоста на информациите што не се од јавен карактер што како такви се утврдени/ заштитени со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Член 13

На сите правни или физички лица кои имаат поднесено барања до Советот за радиодифузија, задолжително ќе им биде доставен одговор и образложение за донесената одлука и ќе им биде овозможено правото на приговор.

На сите граѓани кои имаат поднесено претставки до Советот за радиодифузија, секогаш кога тоа е остварливо, ќе им биде доставен писмен одговор за резултатот од постапката спроведена по добиената претставка.

Член 14

Членовите на Советот и вработените, при контактирањето со сите правни и физички лица, треба да покажат максимално разбирање, љубезност, пристојност и добра волја со цел да им помогнат во остварувањето на нивните права и интереси.

Членовите на Советот и вработените не смеат да дискриминираат ниту едно лице поради неговата расна, полова, национална, верска или политичка припадност или поради социјалниот статус, културата, јазикот, сексуалната ориентација, возраста или инвалидноста.

Член 15

Членовите на Советот и вработените задолжени за односи со јавноста нема да даваат изјави во јавноста за прашањата за кои Советот за радиодифузија се уште не донел одлука или не утврдил став.

Личните мислења и ставови на членовите на Советот можат да се изнесуваат во јавноста, само доколку јасно е назначено дека тој/ таа говори или пишува само во свое лично име, односно го изнесува своето лично мислење или став.

Член 16

Членовите на Советот и вработените задолжени за односи со јавноста кон новинарите и претставниците на јавноста се однесуваат со достојна почит и максимално разбирање за нивните професионални права и обврски.

## VII. ПРИФАЌАЊЕ ПОДАРОЦИ И ПОГОДНОСТИ

Член 17

Членовите на Советот и вработените не смеат да прифаќаат какви било службени подароци или други погодности од радиодифузерите и од правните и физички лица со кои Советот остварува деловна соработка.

Исклучок од ова правило се поединечни предмети од мала вредност, кои се израз на вообичаена деловна учтивост по повод празници и официјални посети на Советот.

За прифаќањето на подароците што се израз на деловна учтивост треба да се извести Претседателот на Советот или Раководителот на стручната служба.

Член 18

Советот за радиодифузија не обезбедува службени подароци или други погодности за радиодифузерите и за правните и физички лица со кои остварува деловна соработка, со исклучок на предмети од мала вредност што се израз на вообичаена деловна учтивост.

Член 19

Во случај на член на Советот или на вработен да му е понудено да прими плакета или благодарница за активност што е поврзана со работата на Советот за радиодифузија, тој/ таа треба за истото да го извести Советот, со цел да се оцени дали прифаќањето на плакетата/ благодарницата е во согласност со правилата утврдени во овој Кодекс.

## VIII. ЗАШТИТА И ЕКОНОМИЧНО КОРИСТЕЊЕ НА РЕСУРСИТЕ

Член 20

Членовите на Советот и вработените ќе вложуваат максимални напори за ефективно и економично користење на материјалните средства и опремата на Советот за радиодифузија.

Член 21

Членовите на Советот и вработените нема да ги користат ресурсите на Советот за радиодифузија нерационално или за да остварат лична корист.

Член 22

Членовите на Советот и вработените нема да прифатат работа надвор од работните обврски во Советот и притоа за таквата работа да ги користат ресурсите на Советот, без претходно знаење и одобрение од Советот.

## IX. ПРОФЕСИОНАЛНО И ЛИЧНО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 23

Членовите на Советот и вработените треба да се однесуваат чесно, искрено и одговорно во извршувањето на своите функции и работни обврски.

Член 24

Членовите на Советот и вработените се однесуваат коректно и пристојно кон своите соработници, почитувајќи го достоинството и ставовите на секое лице, дури и ако нивните мислења се разликуваат.

Членовите на Советот постапуваат фер, непристрасно и професионално со сите вработени.

Член 25

Вработените нема да го одложат или да го доверат на друг вработен извршувањето на своите работни обврски, освен ако постојат оправдани причини за тоа и по претходна согласност од раководителот на стручната служба.

Член 26

Членовите на Советот и вработените ќе посветат соодветно внимание на својот изглед, однесување и начин на облекување за да не предизвикаат впечаток на непристојност или нарушување на угледот на Советот за радиодифузија.

X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 27

Изменувањето и дополнувањето на овој Кодекс се врши во писмена форма.

Член 28

Овој Кодекс влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 02-1687/2 СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА
23.06.2006 Претседател,
Скопје

Мирче АДАМЧЕВСКИ, с.р.

## 2. ПОЛИТИКИ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- Политики за заштита на децата. Што се тие и каква врска имаат со новинарите?
- Изготвување политики за заштита на децата
- Придржување кон политиките за заштита на децата
- Политики за заштита на децата, како и на слободата на медиумите

Новинарите кои работат во оваа област треба да бидат запознати со политиките за заштита на децата, да ги критикуваат, да обезбедуваат дека се слушаат критиките и да вршат мониторинг врз организациите и владите за да бидат убедени дека постои придржување кон овие политики.

Како што веќе укажавме, во согласност со Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето (UNCRC), најважните членови кои се однесуваат на заштитата на детето се следниве:

- Членот 19 кој укажува дека децата имаат право да бидат заштитени од сите форми на физичко или на ментално насилство, повреда или злоупотреба, занемарување или сличен таков третман, лошо постапување или експлоатација, вклучително и од сексуална злоупотреба од страна на оние кои се грижат за нив.
- Членот 12 вели дека на детето кое е способно да формира свои сопствени ставови треба да му се овозможи правото слободно да ги искажува своите ставови за сите прашања кои го засегаат. На овие ставови треба да им се даде соодветна тежина во зависност од возраста и од зрелоста на детето.
- И конечно, членот 3 вели дека, кога организациите донесуваат одлуки кои ги засегаат децата, секогаш на прво место мора да се земаат предвид најдобрите интереси на децата.

**Заштитата на децата**
Заштитата на децата значи нивна заштита од лошо и злоупотреба, како *намерна* така и *ненамерна*. Таа конкретно се однесува на обврската која ја имаат организациите (и лицата кои работат во тие организации) спрема децата за кои се грижат тие. Секоја организација има обврска да даде се' од себе да ги заштити децата со кои стапуваат во контакт, без разлика дали лошото се случува или веќе се случило во организацијата или надвор од неа.

Во својата наједноставна форма, заштитата на детето се однесува на правото ниедно дете да не биде изложено на лошо или на зло. Ова се надоврзува на другите права кои обезбедуваат дека децата ги добиваат сите нешта кои им се потребни за опстанок, развој и растење.

Заштитата на децата опфаќа широк спектар на важни и различни прашања. Голем број од нив (како што е детската проституција) се тесно поврзани со економските фактори. Други, пак, како што е насилството во домот или во училиштата, може да бидат предизвикани од сиромаштијата, од социјалните услови, од нормите и од традицијата. Многу често имаме и криминални активности, каков што е примерот со трговија со деца. Дури и технолошкиот развој ја актуелизира заштитата на децата (на пример, зголемувањето на детската порнографија).

ChildHope UK утврдува четири типа насилство и злоупотреба кај децата:

***Самоповредување:*** на пример, намерно сечење или сопствено повредување, обид за самоубиство и самоубиство.

***Злоупотреба од врсниците:*** на пример, насилство, физичка или сексуална злоупотреба, организирани насилнички банди.

***Злоупотреба од возрасни:*** на пример, домашно насилство (физичко, психолошко, сексуално); физичко казнување во училишта и организации; сексуална злоупотреба и експлоатација.

***Социјална злоупотреба:*** социјална, политичка, економска и културна средина која активно поттикнува (или скриено одобрува) насилство врз децата (на пример, политички кампањи кои поттикнуваат „чистење“ на улиците од децата на улица; религии и култури кои поттикнуваат физичко и понижувачко казнување на децата како прифатливо однесување; голема застапеност на насилството во медиумите; културни ставови кои ги промовираат идеите дека жените и децата се само „сопственост“ на мажите/ родителите наместо тоа дека се човечки суштества со еднакви права.

Злоупотребата и насилството спрема децата може да го направат луѓе не само во рамките на некоја институција (на пример, наставниците, социјалните работници, врсниците, спонзорите, волонтерите и др.), туку и надвор од неа (на пример, во општеството, од страна на родителите, полицијата, од банди и сл.)

Прекршувањето на правото детето да има заштита, освен тоа што значи прекршување на човеково право, исто така, претставува и голема и недоволно призната и пријавена пречка за опстанокот и за развојот на детето. Спротивно на ова, успешната заштита му ги зголемува шансите на детето тоа да расте физички и ментално здраво, со самодоверба и со самопочит што резултира со помала веројатност да биде злоупотребувано или експлоатирано од други.

Заштитата на децата е актуелно прашање во секоја држава на светот:

- Во секој момент повеќе од 300 000 деца-војници (некои дури на возраст и од осум години) се експлоатирани во вооружени конфликти во повеќе од 30 држави. Се проценува дека од 1990 година повеќе од два милиони деца загинале во вооружени судири (ова прашање е подетално елаборирано во следните лекции).
- Повеќе од еден милион деца во целиот свет живеат во притвор затоа што биле во судир со законот. Само во централна и во источна Европа, речиси, 1, 5 милион деца живеат во јавни институции за згрижување.
- Се проценува дека повеќе од 13 милиони деца во целиот свет се останати сирачиња поради СИДА.
- Околу 250 милиони деца се вклучени во детски труд, додека повеќе од 180 милиони работат во опасни ситуации или услови.
- Се проценува дека секоја година предмет на трговија на луѓе се околу 1, 2 милиони деца.
- Една проценка од 1995 година утврди дека бројот на деца во комерцијална сексуална трговија е околу еден милион (најмногу девојчиња но исто така и значителен број на момчиња), кои влегуваат во мултимилионската индустрија секоја година. Сега овие бројки можеби се и повисоки.
- 40 милиони деца под 15-годишна возраст страдаат од злоупотреба и занемарување, и имаат потреба од здравствена и социјална нега.

Неуспехот да се заштитат децата го поткопува националниот развој и има негативно влијание кое трае и понатаму, кога тоа дете станува возрасно. Иако децата и натаму се жртви на насилство, злоупотреба и експлоатација, светот не успева да ги исполни своите обврски спрема нив. Светот, исто така, нема да успее да ги оствари своите развојни аспирации што се утврдени во документите, каква што е на пр. Милениумската агенда со нејзините Милениумски развојни цели и заложби на државата во согласност со Конвенцијата за правата на детето.

Децата треба да ги уживаат сите човекови права и сите механизми за заштита на меѓународно и регионално ниво треба да им го овозможат тоа. Ова може да се однесува на органите на Обединетите нации или на регионалните тела за човекови права (како што е Африканската комисија за правата на човекот и луѓето). Истово се однесува и на државите во кои механизмите за заштита на човековите права (како што се судовите) мора да гарантираат дека ги штитат правата на децата.

Владите може да ги воспостават основните правила, според начинот на кој тие се утврдени во законската рамка, и да донесат посеопфатни детални инструкции кои се применуваат и кои се предмет на контрола од страна на релевантни професионални здруженија и тела.

Клучен меѓународен механизам за заштита на детето е Комитетот за правата на детето, чија главна функција е да ги разгледува извештаите кои задолжително и периодично се  доставуваат од сите држави кои се потписнички на Конвенцијата. Овие извештаи се очекува да дадат информации за законите и за другите мерки кои ги има донесено државата при реализирањето на правата што се признати со Конвенцијата. Во овие извештаи, исто така, влегуваат и  мерките за заштита на овие права, како и направениот напредок во уживањето на овие права.

Во согласност со Конвенцијата за правата на детето, државите имаат обврска да ги штитат сите деца и тие се одговорни доколку не  успеваат во тоа. Сепак, и натаму постои голема празнина помеѓу законските стандарди и нивната примена. Ова е област во која можат да интервенираат новинарите, со поставување прашања во врска со имплементацијата и примената.

Основните цели на заштитата на децата е да се обезбеди дека сите оние што имаат обврска да ги штитат децата ја препознаваат таа обврска и дека се во можност да ја исполнат. Повторно, новинарите треба да постават и да упатат прашања до оние луѓе чија задача  е да ги штитат децата. Дали овие луѓе се соодветно обучени? Дали се сигурни и проверени?

Имајќи ги предвид етичките и законските императиви, заштитата на децата е задача за секого и на секоја функција, во секој сегмент од општеството. Таа создава обврски за државите, за судиите, за полицијата, наставниците, докторите, за социјалните работници, здравствените работници, за родителите и медиумите. Овие обврски се содржани во законските стандарди кои ги воспоставува државата. Тие, исто така, може да се најдат и во решенијата кои ги носи државата, како и во распределувањето на расположливите ресурси. Тие се’ повеќе се присутни и во законите, во кодексите и во инструкциите на медиумските куќи.

**Заштитата на децата во организациите**

Заштитата на децата е нешто што треба да ги засега сите оние што работат со младите денес. Целта на оваа заштита е да обезбеди добросостојба и безбедност за сите деца и млади. Политиките за заштита на децата помагаат во создавањето организации кои се безбедни за децата, но, исто така, тие помагаат и во утврдувањето рамка за справување со тешките ситуации. Тие може да создадат и култура која им посветува поголемо внимание на децата за да може да се види нивната работа од аспект на правата на децата.

*„ Само една силна политика ќе ве насочува во решавањето на тешките ситуации. Во кризни ситуации е потешко да се размислува јасно. Доколку имате воспоставено сигурна политика, ќе бидете во можност да работите на информиран начин и да ги избегнете обвинувањата за пристрасно делување во или против ползата на било кој учесник“ (ECPAT Australia).*

Многу организации имаат своја сопствена политика за заштита на децата која ги утврдува нивната работа и процедурите во оваа област. Националните дирекции и канцелариите за деца во неколку држави имаат изготвено свои инструкции и ги поттикнуваат сите организации кои имаат контакт со децата и со младите да воведат политика за заштита на децата.

Child Hope UK има изготвено насоки кои ќе им помогнат на организациите да развијат политики и процедури за заштита на децата. Тие ги содржат клучните принципи за заштита на децата, како и фазите кои се неопходни при изготвувањето, имплементирањето и евалуирањето на политиките за заштита на децата. Постојат шест чекори  кои треба да се реализираат за да се направи организација која ќе биде безбедна за децата:

1. Запознавање со концептите за заштита на децата и нивна злоупотреба
2. Разгледување зошто на организацијата би и’ биле потребни политики и процедури за заштита на децата;
3. Земање предвид на принципите во организацијата кои се потребни за да се обезбеди ефективно развивање и имплементација на политики и процедури за заштита на децата;
4. Како да се развиваат политики и процедури во рамките на организацијата;
5. Изготвување на инструкции за имплементација;
6. Како да се решаваат пречките и проблемите со кои, евентуално, би се соочила  организацијата.

**Политики за заштита на децата во медиумите**

Медиумите може да играат важна улога во заштитата на децата. На прво место, медиумите може да имплементираат политики за заштита на децата со цел заштита од однесувањето на кој и да е од нивните вработени, што би можело да претставува закана за правото на детето. На пример, Би-Би-Си бара од сите вработени да ги применуваат принципите кои се утврдени во Политиката за заштита на децата во случај на работење со деца и млади:

*„Добросостојбата на секое лице под осумнаесет години е наш највисок приоритет. Ова значи дека нивните интереси и безбедност мора да имаат приоритет пред какви и да било други новинарски и работни барања. Сите деца и млади, без разлика на возраста, инвалидноста, на полот, на  етничкото потекло, на расната припадност или на религиозното убедување, имаат право да бидат заштитени од лошо или од злоупотреба.*

*Доколку во рамките на нашата работа се сомневаме дека детето би можело да биде изложено на ризик, или доколку ни било укажано од младо лице на одредени прашања кои се однесуваат на добросостојбата на децата (вклучувајќи ги и обвинувањата против вработените во Би-Би-Си), ваквата ситуација мора веднаш да биде проследена до одговорниот раководител кој е задолжен за Политиката за заштита на детето“.*

Повеќето политики за заштита на децата во медиумите ќе имаат упатства за тоа како да се идентификуваат децата, во смисла на тоа да се почитува приватноста на младите и да се ограничи употребата на имиња на децата во неа. Тие водат сметка да постојат процедури за заштита на добросостојбата на децата и на младите. Некои невладини организации кои работат со деца имаат изготвено инструкции за новинарите кои работат со деца, а, исто така, имаат и свои сопствени политики, на пример, за тоа како се користат децата на фотографии.

Уште поважно, медиумите можат да помогнат во мобилизирањето на јавното мислење. Имено, јавноста да учествува во заштитата на децата и пред јавноста да ги изложат сите оние што на каков и да е начин претставуваат закана за децата, било преку злоупотреба, било, едноставно, поради непостоење соодветни системи за заштита на децата. Медиумите треба да ги сметаат владите за одговорни ако тие не успеваат да ги заштитат своите деца.

**Проценка**

Дали познавањето на политиките за заштита на детето е важно за новинарите? Пронајдете примери од новинарски прилози во кои главна тема е заштитата на детето. Колку е информиран новинарот за политиките за заштита на детето? Како вие лично би го подобриле тој прилог?

**Предлог за дополнителна литература**

ChildHope UK торба со алатки – политика за заштита на децата:
http://www.childhope.org.uk/toolkit.php

Заштита на децата – Прирачник за пратениците, UNICEF CEE CIS, 2004.

Закон за заштита на децата (“Службена весник на РМ” бр. 98/2000):
http://apps.who.int/idhl-rils/idhl/rilsERYM00003mc.pdf

Закон за изменување и дополнувања на Законот за заштита на деца (“Службен весник на РМ”бр.113/2005)
http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/zzd_8.pdf

Прва детска амбасада во светот ,,Меѓаши,, 1992 – 2009:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=EA874ED003BE514397D81B1600B735FD

Публикација ,,Заштитата на децата во Република Македонија,, од Милица Панева
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Zastita%20na%20decata%20vo%20RM-FINAL%20ZA%20PECATENJE.pdf

Кампања на ,,Меѓаши,,- „Дали денес разговаравте со вашето дете?‘‘

http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=453C1E754273A647A2E38B5D7E4561C7

Кампања на ,,Меѓаши,,- Дали денес му кажавте на вашето дете колку го сакате?
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=E9B4920A47C9CB4ABEDFC586AE306E12

Светски ден за превенција од злоупотреба на децата (19 Ноември) и Светски ден на детето (20 Ноември)
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=0D3E4DBE8775734883C0E20326E49184

Кампања на ,,Меѓаши,,- ,,Види, слушни, кажи,,:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=9957183A6984F843A16BAA86DF25F170

Завршен годишен извештај за 2008 на ,,Меѓаши,,- реализирани активности:
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/godishen%20izveshtaj%20za%202008%20%20na%20ambasadata%20Megjashi.pdf

Завршни годишни извештаи на ,,Меѓаши,,:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=C07BB26AC310E04FB09E7918027B01F4

Интервју на Драги Змијанац, директор на Првата детска амбасада во светот ,,Меѓаши,, за ,,Вечер,,, 13.10.2008:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=0F90AF2A24DDA34992F981C8E2B91AA3

Интервју на Драги Змијанац, директор на Првата детска амбасада ,,Меѓаши,, за ,,Радио Слободна Европа,,:
http://www.makdenes.org/content/article/1514163.html

Предлог- иницијатива за реализација на заложбата за детско амбасадорско столче во Генералното собрание на ООН на Првата детска амбасада на светот
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=B7569E934FBD86449CB64FE5F0F133F3

Реализирани активности на ,,Меѓаши,, за време на глобалната недела за акција- глобална кампања за образование 2009:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=E4C2E58BDF8DC84BA5D77D5A8E9381DA

Информатор ,,Бушавко,, на ,,Меѓаши,,:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=F8E8C2C330C9774C8E831C599532668C

Електронски информатор ,,Бушавко,, бр. 35 (март 2009-јуни 2009):
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=D424DB08DA821E4AAF6FA768377C641E

http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/informator35.pdf

,,Детство без насилство- кон подобар систем на детска заштита во Источна Европа,,- истражување:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=6EC27DC9E178B647AF48207834E86743
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/Omnibus%20istrazuvanje_2009.pdf

,,Децата учат,, од Dorothy Law Holte
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/A5-2.jpg

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

### Смрт на тринаесетгодишник поради злоупотреба на детски труд

Во август 2007 година загина тринаесетгодишниот Авни Адеми од Гостивар во сервис за миење автомобили, каде што работел десетина дена за да заработи пари да купи учебници. За жал, почетокот на учебната година не ја дочекал.

Со најава за трагедија во Гостивар, прва веста за смртта на 13-годишниот Адеми ја пренела регионалната телевизија ,,Кисс,, од Тетово, која го покрива регионот што го опфаќаат градовите Тетово и Гостивар.

Телевизијата ,,Кисс,, дава одговор на прашањата што, кога, каде, како се случило, но не дава одговор зошто се случило.

,,До несреќата дошло кога момчето влегло во автомијачницата лоцирана на улицата "Беличица", сопственост на лице со иницијали Ф.Љ. и ја допрело рачката од апарат за миење на возилата на градној кош. Струјниот удар на градниот кош бил фатален за младиот Авни,,, се вели во веста на ТВ ,,Кисс,,. Притоа, отсуствува информацијата која се однесува на злоупотербата на правата на детето- дека тринаесетгодишниот Авни Адеми работел во сервисот за миење автомобили, а не влегол таму случајно.

Со оглед на тоа што изостанала оваа информација, аналитичноста на текстот се сведува на други незгоди со струја во полошкиот регион. Во прилогот се посочуваат уште два други случаи на повредени од струјни удари, со детален опис на настаните.

Информацијата за смртта на тринаесетгодишното момче ја пренесуваат сите дневни весници во Република Македонија. Во своите текстови, тие главно се потпираат на изворите од Министерството за внатрешни работи. Весниците прнесуваат кратка информација што се случило, кој настрадал,

каде се случило, како се случило. Во сите дневни весници стои информацијата дека Адеми работел во автомијачницата.

Дневните весници ,,Утрински весник,, и ,,Вест,, го соопштуваат името на сопственикот на сервисот за миење автомобили со иницијали, а улицата на која се наоѓа сервисот со полн назив. Додека, пак, во текстот на ,,Дневник и ,,Време,, се именува улицата, но не се споменува сопственикот.

Неколку дена по несреќата, бесплатниот дневен весник ,,Шпиц,, пренесува дел од реакцијата на Првата детска амбасада во светот ,,Меѓаши,,, во која таа побара Обвинителството да го повика на одговорност и да му поднесе кривична пријава на газдата на гостиварската автомијачница. Исто така, весникот го пренесува тврдењето на ,,Меѓаши,, дека ,,ова е уште еден од големиот број случаи каде што се злоупотребува детскиот труд и детските права не се утврдени со закон и конвенции,,.

,,Ова е драстичен пример за кршење на одредбите од Конвенцијата за правата на детето, Конвенцијата против најлошите форми на детски труд (182) и на Националните закони (посебно драстичен заради трагичниот резултат на повредите на правата на детето – со смртни последици),,, реагираа од Меѓаши.

Оваа реакција во голем дел беше пренесена од онлајн весникот ,,Граѓански свет,,.

Во членот 250 став 1 од Законот за работни односи на Република Македонија децидно се вели дека е забрането вработување на деца под 15 години.

Во членот 3 на Конвенцијата 182 против најлошите форми на детски труд се дефинирани најлошите видови детски труд. Меѓу другите е наведена и работата која по својата природа или околностите во кои е извршена, веројатно, ќе им наштети на здравјето, сигурноста или моралот на децата. За жал, во овој случај работата завршила со смрт за тринаесетгодишниот Авни Адеми.

Република Македонија ја потпиша оваа Конвенција во 2002 година. Конвенцијата 182 за забрана и елиминација на најлошите видови на детски труд е донесена од страна на Меѓународната организација на трудот (МОТ). Во неа се потенцирани најлошите видови на детски труд и обврските што треба да ги преземат државите потписнички за спречување на злоупотреба на детскиот труд.

Првата детска амбасада во светот ,,Меѓаши,, даде неколку препораки како секој може да придонесе во искоренувањето на злоупотреба на детскиот труд:

· Не вработувајте деца во вашиот дом или за вашиот бизнис.

· Не купувајте продукти кои се направени од деца работници или продукти кои ги продаваат деца.

· Доколку познавате некој кој вработува деца, пријавете го веднаш!

- во полиција;

- во најблискиот Центар за социјални работи;

- на бесплатниот СОС телефон за деца и млади 0800 1 22 22;

- во бесплатната правна служба на Амбасадата Меѓаши на телефон 02/2463 900.

Дневните весници го пренесуваат сомневањето на полицијата дека детето настрадало поради неисправност на електриката во сервисот, но воопшто не се осврнуваат на прекршувањето на Законот за работни односи и Конвенцијата за правата на детето.

Во овој случај, македонските медиуми ја покажаа својата слабост- најчесто ги пренесуваат информациите, а не анализираат кога станува збор за општествено важни теми. Ниеден од медиумите подоцна не прави истражувачка приказна за експлоатацијата на детскиот труд, дури во повеќето од нив не се ни пренесува реакцијата на ,,Мeѓаши,,.

За жал, смртта на тринаесетгодишниот Адеми се третира само како дневна вест, без да покрене понатамошна желба за истражување што се случува со децата, кои се причините за експлоатација на детскиот труд... Не се дава поширока слика на состојбите во Македонија, иако соопштението на ,,Мeѓаши,, го загатнува токму тоа: Што се случува со повеќе од 18.000 деца што не одат на училиште?!

Ваквите настани треба да ги предизвикаат новинарите да истражуваат и други слични случаи на злоупотреба на детскиот труд во РМ, со цел да се дејствува превентивно. Ваквите настани треба да покренат јавна дебата за да се промени нешто во свеста на граѓаните за грижата за децата и заштита на нивните права.

Линкови:

Human Rights House:
http://humanrightshouse.org/Articles/8172.html

Текстови во ,,Граѓански свет,,:
http://www.graganskisvet.org.mk/default.asp?ItemID=660A82919BD0CE4EABC3D139FB69B05D

http://www.graganskisvet.org.mk/?ItemID=72EE0C3BDC011D4ABC400FE11BB5AFFE

Текст во ,,Утрински весник,,:
http://www.utrinski.com.mk/?ItemID=CCA2291491D5454EB574B58C5444E3B9

Текст на ТВ ,,Кисс,,:
http://www.kiss.com.mk/mak/novosti1.asp?id=1283

Текст во ,,Време,,:
http://www.vreme.com.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=4&tabid=1&EditionID=1182&ArticleID=76004

Текст во ,,Шпиц,,:
http://www.spic.com.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=4&tabid=1&EditionID=343&ArticleID=14077

Текст во ,,Дневник,,:
http://www.dnevnik.com.mk/?itemID=DEEA1C3C1D564249A1FE7B50CBC2EDCF&arc=1

Препораки и програми за акција за елиминација на најлошите видови детски труд-Конвенција број 182 на Меѓународната конвенција на трудот за итно спречување на најлошите форми на злоупотреба на детскиот труд:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=19729B4D7C908442B3ABC0D9F4F9E5DE
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=8CE139FE877C454492872D7EFC013437

Најлоши видови детски труд:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=9EE1F03FA6F39E45BA4C1F9A3BC08663

Десет нешта што можат да ги сторат децата за да се стави крај на најлошите видови детски труд:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=740A16A9D26FB8429F6DACEEDA815D31

Десет нешта што можат да ги сторат учителите за да се стави крај на најлошите видови детски труд:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=01CB15E25D51E3438B8C23C40161B416

Десет нешта што можат бизнисмените да ги сторат за да се стави крај на детскиот труд:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=225AAC0B18A4BD4CB9DBF00DED22C752

Десет нешта што можат да ги сторат луѓето за да им стават крај на најлошите форми на детски труд: http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=220DAEC010FB2A4C9196415F7DCB5C76

Десет нешта што можат да ги сторат новинарите за да се стави крај на најлошите форми на детски труд: http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=3159B99567E70C439C36E9051F4718EB

Десет нешта што можат да ги сторат синдикатите за да се стави крај на детскиот труд: http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=43305DA69FEBE74D81F67DF46F9E6840

Закон за работни односи: http://www.zvrm.gov.mk/WBStorage/Files/Zakon%20za%20rabotnite%20odnosi.pdf

Закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи: http://www.ssm.org.mk/DOKUMENTI_DOWNLOAD/Zakon%20za%20izmenuvanje%20i%20dopolnuvnje%20na%20Zakonot%20za%20rabotni%20odnosi.pdf

Меѓународен ден против злоупотреба на детскиот труд

Скопје, 12.06.2008

Првата детска амбасада во светот ,,Меѓаши,, потсетува дека, и покрај тоа што Република Македонија пред 6 години (2002 н.з.) ја ратификуваше Конвенцијата против злоупотреба на детскиот труд, состојбата и понатаму е повеќе од алармантна. Над 18.000 деца не се вклучени во системот на образование, а најмалку 1.000 деца го поминуваат своето детство на улица, живеејќи под ведро небо и без родителска грижа и надзор.

Во досегашните истражувања и анкети правени низ Македонија, децата кои се на улица, се поделени во неколку групи: деца без родители, деца со еден родител, деца на разведени родители, деца во нарушени семејни односи. Околу 30% од децата на улица, се деца без родители.

Децата на улица во Република Македонија ги има од сите возрасти и националности, но најмногубројни - 58%, се Роми. Исто така, загрижува и сознанието дека: 15,5% од децата на улица се од предучилишна возраст, 64% на возраст од 7 до 14 години, 88, 5 % манифестираат социјално неприфатливо однесување, а 11, 5% имаат толерантно социјално однесување (според Заводот за социјални дејности во Скопје).

Злоупотребата на детски труд подразбира работа на деца кои се под возраста одредена со закон. Но напоменуваме дека, злоупотреба на детскиот труд не значи

само физичка работа, туку и комерцијална сексуална злоупотреба  (детска проституција и порнографија), трговија со деца, деца војници.

Во светот има приближно 246 милиони деца, на возраст од 5-17 години, чиј труд се злоупотребува. Тоа е речиси популацијата на САД (293,027,571)! Од таа бројка околу 186 милиони се деца под 15 години. Поразувачки е дека мнозинството, односно 110 милиони се деца под 12 години.

## 3. ДЕЦАТА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- Новинарско известување за децата кои се на суд
- Пристап до децата кои се во притвор
- Каква е законската рамка во однос на судењето и притворањето на децата?
- Земање предвид на правата на децата кога се во притвор

Поимот „деца во судир со законот“ се однесува на секој под 18-годишна возраст. Повеќето деца во судир со законот имаат направено ситни престапи, какви што се скитањето, бегањето од часови, питањето или употребата на алкохол. Некои од овие се сметаат за обични прекршувања на законот и не се сметаат за криминал кога ги прават возрасните. Во реалноста, ваквите дела се малку интересни за новинарите, освен ако тие не се од некој поголем интерес - на пример, доколку детето има некаква врска со некоја позната личност, или самото е позната личност. Во такви случаи имаме мали прекршувања на законот кои сензационално се покриваат од медиумите.

Многу често децата во судир со законот повеќе и не се гледаат како деца. Наместо тоа, тие излегуваат надвор од детската заштита со што се изложени или на третман кој е еднаков со третманот на кој било друг (возрасен) сторител или, уште полошо, со злоупотреба на нивната ранливост како деца.

Податоците за тоа колку деца има во притвор не се целосни, но претпоставките на UNICEF се дека повеќе од еден милион деца и натаму живеат во притвор поради тоа што се во судир со законот.

Насилничката злоупотреба на децата кои се во притвор е мошне раширен и сериозен проблем. На својата 37 сесија, Комитетот за правата на децата покрена повеќе актуелни прашања во врска со процедурите и заштитата на децата во правосудниот систем на Бразил поради тоа што, покрај другите извештаи, информациите од оваа држава укажуваат на мачења и убивања во казнените институции.

Децата се изложени на ризик од насилство додека се во притвор, како пред судењето, така и по него. Ова може да биде во вид на физичко или сексуално

насилство од возрасни притворени лица, чувари, полиција или други притворени малолетни лица, кои најчесто се извршени (па дури и поттикнати) од вработени во самиот систем. Самиот поправен режим понекогаш е премногу насилен, вклучувајќи притвор без одредено времетраење, долги периоди на изолација или „мешање“ заедно со возрасните затвореници во пренатрупани простори без соодветни санитарни услови. Во помал број држави и натаму се применува смртната казна врз малолетни сторители. Меѓународното право забранува смртна казна за дела направени од лица помлади од 18 години, но некои држави и натаму вршат егзекуции на малолетни сторители.

Според една група меѓународни експерти која се состана во април 2005 година, во рамките на консултациите за Студијата на Генералниот секретар на Обединетите нации за насилството врз децата, клучни фактори кои доведуваат до насилство врз децата во правосудните системи се следниве:

- неказнувањето и непостоењето одговорност кај лицата кои го применуваат законот, кај институциите и меѓу вработените кои се задолжени да се справуваат со насилството врз децата;
- претераната употреба на притвор, особено на притворот пред судење, вклучувајќи ги тука и оние кои не сториле ништо;
- непостоење алтернативи во заедницата во однос на формалниот правосуден систем и алтернативи на притворот, вклучувајќи системи за нега и заштита;
- непостоење соодветни системи за малолетничка правда, вклучувајќи соодветни просторни можности и одвојување од возрасните;
- непостоење надворешни контроли врз институциите, вклучувајќи и независни процедури за жалби и истраги, независен мониторинг и пристап од невладини организации;
- „прифаќањето“ на насилството во општеството, што води кон толерирање на насилството на сите нивоа: во семејството, на училиште и, општо, во заедницата;
- неорганизирање обуки за службените лица задолжени за примена на законот, како и за службените лица кои работат на полето на малолетничката правда;
- политики кои се „жестоки против криминалот“, негативни и дискриминаторски слики на деца на улица и други деца кои се во загрозена социо-економска положба.

**Студија на случај: Работна група за арбитрарно притворање**

Работната група за арбитрарен притвор е тело на Обединетите нации во чиј состав функционираат независни експерти за човекови права со цел да ги истражуваат случаите на арбитрарно притворање кои може да претставуваат кршење на меѓународните закони за човекови права. Оваа Група е формирана во 1991 година од поранешната Комисија за човекови права (CRC) и во моментов е под контрола на Советот за човекови права на Обединетите нации.

По проверка на информациите од разни извори, вклучувајќи ги тука и невладините организации, владините агенции и семејствата на жртвите, Работната група испраќа итни апели до државите да ја утврдат состојбата на наводно притворените лица. Таа, исто така, може да испрати и мисија во државите кои испратиле покана

до Работната група. Оваа Работна група е составена од експерти за човекови права кои се делегирани поради нивното искуство со правни работи и поради нивната независност.

Групата верува дека голем број деца се притворени поради тоа што се сами. „Понекогаш децата не се притворени само затоа што сториле некој криминал, туку поради тоа што немаат семејство кое би ги прифатило. Тоа се деца без родители кои се сместени во „заштитен притвор“ што е ист како затвор“.

Канада, Турција и Норвешка се државите кои, според CRC, имаат покажано добро однесување. Во Канада, експертите не утврдија дека постојат деца кои се во притвор. Во Турција постои една нова програма (иако сè уште не е имплементирана докрај) според која е формирана посебно обучена полиција, како и обвинители кои работат со децата. Исто така, постојат и посебни центри за притворање на децата, а не беше утврдена состојба при која децата се во притвор заедно со возрасните.

Државите имаат јасна обврска да ги заштитат децата во притвор од злоупотреба и лошо. Сепак, прашањето кое треба да си го постават новинарите и општеството е дали детето, воопшто, треба да биде притворено? Притворот треба да биде последна мерка но, во многу случаи, тој често се користи како итна реакција на антисоцијално или несоодветно однесување од страна на децата, но и на возрасните.

Human Rights Watch во периодот од 1995 година досега има изготвено 17 извештаи за малолетничка правда и мошне често ја актуелизира оваа тема. Оваа организација ги документира и системските недостатоци кои оневоможуваат децата да имаат право на законско застапување или доколку на каков било друг начин не им е овозможено правично судење. Вакви беа случаите во Бразил, Бугарија, Гватемала, Индија, Јамајка, Кенија, Пакистан, Русија и САД. Особено загрижувачки се пресудите кои укажуваат на прекршување на меѓународниот принцип според кој лишувањето од слобода треба да биде последна мерка и тој треба да трае што е можно пократко. Human Rights Watch исто така укажува и на случаи на мачење или сурово, нечовечко или деградирачко постапување.

Од донесувањето и ратификувањето (од речиси сите држави во светот) на Конвенцијата за правата на детето, се’ поголем број држави ги имаат приспособено своите системи кон малолетничката правда за да им ги гарантираат на децата правата што се предвидени во Конвенцијата и во некои други меѓународни организации. Во други држави во тек се реформи (или се во фаза на разгледување), кои сè уште не се ставени во законска рамка. Исто така, голем број држави и натаму се обидуваат да го усогласат своето законодавство со Конвенцијата.

Во земјите кои направиле законски реформи, тие се позитивен прв чекор кон пошироко признавање на човековите права на децата. И покрај ова, и натаму сме соочени со јаз меѓу законот и практиката. Голем број деца немаат право на постапка; тие се притворени во несоодветни услови, подложени на насилство од страна на чуварите и полицијата, па некои дури се и егзекутирани.

**Поблиску до дома**

***Малолетници во затвори за возрасни лица***
*(Новинарски текст кој е објавен и на интернет страницата на Human Rights Watch на 11 ноември 1999 година)*
Пишува: Михаел Бохенек, Совет на Одделението за права на децата при Human Rights Watch, објавен во весникот Вашингтон Пост.

Секој ден, од 200 до 300 млади лица се задржани во затворите за возрасни во Мериленд, што е последица од мерките кои ги презеде оваа држава, според кои е овозможено на децата да им се суди исто како на возрасни. Од 1992 година досега вкупно 40 држави имаат донесено вакви закони, водени од неточната претпоставка дека малолетничкиот криминал се зголемува и дека третирањето на децата како возрасни ќе го редуцира криминалот.

Ниту една од овие претпоставки не е точна.

Малолетничкиот криминал е во стабилно опаѓање од 1993 година и досега неколку истражувања дојдоа до заклучок дека малолетниците кои се третираат како возрасни е поверојатно дека ќе направат криминал во иднина отколку младите кои се осудувани во судови за малолетници.

Иако судењето на малолетниците како возрасни ниту го намалува криминалот ниту ги рехабилитира децата, тоа многу често води кон злоупотреби. Затворите за возрасни немаат доволно инфраструктура, кадровска екипираност и програми кои би работеле со млади. Затворањето на овие деца во затвори за возрасни претставува кршење на нивните основни човекови права.

Во период од 12 месеци, Human Rights Watch посети вкупно пет затвори во Мериленд и разговараше со повеќе од 60 притворени малолетници. Утврдивме дека затворскиот кадар не е обучен за работа со малолетници, дека децата немаат доволно едукација или рекреација и дека затворите немаат соодветна медицинска и психолошка здравствена нега. Децата со коишто разговаравме се пожалија дека не добиваат доволно за јадење.

Децата притворени во Центарот во Балтимор се соочуваат со особено тешки услови, како и со дневни закани за физичката безбедност. Тие се затворени во сиви, слабо осветлени простории, преполни со лебарки и глувци. Насилството е редовна појава. Честите тепачки резултираат со долготрајни „заклучувања“ при што цели затворски секции се присилени да седат во нивните ќелии, понекогаш и со недели.

Децата кои се притворени во затвори за возрасни имаат осумпати поголеми шанси дека ќе се самоубијат отколку оние што се притворени во посебни центри за малолетници. Сепак, затворот во Балтимор не нуди, речиси, никакви консултации со малолетните притворени лица, било групно или индивидуално. Притворените лица кои се соочуваат со криза се ставаат под надзор за евентуално да не направат самоубиство, но во тој случај овие лица се чуваат голи, немајќи ништо со што би го покриле телото (освен обични хартии).

> Иако најдобрата подготовка за повторен влез во општеството би можел да биде пристапот до образованието, некои од затворите во Мериленд кои ги посетивме не им овозможуваат образование и едукација на младите. Други, пак, овозможуваат образование, но бројот на часови е далеку од оној што е предвиден со законот.
>
> Јасно е дека државата ги изневерува/ат своите деца. Иако некои деца (особено оние обвинети дека сториле одредено насилство) можеби треба да бидат притворени во институции за малолетници, каде што ќе треба да го чекаат судењето, нив не им е местото во затвор со возрасни затвореници.
>
> Овој вид третман претставува прекршување на меѓународните закони и на Уставот. Државата Мериленд може и треба да се подобри.

Децата, според меѓународното право, имаат право да не бидат измачувани, третирани на суров начин, арбитрарно да бидат апсени или незаконски да бидат притворани, како и право на правично судење. Доколку бидат затворени, тоа мора да биде последната мерка и таа треба да трае колку што е можно пократко. Тие имаат право да бидат одвоени од возрасните, да ги гледаат своите семејства и да добиваат правна помош. Но, ова не е така за илјадници деца. Во некои земји, загрозените групи (како што се децата на улица) се криминализирани и се ставаат во притвор наместо за нив да се води вистинска грижа.

Во Велика Британија во 2006 година, Save the Children UK искажа загриженост во врска со извештајот на Јавната комисија кој препорача поголема употреба на притвор со цел контрола на имиграцијата. Директорот на Save the Children UK, Колет Маршал, изјави: „Нашето истражување дојде до заклучок дека притворањето е штетно за децата – тие често стануваат депримирани, имаат проблем со спиењето, страдаат поради лошата здравствена состојба и не јадат доволно. Секоја година околу 2 000 деца се притворени со своите семејства. Тие често се отстранети од својот дом со полициски рации в зори без претходно предупредување. Министерот за внатрешни работи, Чарлс Кларк, мора да размисли за воведување потврдени алтернативи за притвор кои ја земаат предвид добросостојбата на децата“.

Спротивно на државните статистички податоци според кои одвоените деца никогаш не се притвораат, се’ поголем е бројот на оние кои се притворени под претпоставката дека се возрасни, но за кои потоа се утврдува дека сепак немаат 18 години. Голем број деца се притворени повеќе од еден месец, а во некои случаи ваквиот притвор трае и до девет месеци.

Бидејќи често не им се дозволува правно застапување или контакти со родителите, тие се присилени да ја делат ќелијата со возрасни криминалци, немајќи адекватни здравствени и санитарни можности, а понекогаш се сместени и во самици. Кога се внатре, тие стануваат невидливи, што ги прави лесен плен за лицата кои се задолжени токму за нивната безбедност (полицијата и затворските чувари). Во многу места честа појава се насилството, сексуалната злоупотреба, па дури и мачење на малолетниците (види ја емисијата на Би-Би-Си World Agenda, Call that Justice (http://www.bbc.co.uk/worldservice/specials/1156_wag_gen_next/page4.shtml).

Во Пакистан во изминативе неколку години е воведена законска рамка во обид да се подобрат работите за децата кои се во судир со законот. Сепак, во практиката, состојбата за многу деца се нема променето. Децата на возраст од седум години во Пакистан може да бидат обвинети за криминал. „Колку сте позагрозен, толку е помалку веројатно дека ќе имате пристап до правдата. Децата немаат глас, па затоа никому не му е гајле“.

Во Кенија има се’ поголем број на деца од сиромашни семејства кои завршуваат како питачи во градот, кои спијат насекаде, кои шмркаат лепило и кои крадат за да преживеат. Овие деца од улица може да ги „собере“ полицијата или градската власт и потоа тие да бидат „проголтани“ од правосудниот систем.

Во САД (една од двете единствени држави кои, сѐ уште, ја немаат ратификувано Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето) правосудниот систем за малолетници има назадувано со крупни чекори во изминатите неколку децении. Притисокот од јавноста во однос на тинејџерското насилство во осумдесеттите и деведесеттите години ги притисна политичарите во целата држава порешително да се справуваат со криминалот. Досега четириесет држави не само што имаат донесено законска рамка која дозволува малолетниците да бидат осудувани и третирани како возрасни, туку и кои поттикнуваат уште построг режим.

Казнувањето (наместо рехабилитацијата) станува норма и се’ почесто малолетниците се осудуваат на доживотна казна без право на жалба.

***НОВИНАРСКА ПРИКАЗНА***
*Би-Би-Си вести: Велика Британија затвора повеќе деца отколку „повеќето од развиените држави“. Види http://news.bbc.co.uk/1/hi/uk/4051079.stm*

Повеќето деца кои завршуваат во кривичниот правосуден систем потекнуваат од особено загрозени заедници и семејства (најчесто се тоа малцинства).

Ставањето на децата во затвор наместо овозможување други алтернативи става стигма врз нив како деликвенти, им ги ограничува можностите за вработување и стипендирање и ги прави да бидат потенцијално загрозени од други лица кои сториле посериозни криминални дејства. Тоа, исто така, ја зголемува веројатноста децата повторно да го прекршат законот.

Дали има алтернативи за притворот? Според UNICEF, одговорот е „да“, и препорачува повеќе решенија, како што се:

- да не се ставаат во притвор деца кои едноставно се обидуваат да преживеат;
- да не се ставаат во судскиот кривичен систем деца кои сториле минорни престапи;
- притворот да се користи само како крајна мерка;
- кога децата се затворени тие треба да се одвојат од возрасните;
- владите треба внимателно да ја следат ситуацијата и да имаат барем евиденција колку деца се во затвор и колку долго време се таму.

**Препораки на Human Rights Watch**

Human Rights Watch препорачува сите држави да ги преземат следниве минимални чекори за да обезбедат заштита на човековите права на децата кои се во судир со законот (овие препораки се интересна основа за натамошна дискусија).

1) Сите влади треба да обезбедат дека децата кои се во судир со законот се приведуваат само како последна мерка и таа треба да трае што е можно пократко. Децата никогаш не треба да бидат затворани за дејства кои не би биле криминал доколку би биле возрасни.

2) Условите за притвор и затворање треба да одговараат на меѓународните стандарди. Децата никогаш не треба да бидат затворани заедно со возрасните. Треба да им се дозволат редовни и чести контакти со нивното семејство, со законски претставници и со други надворешни лица, и треба да имаат пристап до образованието, здравствената и психијатриската нега, адекватна нега и соодветни санитарни услови.

3) Државите кои и натаму користат смртна казна или доживотен затвор без право на помилување треба веднаш да престанат со таквата практика и соодветно да го изменат своето законодавство.

**Прашања за новинарите**

- Каква е политиката за притворање на децата кои се изведени пред суд?
- Дали за децата кои се во притвор е утврдено дека се виновни или не?
- Дали децата-бегалци или азиланти се држат во притвор?

Два члена во Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето се однесуваат на ситуацијата кога децата се во судир со законот: членот 37 за мачење и лишување од слобода и членот 40 за примена на малолетничката правда.

Членот 37 укажува дека ниедно дете не смее да подлежи на измачување, суров третман или казнување, незаконско апсење или лишување од слобода. Се забранува најстрога казна и доживотен затвор без можност за ослободување, за прекршоци кои ги прават деца под 18-годишна возраст. Секое дете лишено од слобода ќе биде одвоено од возрасните, освен ако биде решено да не се постапи во интерес на детето. Детето кое е притворено ќе има законска и друга поддршка, како и контакт со семејството.

Членот 40 укажува дека детето во судир со законот има право на третман кој го промовира чувството на дигнитет и вредност на детето, земајќи ги предвид возраста на детето и обидите за негова реинтеграција во општеството. Детето има право на основни гаранции, како и на правна и на друга поддршка за својата одбрана. Секогаш кога е можно е потребно да се избегнуваат судските процеси и сместувањето во институции.

Комисијата за права на детето, за време на својата деветта сесија во мај 1995 година, одржа Општ ден за дискусија за примената на малолетничка правда. Беше

препорачано државите да усвојат „систем ориентиран кон децата кој го признава детето како субјект на фундаменталните права и слободи, и ја потенцираше потребата сите активности кои се однесуваат на децата да бидат поттикнувани од најдобриот интерес за детето како примарно нешто“.

И покрај фокусот, кој го имаат организациите кои работат на детски прашања, врз важноста од сопствени ставови на децата за одлуките кои ги засегаат, многу ретко се слуша гласот на децата кои се во судир со законот. Ова е во спротивност со членот 12 од UNCRC кој упатува на правото да се биде слушнат. CRC го толкуваше членот 12 од Конвенцијата како обврска за обезбедување процедури за жалба на децата и ја потенцираше конкретната потреба од постоење процедури за децата чија слобода е ограничена.

Извештајот од општата дискусија за примена на малолетничката правда во рамките на Комитетот укажува дека на децата што се инволвирани во системот на малолетничка правда „многу често им се негирало правото да достават жалба кога биле жртви на прекршување на нивните фундаментални права, вклучително и во случаите на лошо постапување и сексуално злоупотребување...“

**Малолетничка правда**

*Спроведувањето на малолетничката правда е актуелно прашање за институциите на Обединетите нации кои дејствуваат на полето на човековите права. Информативната мрежа за правата на детето (CRIN) има формирано подгрупа за малолетничка правда. Ресурси и механизми може да се најдат на: http://www.crin.org/resources/infodetail.asp?id=9711.*

**Возраст за кривична одговорност**

Конвенцијата за правата на детето ги повикува народите да утврдат минимална возраст „под која за децата нема да се смета дека имаат капацитет да прават прекршување на кривичниот закон“. Конвенцијата не утврдува конкретна возраст, бидејќи таквата возраст значително се разликува.

Меѓународните стандарди (како што се Пекиншките правила за малолетничка правда), препорачуваат возраста за кривична возраст да се базира врз емоционална, психичка и интелектуална зрелост и да не биде утврдена на премногу ниска возраст.

Комисијата за човекови права која врши мониторинг врз тоа како државите ја имплементираат конвенцијата, препорача оваа возраст да биде утврдена според најдобрите интереси на детето.

Во САД возраста за кривична одговорност е утврдена од секоја држава. Ваквата минимална возраст е утврдена само во 13 држави и тоа од шест до дванаесет години. Повеќето држави се потпираат на обичајното право според кое децата на возраст од седум до 14 години не може да се претпостави дека се одговорни, но може да носат одговорност.

Во Јапонија сите сторители под 20-годишна возраст се судат во семејни судови наместо во кривичниот судски систем. Во сите скандинавски држави возраста на

кривична одговорност е 15 години, додека адолесцентите под 18-годишна возраст подлежат на системот на правда кој во најголема мера е насочен кон социјални услуги, при што затворањето се користи како крајна мерка. Во април 1997 година само 15 малолетници отслужуваа казна затвор во Шведска.

Во Кина, случаите со деца на возраст од 14 до 18 години се решаваат во рамките на малолетничкиот судски систем и може да бидат осудени на доживотна казна затвор за сериозни кривични дела.

Во повеќето држави во Латинска Америка во тек е реформирањето на законската рамка за малолетничка правда. Како резултат од тоа, возраста за кривична одговорност е зголемена на 18 години во Бразил, Колумбија и Перу. Децата од 12 до 18 години се одговорни во рамките на системот на малолетничката правда.

Во повеќето европски држави возраста за кривична одговорност е од 13 до 16 години. Во Ирска е 12 години.

Големата разлика на возраста за кривична одговорност е рефлексија на непостоењето меѓународен консензус. Бројот на држави кои имаат ниска ваква возраст укажува дека голем број системи за малолетничка правда неадекватно го земаат предвид најдобриот интерес за детето.

***НОВИНАРСКА ПРИКАЗНА***
**Daily Mail (Лондон), 22 септември 2006 година**

Мајката на убиеното дете Џејмс Балџер синоќа ја изрази својата лутина поради предлогот да се зголеми возраста за кривична одговорност од 10 на 14 години. Вишиот советник во владата за младински криминал вели дека илјадници тинејџери сторители на вакви дела треба да бидат поштедени од затвор и наместо тоа да им се понуди советување.

Меѓутоа, мајката на Џејмс Балџер, Денис Фергус, чиј двегодишен син беше грабнат и убиен од две десетгодишни деца, го нарече овој план „катастрофа“.

Мекиот пристап кон младинскиот криминал е содржан во студија која беше објавена денес од Центарот за проучување на криминалот и правосудниот систем. Нејзин автор е Роб Ален, член на Одборот за правда за младите кој беше советник на четири министри за внатрешни работи.

Роб Ален укажува дека Британија има далеку помала возрасна граница за кривична одговорност во споредба со други западни држави, и дека случаите на деца на возраст од 10 до 14 години обвинети за криминал треба да бидат решавани во семејните наместо во обичните судови.

Ова решение ќе значи дека некои од најпознатите сторители во Британија ќе избегнат јавно судење и соодветни пресуди. Џон Венаблс и Роберт Томпсон отслужија осум години затвор за убиството на Џејмс во Мерсисајд во 1993 година.

Во моментов децата мора да имаат 10 години во Англија и Велс или 8 во Шкотска за да се соочат со кривично обвинение, во споредба со 14 во Германија, Јапонија и Русија и 15 во Италија.

Извештајот на Роб Ален, насловен како „Од казна до решавање на проблемот“ повикува да се напушти светот на „полицајци, судови и поправни домови“ и да се премине кон решавање на здравствените, образовните и семејните тешкотии кои се, всушност, основата на кривичните дела.

Госпоѓа Фергусон, пак, вели: „Тие двајца лоши кои го убија Џемјс точно знаеја што прават и заслужија да бидат казнети за тоа. Зголемувањето на возраста за кривична одговорност може да значи повеќе лоши деца да се извлечат неказнети за убиство“. Министерството за внатрешни работи излезе со изјава дека, иако туторството треба секогаш да биде „последната мерка“ за младите сторители, сè уште нема планови да се ревидира возраста за кривична одговорност.

Возраста за кривична одговорност е само еден од факторите кои влијаат врз тоа како младите се третирани од правосудните системи. Други фактори се дали постои посебен закон за малолетници кој се базира врз правата на децата; дали младите подлежат на казнени санкции или само на општествено-економски мерки; и дали државата има посебен судски систем и затвори за младите. Правосудниот систем за малолетници треба да обезбеди законска заштита и објективен стандард за постапување.

Во негово отсуство, со младите луѓе се постапува според правосудниот систем за возрасни или младите ќе бидат задржани во „заштитна“ грижа каде што немаат правна заштита и можеби ќе бидат соочени со несоодветен третман.

**Медиумите и децата во судир со законот: заштита на идентитетот**

Во Британија, Законот за младинска правда и криминал од 1999 година го воведе како престап (и тоа откако полицијата ја започнала истрагата) објавувањето на било која информација која би го идентификувала идентитетот на лицето под 18 години кое наводно направило престап. Ова правило може да не важи доколку новинарот успее да го убеди судот дека објавувањето на овие податоци е од јавен интерес. Овие ограничувања престануваат да важат кога обвинетото лице ќе наполни 18 години.

**Уреднички инструкции на Би-Би-Си за идентификување на децата**
Кога размислуваме дали идентификувањето на децата инволвирани во антисоцијално или криминално однесување е во нивен најдобар долгорочен интерес, се соочуваме со тешки етички прашања.
Обично не би требало да ги идентификуваме децата кои имале такво однесување, освен ако не постои јасно оправдување за тоа.
Одлуката дали да бидат вклучени или идентификувани децата, чии родители се вклучени во антисоцијални или криминални активности, треба да се донесе само доколку добросостојбата на детето нема да биде повредена и доколку е тоа јасно оправдано. Ова е особено важно во случаи

кога детето би било изложено на ризик поради тоа што, на пример, живеат со родител-алкохоличар или се присилени да разнесуваат нелегални дроги.

**Прва студија на случај (Велика Британија): Мери Бел**
Мери Бел беше прогласена за виновна во декември 1968 година за убиство на две момчиња – Мартин Браун (на четиригодишна возраст) и Брајан Хауи (на тригодишна возраст). Мери Бел изјави дека ги задавила „исклучиво поради задоволството и возбудата од самиот чин на убивање“.

Бел имаше десет години кога беа извршени убиствата. Од моментот кога беше прогласена за виновна, па натаму, таа беше во фокусот на голем интерес од страна на британските медиуми, како и од германското списание *Stern*. Нејзината мајка постојано им ги продаваше приказните за неа на медиумите и често им даваше текстови на новинарите за кои тврдеше дека ги напишала Мери. Самата Мери, пак, беше на насловни страници повторно во септември 1979 година кога накратко успеа да избега од отворениот затвор во Мур Корт.

Бел беше ослободена во 1980 година и и' беше дадена анонимност за да започне нов живот (под друго име), со нејзината ќерка која се роди во 1984 година. Ќерката на Мери не знаеше ништо за минатото на нејзината мајка се' додека новинарите не открија каде живеат. По ова, тие мораа да ја напуштат куќата, покриени со чаршафи преку главата. Анонимноста на ќерката на Мери беше запазена се' додека таа не наполни 18 години. Сепак, на 21 мај 2003 година Бел успеа да ја добие судската битка на Врховниот суд за доживотно зачувување на нејзината, како и на анонимноста на нејзината ќерка.

**Втора студија на случај (Велика Британија): Убијците на Џејмс Балџер**
Џејмс (Џејми) Балџер беше двегодишно детенце кое беше грабнато и убиено од две десетгодишни момчиња – Џон Вениблс и Роберт Томпсон во Мерсисајд, Англија. Убиството на дете од страна на две деца ја шокираше пошироката јавност која беше исполнета со бес и жал, особено во Ливерпул. Судијата нареди двете момчиња да бидат затворени на *„многу, многу години“*.

Накусо по судењето, Лорд Тејлор од Госфорт (инаку главен судски лорд) нареди двете момчиња да отслужат затворска казна од минимум 10 години, со што ќе имаат право да бидат ослободени во 2003 година. Но популарните медиуми, како и некои сегменти од јавноста, почувствуваа дека казната е премногу попустлива и уредниците на весникот *The Sun* доставија петиција со 300 000 потписи до министерот за внатрешни работи, Мајкл Хауард, во обид да се зголеми затворската казна за момчињата. Во 1995 година минималната казна за двете момчиња беше зголемена на 15 години. Оваа пресуда значеше дека тие нема да бидат пуштени од затвор се' до 2008 година кога момчињата ќе имаат секое по 26 години.

Во 1999 година, адвокатите кои ги претставуваа Вениблс и Томпсон се жалеа до Европскиот суд за човекови права поради тоа што судењето на момчињата не било непристрасно, зашто тие биле премногу млади за да можат да ја следат целата постапка и да го разберат работењето на судот за возрасни. Адвокатите, исто така, тврдеа дека интервенцијата на Хауард резултирала со *наелектеризирана атмосфера* со што било оневозможено правично судење. Судот одлучи во полза на детето.

*Manchester Evening News* покрена контроверза кога ги именуваше казнените институции во кои момчињата ја отслужуваа казната, што значеше евентуално прекршување на судската забрана за медиумски публицитет, која беше обновена во 2001-та година. Во декември истата година весникот беше прогласен за виновен за непочитување на судската одлука, казнет со 30 000 фунти и му беше наредено да плати давачки од 120 000 фунти.

Судската забрана против тоа медиумите да објавуваат што и да е за момчињата важи само за Англија и Велс, додека весниците во Шкотска или во други држави можат законски да објавуваат такви информации. Со едноставните меѓугранични комуникации, благодарение на интернетот, многумина очекуваа дека нивниот идентитет и локација набргу ќе бидат познати.

Во април 2007 година Министерството за внатрешни работи потроши 13 000 фунти за судски налог со кој се забранува секое списание надвор од Велика Британија да ги објавува новите идентитети на убијците на Џејмс Балџер.

Се шпекулираше дека создавањето и зачувувањето на новите идентитети на убијците од другите (меѓународни медиуми) чинело околу 1,5 милион фунти.

## КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

### Казнување и затвор

Член 37

Деца и млади не смеат да бидат изложени на мачење или однесување што ги понижува или казнува. На смртна казна или доживотен затвор не смеат да се осудат деца или млади помлади од 18 години.

Никому не смее да му биде скратена слободата самоволно или незаконски. Притвор, апсење или затворски казни за деца треба да бидат согласни со законот. Тоа се крајни мерки и тие не смеат да траат повеќе од потребното.

Деца и млади што не се на слобода ќе бидат третирани со почит и човечност. Тие имаат право да оддржуваат контакт со семејството преку допишување и посети.

Секое дете или млад човек во притвор има право на правна и другаа потребна помош за да може да излезе со својот случај на суд. Тие имаат и право на скорешна пресуда.

### Третман во судскиот систем за малолетници

Член 40

Деца и млади осомничени за кривично дело треба да бидат третирани со почит кон нивното човечко достоинство. Ова ќе се постигне на начин што ќе го зголеми

нивното почитување на човечките права и слободите на другите. Исто така, ќе добиваат помош при нивното повторно вклучување во општеството.

На секое дете му се загарантирани барем следниве нешта:

- да биде сметано за невино се додека вината не се докаже;

- да не биде присилувано да сведочи или да ја признае вината;

- да има право на независен адвокат за одбрана пред суд;

- да има бесплатна помош од преведувач ако е потребно;

- почитување на неговата приватна сфера во сите фази на постапката.

Земјата-потписничка, исто така, мора да одреди старосна граница под која деца и млади не одговараат пред суд. Деца и млади кои направиле кривично дело ќе бидат советувани да се развиваат во насока поволна за нивното добро и за доброто на општеството.

## ЗАШТИТА НА ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ ВО РМ

(член 37, 39, 40, од Конвенцијата, член 12, 13, 14 од Уставот на Република Македонија )

Текстот е извадок од Извештајот на Народниот правобранител за имплементација на Конвенцијата за правата на детето и протоколите кон Конвенцијата 2000- 2005, објавен во октомври 2007.

На детето, со оглед на неговата физичка и ментална незрелост, му е потребна посебна грижа и заштита вклучително и правна заштита кога тоа е во судир со законот, бидејќи во крајна линија и во таков случај детето е жртва или на семејните прилики или на околината или, пак, на целокупните општествени односи.

Современите услови на живеење, транзициските промени во општественото живеење, се поголемата сиромаштија и други фактори на современото општество доведуваат до појава на категории на деца изложени на ризик, кои како резултат на околностите во кои живеат, се наоѓаат под притисок да го прекршат законот и да бидат вовлечени во криминални дејствија. За да не дојдат во ситуација да го прекршат законот или кога веќе го прекршиле на овие деца не можат да им помогнат само казните и санкциите, туку пред се државата мора да презема превентивни мерки. Со цел децата да се едуцираат и правилно да се насочи нивниот развој неопходно е и обезбедување на воспитниот карактер на образованието во училиштата, што треба да придонесе децата да се развијат во личности кои ќе ги знаат нивните права и обврски и ќе

научат да ги почитуваат правата на другите. Тоа секако подразбира задолжително воведување во наставните планови и програми содржини што се однесуваат на човековите порава, односно на правата на децата. Исто така, заради правилен однос на родителите кон децата, државата мора да изнајде начини покрај едукацијата на децата и за едукација на родителите, а тоа може да се реализира преку медиумите со емитување разни емисии со едукативен каратер, преку невладиниот сектор и преку разни модели за спроведување доживотно образование на граѓаните.

Децата што го прекршиле законот имаат пред се потреба од помош и заштита, со цел да им се укаже дека тоа што го сториле не е добро ниту за нив ниту за општеството. Ним треба да им се помогне да го поправат однесувањето и да се оттргнат од криминалот, а со преземање мерки за ресоцијализација и рехабилитација да се заштитат од повторно навлегување во деликвентни однесувања.

За да им се помогне на децата и да се намали деликвенцијата, според Народниот правобранител казната и санкцијата не се секогаш единственото и најефикасното решение, туку е потребно да се преземаат повеќе алтернативни мерки, затоа што искуствата на земјите што применуваат алтернативни мерки наместо казни тврдат дека тоа ги чини многу помалку од затворите и установите и не остава многу простор за повисока стапка на повторување на деликвенција, туку токму спротивното.

Според Европските правила за санкции и мерките во општествената заедница (Препорака бр, П. (92) (16) изрекувањето и извршувањето на алтернативните санкции и мерки кај сторителот треба да го развијат чувството за одговорност кон заедницата воопшто и кон жртвите. Како една од алтернативните мерки воведена по предлог на Народниот правобранител е општо корисната работа. Кога станува збор за општо корисната работа треба да се истакне дека малолетникот останува во контакт со сите вообичаени механизми на социјалната контрола. Подобрувањето на чувството на одговорност на детето е всушност една од основните цели на оваа мерка, затоа што сите мерки што се преземаат спрема децата треба да водат кон натамошен развој на способноста за одговорен избор и активност. Со избегнување на социјалната изолација на децата што се врши при издржувањето на малолетничкиот затвор или други мерки што се издржуваат во установа, на децата им се олеснува нивното прилагодување во општеството, а на тој начин се обезбедува и подобра заштита на општеството особено на жртвите.

Тргнувајќи од ваквите ставови, како што е погоре истакнато, Народниот правобранител предложи во законската регулатива спрема децата во судир со законот да се предвидат и алтренативни мерки што е прифатено, а со измените на Кривичниот законик како алтернативни мерки се предвидени општо корисната работа и условното ослободување од казната. За жал, се уште не е изречена ниту една алтернативна мерка спрема малолетник поради недонесување одредени подзаконски акти или други закони за извршување на овие мерки, но и поради субјективните сфаќања на судиите и другите субјекти

дека тие мерки нема да го намалат деликвентното однесување на децата. Поради тоа во моментот не може да се утврди влијанието на овие мерки.

Основен фактор кој најмногу влијае на поведението на детето е семејството. Токму поради тоа и децата во судир со законот не би требало секогаш да се одделат од семејната средина, односно треба да се изнајдат алтернативни мерки за нивно останување во семејството, но притоа треба и на семејството да му се обезбеди соодветна материјална и стручна помош. Доколку не е можно детето да остане во неговото семејство, односно ако тоа не е во негов најдобар интерес, пред се би требало да се смести во друго семејство, а не во установа, затоа што само во топла семејна средина ќе биде заштитено и на најдобар начин ќе му се помогне да се развие во правилна личност. Но за да имаме семејства што би прифатиле деца кои се во судир со законот државата мора да предвиди стимулативни мерки на материјален, едукативен и стручен план.

За да му се помогне на детето сторител на казниво дело и на жртвата како алтернативна мерка би требало да се предвиди и медијацијата во која ќе се соочат и сторителот и жртвата и заеднички ќе се обидат да ги одбегнат негативните последици од стореното дело и ќе се договорат за надоместокот на штетата, без притоа да се водат долготрајни судски постапки. За воспоставување на медијацијата како начин на решавање на споровите, во тек е постапка за донесување посебен закон. Воедно, малолетничката правда во која треба да бидат вклучени превентивните мерки, санкциите и алтернативните, односно казнените мерки, како и мерките за ресоцијализација треба да биде опфатена со посебен закон кој е исто така во постапка на донесување.

Во таа смисла Народниот правобранител смета дека е неопходно:

- забрзување на постапката за донесување на Законот за малолетничка правда (во меѓувреме е донесен Законот за малолетничка правда);

- во малолетничката правда, односно во заштитата на децата во судир со законот да бидат вклучени превентивните мерки, санкциите и алтернативните мерки и мерките за ресоцијализација (во донесениот Закон за малолетничка првада предвидени се превенитивни мерки и мерки за ресоцијализација);

- да се изврши обука на сите лица што работат со деца од ризичните групи и со деца во судир со законот, обука на медијатори со цел споровите да се решаваат вонсудски преку медијација меѓу сторителот на делото и оштетениот;

- да се предвиди законска обврска на детето во судир со законот во полициската и во судската постапка задолжително да му се обезбеди бесплатна адвокатска помош (со Законот за малолетничка правда предвидена е ваква можност).

(Извадок од Извештајот на Народниот правобранител за имплементација на Конвенцијата за правата на детето и протоколите кон Конвенцијата 2000- 2005, објавен во октомври 2007)

**Предлог за дополнителна литература**
CRIN – Водич за меѓународни норми и стандарди за малолетничка правда, 10/08/2006 (Извештај од десеттата сесија, октомври/ ноември 1995 година, CRC/C/46, став 220): http://www.crin.org/resources/infodetail.asp?id=9711

Save The Children UK, „Малолетничка правда: модерни концепти за работа со децата во судир со законот“: http://www.crin.org/resources/infodetail.asp?id=11042

Обединети нации: Непознатата приказна за децата во судир со законот: http://www.un.org/events/tenstories_2006/story.asp?storyID=2800

CRIN – Тема: Децата во судир со законот: http://www.crin.org/themes/ViewTheme.asp?id=16

Би-Би-Си правда за децата во целиот свет: радиоемисии и подкасти кои може да се користат на училиште: http://news.bbc.co.uk/1/hi/programmes/documentary_archive/6090608.stm

Би-Би-Си вести – Судски права за убијците на Џејмс Балџер:
http://news.bbc.co.uk/1/hi/uk/295752.stm
http://news.bbc.co.uk/1/hi/uk/567578.stm

Децата и криминалот: Компаративна студија за опфатот на младите во Јапонија и САД, Том Бриcлин и Јашуиро Инуе. *Дневник на етика во мас-медиумите,* 2007 22 (1), стр. 3-17.

Повеќето книги за закони за медиумите имаат посебни делови кои се однесуваат на известувањето, на децата и на законот.

Публикција ,,Одам на суд,, од Марија Келер Халера: http://www.canee.net/files/I%20am%20going%20to%20court,%20cover%20-%20Macedonia_0.pdf

Новиот Закон за малолетничка правда ја нагласува превенцијата и примената на алтернативни мерки наместо затвор: http://www.pravda.gov.mk/novost_detail.asp?lang=mak&id=115

Закон за изменување на Законот за малолетничка правда: http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/I_Zakon_za_Maloletnichka_pravda_161_24122008.pdf

Дванаесетгодишници предводат затворски банди: http://www.vreme.com.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=1&EditionID=1332&ArticleID=85971

Обуки за малолетничка правда на Адвокатската комора на Македонија:
http://www.mba.org.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=90&Itemid=74

,,Прирачник за примена на мерката притвор,,, Здружение на судии на РМ:
http://www.mba.org.mk/docs/priracnik_OSCE.PDF

Текст во ,,Вечер,,- И малолетниците во затвор
http://www.vecer.com.mk/default.asp?ItemID=11418875441D354C8AE45BB88C1F848B

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

### Приведени десетина ученици од основно училиште

Десетина десетгодишни деца од основното училиште ,,Владо Тасевски,, од Скопје беа приведени во полициска станица во март 2008 година, поради пријава дека кршеле излози на фирма, лоцирана во близина на училиштето. Полицијата не ги информирала родителите на учениците. Едно од децата успеало да се јави на своите родители на мобилен телефон. Директорката, исто така, не била запознаена со настанот. Дури по еден час од приведувањето, таа отишла во полициска станица.

Веста за приведувањето на малолетниците телевизијата ,,Канал 5,, ја пренесе дента на 18 март со најава: ,,Десетгодишни ученици утрово завршија во полициска станица,,. Акцент во прилогот беше ставен на фактот дека десет малолетници поминале два часа во полициска станица, без притоа да бидат информирани нивните родители и директорката на училиштето. Во прилогот има изјави на двајца родители, опис на настанот, информација дека директорката не знаела што се случило со десетина ученици од нејзиното училиште. Исто така, се пренесува и ставот на Министерството за внатрешни работи (МВР) дека родителите и директорката на училиштето биле информирани, како и дека станува збор за информативен разговор и дека родителите имаат право да се жалат на постапката доколку сметаат дека е незаконска.

Три дена подоцна, телевизијата ,,Канал 5,, објави втор прилог во кој се проследува изјавата на министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска, по извршената внатрешна контрола во МВР.
Новинарот пренесува дека министерката Јанкуловска ќе одлучи дали петтемина полицајци инволвирани во приведувањето на десетте малолетници во полициска станица ќе добијат отказ или како казна ќе бидат прераспределени на други работни места, по што следува и изјава на министерката. Во прилогот, новинарот потсетува како се случил настанот.

Два дена по настанот, дневниот весник ,,Утрински весник,, објавува аналитично обработена тема по повод приведувањето на десетина петтоодделенци од училиштето ,,Владо Тасевски,,.

Во текстот се користат повеќе извори на информации: директорот на Првата детска амбасада во светот ,,Меѓаши,, Драги Змијанац, сопственикот на фирмата кој не е именуван, народниот правобранител Ицет Мемети, реакциите на родителите, портпаролот на Министерството за внатрешни работи Иво Котевски, професорката д-р Олга Мурџева- Шкариќ од Институтот за психологија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во споредба со телевизијата ,,Канал 5,,, ,,Утрински весник,, ја пренесува и приказната на сопственикот на фирмата што ја оштетиле учениците.

> Инцидентот се случи завчера напладне. Децата, заминувајќи од училиште, во близина на германската амбасада, почнале да фрлаат со камења кон стаклата на фирмата „Ладење“. Управителот на фирмата, кој инсистира на анонимност, во телефонскиот разговор за „Утрински“ тврди дека со денови имал проблеми со непозната група која правела зулум во просториите на фирмата. Проблемите, вели тој, започнале во петокот кога сосила била провалена оградата и било упаднато во магацинот на фирмата.
>
> Тој во понеделникот повикал и полиција, но се завршило како детска игра. Завчера, кога тој тврди дека децата повторно се обиделе да влезат во фирмата, кршејќи неколку прозорци, ги фатил на дело. Но, бил запрепастен кога видел дека станува збор за десетгодишни деца.
>
> „Веднаш им свикав да ми ги дадат ранците и да ги повикаат родителите за да разговараме. Но, децата место дома, истрчале кај полицаецот во германската амбасада и кажале дека некој им ги украл ранците. Тој повикал полициска патрола, која ги зеде децата и ги однесе во станица. Не знаевме каде да ги најдеме нивните родители“, објаснува управителот на „Ладење“.

Во текстот, ,,Утрински весник,, се занимава и со прашањето како сето ова ќе влијае на децата. Се пренесува реакцијата на револтираните родители: „Ни ги истрауматизираа децата, оти ги зеле од улица и ги пикнале во полициско возило, без да им кажат каде ги носат“.

Приказната на ,,Утрински,, има одлична поента во зборовите на професорката д-р Олга  Мурџева- Шкариќ од Институот за психологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Според неа, родителите имаат клучна улога да им објаснат на децата кога ќе згрешат и да им укажат во иднина да внимаваат на своето однесување и да извлечат лекција од целиот случај. Професорката вели дека е логично децата да бидат преплашени кога ќе бидат однесени во полициска станица, особено ако сториле некаков

прекршок, но смета дека ова нема да има посериозни последици врз нивната психа.

Бесплатниот дневен весник ,,Шпиц,, ги пренесе реакциите за настанот на Првата детска амбасада во светот ,,Меѓаши,,, народниот правобранител, портпаролот на МВР, загрижена мајка која сака да остане анонимна во текст со наслов: ,,МВР да одговара за апсот на малолетници?,, Текстот има двосмислен наслов со знакот прашалник на крајот на насловната реченица.

И ,,Утрински весник,, и ,,Шпиц,, го пренесуваат ставот на ,,Меѓаши,, и на народниот правобранител дека полицијата го прекршила Законот за полиција и Конвенцијата за правата на детето.

Во извештајот за активностите на народниот правобранител во 2008 година стои дека народниот правобранител констатирал дека во конкретниов случај има повреда во постапката и побарал одговорност.

Веднаш по настанот, Драги Змијанац, извршен директор на „Меѓаши“, посочи дека се прекршени неколку члена од Конвенцијата за правата на детето, со кои државите се обврзани ниедно дете да не може да биде лишено од слобода незаконски или самоволно.

Според  член 37 од Конвенцијата за правата на детето, апсењето, притворот и затворањето на деца треба да биде во согласност со законот и применето единствено во крајна нужда и тоа во најкус временски период.

,,Во Законот за полиција, Законот за внатрешни работи и во Кодексот на полициска етика се дефинирани постапката и правилата при приведување малолетници, но ниту нив полицијата не ги почитувала. Полицијата мора да ги извести родителите и старателите на децата што извршиле кривични дела, најмалку три часа пред акцијата за приведување,,, укажа Змијанац.

Во согласност со одлуката на Уставниот суд и новиот Закон за кривична постапка, граѓанин може присилно да се доведе на распит во полициска станица само ако постои претходна судска одлука и тоа само во случај кога очигледно одбегнува да се јави на уредно доставена покана. Во поканата задолжително е да се предупреди на можноста од присилно доведување ако не го оправда отсуството.

Линкови:

Канал 5:
http://209.85.129.132/search?q=cache:JMaF2V4XsdcJ:www.kanal5.com.mk/ShowNews.aspx%3FItemID%3D30792%26mid%3D1500%26tabId%3D1%26tabindex%3D1+%D0%9F%D1%80%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D0%B4%D0%B5%D0

%BD%D0%B8+%D1%83%D1%87%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8+%2B+%D0%92%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%BE+%D0%A2%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8&cd=11&hl=mk&ct=clnk

Утрински весник:
http://www.utrinski.com.mk/?ItemID=2CA2D53E1F92E6489C94DFCAD327888B

Шпиц:
http://www.spic.com.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=2&tabid=1&EditionID=509&ArticleID=19716

Интервјуирање на деца сведоци во полициска постапка:
http://www.graganskisvet.org.mk/default.asp?ItemID=55C204B6C15A5E4CAC254FC40E3A7CB9

Извештај на народниот правобранител:
http://www.mhc.org.mk/?ItemID=79481FCBA0ABB648ADDF80CDB902DC65

Закон за полиција:
http://www.pravo.org.mk/download/Analizi/Policija.pdf

Закон за внатрешни работи:
http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/Vnatresni_raboti(precistentekst)_2004.pdf

Кодекс на полициска етика:
http://www.mvr.gov.mk/Uploads/Kodeks%20na%20policiska%20etika.pdf

Закон за кривична постапка:
http://www.dspp.gov.mk/files/zakoni/krivicna_postapka_precisten_15_07032005.pdf

Кривичен законик:
http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Krivicen_zakonik.pdf

**СОВЕТ НА ЕВРОПА**

**ПРЕПОРАКА П(2003)13 НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИТЕ ДО ДРЖАВИТЕ-ЧЛЕНКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ИНФОРМАЦИИ ПРЕКУ МЕДИУМИТЕ ВО ВРСКА СО КРИВИЧНИТЕ ПОСТАПКИ**

*(Усвоена од Комитетот на министрите на 10 јули 2003 година, на 848 состанок на замениците-министри)*

Комитетот на министри, согласно условите од член 15.*б* од Статутот на Советот на Европа,

Имајќи предвид дека целта на Советот на Европа е да постигне поголемо единство меѓу своите членки со цел зачувување и остварување на идеалите и принципите кои се нивно заедничко наследство;

Повикувајќи се на посветеноста на државите-членки на фундаменталното право за слобода на изразувањето и информирањето, како што е гарантирано со членот 10 од Конвенцијата за заштита на човековите права и фундаменталните слободи (понатаму "Конвенцијата"), што претставува една од суштинските основи на демократското општество и еден од основните услови за неговиот прогрес и за развојот на секоја индивидуа;

Потсетувајќи дека медиумите имаат право да ја информираат јавноста поради правото на јавноста да биде информирана, вклучувајќи ги и информациите за нештата што се од јавен интерес, според членот 10 од Конвенцијата, и дека имаат професионална обврска да го прават тоа;

Потсетувајќи дека правата на пресумпција на невиноста, на фер судење и на почитување на приватниот и семејниот живот, според членовите 6 и 8 од Конвенцијата, претставуваат фундаментални барања што мора да бидат почитувани во кое било демократско општество;

Нагласувајќи ја важноста медиумското известување за информирањето на јавноста за кривичните постапки, да обезбеди видливост на превентивната функција на кривичниот закон, како и увид во функционирањето на кривичниот правен систем;

Имајќи ги предвид можните конфликтни интереси заштитени со членовите 6, 8 и 10 на Конвенцијата и потребата да се врамнотежат овие права во однос на фактите од секој поединечен случај, со должна почит кон супервизорската улога на Европскиот суд за човекови права во обезбедувањето почитување на обврските од Конвенцијата;

Повикувајќи се, понатаму, на правото на медиумите и на новинарите да формираат професионални здруженија, како што е гарантирано со правото на слобода на здружување од член 11 од Конвенцијата, што е основа за саморегулација во сферата на медиумите;

Свесни за бројните иницијативи од медиумите и од новинарите во Европа за промовирање одговорно новинарство, или преку саморегулација или во соработка со државата низ корегулаторни рамки;

Со желба за подобрување на продлабочената дебата за заштитата на правата и интересите кои се тематизираат во контекстот на медиумското известување во врска со кривичните постапки, и да ја поддржи добрата практика во Европа обезбедувајќи пристап на медиумите до кривичните постапки;

Повикувајќи се на својата Резолуција (74) 26 за правото на одговор - позицијата на поединецот во однос на медиумите, својата Препорака бр. П (85) 11 за позицијата на жртвите во рамките на кривичниот закон и постапка, својата Препораката бр. П (97) 13 која се однесува на застрашувањето на сведоците и на правата на одбраната, и на својата Препорака бр. П (97) 21 за медиумите и промовирањето култура на толеранција;

Нагласувајќи ја важноста на заштитата на изворите на информации на новинарите во контекст на кривичните постапки, во согласност со својата Препорака бр. П (2000) 7 за правото на новинарите да не ги откриваат своите извори на информации;

Имајќи ја предвид Резолуцијата бр. 2 за новинарските слободи и човековите права усвоена на 4 Европска министерска конференција за политиката на масовните медиуми (Прага, декември 1994) како и Декларацијата за иднината на медиумската политика усвоена на 6 Европска министерска конференција за политиката на масовните медиуми (Краков, јуни 2000);

Потсетувајќи дека целта на оваа препорака не е да ги ограничи стандардите кои се веќе во сила кај државите-членки, а чија цел е да ја заштитат слободата на изразување;

Препорачува, признавајќи ја различноста на националните правни системи во однос на кривичната постапка, владите на државите-членки:

1. да ги преземат или зајакнат, зависно од случајот, сите мерки што тие ги сметаат за неопходни во однос на имплементацијата на принципите приложени кон оваа препорака, во рамките на нивните уставни одредби;

2. да ги распространат широко оваа препорака и принципите приложени кон неа, придружени со превод, онаму каде што тоа е соодветно, и

3. посебно да им ги посочи на судските власти и полициските органи, како и да им ги направи достапни на здруженијата на адвокатите и медиумските професионалци.

**Прилог кон Препораката П(2003)13**

***Принципи што се однесуваат на обезбедувањето информации преку медиумите во врска со кривичните постапки***

*Принцип 1 - Информирање на јавноста преку медиумите*

Јавноста мора да биде во можност да добива информации за активностите на судските власти и полициските органи преку медиумите. Оттаму, новинарите мора да бидат во можност слободно да известуваат и да коментираат за функционирањето на кривичниот правен систем, подложени само на ограничувањата определени со следниве принципи.

*Принцип 2 - Пресумпција на невиноста*

Почитувањето на принципот на пресумпција на невиноста е интегрален дел од правото на фер судење. Согласно тоа, мислењата и информациите што се однесуваат на тековните кривични постапки треба да бидат пренесувани или ширени преку медиумите само тогаш кога тоа не и штети на пресумпцијата на невиноста на осомничениот или обвинетиот.

*Принцип 3 - Точност на информациите*

Судските власти и полициските органи треба да им обезбедат на медиумите само проверени информации или информации што се засновани врз разумни претпоставки. Во вториот случај, тоа треба јасно да им биде кажано на медиумите.

*Принцип 4 - Пристап до информациите*

Кога новинарите, од судските власти или полициските органи, законски обезбедиле информација во контекст на тековна кривична постапка, тие власти или органи оваа информација ќе им ја направат достапна, без дискриминација, на сите новинари кои ја бараат или ја побарале.

*Принцип 5 - Начини на обезбедување информации за медиумите*

Кога судските власти или полициските органи самите одлучиле да им обезбедат информации на медиумите во контекст на тековна кривична постапка, ваквата информација треба да биде дадена врз недискриминаторска основа и тоа, секогаш кога е возможно, преку соопштенија за јавноста, прес- конференции на овластени претставници или преку слични средства.

*Принцип 6 - Редовно информирање за време на кривични постапки*

Во контекст на кривичните постапки од јавен интерес или други кривични постапки кои се здобиле со посебно внимание од јавноста, судските власти и полициските органи треба да ги информираат медиумите за нивните важни моменти се дотогаш додека тоа не и штети на тајноста на истрагата и полицискиот распит или додека не го одложува или попречува исходот на постапката. Во случаите на кривични постапки што траат долго време, овие информации треба редовно да се обезбедуваат.

*Принцип 7 - Забрана за искористување информации*

Судските власти и полициските органи нема да ги искористуваат информациите за тековните кривични постапки за комерцијални цели или за какви било други цели кои не се релевантни за спроведувањето на законот.

*Принцип 8 - Заштита на приватноста во тековни кривични постапки*

Обезбедувањето информации за осомничените, за обвинетите или за осудените лица или за други страни во кривичната постапка треба да го почитува нивното право на заштита на приватноста во согласност со членот 8 од Конвенцијата. Посебна заштита треба да им биде дадена на малолетните, или на други ранливи личности, како и на жртвите, на сведоците и на семејствата на осомничените, обвинетите или осудените. Во сите случаи, треба особено да се внимава на штетните последици што, откривањето информации со кои се овозможува нивно идентификување, може да го има врз лицата на кои се однесува овој Принцип.

*Принцип 9 - Право на исправка или право на одговор*

Без оглед на достапноста на други правни средства, секој оној за кого се изнесени неточни податоци или е изречена клевета во медиумските прилози во контекст на информирањето за кривични постапки има право на исправка или одговор, зависно од случајот, во истиот медиум. Правото на одговор треба, исто така, да биде овозможено и кога станува збор за соопштенија за јавноста што содржат неточни информации, а кои биле објавени од судските власти или полициските органи.

*Принцип 10 - Спречување штетно влијание*

Во контекстот на кривичните постапки, особено оние што вклучуваат порота или судии - поротници, судските власти и полициските органи треба да се воздржат од пласирање информации во јавноста што можат да нанесат значителна штета врз правичноста на постапката.

*Принцип 11 - Штетен публицитет пред судењето*

Во случаи кога обвинетиот може да покаже дека е многу веројатно оти објавувањето информации ќе резултира или резултирало со повреда на неговото или нејзиното право на фер судење, тој или таа треба да има на располагање ефикасен правен лек.

*Принцип 12 - Прием на новинари*

Новинарите треба да бидат примани на јавните судски претреси и на јавните изрекувања на пресудите без дискриминација и без барања за претходно акредитирање. Тие не треба да бидат исклучувани од судските претреси, освен и доколку јавноста е исклучена во согласност со член 6 од Конвенцијата.

*Принцип 13 - Пристап на новинарите во судниците*

Компетентните власти треба, освен доколку тоа не е јасно неизводливо, во судниците да обезбедат доволен број седишта за новинарите во согласност со потребите, без притоа да го исклучат присуството на публиката.

*Принцип 14 - Известување во живо и снимање во судниците*

Известувањето во живо или снимањето во судниците од страна на медиумите не треба да биде возможно освен и доколку не е јасно дозволено со закон или од компетентните судски власти. Вакво известување треба да биде дозволено само онаму каде што не претставува сериозен ризик за неправедно влијание врз жртвите, сведоците, страните во кривичните постапки, поротниците или судиите.

*Принцип 15 - Поддршка за медиумското известување*

Најавите за закажаните судски претреси, поднесени обвиненија или тужби и други информации релевантни за известувањето треба да им бидат ставени на располагање на новинарите навремено, од страна на надлежните власти, по едноставно барање, освен доколку тоа е неизводливо. На новинарите треба да им биде дозволено, врз недискриминаторска основа, да направат или да добијат копија од јавно изречените пресуди. Тие треба да имаат можност да ја информираат јавноста за изречените пресуди.

*Принцип 16 - Заштита на сведоци*

Идентитетот на сведоците не треба да биде откриен, освен доколку сведокот претходно дал согласност, идентификувањето на сведокот е од јавен интерес, или сведочењето веќе било јавно дадено. Идентитетот на сведоците никогаш не треба да биде откриен доколку со тоа се загрозуваат нивните животи или безбедност. Должна почит ќе им биде посветена на

програмите за заштита на сведоци, особено во кривични постапки против организираниот криминал или криминал во семејството.

*Принцип 17 - Медиумско известување за извршување на судските казни*

На новинарите треба да им биде дозволено да контактираат со лицата кои отслужуваат судска казна затвор, доколку тоа не им штети на праведното спроведување на правдата, на правата на затворениците и вработените во затворот или на безбедноста во затворот.

*Принцип 18 - Медиумско известување по отслужувањето на судската казна*

Со цел да не и се наштети на општествената реинтеграција на лицата кои отслужиле судска казна, правото за заштита на приватноста согласно член 8 од Конвенцијата треба да го вклучува правото на заштита на идентитетот на овие лица во врска со нивниот претходен престап по завршувањето на нивната судска казна, освен доколку тие изрично се согласиле на откривањето на нивниот идентитет или тие и нивниот претходен престап се повторно предмет на јавен интерес или повторно станале предмет на јавен интерес.

## 4. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИЛОЗИ И ИЗВОРИ
### Врамување и приспособување на приказните во контекст на CRC

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- Кои се изворите?
- Дали децата може да бидат извори?
- Важноста на изворите за новинарството
- Анонимни извори
- Од каде потекнуваат приказните

**Улогата на новинарот**

Не треба да се разбере дека новинарот по автоматизам е застапник на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето. Иако повеќето луѓе сметаат дека децата треба да бидат заштитени и дека ним треба да им се обезбеди се' најдобро, новинарите имаат должност поврзана со јавниот интерес и тие се придржуваат до својата професионална обука. Новинарот го задржува правото да биде критичен кога е соодветно и да обезбеди дека се слушаат гласовите на сите.

Во дваесеттите години од минатиот век модерното новинарство беше во создавање. Писателот Волтер Липман и американскиот филозоф Џон Дјуи дебатираа за улогата на новинарството во демократија. Нивните различни филозофски стилови и натаму се карактеристика на дебатата во врска со улогата на новинарството во општеството и во државата.

Липман веруваше дека улогата на новинарството во тоа време беше да дејствува како медијатор или „преведувач“ меѓу јавноста и елитите кои ја креираат политиката. Новинарот е, всушност, посредник. Кога зборува елитата, новинарите слушаат и ги евидентираат информациите, ги обработуваат и ги проследуваат до јавноста. Неговото резонирање зад ова тврдење беше дека јавноста не е во можност да го разбере растечкиот и сложен проток на информации кои се карактеристични за модерното општество, па затоа е потребен посредник кој ќе ги исфилтрира вестите за потребите на јавноста.

Од друга страна, пак, Дјуи беше убеден дека јавноста не само што е во можност да ги разбере нештата кои се создадени од (или на кои реагира) елитата, туку и тоа дека одлуките треба да се донесат на јавен форум, по дискусија и дебата.

Кога некое прашање е темелно разгледано од јавноста, тогаш најдобрите идеи излегуваат на површина. Дјуи верувал дека новинарите не само што треба да ја информираат јавноста, туку, исто така, треба и да известуваат за актуелните прашања, а не само да ја проследуваат информацијата. Дјуи веруваше дека новинарите треба да ги преземат информациите и потоа да ги „измерат“ евентуалните последици врз јавноста од политиките кои (би) биле донесени од елитите.

Иако на владата можеби поприфатлива би и' била новинарската филозофија на Липман, пристапот на Дјуи подобро објаснува на кој начин новинарите ја гледаат својата улога во општеството и, од друга страна, колку луѓе очекуваат токму вакво дејствување од новинарите. Американците, на пример, можат да критикуваат некои дејства направени од новинарите, но тие и натаму очекуваат новинарите да бидат чувари на активностите на државата, на фирмите и на другите фактори, со

што луѓето ќе можат да донесуваат одлуки за конкретното прашање врз основа на добра претходна информираност.

Како што веќе нагласивме, медиумите мора да дејствуваат во јавен интерес. Широко е прифатен фактот дека улогата на новинарството е да ги „држи“ одговорни јавните личности и институции чиишто одлуки го засегаат социјалниот и политички живот. Ова е изворот на повеќето материјали за приказните. Во контекст на правата на децата и на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на децата, ова може да ни даде нова перспектива врз вестите.

На пример, во една приказна која покрива злоупотреба на дете, приказната нема да биде само за конкретната злоупотреба, туку и за тоа каква одговорност има државата спрема децата и спрема нивните права, како и за заштитата која треба да ја имаат децата според Конвенцијата на Обединетите нации. Речиси сите земји во светот ја имаат ратификувано Конвенцијата, па задача на новинарите е да ги „држат“ владите за одговорни во однос на заложбите со кои се имаат согласено со потпишувањето на Конвенцијата.

**Прашања за новинарите**

- На кој начин вашата влада ја имплементира Конвенцијата за правата на детето?
- Дали таа ги исполнува барањата за објавување на принципите и одредбите на Конвенцијата?
- Дали доцни во доставувањето на извештаи до Комитетот за правата на детето? Дали имало консултации со јавноста?

Дали уредниците и новинарите се задолжени за „ставање“ на децата на дневен ред? Уредниците и новинарите беа сметани за „чувари“ – тие утврдуваат кои вести ќе бидат објавени или емитувани. Но, со пристигнувањето на интернет-новинарството и со фактот дека многу блогери може, исто така, да се сметаат за еден вид новинари, традиционалната улога на новинарите се менува. Бил Ковач, автор на *Елементите на новинарството*, вели: „Нашето разбирање за новинарите како чувари сега е веќе застарено. Интернетот ги урна сите огради и бариери“. Уредникот сега многу повеќе ќе се фокусира кон филтрирање на неточните информации и кон ставање на вестите во контекст и во перспектива.

Сепак, читателот нема идеја дали информациите на кои тој им пристапува директно на интернет се вистински или лажни. Доколку новинарството е чуварот на објавувањето на вестите и информациите, и на тоа што би требало да се објави а што не, тогаш новинарството има задача и право да ја одржи таа позиција. Оваа функција вклучува во себе и постојано актуелизирање на правата на децата.

**Потребни вештини во известувањето за правата на децата**

Човековите права секогаш ќе биде најважната компонента на новинарството, но повеќето новинари не се информирани, па дури и ги игнорираат прашањата кои се однесуваат на човековите права. Едукацијата за човекови и детски права е првиот чекор во обидот да им се помогне на новинарите да известуваат за овие права.

Новинарите кои се запознати со правата на детето ги имаат вистинските инструменти да ја играат улогата на „чувар“. Тие можат да бидат очите и ушите на

јавноста и да помогнат во обезбедувањето на тоа дека луѓето (особено оние во јавниот живот) дејствуваат соодветно и искрено.

Моќта на зборот и неговата злоупотреба можат, исто така, да влијаат врз известувањата за злоупотреби на човековите права. Јазикот и зборовите кои се користат од медиумите при известување за криминал, семејното насилство, насилствата на банди и други форми на политичко насилство, го „овековечува“ прекршувањето на човековите права. Со едноставно повторно користење на зборовите од изворот на веста (како што се *терористите)*, медиумите продолжија (веројатно ненамерно) да демонизираат одредени луѓе и заедници.

Дали децата биле *шверцувани* или биле *жртви на трговија со луѓе?*
Дали луѓето имаат *несогласувања* или *караници?*
Дали децата се опишуваат како „детенца“, „деца“, „дечиња“? Дали е тоа понижувачки?

Ова се само некои примери за проблемите кои можат да ги имаат новинарите со својот јазик. Известувањето за вести и приказни кои се однесуваат на децата, исто така, бараат одредени новинарски вештини. На пример, приказна за трговија со деца бара добри истражувачки вештини. Истражувачкото новинарство е детално истражување во одреден период. Суштината на овој вид пишување е водење сметка за деталите и систематски интервјуа со лицата кои биле вклучени во тоа, со што се гради досие од кое може да се извлечат општи заклучоци.

Она што е многу важно е начинот на кој ја третираме таа тема – не само кога работиме директно со децата како извори, но и како им пристапуваме на прашањата. UNICEF има објавено инструкции за тоа како се известува за децата, кои содржат корисни нешта кои треба да се имаат предвид кога се пишува за децата. Овие инструкции се корисни и како точки за дискусија.

Како и секогаш, новинарите во сите приказни (вклучувајќи ги и оние за детски права) ги вметнуваат основните вредности на **ефект, навременост, блискост, конфликт, актуелност, новина и релативност.** Без овие вредност, колку и да е добра приказната за самиот новинар или за оние што се застапуваат за правата на децата, таа нема да ја заинтересира пошироката јавност.

**Инструкции на UNICEF за известување за децата**

1. Да не се прави дополнително стигматизирање на детето. Да се избегнуваат категоризирање или опишување кои го изложуваат детето на негативни репресалии (вклучувајќи и дополнително физичко или психолошко зло), или на доживотна злоупотреба, дискриминација или одбивање од локалните заедници.
2. Секогаш да се дава точниот контекст на приказната или сликата на детето.
3. Секогаш да се измени името или да се замагли сликата на секое дете кое е:
   а. Жртва на сексуална злоупотреба или експлоатација;
   б. Сторител на физичко или сексуално злоупотребување;
   в. Кое има СИДА, кое живее со СИДА или кое починало од СИДА, освен ако детето, родителот или старателот дал целосна согласност;
   г. Кое е обвинето или е набедено за криминал;

4. Во одредени околности каде што имаме ризик или потенцијален ризик од лошо или од одмазда, променете го името или замаглете го ликот на секое дете кое е идентификувано како:
    а. актуелно или поранешно дете војник
    б. барател на азил, бегалец или внатрешно раселено лице.
5. Во одредени случаи користењето на идентитетот на детето (името и/ или препознатлива слика) е во негов најдобар интерес. Сепак, кога се користи идентитетот на детето тоа и понатаму мора да биде заштитено од лошо и поддржано при евентуално стигматизирање или одмазда. Еве примери за вакви посебни случаи:
    а. Кога детето иницира контакт со новинар сакајќи да го изрази своето право на слобода на изразување и неговото право да се слушне нивното мислење;
    б. Кога детето е дел од одредена одржлива програма или општествена мобилизација и кога сака да биде идентификувано;
    в. Кога детето е вклучено во психосоцијална програма и кога укажува дека неговиот идентитет и име се дел од нивниот здрав развој.
6. Потврда на точноста на она што сака да го каже детето, било во комуникација со другите деца или било со возрасните (а најдобро и со двете).
7. Кога не сме сигурни дали детето е изложено на ризик, подобро е да се известува за општата состојба на детето наместо за тоа конкретно дете, без разлика колку таквата приказна би била непривлечна и неинтересна.

**Доведување на Конвенцијата на Обединетите нации под знак прашалник**

Новинарите се во идеална позиција да бараат дејствување од државата во насока на исполнување на нејзините меѓународни обврски. Дали има кампањи кои вие би можеле да ги покренете за да ја подобрите свеста кај јавноста и кај политичарите за Конвенцијата? Дали вашите прилози и приказни го подобруваат јавното разбирање за правата на децата и улогата на политиките на вашата влада во промовирањето и заштитата на овие права?

Многу е важно новинарите да се чувствуваат слободни да ја критикуваат Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето и да ја доведуваат под знак прашалник. Некои новинари можеби имаат проблем со одредбите од Конвенцијата (дека детството завршува на 18 години) доколку тоа значи дека некои лица на 16 или 17 години (а кои се во интересот на јавноста) не може да бидат интервјуирани и нашироко прашувани. Ова е област која би можела да биде предмет на дискусија.

Разговарајте со експерти, со активисти за човековите права и со самите деца за да се информирате себеси со какви проблеми се соочуваат децата во вашата земја. Дали сте побарале објаснувања од локалната и централната власт за проблемите во обезбедувањето на услугите за децата и во заштитата на нивните права?

Дали сте оставиле простор да се слушне гласот на децата од страна на државата и граѓанското општеството? Дали сте ги провериле тврдењата на невладините организации и дали сте обрнале внимание на нивниот успех и на сите евентуални недостатоци?

Дали Конвенцијата е регулатива или само морален прирачник? Бидејќи таа не е закон, туку е нешто коешто државите доброволно се согласиле да го ратификуваат, дали таа е морален репер во однос на кој ќе биде оценувана државата?

**Извори на приказните**

Изворите на информации се суштината на новинарството. Тие ги овозможуваат основните информации за дополнително развивање на новинарската приказна, радиоемисија и телевизиска програма. Изворите може да се категоризираат во два вида – примарни и секундарни.

*Примарни извори*

| | |
|---|---|
| Контактите | Судовите/ трибуналите |
| Слободните извори | Локалната власт |
| Обичните повици | Актуелните теми во заедницата |
| Групите за притисок | Конференциите за печатот |

*Секундарни извори*

| | |
|---|---|
| Писмата до уредникот | Новинските агенции |
| Класификациите | Новинските организации (Ројтерс, ITN) |
| Соопштенијата за медиумите | Локалната власт |
| Другите медиуми | Централната власт |

Новинарите обезбедуваат информации од примарни извори најчесто преку интервју. Доколку децата се примарниот извор, новинарите треба да бидат свесни за темите за кои се интервјуираат децата и кои нешта треба да се земат предвид притоа. Овие теми ќе бидат опфатени во друго поглавје, но општо е прифатено дека на приватноста на младите лица треба да и' се даде поголема заштита отколку на приватноста на возрасните.

Изворите се мошне актуелна тема во новинарството. Некои истражувања покажуваат дека повеќето извори кои ги користат новинарите се мали и имаат тенденција да фаворизираат одредени естаблишменти. Тука е, исто така, и прашањето на анонимните извори. Традиционалниот став кај новинарите е дека тие никогаш не смеат да го именуваат изворот кому му гарантираат анонимност. Ова прашање е толку важно што некои земји имаат донесено закони кои им дозволуваат на новинарите да ја одржуваат таквата анонимност дури и кога информациите ги бара судот. Традиционалните одговори од страна на новинарите на барањата за името на изворот е дека, доколку се даде името (без разлика колку е важна причината за тоа), тоа би претставувало поткопување на самото новинарство и тоа ќе значи дека во иднина никој повторно нема да може да им верува на новинарите.

Дали ова правило ќе се однесува и на некој што признал дека злоупотребувал деца? Многу новинари имаат апсолутен став за ова и ќе речат дека никогаш, под никакви околности, не смее да се открие анонимен извор. Помал дел од новинарите велат дека ова прашање треба и натаму да биде предмет на дискусија (види Michael Foley, 'Absolutism and Confidentiality', Ethical Space, Vol 1 No 2, 2004.).

Каде можеме да бараме информации кои се однесуваат конкретно на децата и на нивните права? Еве некои предлози:

**Национални извори**

- Здравствени институции
- Социјални институции
- Училишта
- Семејни судови
- Организации на наставници
- Организации на родители

**Организации за правата на децата**

- Омбудсман за деца
- Национални коалиции за правата на децата : http://www.crin.org/NGOGroupforCRC/ViewOrgsByC.asp?typeID=7
- Центар за проучување на децата, младите и медиумите: www.childrenyouthandmediacentre.co.uk
- ChildHope: http://www.childhope.org.uk
- Children’s Express: www.childrens-express.org/
- ChildWatch International: www.childwatch.uio.no/

Студентите треба да ги наведат националните извори и изворите на детски права од нивните земји

**Меѓународни организации**

- UNICEF: www.unicef.org
- UNICEF Innocenti истражувачки центар за правата на децата: www.unicef-icdc.org
- Висок комесаријат за човекови права на Обединетите нации: http://www.ohchr.org
- Информативна мрежа за детски права: www.crin.org
- Save the Children Alliance: http://www.savethechildren.net
- Plan International: www.plan-international.org
- Human Rights Watch: http://www.hrw.org/
- Amnesty International: http://www.amnesty.org/
- Defence for Children International: http://childhouse.uio.no/childrens_rights/dci_what.html
- Media Activities and Good Ideas by, with and for Children (MAGIC):
- http://www.unicef.org/magic/index.html

**Комисија за правата на детето**

- Комисија за правата на детето: http://www.ohchr.org/english/bodies/crc/index.htm
- Извештаи од државите кои се доставени на нивните сесии со UNCRC: http://www.ohchr.info/english/bodies/crc/sessions.htm или http://www.unhchr.ch/tbs/doc.nsf
- Извештаи во сенка – алтернативни извештаи на невладините организации кои може да се пребаруваат по држава, сесија или по организација: http://www.crin.org/NGOGroupforCRC/search.asp

**Контакт книга:** Новинарите треба да започнат со водење книга за контакт на почетокот од нивната кариера (додека студираат новинарство). Имињата, адресите, телефоните и е-адресите треба да се чуваат на безбедно. Новинарите кои се специјализираат за правата на децата или во слични области, какви што се образованието или здравството, треба редовно да комуницираат со своите контакти за да бидат во тек со сето она што се случува.

Извори на вести можат да бидат и други медиуми. Веста во која се споменуваат деца, можеби, нема да биде свесна за правата на децата, па таа може да биде дополнета. Академските текстови во списанијата кои имаат ограничена циркулација често содржат најнови истражувања кои, исто така, можат да бидат добар извор на прилози и вести.

Поставете си прашања: зошто се отвора ново училиште? Зошто се затвора некое училиште? Дали новиот објект за деца има соодветни просторни можности (игралиште, градинка и сл.)? Кои се тешкотиите за децата во локалните болници? Дали полицијата има посебна обука за тоа како да работи со млади лица? Од каков вид е таа обука?

**Предлог за дополнителна литература**
Media Wise Trust & UNICEF: Правата на децата и медиумите, 1999:
http://www.mediawise.org.uk/display_page.php?id=125

Повеќе општи новинарски учебници и книги, како што е онаа на Дејвид Рандал (David Randall) *Универзален новинар* или *Прирачникот за весници* на Ричард Кибл Richard Keeble) кои опфаќаат теми, како што се изворите на вести, од општ аспект.

Michael Foley, 'Absolutism and Confidentiality', Ethical Space, Vol 1 No 2, 2004: www.ethicalspace.org.

**Клучни поими кога се работи со извори на информации**
Повеќето од новинарскиот жаргон веќе е широко прифатен во секојдневниот говор. Сепак, не се знае секогаш точно што значат некои зборови, па затоа сметаме дека е важно да им објасните што подразбирате со користење на одредени зборови кога разговарате со извор или кога правите интервју. Исто така, имајте предвид дека некои луѓе имаат поголема свест за медиумите. Како и за се' друго, вашето лично чувство е најдобриот водич. Не заборавајте дека пишувањето за темата *Детски права* е мошне чувствителна област.

**Официјално и неофицијално (on and off the record)**
Оние кои работат на правата на децата, можеби, ќе обрнат внимание на евентуалното лошо постапување или на злоупотреба на овие права. Имајќи ја предвид чувствителноста на оваа област, императив е новинарите да разбираат како да разговараат со некого неофицијално и што значи тоа. Секогаш објаснете им што значи тоа да се разговара неофицијално и што вклучува тоа кога разговарате со анонимен извор.

**Точно цитирање**

Ова е тоа што многу новинари го посакуваат – точно да известат што изјавило лицето. Ова овозможува авторитет и автентичност на приказната. Идеално би било цитатот да му се припише на лице со име и со презиме.

**Официјална изјава**
Кога новинарот зборува со изворот со цел да добие официјална изјава, сите коментари се бележат официјално при што може да бидат цитирани и лицето да биде именувано.

**Неофицијална изјава**
Се' што е кажано неофицијално не треба да се цитира и служи само за уводно информирање. Многу е важно лицето со кое разговарате да знае дека ќе зборувате неофицијално. Немојте премногу често да одите со неофицијален дел – вашата приказна ќе изгледа „лабаво“ и циниците може да се посомневаат дека вашите информации се измислени. Во одредени случаи, „вооружени“ со информации кои ви се дадени неофицијално, ќе можете да прашате некој друг и тоа да го прибележите како официјална изјава.

**Анонимност на изворот**
Понекогаш некој ќе сака да се извести за нешто, но тој нема да се согласи да му биде објавено името (при што се користат изрази како што се „одредени извори“, „наши извори“ и сл). Некое лице, можеби, ќе биде расположено да даде коментар за одредена дејност, но не би сакал да се знае дека токму тој коментира и дава изјави кои се однесуваат на неговите конкуренти. Службените владини лица задолжени за односите со медиумите во некои земји секогаш функционираат на ваков начин. Обидете се да ги убедите луѓето нивното име да биде објавено заедно со информациите, бидејќи на тој начин веста станува поверодостојна и поубедлива.

**Без коментар**
Обидете се да ги убедите оние што велат дека „немаат коментар“ дека на тој начин јавноста ќе формира свои судови и ќе донесе свои заклучоци.

Линкови:

Тренинзи за новинари за правата на детето со акцент на заштита на децата од сексуална злоупотреба и педофилија:
http://www.childrensembassy.org.mk/?ItemID=8CEBECF73CB6884E8020DAC228948D40

**СОВЕТ НА ЕВРОПА**

**ПРЕПОРАКА БР. R (97) 21 НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ ДО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ ЗА МЕДИУМИТЕ И ЗА ПРОМОЦИЈАТА НА КУЛТУРАТА НА**

**ТОЛЕРАНЦИЈА**

(усвоена од Комитетот на министри, на 30 октомври 1997, на 607-от состанок на заменици-министри)

Комитетот на министри, според условите од член 15 б од Статутот на Советот на Европа,

Сметајќи дека цел на Советот на Европа е да постигне поголемо единство меѓу неговите членови со цел заштита и реализирање на идеалите и принципите што се заедничко наследство и забрзување на нивниот економски и општествен напредок;

Нагласувајќи ја својата обврска да им го гарантира еднаквото достоинство на сите поединци и уживањето на правата и слободите без каква било дискриминација врз основа на пол, раса, боја, јазик, религија, политички и други ставови, национално или општествено потекло, поврзаност со национално малцинство, имот, раѓање или друг статус;

Потсетувајќи дека шефовите на држави и влади на земјите членки на Советот на Европа го изразија своето убедување на конференцијата на Виенскиот самит (октомври 1993) дека принципите за толеранција се гаранција за одржување отворено општество кое ќе ја почитува културната различност во Европа;

Решени да го засилат дејствувањето против нетрпеливоста, земајќи го како основа Планот за дејствување усвоен на конференцијата на Виенскиот самит;

Поздравувајќи ги иницијативите на меѓународните организации, влади и различните сектори на општеството за промовирање култура на толеранција, а особено на оние од медиумските професионалци, и истакнувајќи дека последниве се во особено поволна позиција да ги промовираат своите иницијативи и да обезбедат нивно општо прифаќање во сите сектори на медиумите;

Истакнувајќи дека медиумите можат да дадат позитивен придонес во борбата против нетрпеливоста, особено онаму каде што негуваат култура на разбирање меѓу различните етнички, културни и религиозни групи во општеството;

Нагласувајќи ги, во согласност со член 10 од Европската Конвениција за човекови права, независноста и самостојноста на медиумските професионалци и медиумските организации, и потребата за избегнување на мерките што се косат со овие принципи;

Сметајќи дека е корисно да се повикаат медиумските професионалци, и понатаму да се произнесуваат за проблемот на нетрпеливоста во земјите членки, чиј состав е се повеќе мултикултурен и мултиетнички, и за мерките што можат да се преземат за промовирање толеранција и разбирање;

Верувајќи дека таквите мерки можат да се имплементираат на многу нивоа, вклучувајќи ги и училиштата за новинарство и медиумските организации, како и во контекст на вршењето на медиумските професии;

Верувајќи дека успешноста на таквите мерки во голема мера зависи од степенот

на учество на различните категории професионалци во медиумските сектори, особено сопствениците на медиуми, управниците, уредниците, писателите, изготвувачите на програма, новинарите и огласувачите;

Земајќи ја предвид Препораката 1277 (1995) на Парламентарното Собрание, за емигранти, етнички малцинства и медиуми;

Им препорачува на владите на земјите членки:

1. Да ги запознаат следниве целни групи со средствата за дејствување, претставени во Додатокот на оваа Препорака:

- печатот, радио и телевизиските претпријатија, како и новите комуникациски и рекламни сектори;

- претставничките тела на медиумските професионалци во овие сектори;

- регулаторните и саморегулаторните тела во овие сектори;

- училиштата за новинарство и институтите за обука на медиумите;

2. Со позитивен дух да ги разгледаат барањата за поддршка на преземените иницијативи што се стремат кон целите на оваа Препорака.

**Додаток на Препораката Бр. R (97) 21**

Област

Средствата за дејствување претставени подолу имаат за цел да ги истакнат неисцрпните примери на професионални практики, што придонесуваат за промоција на културата на толеранција и заслужуваат поопшто применување во различните медиумски сектори спомнати погоре.

Професионални практики што придонесуваат за промоција на културата на толеранција

1. Обука

Почетна обука

Корисно е училиштата за новинарство и институтите за медиумска обука, доколку се уште не го сториле тоа, да воведат специјалистички курсеви во нивните наставни планови за развивање на смислата за професионализам што ќе посветува внимание на:

- учеството на медиумите во мултиетничките и мултикултурните општества;

- придонесот што медиумите можат да го дадат за да се подобри разбирањето меѓу различните етнички, културни и религиозни заедници.

Понатамошна обука

Корисно е медиумските претпријатија да обезбедат обука во рамките на нивната организација или можности за надворешна обука на своите медиумски професионалци на сите нивоа, за професионалните стандарди за толеранција и нетрпеливост.

2. Медиумски претпријатија

Проблемот на нетрпеливост бара изјаснување и од јавноста и од медиумските претпријатија. Искуството од професионалните медиумски кругови покажа дека е корисно ваквите претпријатија да покажуваат:

- вистинито и точно известување за дела на расизам и нетрпеливост;

- внимателно известување за ситуации на тензија меѓу заедниците;

- избегнување понижувачко и стереотипно прикажување на припадниците на културните, етничките или религиозните заедници во публикации или програмски услуги;

- третирање на индивидуалното однесување без тоа да се поврзува со припадноста на лицето на вакви заедници, во случаи кога не е релевантно;

- прикажување на културните, етничките и религиозните заедници на избалансиран и објективен начин и на начин што ќе ги рефлектира перспективите и погледите на овие заедници;

- алармирање на јавното мислење за злото од нетрпеливоста;

- продлабочување на јавното разбирање и почитување за разликите;

- соочување на претпоставките на учесниците во интервјуа, извештаи, дискусии, итн. што содржат нетолерантни забелешки;

- грижа за влијанието на изворот на информацијата врз известувањето;

- разновидност на вработените во медиумските претпријатија и степен на соодветност на оваа структура со мултиетничкиот и мултикултурниот карактер на читателите, слушателите или на гледачите.

3. Претставнички тела на медиумските професионалци

Корисно е претставничките тела на различните категории медиумски професионалци, да создадат програми за дејствување или да преземат практични иницијативи за промоција на културата на толеранција.

4. Кодекс за однесување

Ваквите иницијативи и активности можат да одат рака под рака со професионалните кодекси за однесување на различните медиумски сектори, што се однесуваат на проблемот на дискриминацијата и нетрпеливоста со

поттикнување на медиумските професионалци да дадат позитивен придонес во развојот на толеранцијата и меѓусебното разбирање на религиозните, етничките и културните општествени групи.

5. Радиодифузија

Додека јавните радиодифузни сервиси имаат посебна обврска да промовираат култура на толеранција и разбирање, радиодфузните медиуми како целина се потенцијална сила за создавање атмосфера во која нетрпеливоста ќе се стави на предизвик. Тие можат да се инспирираат од радиодифузерите кои, на пример:

- обезбедуваат соодветни програмски услуги, и тоа во популарни термини, кои помагаат за промоција на интеграцијата на сите поединци, групи или заедници, како и пропорционални термини за емитување програма за етничките, религиозните и другите заедници;

- развиваат мултикултурен пристап кон програмската содржина со цел да се избегнат програмите што го претставуваат општеството во монокултурна или монолингвистичка смисла;

- промовираат мултикултурен пристап во програмите, наменети за деца и млади, за да растат со ставот дека културните, религиозните и етничките разлики се природен и позитивен елемент во општеството;

- развиваат услови за споделување програмски материјали на регионално, национално или европско ниво, што веќе ја покажа својата вредност во поттикнувањето на јавното мислење против злото на нетрпеливоста или во придонесот за промовирање на односите меѓу заедниците во мултиетничките и мултикултурните општества.

6. Рекламирање

Иако мултиетничкиот и мултикултурниот карактер на потрошувачкото општество веќе се рефлектира во одредени комерцијални реклами, и иако одредени огласувачи прават напори рекламирањето да биде подготвено на начин кој ќе изразува позитивен имиџ за културната, религиозната и етничката разновидност, засегнатите професионални кругови можат да развијат практики како горе споменативе.

Во одредени земји, во рекламниот сектор се развиени кодекси кои ја забрануваат дискриминацијата врз основа на раса, боја, национално потекло, итн.

Постојат медиумски претпријатија кои одбиваат да емитуваат рекламни пораки што културните, религиозните и етничките разлики ги прикажуваат на негативен начин, на пример, со нагласување на стереотипите.

Одредени јавни и приватни организации развиваат рекламни кампањи за промовирање на толеранцијата. Медиумите можат да бидат повикани активно да соработуваат во дистрибуцијата на таквите реклами.

## ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА МЕДИУМИТЕ НА ЗНМ

Советот на честа при Здружението на новинарите на Македонија во периодот од 1.06.2007 година, до 31.06.2007 година спроведе пилот-проект за следење на содржините објавени во македонските медиуми од аспект на почитувањето на принципите и етичките вредности усвоени во кодексот на новинарите на Македонија.

**Генерална оценка:**

Во процентуално поголемиот дел од објавените содржини кај мониторираните медиуми се забележува почитување и придржување на основните принципи на новинарскиот кодекс. Сепак, исклучоците не се реткост.

Како најпроблематични се покажаа текстовите и прилозите од „црната хроника“ каде постои воспоставена „традиција“ на непочитување на приватноста, потоа недоволна заштита на идентитетот на малолетиците, како и непочитување на пресумпцијата на невиноста.

Мониторингот, исто така, покажа дека на медиумите не им е непознато пласирање на неизбалансирана информација, односно објавување на прилог врз основа на аргументите на само „едната страна“, потпирање само на анонимни извори, објавување на непроверени или неточни податоци и слично.

Во рамките на следењето на медиумите Советот на честа детектираше и појава на говор на омраза поради што беше посебно реагирано. Воедно е реагирано и поради директната манипулација со фактите и доведување на јавноста во заблуда во случајот со „раководството на ФФМ и писмото на ФИФА“.

### Неколку примери на непочитување на принципите на новинарскиот кодекс

### Објавување на идентитетот на малолетниците

*Третирањето на децата во медиумите освен во новинарскиот Кодекс е регулирано и со конвенцијата на ОН за правата на детето, како и со општоприфатените стандарди дека е строго забрането манипулирање со детските емоции, инсистрирање на повторно проживување на траумата и објавување на идентитетот на жртвата.*

Во прилогот објавен на ТВ ,,А1,, од 14-ти јуни 2007 е емитувана снимка направена со мобилен телефон минатата есен во училиштето ,,Моша Пијаде,, во Тетово, на која се гледа малтретирање на двајца ученици кои професорот ги принудувал да се удираат пред целиот клас. Советот на честа констатира дека станува збор за прекршување на општоприватениот професионален прицип за заштита на малолетниците, затоа што телевизијата не направи напор да го скрие идентитетот на жртвите.

Сличен прекршок е забалежан и на телевизијата ,,Канал 5,, во прилогот од село Муродвис објавен на 20.06.2007 . Новинарот во извештајот во кој се говори за

„обид за противприроден блуд“ ги соопштува имињата на децата, ја снима нивната куќа, како и семејството, па дури и интервјуира едно од нив, што се смета за најгрубо кршење на воспоставените стандарди без оглед што ликот на детето е замаглен.

Професионалните стандарди подразбираат не само заштита на децата жртви, туку и на малолетните престапници. Отстапување од тоа правило е забележано во весникот ,,Време,, од 11-ти јуни каде е објавен текст „Малолетник пукал во роднина“ при што е наведено името на 16-годишниот Леутрин Аме.

**Непочитување на приватноста**

*Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост*

Најчесто кршење на овој член од Кодексот се однесува на објавување на имиња, детаљи и снимки на загинати во несреќни случаи. Медиумите често забораваат дека е потребна дискреција и одредена доза на внимателност кога се објавуваат детаљи за нечија трагедија.

Како особено неприфатлива Советот ја оценува праксата на телевизиите на „покривање со слика“ на една тема со снимки на жртви на несреќи. Новинарите како да забораваат дека за оние кои имаат емотивна врска со жртвата повторувањето на снимката постојано ја повторува и нивната траума.

Сепак, има и позитивни примери како што е решението на уредниците на ТВ Алсат М да ги замагли телата на жртвите во прилогот за сообраќајната несреќа на автопатот Скопје- Тетово, објавен на 2-ри јуни

**Непочитување на презумпција на невиност, неизбалансирано известување**

*... треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.*

Непочитувањето на презумпцијата на невиност произлегува практично од еден друг вид непрофесионално однесување, а тоа е неизбалансирано известување кое се потпира на само еден извор, односно на аргументите на само едната страна.

Овој тип на отстапување од кодексот е масовен и присутен во сите медиуми. Тоа пред се се должи на фактот што единствен извор на податоци е МВР и нивните обвинувања кои допрва треба да бидат проверени во судска постапка. Но за медиумите, полициското обвинување е најчесто сосема доволно за заедно со полниот идентитет на личноста да додадат квалификации како „крал на подземјето“, „монструозен педофил“, „локален манијак“и слично.

На пример, речиси сите медиуми (печатени и електоронски) ја објавија информацијата дека „битолската полиција го уапсила 32-годишниот Владимир Карајанов заради продажба на дрога“. При тоа многу медиуми некритички ја пренесуваат информацијата добиена од полицијата и објавуваат дека „е уапсен

главниот наркодилер во Битола“ со што фактот дека Карајанов се уште е само осомничен е заборавен.

Таков однос е забележан и кога станува збор за тешки обвинувања како што е на пример педофилијата.

На 1 јуни во вестите на **Канал 5** дописникот од Струмица го објавува името на „Живко Г. педофил од Моноспитово“ со што практично известувачот го прогласи за виновен.

Овој тип на примери има многу. Всушност ниту еден медиум не смета дека е потребно да го сокрие идентитетот на лицето кое се сомничи за криминал, иако тој се уште не е докажан, ниту, пак, има какви било етички дилеми околу прикажување на полициски снимки од акцијата. Некои медиуми дури не сметаат дека е потребно во прикажувањето на снимките да назначат дека нивниот извор е МВР. За разлика од ова, општоприфатена пракса е да се почитува пресумпцијата на невиност се додека не заврши судската постапка, освен ако станува збор за јавна личност од висок профил. Можеби, најилустративен за „различното толкување на стандардите“ е примерот со акцијата “Дунав“ за разбивање на каналот за шверц со луѓе, која беше спроведена симултано во неколку држави во регионот. За разлика од колегите од соседството кои не објавија ниту едно име и презиме на уапсените/ осомничени за овој вид криминал, сите македонски медиуми ги објавија имињата, некои и адресите на осомничените, проследени со снимките од апсењето.

Целиот текст е достапен на www.znm.org.mk.

## 5. ИНТЕРВЈУИРАЊЕ НА ДЕЦАТА
## ДЕЦАТА КАКО ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ, ДОБИВАЊЕ СОГЛАСНОСТ

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- На кој начин треба да се интервјуираат децата?

- Дали децата треба да се интервјуираат само во присуство на одговорното возрасно лице?
- Кога треба да биде интервјуирано дете без присуство на родител или на старател?
- Дали интервјуирањето на децата бара вештини кои се различни од оние при интервјуирањето на возрасни?

Децата ретко се дел од вестите се’ додека не им се случи нешто неверојатно или ужасно. Вестите обично се сметаат за производ наменет исклучиво за возрасните.

Раѓањето на дете на познати родители, откривањето на сексуална злоупотреба на деца или деца кои умираат во бегалски кампови може да дојдат во ударните вести, но фокусот и натаму ќе биде како реагираат возрасните на сето тоа наместо да се слушне мислењето на детето.

Доколку постои една работа која е заедничка за децата и за младите, тоа е дека нив никој не ги слуша. И покрај тоа, овие деца имаат интересни размислувања кои би можеле да им ги соопштат на возрасните. Тие живеат заедно со возрасните во истата психолошка и социјална средина и на свој начин го доживуваат влијанието на криминалот или на економските и на законските промени.

Кога децата се претставени во медиумите, тие обично се предмет на стереотипи. Назначувањето на новинари кои се специјализираат во прибирањето приказни и размислувања од деца во врска со важни новински настани, е еден од начините со помош на кој медиумите треба да започнат да воведуваат рамнотежа. Исто така, би било корисно и развивањето мрежи составени од млади новинари кои можат да донесат свежи ставови пред светот.

Разбирањето на начинот на кој младите го гледаат светот околу нив и пренесувањето на таа визија до јавноста е еден од најголемите предизвици за новинарите кои се недоволно обучени за работа со децата. Тие имаат задача да ги прикажуваат децата на правичен начин, без да им се нанесе какво било зло во прибирањето и објавувањето на информациите.

Рамнотежата меѓу новинарската обврска да се каже вистината и потребата да се заштитат децата е полна со тешкотии и со етички прашања. Дали новинарите треба да интервенираат во животите на децата кои се загрозени? Дали новинарите треба да ги интервјуираат децата откако децата преживеале некој трауматичен настан? Во какви околности би било соодветно да се објави, односно да не се објави, во целост идентитетот на децата?

Општоприфатено е дека приватноста на младите лица треба да биде позаштитена од онаа на возрасните. Сепак, во многу држави не постојат закони кои забрануваат употреба на имиња, зборови или слики на деца кои се согласиле да бидат интервјуирани во јавноста.

Кога се донесуваат одлуки за тоа како да се постапи, секогаш треба да надвладее најдобриот интерес на детето. Новинарите треба да имаат цел да го минимизираат лошото што може да им се случи на децата, како при интервју така и во однос на веројатните последици од она што се објавува.

Заштитата на добросостојбата на децата и младите не треба да оди спротивно на добрата новинарска практика. Се' што е потребно е новинарите себеси да си поставaт неколку основни прашања:

- Дали малолетните деца се интервјуирани со согласност од возрасните? Дали постои законски контекст во кој може да се направат интервјуа со деца?
- Дали интервјуто е направено на начин кој е приемчив за детето, вклучувајќи и давање доволно време во соодветна средина?
- Дали се земени предвид потенцијалните последици од коментарите на детето (и краткорочните и долгорочните) и дали тие им се објаснети на децата кои се интервјуирани?
- Дали е направено се' што треба за да се обезбеди дека децата се заштитени по објавувањето на вестите и дали постојат системи за поддршка доколку и други деца контактираат со медиумот?
- Дали на децата им е кажано што ќе се направи со она што тие го кажале и дали им е дозволено да го видат крајниот производ.

Со појавата на новински вести кои известуваат во реално време, едноставните правила за работење со млади лица се од суштинско значење за вработените кои работат со тесни рокови. Си-Ен-Ен има изготвено список на повеќе фактори кои треба да се земаат предвид кога се донесува одлука дали да се прави интервју со деца или не во врска со одредени ударни вести. Овие фактори се:

- возраста и зрелоста;
- степенот на насилството;
- каква е поврзаноста на детето со која и да е од жртвите;
- дозвола од родителите;
- дали интервјуто е во живо или снимено.

Би-Би-Си, исто така, има строги инструкции за работа со децата: Види: *Уреднички принципи на Би-Би-Си за работа со децата.*

Децата често искажуваат нешто што мислат дека треба да го кажат, но тоа не е секогаш она што тие навистина имале намера да го кажат. Истражувањата покажуваат дека децата даваат поточни информации кога им се дава време слободно да ја раскажат својата приказна наместо да им бидат поставувани директни прашања. Индиректните прашања може да дадат поголема безбедност за детето.

Иако можеби е добро да се обезбеди присуство на возрасни лица кои им се познати на децата кога се прави интервју, најточни информации ќе се обезбедат кога децата се опкружени со свои врсници. Како и да е, во суштина е мошне важно да се обезбеди согласност од соодветното возрасно лице (родител или старател) доколку е тоа можно.

Иако општото правило треба да биде да се побара дозвола од соодветно возрасно лице и да се обезбеди дека темата која се обработува во интервјуто не е премногу вознемирувачка, има теми за кои не претставува проблем да се побара мислење од децата. На пример, прилог во врска со исхраната или за тоа што јадат децата може да биде надополнет со *vox pop* на децата кои кажуваат што сакаат да јадат, колкав џепарлак имаат итн.

**Користење на децата во фотографии и слики**
Некои од најсилните слики на трагедии, конфликти, природни катастрофи и надеж кои ги претставуваат медиумите имаат деца во нив. На пример, деструктивната сила на напалмот секогаш ќе остане во паметењето на сите што го виделе деветгодишното момче Пан Ти Ким Пук како трча голо по еден пат во Виетнам. Оваа фотографија во 1972 година на Ник Ут му ја донесе меѓународната награда World Press Photo. Вреди да се дискутира за тоа дали оваа фотографија треба да се објави денес и, ако не треба, зошто не треба? Дали објавувањето на оваа фотографија е во интерес на детето, или има поширок контекст (војната во Виетнам како причина за нејзиното објавување)?

Оваа фотографија е достапна на:
http://www.worldpressphoto.org/index.php?option=com_photogallery&task=view&id=177&Itemid=115&bandwidth=high

Насилниот аспект на ваквите фотографии е што ги идентификуваат децата – тоа се вистински луѓе, со име и презиме и со своја животна приказна. Сепак, идентификувањето на децата без да се дадат нивните имиња може да биде фатално. Идентификувањето на дете-војник во еден западен весник имаше за последица убиство на тоа дете кое се наоѓаше илјадници милји далеку од таа африканска држава втурната во воениот виор. Оние што ги злоупотребуваат децата не сакаат да имаат никакви сведоци за тоа што го правеле. За време на косовската криза уредниците во балканските земји одлучија да користат фотографии на деца кои се протерани во егзил поради тоа што го знаеја ризикот од идентификувањето на потенцијалните сведоци на судењата за воени злосторства. Не постоеше таква воздржаност во други западни медиуми кои увидоа дека моќта на овие фотографии ќе ја поттикне интервенцијата од Обединетите нации и од НАТО.

Користењето фотографии на деца, зафатени во виорот на војната, втурнати во криминал или природни катастрофи бара добро промислување. Фотоновинарите се имаат пожалено дека нивните фотографии се користат несоодветно и надвор од контекст. Лицата кои работат на давањето помош се имаат пожалено дека камерманите монтираат фотографии на деца во бегалски кампови, без, притоа, да бидат свесни дека очигледниот страв и траума кај децата, можеби, се резултат од наглото соочување со странски новинари. Невладините организации кои веднаш го креваат гласот за злоупотреба на детските права во медиумите можат и самите да искористат слики на деца за да обезбедат финансиски средства. Има ли нешто поефектно за прикажување на нивната работа отколку фотографиите на деца?!

> **СЛИКИ И ФОТОГРАФИИ ОД ДЕЦА**
> Децата често се користат во фотографии на војни или несреќи, бидејќи со нив се буди емотивниот апел.
>
> Разгледајте ги фотографиите на добитниците на меѓународната награда World Press Photo на http://www.worldpressphoto.org/ и донесете свој став за користењето на децата во фотографиите.

Во кои околности (и дали воопшто) „вредноста на вестите“ преовладува врз најдобрите интереси на децата? Кои техники се соодветни во создавањето на

слики за децата, особено за прикажувањето на приказни во кои идентитетот на детето може да носи посебен ризик?

UNICEF ги има изготвено следниве инструкции за интервјуирање деца:

**Инструкции на UNICEF за интервјуирање на деца**

1. Да не се повредува ниедно дете. Да се избегнуваат прашања, ставови и коментари кои носат одреден суд, ставови не се чувствителни кон културните вредности, кои го ставаат детето во опасност или го изложуваат на понижување, или кои повторно ја будат болката на детето и жалоста од трауматичниот настан.
2. Да не се врши дискриминација кога се врши избор на децата кои ќе бидат интервјуирани врз основа на полот, расната припадност, возраста, верската припадност, статус, образование или физички способности.
3. Да нема „наместени“ работи: не прашувајте ги децата да ви кажат нешто, или да направат нешто, што не е дел од нивната приказна.
4. Обезбедете дека детето или старателот знаат дека зборуваат со новинар. Објаснете ја целта на интервјуто и за која намера ќе се користи тоа.
5. Обезбедете дозвола од детето или од неговиот старател за сите интервјуа, снимања и, кога е можно, за фотографирања. Секогаш кога тоа е можно и соодветно, ваквата дозвола (одобрување) треба да биде дадена написмено. Дозволите мора да се обезбедат во околности кои обезбедуваат дека детето и старателот не биле присилувани на каков и да е начин и дека разбираат оти се дел од прилог и приказна која би се дисеминирала на локално и на глобално ниво. Ова обично се обезбедува само доколку дозволата се обезбеди на јазикот на детето и доколку одлуките се носат во консултација со возрасно лице на кое му верува детето.
6. Обрнете внимание каде и како се интервјуира детето. Ограничете го бројот на лица кои го вршат интервјуто и кои фотографираат. Обидете се да обезбедите дека децата се чувствуваат опуштено и дека се во можност да ја раскажат својата приказна без надворешен притисок, вклучувајќи и притисок од новинарот. Во интервју за телевизија или за радио размислете каков избор на визуелна или на звучна заднина би била соодветна за детето и/ или за неговиот живот и приказна. Обезбедете дека детето нема да биде загрозено или сериозно засегнато со прикажувањето на неговиот дом, заедница или општи податоци.

**По самото интервју...**

- Заблагодарете им се на времето што го одвоиле да разговараат со вас.
- Запрашајте ги дали имаат тие некакви прашања за вас.
- Размислете да им го компензирате времето кое го поминале со вас (особено, на пример, за деца кои работат или кои се на улица), но оваа компензација да не биде со пари, туку во време. Плаќањето за приказни може да води кон извртување на нештата, бидејќи луѓето често ќе му даваат на новинарот такви информации кои сметаат дека тој ги сака, особено ако посензационалните информации носат и повеќе пари.
- Објаснете им уште еднаш за што ќе се користи тој прилог, и направете и тие да добијат снимка од него.

- Прашајте ги дали сакаат нешто да не биде објавено, или дали сакаат промена на името или на какви било други детали.

**Save the Children - Инструкции за интервјуирање на децата**

***Подготовки***

Бидете свесни за своите ставови спрема децата. Не поставувајте се над нив и не покажувајте повеќе отколку што знаете. Ставете се себеси на нивно место и третирајте ги со почит.

Објаснете детално што правите и зошто сакате да разговарате со нив. Покажете им примери од други претходни интервјуа со деца. Објаснете за која цел ќе го користите материјалот и побарајте дозвола за тоа. Бидете искрени за она што го правите и не зголемувајте им ги очекувањата (на пример, пари, вработување, медицинска нега).

Доколку ви е потребен преведувач, изберете некој што добро се поставува спрема децата, некој што нема да ги заплашува и некој што ја разбира целта на интервјуто. Кажете му на преведувачот да ви преведе се', да ви ги каже буквално зборовите на децата, а не само да би даде резиме за тоа што го кажува детето.

Користете уред за снимање (освен ако не сте извонредно вешти со стенографија). Доколку не постапите вака може да се загуби оригиналниот исказ на детето.

Најдете соодветно место (внатре или надвор) кое е мирно и на кое детето ќе се чувствува опуштено и пријатно. Може и тоа самото да го одбере местото.

Обезбедете дека возрасните не ви пречат – освен преведувачот и, евентуално, лицето кое работи на тој проект, наставник или друго возрасно лице кое детето го познава и на кое му верува.

Корисно би било да се врши интервју со мала група од две до пет деца за да може да добиваат поддршка и идеи еден од друг. Но размислете и за тоа како ќе прикажете кој што кажува.

Обидете се да создадете опуштена атмосфера. Нека има муабет, игра, нека се слушнат себеси од снимката. Бидете на нивно ниво – на пример, седете сите заедно на подот.

Донесете нешто лично (фотографии или сл.) кои може да им ги дадете за да ги опуштите пред интервјуто.

***За време на интервјуто***

Децата нека го водат темпото на разговорот и нека ја раскажат приказната во време колку што им е потребно ним.

Внимавајте со „етикетирањата" (на пример „проститутка" наместо „сексуален работник") кои тие не ги сакаат.

Почнете со лесни прашања (нивно име и презиме, возраст, каде живеат). Обраќајте им се непосредно, по име!

Поставувајте отворени прашања! Избегнувајте премногу затворени прашања (на пример, „дали...“) кои бараат одговор со „да“ или „не“!

Можеби ќе треба да поставите прашања на неколку различни начини пред да ја добиете информацијата која ви е потребна. Потребно е ненаметливо да се инсистира, да се зборува околу темата, па дури и да им се даде предизвик на децата во смисла на тоа да размислат за прашањата кои ги поставувате.

Бидете свесни кога детето се чувствува непријатно и не притискајте го да зборува за чувствителни теми. Бидете подготвени да го завршите интервјуто или да преминете кон помалку чувствителни теми доколку премногу се вознемират.

**Предлог за дополнителна литература**
Канадската мрежа за медиумска свест има изготвено инструмент за млади за медиумите, во кој има посебен дел за младите насловен како „Кои се моите права“. Во овој дел се содржани совети доколку се интервјуирани од медиуми. http://www.media-awareness.ca/english/index.cfm

Potner Институтот во САД на својата интернет-страница има ставено бесплатни инструкции наменети за сите што се заинтересирани за тоа како да работат одговорно со младите: http://www.poynter.org/

Save the Children UK има објавени проспект со наслов *„Како се врши интервју со деца – прирачник за новинари и други* во кој се содржани инструкции за тоа како се интервјуираат деца. Овој прирачник е мошне корисен за новинарите во печатените и во електронските медиуми, за оние што работат во дескoвите и во некои други медиумски куќи: www.savethechildren.org.uk.

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

### Порно видеоклип на средношколки емитуван на национална телевизија

Порно видеоклип на две средношколки од Битола беше прикажан на телевизијата ,,Канал 5,, во февруари 2007 година како ударна вест во Дневникот во 19 часот и 30 минути. Наводно, целта на прилогот беше да информира за девијантните појава меѓу средношколците да шират порно видео клипови на свои врсници преку мобилни телефони. Наместо тоа, со благо замаглување, тие прикажаа голем дел од клипот, со што се вклучија во ширењето на недозволените материјали на најмасовен начин.

Прилогот на ТВ ,,Канал 5,, главно се сведуваше на прераскажување на снимката и коментарите меѓу учениците кои го ширеле клипот.

Во дневниот весник ,,Утрински весник,, последователно беа објавени два текста на оваа тема. На 28 февруари 2008 година ,,Утрински,, осамна со наслов ,,Порно видеоклипови кружат и меѓу битолските средношколки,,.

> - И битолските средношколци во скопска шема. Тие го прифатија трендот на своите врсници и побрзаа сексуалните сеанси да ги разменуваат преку видеоклипови. Меѓу средношколците во Битола на нивните мобилни телефони се пренесуваат снимки на кои 16-годишна девојка има сексуален однос со две години постаро момче пред очите на 12-мина соученици. Сеансата ја продолжува нејзина другарка која, исто така, ужива во чинот пред своите врсници. Порно видеоклипот трае околу 2 минути, пред крајот се забележува дека една од девојките изненадена го прекинува сексуалниот чин со силен вресок, дознавајќи дека е снимена на мобилен телефон од еден од присутните. Претставата се одигрува во викендичката на малолетната И.Б., главна актерка во клипот, во битолското село Ротино каде што се славело роденден. И двете девојки веднаш се идентификувани од своите врсници. Тие се ученички во втора година во гимназијата „Таки Даскалот“ во Битола. Директорката на училиштето Елизабета Наумовска не сакаше да го коментира случајот со образложение дека професорите немаат обврска да ги контролираат децата надвор од училишните клупи. „По она што се случи во Скопје, прочитавме соопштение да не се носат мобилни телефони на училиште, а одржавме и посебно предавање токму на оваа тема“, вели Наумовска. Според началничката на Подрачната единица на Министерството за образование во Битола, Снежана Петровска, засега нема случај. „Неофицијално од меѓусебни разговори со колегите запознати сме за видеоклиповите, но додека официјално кај нас не се пријави инцидентот, не можеме ништо да преземеме“, вели Петровска. Случајот не е пријавен во полиција.

По овој краток информативен текст, следниот ден на први март 2007 година, ,,Утрински,, објави текст со наслов ,,Секс- скандалот ја потресува Битола, но нема тужби,,. Текстот има поаналитичен пристап, се отвора прашањето за префрлањето на вината за паднатиот морал меѓу родителите и професорите, но и ,,Утрински весник,, не одолева на искушението да објави замрзната фотографија од видеоклипот на кој е снимена 16- годишната девојка од грб.

Полицијата и обвинителството по скенирањето на видеоклипот констатирале дека нема елементи на кривично дело во овој случај.

Новинарот на ,,Утрински,, вели дека од снимениот материјал може да се забележи дека двете тинејџерки се снимени против нивната волја.

Според членот 152 од Кривичниот законик, тој што ги направил снимките без согласност на девојките може да сноси одговорност со казна затвор до една година само ако жртвите го пријават случајот и поведат приватна тужба. Малолетничките не го сториле тоа.

Членот 193, пак, предвидува затворска и парична казна за оној што ќе злоупотреби малолетно лице за изработка на аудио и визуелна снимка со порнографска содржина. Извори на Обвинителството за ,,Утрински,, изјавиле дека нема елементи за кривично гонење на оние што снимале, со образложение дека нема експлицитен полов акт.

Во првиот напис, ,,Утрински весник,, го идентификува средното училиште со полн назив, има изјава од директорката, ја именува едната малолетничка со иницијали, го идентификува местото каде што е снимен клипот.

Во вториот текст, ,,Утрински,, и приоѓа поаналитично на темата, давајќи и општествен контекст- затајувањето на родителската грижа, воспитната функција на училиштето и ерозијата на моралот кај младите. За таа цел, има изјави на средношколци кои тврдат дека снимените девојки се однесуваат како холивудски ѕвезди откако се рашириле клиповите, изјава на директор на друго средно училиште од Битола и изјава на родител. Новинарска грешка е објавената фотографија.

Во делот каде што се зборува за кривичната одговорност, изворите од полицијата и обвинителството не се именувани.

Со прилогот, ,,Канал 5,, го прекрши Кодексот на новинарите.
Според член 7 од Кодексот на однесување на новинарите, новинарот е должен да ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Објавувањето на порно видеоклип на 16-годишни девојчиња не претставува јавен интерес.

Исто така, со прилогот се прекршува и член 10 од Кодексот кој гласи: ,,Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...),,.

Еден од принципите на Меѓународната федерација на новинари е: Третманот на вестите и информациите како ,,добро кое се продава на пазарот,, не смее да надвладее ниту, пак, да се меша со обврската која ја има новинарот да ја информира јавноста, како и со тоа дека медиумите мора да се управуваат според највисоките стандарди за транспарентност и отвореност. Со прилогот, ТВ Канал 5 во целост го погази тој принцип.

Линкови:

Текст во ,,Утрински весник,,- ,,Порно видеоклипови кружат и меѓу битолските средношколки,,
http://www.utrinski.com.mk/?ItemID=8EF8FE9D6012244592578D428B457C59

Текст во ,,Утрински весник,,- ,,Секс- скандалот ја потресува Битола, но нема тужби,,
http://www.utrinski.com.mk/?ItemID=A35BD36EBB08DE4B99655ECDD6CBC43C

## РЕАКЦИИ НА СУДОТ НА ЧЕСТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИ НА РМ

### Жртвата повторно жртва

Советот на честа при Здружението на новинарите на Македонија најостро реагира на повторената практика на Канал 5 телевизија во информирањето за семејно и сексуално насилство – недоволно да го заштити идентитетот на малолетната жртва.

Иако веќе е предупредувана, телевизијата повторно на 13. 02. 2009 година, известувајќи за нов случај на насилство и негрижа врз дете во струшкото село Лабуништа, не му одолеа на сензационалистичкиот порив – да ја интервјуира мајката на жртвата, да ја сними куќата каде што се наоѓа жртвата, надворешноста и внатрешноста на домот, но и самото девојче снимено од грб, со што практично за сите кои живеат во тоа место го откри нејзиниот идентитет.

Советот потсетува дека објавувањето или недоволната заштита на идентитетот на жртвите на криминалот, информирањето за детали од злосторството кои немаат оправдување во јавниот интерес, особено доколку станува збор за такви деликатни случаи како што е сексуално и семејно насилство, секогаш ја изложува жртвата на уште поголема траума и ја зголемува трагедијата.

Советот апелира и до институциите кои преку медиумите ја алармираат јавноста за овие случаи, при давањето на информацијата да инсистираат на зачувување на приватноста, идентитетот и достоинството на жртвите.

Скопје, 19.02.2009

Линк:

http://www.znm.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=112%3A------5&catid=39%3A2009-03-25-21-02-26&Itemid=79&lang=mk

### Снимки од сообраќајна несреќа

Советот на честа жестоко ја осудува постапката на ТВ А1 која на 08.08.2009 ги објави снимките од сообраќајната несреќа во која загинаа мајка и ќерка, државјани на Република Србија.

Советот смета дека прикажувањето на снимките на човечки тела (дотаму изгорени што мора да бидат отклонети со лопати) е непримерено, непрофесионално и во спротивност со членовите 7 и 8 од Кодексот на новинарите кои бараат „почитување на приватноста и личната болка и жалост“ и во „случаи на несреќи,,, известувањето да биде ослободено од сензационализми“.

Општоприфатена  практика во светот е ваквите снимки доколку мораат да бидат објавени  во полза на јавниот интерес, да бидат замаглени не само за да се заштитат членовите на семејството на жртвите туку и гледачите воопшто.
Во  објавувањето на снимките на ТВ А1 од местото  на несреќата во прилогот на дописничката Сузана Тасева – Советот на честа  не може да препознае јавен интерес.

Скопје, 11.08.2009

Линк:
http://www.znm.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=153%3A-1&catid=39%3A2009-03-25-21-02-26&Itemid=79&lang=mk

## СОВЕТ НА ЕВРОПА

## ПРЕПОРАКА БР. П. (2000) 7 НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ ДО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ ЗА ПРАВОТО НА НОВИНАРИТЕ ДА НЕ ГИ ОТКРИВААТ СВОИТЕ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

(Усвоена од Комитетот на министри, на 08 март 2000 година, на 701-от состанок на замениците министри)

Комитетот на министри, според условите на член 15б од Статутот на Советот на Европа,

Имајќи го предвид фактот дека главната цел на Советот на Европа е да се постигне поголемо единство помеѓу неговите членови, со цел да се гарантираат и реализираат идеалите и принципите што се нивно заедничко наследство;

Повикувајќи се на обврската на земјите членки за почитување на основното право за слобода на изразувањето, загарантирано со член 10 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи;

Потврдувајќи дека правото за слободата на изразувањето и информирањето претставува еден од есенцијалните темели на демократското општество, како и еден од основните услови за неговиот прогрес и развојот на секој поединец, како што е изнесено во Декларацијата за слободата на изразувањето и информирањето од 1982 г.;

Потврдувајќи ја потребата на секое демократско општество да обезбеди соодветни средства за промовирање на развојот на слободни, независни и плуралистички медиуми;

Прифаќајќи дека слободата и непопречувањето на новинарството се содржани во правото за слобода на информирањето и дека тоа е основен предуслов за правото на јавноста да биде информирана за прашањата од јавен интерес;

Убедени дека заштитата на новинарските извори на информации претставува основен услов за новинарската работа и слобода, како и за слободата на медиумот;

Потсетувајќи дека голем број новинари во професионалните кодекси на однесување ја имаат изразено нивната обврска да не ги откриваат своите извори на информации во случај да ги добиле доверливо;

Потсетувајќи дека заштитата на новинарите и нивните извори е вклучена во правните системи на некои од земјите членки;

Потсетувајќи дека правото на новинарите да не ги откриваат изворите на информации, носи и должности и одговорности, и како што е утврдено во член 10 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи;

Свесни за Резолуцијата на Европскиот Парламент од 1994 за доверливоста на новинарските извори и за правото на службениците да ги обелоденат информациите;

Имајќи ја предвид Резолуцијата бр. 2 за новинарската слобода и човекови права од 4-та Европска министерска конференција за политиката на масовните медиуми одржана во Прага 1994г., и потсетувајќи на Препораката бр. П (96) 4 за заштита на новинарите во ситуации на конфликт и тензии;

Им препорачува на Владите на земјите членки:

1. да ги имплементираат во домашното право и практика принципите приложени кон оваа Препорака,

2. да ја дистрибуираат оваа Препорака и приложените принципи онаму каде што е возможно со превод и

3. да ги предочат особено на јавните власти, полициските власти и судството, како и да ги направат достапни за новинарите, медиумите и нивните професионални организации.

**Додаток на Препораката бр. П (2000) 7**

Принципи во врска со правото на новинарите да не ги откриваат изворите на информации

Дефиниции

За целите на оваа Препорака:

а. поимот "новинар" го подразбира секое физичко или правно лице кое е редовно или професионално ангажирано во прибирање и ширење на информации во јавноста преку средствата за масовна комуникација;

б. поимот "информација" подразбира одредена изјава или факт, мислење или идеја во форма на текст, звук или слика;

ц. поимот "извор" подразбира одредено лице кое му обезбедува информација на новинарот;

д. поимот "информацијата го разоткрива изворот" подразбира, степен на веројатност информацијата да го идентификува изворот:

д 1. името и личните податоци како и гласот и ликот на изворот,

д 2. фактичките околности според кои новинарот се стекнува со информација од изворот.

д 3. необјавената содржина на информацијата обезбедена од изворот до новинарот,

д 4. личните податоци на новинарите и на нивните работодавци поврзани со нивната професионална работа.

Принцип бр. 1 ( право на новинарите за неоткривање)

Домашното право и практика на земјите членки треба да обезбедат јасна и експлицитна заштита на правото на новинарите да не ја откриваат информацијата што може да го разоткрие изворот, во согласност со членот 10 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (во понатамошниот текст: Конвенција) и тука поставените принципи, што се сметаат за минимум стандарди за почитување на ова право.

Принцип бр.2 ( право за неоткривање на други лица)

Други лица кои поради нивната професионална поврзаност со новинарите се запознаваат со информација што го разоткрива изворот, преку прибирање, редактирање или ширење на оваа информација, треба да бидат подеднакво заштитени со принципите утврдени тука.

Принцип бр.3 (ограничувања на правото за неоткривање)

а. Правото на новинарите да не ги откриваат информациите што го разоткриваат изворот не смее да биде предмет на други ограничувања освен на оние споменати во членот 10, параграф 2 на Конвенцијата. При определувањето дали легитимниот интерес за откривање на информацијата спаѓа во доменот на член 10, параграф 2 од Конвенцијата, поважен е јавниот интерес за неоткривање на информацијата што го разоткрива изворот, затоа компетентните власти од државите членки треба да обрнат особено внимание на значењето на правото за неоткривање и на местото што му е дадено во прецедентното право на Европскиот Суд за човекови права, и можат да наредат откривање само ако (предмет на параграф б) постои нагласен јавен интерес и ако околностите се доволно важни и со сериозна природа.

б. Откривањето на информацијата што го разоткрива изворот не треба да се смета за неопходно, освен ако убедливо се утврди дека:

б.1. не постојат разумни алтернативни мерки за откривање или, пак, се исцрпени од лицата или јавните власти кои го бараат откривањето, и

б.2. легитимниот интерес за откривање јасно претежнува над јавниот интерес за неоткривање, имајќи предвид дека:

- нагласената потреба за откривање е докажана,

- околностите се доволно важни и со сериозна природа

- нужноста од откривањето е идентификувана како одговор на

- притисокот на општествените потреби и

- земјите членки уживаат одредена маргина на почитување во проценувањето на оваа потреба, но оваа маргина оди рака под рака со супервизијата од Европскиот Суд за човекови права.

ц. Гореспоменатите барања треба да се применат во сите етапи на постапките каде што правото на неоткривање може да биде повикано.

Принцип бр. 4 (алтернативна евиденција на новинарските извори)

Во правната процедура против новинарот врз основа на наводна повреда на честа или угледот на некое лице, властите треба да ги земат предвид, со цел да се утврди вистината или во спротивно обвинувањата, сите докази што ним им се достапни според националното процедурално право и не смеат за таа цел од новинарот да бараат откривање на информацијата што го разоткрива изворот.

Принцип бр. 5 (Услови што се однесуваат на откривањата)

а. Предлогот или барањето за иницирање на каква било акција од страна на компетентните власти за откривање на информацијата што го разоткрива изворот треба да биде дадено само од луѓе или јавни власти кои имаат директен легитимен интерес од откривањето.

б. Новинарите треба да бидат информирани од надлежните органи за нивното право да не ја откријат информацијата што го разоткрива изворот, како и за ограничувањата на ова право пред да се побара откривањето.

ц. Санкциите против новинарите поради неоткривање на информацијата што го разоткрива изворот можат да бидат наметнати само од судските власти за време на судската постапка која дозволува сослушување на засегнатите новинари во врска со членот 6 од Конвенцијата.

д. Новинарите треба да имаат право на разгледување на нивната санкција за неоткривање на информацијата што го разоткрива изворот од друга судска власт.

е. Во случаите кога новинарите одговараат на барањето или наредбата да ја откријат информацијата што го разоткрива изворот, надлежните власти треба да размислат за мерки за ограничување на степенот на откривање, на пример, со исклучување на јавноста од откривањето, кога е релевантно, односно со почитување на членот 6 од Конвенцијата, а и самите да ја почитуваат доверливоста на ваквото откривање.

Принцип бр.6 (Прислушкување на комуникациите, надзор и судска истрага и конфискување)

а. Следните мерки не треба да се применуваат доколку нивната цел е да се попречи правото на новинарите , под условите на овие принципи, да не ја откријат информацијата што го идентификува изворот:

а.1. наредбите или активностите за прислушкување на комуникациите или кореспонденцијата на новинарите или нивните работодавци.

а.2. наредбите или активностите за надзор што се одесуваат на новинарите, нивните контакти или работодавци, или

а.3. наредбите или акциите за истрага или коинфискување на приватниот или деловниот простор, личната сопственост или кореспонденцијата на новинарите или нивните работодавци или лични податоци поврзани со професионалната работа.

б. Во случаите кога информацијата што го разоткрива изворот е прописно обезбедена од полицијата или судските власти со која било од горенаведените акции, иако ова можеби и не било цел на овие акции, треба да се преземат мерки за да се спречи понатамошната употреба на оваа информација како доказ пред судот, освен ако откривањето е оправдано врз основа на принципот бр. 3.

Принципот бр.7 ( заштита против само-компромитирањето)

Овде утврдените принципи на ниеден начин не треба да ги ограничат националните закони во заштитата против самокомпромитирањето во криминалните постапки, и новинарите, до степен до кој се применуваат таквите закони, треба да уживаат таква заштита во врска со откривањето на информацијата што го разоткрива изворот.

## 6. ДЕЦАТА ВО ВООРУЖЕНИТЕ КОНФЛИКТИ

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- Децата-војници како приказна
- Контекст, војна, цивилни немири, пропаѓање на граѓанското општество
- Сензационализмот на прашањето за деца војници
- Пренесувањето на искуството во други приказни

Прашањето за деца војници стана главна приказна во медиумите. Прилозите во кои има деца-војници покренуваат големи и сложени прашања не само од аспект на правата на децата, туку, исто така, и големи етички прашања кои имаат врска со известувањето во воени услови и граѓански конфликти.

Централната точка тука е сензационализмот. Дали е во ред да се покажат фотографии на деца во зони на конфликт кои не би биле покажувани во области во кои нема конфликт? Дали прикажувањето на 11-годишно момче како носи воена униформа и *калашников* кој е голем, речиси, колку него покренува сериозни прашања или е тоа само добра фотографија за насловна? Дали новинарите имаат обврска, кога прикажуваат деца-војници, исто така, да се осврнат и на обиди за повторно интегрирање на овие деца во општеството?

Детето војник е приказна која трае. Како и секоја друга приказна која долго време се експлоатира во медиумите, заморот од неа ќе придонесе таа да избледи. Сепак, новинарите треба да гледаат од различни агли (на пример, како овие деца повторно се интегрираат) и да најдат начини да го држат ова прашање актуелно во јавноста.

**Членот 38 од Конвенцијата за правата на детето предвидува заштита на децата за време на војна:**

Во случај на вооружен судир, деца и млади треба да бидат заштитени на најдобриот можен начин. Земјата-потписничка треба да се погрижи за тоа во војна директно да не учествуваат деца помлади од 15 години. При мобилизација на млади кои немаат 18 години, приоритет имаат најстарите.

Во 2000-та година Обединетите нации донесоа Опционален протокол кон Конвенцијата за правата на детето во врска со инволвирањето на децата во вооружен конфликт. Протоколот забранува вооружено регрутирање на деца помали од 18 години или нивна употреба во злосторнички активности. До денес овој Протокол е ратификуван од повеќе од 110 држави.

Регрутирањето и употребата на околу 300 000 момчиња и девојчиња во вооружени конфликти низ целиот свет сега е широко прифатено како прекршување на правата на децата, нешто што бара силен меѓународен одговор.

Како последица од вооружените конфликти децата да не можат да го проживеат своето детство, и тоа на повеќе начини. Децата кои се регрутирани како војници немаат образование и заштита и тие многу често немаат пристап до најосновните здравствени услуги. Оние што се раселени или одвоени од своите семејства се соочуваат со слични вакви проблеми. Конфликтите го зголемуваат ризикот детето

да биде подложно на злоупотреба, насилство или експлоатација. Сексуалното насилство многу често се користи како оружје во војна.

Дури и децата кои можат да останат со своето семејство и во својот дом, може да се соочат со поголем ризик од исклучување од училиште и од системите за здравствена заштита поради уништувањето на физичката инфраструктура и објектите, пречките во здравствената заштита и системите за образование и значителната лична несигурност предизвикана од конфликтите или од остатоците, како што се нагазните мини и неексплодираните убојни средства.

Во повеќе од 20 држави од целиот свет децата се директни учесници во војна. Многу често тие се подложни на ужасни насилства и проценките се дека од 200 000 до 300 000 деца се војници во бунтовнички групи и владини сили во актуелни вооружени конфликти. Овие млади борци учествуваат во сите аспекти на модерното војување. Тие ракуваат со AK-47, M-16 на фронталните линии на борбата, служат како живи детектори на мини, учествуваат во самоубиствени мисии, донесуваат набавки и дејствуваат како шпиони или стражари.

На пример, илјадници деца беа регрутирани од Комунистичката партија на Непал за време на десетгодишната граѓанска војна во оваа држава. Децата служеа на првите фронтални линии, имаа обука за ракување со оружје и вршеа суштински воени задачи и логистичка поддршка за маоистите. Дури и по потпишувањето на сеопфатен мировен договор со Владата во ноември 2006 година, маоистите продолжија да регрутираат деца и одбиваа да ги ослободат од своите сили.

За време на 13-годишната граѓанска војна во Бурунди, децата беа регрутирани и користени како војници и како логистика од сите страни во конфликтот. Повеќе од 3 000 деца беа демобилизирани, но една од бунтовничките групи (Forces Nationales pour la Libération, FNL) продолжи да ги користи децата како борци и за разни логистички задачи. Освен тоа, десетици деца кои служеа или кои беа обвинети дека им служеле на FNL се во државните затвори, без никаква поддршка.

Децата се мошне послушни војници, бидејќи се физички ранливи и можат лесно да бидат заплашени. Многу од децата се грабнати или регрутирани насила, и се принудени да ги следат наредбите под смртна закана. Други, пак, се приклучуваат на вооружени групи поради очај. Бидејќи целото општество се руши за време на вооружен конфликт (со што децата немаат пристап до образование, протерани се од дома или се одвоени од своето семејство), многу деца ги гледаат вооружените групи како најдобра шанса за преживување. Други во нив бараат излез од сиромаштијата или им се приклучуваат на вооружените групи поради одмазда на членови на семејството кои биле убиени.

Кој регрутира деца војници?

Според Глобалниот извештај за деца војници 2004 на Коалицијата да се запре користење на деца војници, деца војници регрутираат:

- влади: на пример, Бурунди, Демократска република Конго, Гвинеја, Либерија, Мјанмар, Судан и Уганда;

- парамилитарни групи и полиција поддржани од владата: на пример, Колумбија, Сомалија, Судан, Зимбабве и Уганда;

- недржавни вооружени групи (сили на опозицијата од различни видови, вклучувајќи групи на воени диктатори, бунтовници и терористи): на пример, во Авганистан, Чеченија, Колумбија, Демократска Република Конго, Индија, Лаос, Непал, Нигерија, Шри Ланка, Судан, Јемен и Уганда.

**Факти за децата-војници**
Иако не постојат точни податоци, стотици илјади деца под 18 години служат во владини вооружени сили или во вооружени бунтовнички групи. Некои се дури и на осумгодишна возраст.

Од 2001 година учеството на деца-војници е потврдено во 21 актуелен или завршен вооружен конфликт во, речиси, секој дел од светот.

Децата се особено подложни на воено регрутирање поради нивната емотивна и физичка незрелост. Со нив може лесно да се манипулира и се вовлекуваат во насилство поради тоа што се премногу млади за давње отпор, од една страна, но и поради тоа што не разбираат во што се вовлекуваат, од друга.

Технолошкиот напредок на оружјето и зголемувањето на бројот на лесно оружје придонесе кон поголемото учество на децата-војници. Лесното автоматско оружје е едноставно за ракување, лесно е достапно и децата можат да го користат исто толку лесно како и возрасните.

Многу е веројатно децата да станат војници доколку се сиромашни, одвоени од своите семејства, раселени од дома, доколку живеат во зони на вооружени судири или доколку имаат ограничен пристап до образованието. Многу деца се приклучуваат на вооружени групи поради економски или социјален притисок или поради тоа што детето верува дека групата ќе понуди храна или сигурност. Други, пак, се регрутирани насила, присилени или грабнати од вооружени групи.

И момчињата и девојчињата се користат како деца-војници. Во некои земји (Непал, Шри Ланка и Уганда) третина од сите деца војници се девојчиња. Во некои вооружени конфликти девојчињата може да бидат силувани или да им бидат давани на воените команданти како нивни „жени“.

Децата понекогаш се присилени да прават ѕверства против сопствените семејства или соседи. Ваквите практики придонесуваат кон целосно стигматизирање на детето и тоа да не биде во можност да се врати во својата заедница и дом.

Во некои држави поранешните деца-војници имаат пристап до програми за рехабилитација кои им помагаат да се обединат со своето семејство, да се вратат на училиште, да добиваат стручна обука и повторно да влезат во обичниот живот. Сепак, многу деца немаат пристап до такви програми. Тие немаат начин да си помагаат себеси и се изложени на ризик на повторно регрутирање.

Зајакнувањето на меѓународното право и признавање од страна на Советот за безбедност на Обединетите нации на проблемот со военото регрутирање на децата се мошне важни постигнувања. Сепак, овие иницијативи треба да бидат надополнети со практични мерки и да им даваат на децата, на нивните семејства и на заедниците соодветни алтернативи на регрутирањето т.е. приоритет на ослободувањето и демобилизирањето на децата, како и поддршка на нивната реинтеграција во општеството.

Итен приоритет е демобилизирање од вооружените сили на секој што е на возраст под 18 години. Учеството на децата треба да се признае во сите мировни договори за да може да се направи соодветно планирање на програми за повторна интеграција.

Процесот на повторна интеграција им помага на децата да воспостават нови основи во животот. Повторното воспоставување контакт со семејството и заедницата е важно за поранешните деца-војници кои, можеби, пораснале одвоено од своите семејства и кои биле лишени од многу нормални можности за физички, емотивен и интелектуален развој. Обезбедувањето можности за стручно образование на поранешни деца-војници помага во тоа тие повторно да не се вклучуваат во воени единици и истовремено ја подобрува економската сигурност на нивните семејства.

За поранешно дете-војник образованието е нешто многу повеќе отколку пат кон вработување. Тоа, исто така, може да помогне во нормализирањето на животот и во развивањето идентитет кој е одвоен од оној идентитет што го имало детето како војник. Тешкотијата во оваа смисла се однесува на веројатноста дека поранешните борци може да заостанат во своето образование и да бидат ставени во одделенија со многу помлади деца. Можеби ќе бидат потребни посебни мерки, како што е формирањето посебни одделенија, само за поранешните деца-војници кои потоа може да бидат повторно интегрирани во редовните училишта.

Досега се утврдени неколку мерки кои можат повторно да го зајакнат локалниот капацитет за минимизирање или за спречување на употребата на децата како војници. На пример, локалните заедници треба да бидат повеќе свесни за националните и за меѓународните закони кои ја регулираат возраста за регрутирање. Невладините организации, религиозните групи и граѓанското општество во основа може да играат важна улога во воспоставувањето етички рамки кои го промовираат како неприфатливо учеството на децата во вооружени конфликти. Во Перу насилното регрутирање се намали онаму каде што парохиските цркви се заложија за откажување од ваквите активности. Во Ел Салвадор, Гватемала и Парагвај, етничките групи и мајките на децата-војници имаат формирано организации кои ја притискаат власта да ги ослободи малолетните војници.

Уште една важна превентивна мерка е активното и рано документирање и следење на децата кои немаат никој, кои се во бегство или во кампови за раселени лица. Лоцирањето на бегалските кампови далеку од конфликтните зони може, исто така, да ги намали шансите детето да биде наведено или регрутирано во разни групи.

UNCRC содржи неколку членови кои се однесуваат на ова прашање (тоа се членот 38 за вооружен конфликт и членот 39 за рехабилитациска нега на децата жртви на вооружени конфликти). Освен тоа, на 12 февруари 2002 година стапи во сила Опционалниот протокол за инволвирање на децата во вооружени конфликти. Протоколот бара државите кои ќе го ратификуваат да обезбедат дека децата под 18 години не се регрутираат задолжително во вооружените сили. Тој, исто така, ги повикува државите кои ќе го ратификуваат да направат се' што е можно за да се обезбеди дека членовите на нивните вооружени сили под 18 години не учествуваат во непријателските судири.

> Студии на случај од Велика Британија кои се спротивност на UNCRC во однос на возраста на војниците кои влегуваат во конфликт:
> *http://news.bbc.co.uk/1/hi/uk_politics/478077.stm*
> *http://news.bbc.co.uk/1/hi/uk/6328771.stm*

Опционалниот протокол мора секогаш да се толкува со земање предвид на изворната Конвенција во целина (во овој случај, со земање предвид на принципите на недискриминација, најдобрите интереси за детето, учеството на детето).

Во изминатава деценија во вооружени конфликти се убиени два милиона деца. Во безброј случаи ефектот од учеството во вооружен конфликт врз децата останува нешто што не може да се види. Самите деца е можно да бидат отстранети од јавноста, во институции, на улица или преживуваат како жртви на проституција. Оние што ги загубиле своите родители често се соочуваат со понижување, одбивање и дискриминација, изложени се на тивко страдање поради намалувањето на самодовербата.

> **Децата војници во Шри Ланка:**
> http://news.bbc.co.uk/1/hi/world/south_asia/4712318.stm

Советот на безбедност на ОН и проблемот со децата војници

Од 1998, Советот за безбедност на ОН оддржува годишна дебата за деца и вооружен конфликт.

Резолуција 1379 (ноември 2003) бара од генералниот секретар (ГС) во неговиот годишен извештај да вклучи листа на оние страни во вооружениот конфликт кои регрутираат и користат деца, со што ги повредуваат меѓународните обврски што се применуваат за нив. Во неговиот извештај од 2005 се наведени 42 страни од 11 земји.

Резолуцијата 1539 (април 2004) ја повикува секоја од наведените страни да подготви планови за акција за да се запре регрутирањето и користењето на децата. Покрај тоа, го повикува ГС да подготви план за механизам за систематско и сеопфатно набљудување за да се обезбедат информации за регрутирањето и користењето на деца војници и други злоупотреби извршени против деца погодени од воен конфликт.

Резолуцијата 1612 (јули 2005) Советот за безбедност повикува механизмот веднаш да се примени. Во јуни 2006, до Советот за безбедност беше доставен

првиот извештај од една земја, во кој се разгледуваше ситуацијата во Демократска Република Конго.

**Медиумите и децата во вооружен конфликт**
Присуството на деца-војници во вооружени конфликти низ целиот свет не е веќе само хуманитарна криза, туку и прашање од интерес за медиумите. Телевизиите и весниците пласираат слики на 11-годишни деца кои пушат цигари, носат оружје и сл.  додека, пак, официјалните извештаи на Обединетите нации и организациите на човекови права искажуваат алармантни податоци за она што обично се нарекува „растечки феномен". Децата војници се прикажани и на филм (на пр. *Крвавите дијаманти*) и во романот од Дејв Егерс, а Бред Пит беше продуцент на документарен филм за нив. Но, дали од сиве овие обиди има некоја полза?

На пример, во северна Уганда, Lords Resistance армијата (LRA) имаше деца-војници и привлече големо интересирање од странските медиуми, но многу малку конкретни дејства. Еден студент по право кој работеше во Уганда за потребите на War Child Canada утврди дека: „Многу локални лица го гледаат прашањето на начин преку кој меѓународните медиуми прикажуваат што се случува во северна Уганда. Приказните се фокусираат на докажани трагедии на деца-војници и на „ноќни комутери" (деца кои пешачат километри секој вечер за да избегаат од заканата на LRA), можеби, за сметка на пошироките проблеми, каков што е непостоењето безбедност во камповите за внатрешно раселените лица и неможноста на внатрешно раселените лица да ги исполнат своите основни потреби" ((Војната останува константа во животот на луѓето во северна Уганда. Riddell (2005)). www.law.utoronto.ca/documents/ihrp/report05_Riddell.doc]

Медиумската покриеност влијае и врз приливот на меѓународните донации и, дури и кога се мотивирани од најалтруистички намери, ова може да воспостави „лоши" намери и да има лош ефект врз осиромашеното општество.

Формирана делумно од Светската банка, Комисијата за амнестија во Уганда, која дава законска амнестија за грабнатите војници, започна со повторно дистрибуирање на програмски пакети наменети за повторно населување на повратниците. На неодамнешната конференција на која се дискутираше за повторната интеграција, главните фактори ја искажаа својата загриженост дека таквите пари ќе предизвикаат навреда во камповите, каде што луѓето немаат ништо, со што фактот да се биде бунтовен војник е многу подобра економска алтернатива наместо само да се биде „невино" внатрешно раселено лице.

> **СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: Дневен весник The Observer: „Why we have fallen for Africa‟s lost boys‟:**
> http://observer.guardian.co.uk/review/story/0,,2067762,00.html

Улогата на медиумите во помагањето на јавноста да ги разбере итните потреби е клучна за мобилизирањето на ефективен одговор и спасувањето на животите на децата. Сепак, водечката новинска агенција Ројтерс утврди дека гласот на децата за помош одвај беше видлив во меѓународните медиуми.

AlertNet на Ројтерс направи истражување кај хуманитарните експерти и новинарите кое ги потенцираше најопасните места за децата во светот. Таа ја анализираше глобалната медиумска покриеност во Англија на десетте најактуелни места кои се

во врска со децата. Врз основа на податоците добиени од оние кои беа интервјуирани беше утврдена слаба врска меѓу степенот на страдањето и посветениот простор во медиумите. Наместо тоа, очигледно беше дека медиумското внимание на западните држави ги привлекува геополитичката важност на Ирак, Палестина и Авганистан. Дали новинарот има одговорност спрема децата кои живеат во други конфликтни области?

Како новинар, вие имате одговорност спрема оние деца за кои известувате. Она што вие го креирате како производ ќе биде примено од луѓе кои, можеби, немаат никакво искуство со ужасните настани низ кои поминале децата. Вашата тема може да стане предмет на сожалување од странците, предмет на симпатија, па дури и на великодушност. Но што ќе се случи со децата кои биле ангажирани од новинарот?

На пример, бегалските кампови може да бидат ужасни места за возрасните (да не зборуваме за децата). Лицата кои работат на доставување на помошта се жалат дека пристигнувањето на странските медиуми може да значи засилување на траумите кои ги чувствуваат децата. Тоа, исто така, може да покрене погрешни очекувања кај оние што имаат одредена идеја за улогата на медиумите.

За да се спротивстави на ова, фондацијата Media Wise Trust за новинарска етика изготви водич за новинарите кои ги интервјуираат децата во време на војна или за време на катастрофи, за да се избегне ненамерното предизвикување штета или лоши работи кога, всушност, примарна цел е да се „излезе“ со приказна.

**Media Wise Trust: Инструкции за новинарите кои ги интервјуираат децата во време на војна или катастрофи**

**1. Секогаш на прво место да се става најважното во интерес на детето.** Вашите извештаи можат да имаат непредвидени последици, па *размислете* за вашата мотивација, за начинот на кој е веројатно дека приказната ќе биде презентирана и како тоа може да има последици врз детето. Една од клучните работи тука е идентитетот на детето. На пример, (поранешно) дете-војник кој зборува во медиум ризикува да биде жртва на атентат доколку се утврди дека детето искажало информации кои можат да значат инкриминација на возрасните. На сличен начин, некое дете кое било сведок на ѕверства може да се соочи со одмазда, дури и во бегалски кампови.
**2. Секогаш кога тоа е можно да се побара дозвола.** Доколку детето е под старателство на возрасни лица, дознајте повеќе за нив пред да ги интервјуирате, инаку би било сосема несоодветно да се интервјуира некое дете кое поминало низ огромни трауми; колку детето е повознемирено толку е поважно интервјуто да се врши во присуство на возрасно лице кое детето го познава. Секогаш проверете дали е соодветно целосно да ги идентификувате (со име или со слика).
**3. Секогаш размислете за сите аргументи „за“ и „против“ на целосното идентификување**. Објавувањето на личниот идентитет на детето е важен елемент во покажувањето почит и стекнувањето доверба, но неговото целосно откривање во јавноста, можеби, е несоодветно. Децата, можеби, нема да имаат забелешки, но како одговорно возрасно лице вие треба да размислите за импликациите. Дури и кога се интервјуираат деца кои ги загубиле контактите со своите семејствата, не се „залетувајте“ да го објавите нивниот целосен идентитет. Опфатете доволно клучни поенти кои би биле препознатливи за роднините на

детето, но внимавајте да не одите со целосна идентификација за да не ги изложите на дополнителен ризик. Во денешно време сите медиуми се глобални – вашата приказна може да ја видат луѓе во целиот свет кои би можеле да имаат и сомнителни мотиви кон тоа дете. Доколку не сте сигурни, побарајте совет од возрасни лица кои го познаваат детето. Дали таа слика е навистина неопходна?
**4. Секогаш објаснете**. Обидете се да обезбедите дека детето знае што правите вие. Вие не можете да бидете сигурни дали тие ве сметаат за пријател или за непријател, така што започнете со објаснување кои сте, зошто сакате да разговарате со нив и што ќе правите со информациите кои ќе ги обезбедите, и која е вашата веројатна целна публика. Покажете им ја вашата идентификација и покажете им како работи опремата која ќе ја користите.
**5. Дајте им време.** Точно е дека сте притиснати со рокови, но тоа не му значи ништо на едно трауматизирано дете. Секогаш кога е можно овозможете им да ве запознаат, дури и ако се работи само за неколку дена. Мора да им дадете малку време. Ако не можете, размислете повторно дали, воопшто, ќе ги ангажирате за вашиот прилог. Тие не се таму за вас. Тие ве гледаат, како возрасно лице, како некој кој е таму за нив. Нивната добросостојба и живот се поважни отколку нивната приказна и многу е поверојатно да ви се отворат откако ќе се запознаат подобро со вашето присуство. Над се', слушнете што кажуваат наместо само да „ловите“ цитати. Дури и во најдобрите времиња децата не сакаат да бидат претставени како претставници на некоја група или „тип“. По разговорот со неколку деца можете да генерализирате, но обидете се да го признаете нивното искуство наместо да барате „универзални“ слики и приказни за деца во криза.
**6. Секогаш кога е можно проверете двапати**. Децата можат да бидат неверојатни и интересни сведоци, но нивниот недостаток на речник и недоволно изразување може да доведат до забуна. Тие може да бидат расположени да ви излезат во пресрет и да ви го кажат само она што сакате го слушнете наместо она што го знаат. Никогаш не потпирајте се на она што ви го кажале децата како крајно и веродостојно се' додека не го проверите фактите со други сведоци или со лица кои знаат повеќе за историјата на тоа дете.
**7. Не зголемувајте им ги надежите.** Трауматизираното дете може да има лажни очекувања или стравови кога некој странец покажува интерес кон него. Никогаш не ги подлажувајте или поткупувајте и никогаш не им давајте лажни ветувања без разлика колку и да сакате да покажете симпатија и разбирање. Децата остануваат во состојба на криза многу потоа откако медиумот повеќе нема интерес кон нив и неисполнетите ветувања се штетни за нивната способност да им веруваат на возрасните. „Извлекувањето“ на одделни деца или семејства со цел специјален третман може да предизвика проблеми кога ќе си заминете. Ако сакате да помогнете, договорете со колегите некаков начин на споделување на вашите ресурси со поширока групи – можеби преку некоја локална организација на која сите и' веруваат.
**8. Воспоставете врски**. Доколку му раскажувате приказна на детето, секогаш кога е тоа можно обезбедете повторно да стапите во контакт со детето, на пример, преку конкретно лице во одредена организација која му помага на тоа дете. Ова е многу важно не само за дополнително следење, туку и во случај вашата приказна да генерира одговор кој може да биде важен за детето (од роднини во странство, на пример).
**9. Фокусирајте се на позитивните работи**. Не плашете се отворено да разговарате за земјотресот/ војната/ патешествието низ кои поминало детето, но немојте премногу да засегате во личното. Тие ќе знаат доколку се обидувате да го избегнете ова прашање. Барајте приказни кои ја поттикнуваат надежта наместо

разочараноста – приказни за лична истрајност и херојство. Дури и во најлоши околности може да има моменти на радост и смеа кои помагаат да се изрази нашата заедничка хуманост. Децата имаат извонреден капацитет на отпорност и кажувањето на позитивните аспекти може да биде утеха кога се' друго е црно.
**10. Овозможете простор за разговор наместо за активности.** Децата функционираат најдобро заедно со своите врсници, па еден од најдобрите начини за интеракција со нив е да се работи како група. Прашајте дали може да ја гледате или да им се приклучите во нивните игри. Нека ви кажат каква е таа игра и откако сте покажале интерес тие ќе бидат поопуштени да ви кажат повеќе за себе. Секогаш обидувајте се да функционирате буквално на нивно ниво наместо да бидете над нив или одвоени од нив. Доколку седат на земја, придружете им се! Доколку ги интересира опремата со која ќе ги снимате, нека ја разгледаат – нека ја допрат, па дури и нека пробаат да снимаат. Најважно од се' е што вие имате задача да не ги трауматизирате повторно. Кога ја раскажуваат својата приказна, не туркајте ги во детали доколку не го сакаат тоа. Колку и да е тешка темата, оставете ја наместо да ризикувате да овозможите емоционална злоупотреба на децата. Повлечете се кога и детето се повлекува, кога покажува преголем стрес или возбуда и водете сметка одговорното возрасно лице да е запознато со она што се случува.

**Предлог за дополнителна литература**
Human Rights Watch: www.hrw.org

War Child: www.warchild.org.uk

Watchlist: http://www.watchlist.org/

Коалиција за запирање на учеството на деца војници: http://www.child-soldiers.org/

UNICEF – Децата во вооружен конфликт:
http://www.unicef.org/emerg/index_childsoldiers.html

Канцеларија на специјалниот претставник на Генералниот секретар за деца и вооружен конфликт: http://www.un.org/children/conflict/english/home6.html

TJ Riddell, 'Војната е нешто постојано во животот на луѓето во Северна Уганда':
www.law.utoronto.ca/documents/ihrp/report05_Riddell.doc

AlertNet: – 'Како д се известува за деца во кризни ситуации '
http://www.alertnet.org/thefacts/reliefresources/115254539757.htm

AlertNet: 'Надвор од медиумската глауморозност, децата страдаат ' – истражување
http://www.alertnet.org/thefacts/reliefresources/115254878772.htm

Основни податоци на DCAF (Democratic Control of Armed Forces) за децата војници:
http://www.google.com/#hl=en&q=%D0%94%D0%95%D1%86%D0%B0+%D0%B2%D0%BE%D1%98%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8&aq=f&aqi=&fp=82e34627c46f57f4

## 7. МОЖНОСТ ДА СЕ ИЗРАЗАТ ДЕЦАТА И МЕДИУМИ КОИ СЕ ФОКУСИРААТ НА ДЕЦАТА

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- Овозможување пристап до медиумите за децата
- Како да се обезбеди дека гласот на детето се слуша преку медиумот
- Медиуми за деца

Со развојот на технологијата, употребата на медиумите значително се зголеми во изминатата декада, со што луѓето имаат можности за подобар пристап до информации и поголемо знаење. Овој развој овозможува поголемо учество на децата и младите во медиумите и, во оваа смисла, во општеството во целина, во смисла на информирање, поддршка и влијание врз нивните врсници и возрасните. И покрај овие можности, некои медиуми и натаму ги експлоатираат децата и тие содржат стереотипни описи на децата и нивната состојба.

Преку инволвирањето на децата, медиумите можат да дадат нова перспектива. Постојат силни аргументи во полза на поголемото учество на децата во медиумите.

Важноста на односот меѓу детето и медиумот е призната во:
- Членот 12 од Конвенцијата за правата на детето која ги утврдува улогите на страните во државата кои им овозможуваат на децата право слободно да ги искажат своите ставови за сите прашања кои ги засегаат и тие ставови да бидат слушнати;
- Членот 13 кој го утврдува правото на детето за слобода на изразување преку медиум кој е сопствен избор;
- Членот 17 кој утврдува дека страните во рамките на државата имаат задача да обезбедат дека децата имаат пристап од повеќе домашни и меѓународни извори. За мас-медиумите, ова значи обезбедување информации кои се социјално и културолошки корисни за детето.

Медиумите имаат голем потенцијал да ги направат реални принципите и стандардите во Конвенцијата за правата на детето, најпрвин преку остварување на правата на детето за соодветни информации и слободата на изразување, преку формирање свест за самата Конвенција и нејзината содржина и преку „играње“ на пилот-улога во мониторинг на нејзината имплементација.

Сепак, и покрај тоа што една третина од населението во светот е под 18-годишна возраст, мислењата и околностите на децата ретко се прикажани на точен начин во медиумите. Истражувањата (како што е она на Проектот за мониторинг на медиумите во 2004 година) покажуваат дека децата се недоволно застапени во медиумите. Како што изјави едно дете во ова истражување:

**„Медиумите направија да се чувствувам целосно „исфрлен“. Тоа е како децата, воопшто, да не постојат.“**

Кога приказните на децата се ударни вести, тоа обично не се прашања кои се важни за нивните животи; тоа се оние вести кои се драматични и екстремни. Навистина, голем дел од медиумската покриеност на децата е негативна.

Што мислат децата кога имаат можност да учествуваат во медиум? Plan International (невладина организација за правата на децата) запраша група детски новинари зошто нивното учество во медиумот е важно. Тие одговорија дека:

- дава можност да научат за нивните права и обврски и да обезбедат дека се точно претставени;
- им овозможува да ги изразат своите права да учествуваат и да се изразат себеси слободно, и да обезбедат дека нивните приоритети и нивната загриженост се прикажани на добар начин;
- им овозможува глас преку кој се едуцираат и преку кој ги бараат своите права од родителите, заедницата и државата;
- ги обединува децата и претставува инструмент преку кој тие можат да ги информираат своите врсници за она што се случува;
- им помага да ги решаваат чувствителните нешта без да стравуваат дека ќе бидат казнети, да побараат помош и да учат начини за избегнување на проблемите (на пример, како да се заштитат себеси од злоупотреба на нивните права, каква што е трговијата со луѓе).

Искуството од ваквото олеснување за учеството на децата во медиумите покажа дека децата се способни да ги креираат медиумите, да ги истражуваат прашањата поврзани со детските права, да изнаоѓаат решенија и да станат застапници за одбрана на нивните сопствени права. Сега пополека и возрасните почнуваат да го менуваат својот став во однос на учеството на децата во медиумите и да ги вреднуваат децата како агенси на промени во заедницата. Примерите за успешни проекти за деца во медиумите од целиот свет покажуваат како учеството може да се направи на начин кој има смисла.

**Инволвирање на децата**
Голема пречка за инволвирање на децата и младите во медиумската продукција е дека тоа би значело да ги донесеме во потенцијално опасно место. На пример, доколку местото е постојано во движење, со многу луѓе и опрема, тоа би било опасно за нив. Природната љубопитност и фактот дека таквите простории не се направени за лица под одредена возраст би можело да ги изложи на ризик.

Културата на работење со медиуми кои се постојано под притисок за брзо работење не е нешто што би било приемчиво за децата – она што би било добро искуство за нив истовремено може да биде застрашувачко и ризично доколку немаме претходна внимателна подготовка. Обично тоа е стравот детето да не оштети скапа или чувствителна опрема, наместо обратно.

Некои од потребните мерки за безбедност се скапи, но повеќето опасности за децата е веројатно да бидат опасности и за возрасните. Работно место кое е безбедно за децата треба да биде дополнителна гаранција дека тоа е безбедно и за возрасните.

Планирањето однапред претставува клуч за безбедното учество на децата на било кое работно место. Во сите медиумски иницијативи се изготвуваат внатрешни инструкции, но многу често со голем број на прашања се справуваме и ad hoc. Доколку се споделуваат најдобрите искуства тогаш е можно да се воспостават и

стандарди во таа дејност и тие да се промовираат и да се мониторираат. Некои препораки во оваа смисла се:

- посветете време да ги подготвите децата и тоа надвор од местото;
- кога децата се на самото место обезбедете дека тие се запознати со ризиците и каде можат да се обратат за помош. Водете сметка тие да имаат чисти тоалети, пристап до просторија со соодветна големина каде што можат да се опуштат, како и евентуални освежителни пијалаци.
- најважно од се', обезбедете дека има најмалку едно возрасно лице со нив, кое тие го познаваат и знаат дека можат да му се обратат за помош или совет;
- оние задолжени за управување со инволвирањето на децата треба да ги проверат нормите за заштита и безбедност при работа бидејќи тие се однесуваат и на децата. Тие треба да обезбедат дека децата и нивните негуватели имаат добиено едноставни и јасни објаснувања околу безбедноста на тоа место, и обезбедете едноставни начини за проверка дека децата ги разбираат нив (на пример, преку учество во вежба за итна евакуација и сл.);
- оние што работат на тоа место треба да бидат информирани дека ќе доаѓаат децата во одредено време на одредено место;
- оние што работат заедно со децата треба да дејствуваат во согласност со инструкциите кои се соодветно договорени и прифатени.

Во почетокот, на децата може да им се овозможи да ги разгледуваат или да ги коментираат прашањата кои ги засегаат нив: на пример, тие би можеле да гледаат филмови или книги за деца во весници и во други медиуми.

**Поволности од медиумските програми направени со и за децата**

Евалуацијата на медиумските проекти покажуваат дека има многу бенефиции кои се резултат од учеството на децата во медиумите:

**Подобар медиумски производ:** Не само што вклучувањето на новинарите во детските медиуми често резултира во поголемо медиумско внимание врз децата, туку тоа може, исто така, да резултира и во подобри медиуми направени од и за децата:

Повеќе од 100 радиостаници беа вклучени во проектот „Јас сум дете и јас имам свои права како и вие!“ во Западна Африка (кој ги информираше родителите, децата и државните органи за нивната улога и задача во однос на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето). Бројот на програми за деца се зголеми и тоа најмногу поради силните барања од слушателите. Дополнителните проценки утврдија зголемување на капацитетите, како во продукцијата на подобри програми така и во вклучувањето на децата во тој процес. Исто така, постои и зголемување на нивната свест и знаење за детските права, како и за состојбата на децата во државата.

**Генерирање на промени**: Учеството на децата во медиумите може да влијае врз креаторите на политиката на државно ниво:

Во проектот „Децата имаат да кажат нешто“ во Индија, младите луѓе учествуваа во снимањето филм и анимации за повеќе прашања кои ги засегаат нивните животи. Еден филм во врска со зависноста од „гутка“ (мешавина од тутун, ореви и зелен лимон) ги инспирираше учениците до тој степен што тие покренаа петиција за да се запре продажбата во сите продавници кои беа во близината на нивните училишта. Своите барања ги однесоа и до локалната власт која ја забрани *гутка* во сите училишта во таа општина и која покрена широка кампања за подигнување на свеста во соработка со учениците.

**Развој на детето:** Учеството на детето во медиумите придонесува кон нивен сеопфатен развој. Освен тоа што учат технички и стручни вештини (како, на пример, како да ракуваат со опрема и како да артикулираат и да толкуваат текстови), тие се стекнуваат со суштински животни вештини кои им дозволуваат да ги изразуваат и да ги искажуваат своите мислења на поефикасен начин, преку решавање на проблеми, комуникација, сопствено изразување и вештини на преговарање.

Учеството во медиумите им помага на децата да се запознаат со функционирањето на медиумите и информациите, со продукцијата и, исто така, им дава поширок пристап до соодветните информации, па така децата се во можност да донесат одлуки. Со нивното вклучување во мониторингот и евалуацијата на медиумските програми, тие развиваат вредни вештини за медиумска писменост и се во можност да станат најважни консументи на медиумите во сите нивни форми.

Кај медиумите постојат и комерцијални интереси за вклучување на децата во медиумите, како што е, на пример, обезбедување на идна база на медиумски консументи. Конкретно, многу весници имале проекти насочени кон младите, но многу малку ги инволвирале младите на директен начин.

Со ваквите активности на вклучување на децата во медиумите, тие (децата) стапуваат во интеракција и учат од другите момчиња и девојчиња, создаваат нови пријателства и учат емпатија (поистоветување) спрема своите врсници, што е суштинска вештина за развивање на политичка и социјална свест. Освен тоа, изразувањето преку медиумите може да има корисни ефекти врз психо-социјалното заздравување и опоравување по трауматичен настан, давајќи им надеж.

Во Шри Ланка, телевизиската станица Young Asia го олеснуваше учеството на група деца во документарен филм кој им овозможи да ги искажат своите мислења во врска со цунамито во Индискиот Океан во 2004 година. Филмот, кој беше целосно изготвен од деца, го прикажува ефектот од трагедијата и како таа ги има променето нивните животи. Нишак (16) рече дека сака да се фокусираат на тоа како децата храбро продолжиле понатаму со животот.

**Поттикнување на децата и активно граѓанство:** Инволвирањето на младите во сите фази на медиумски проект може дополнително да ги развие нивниот потенцијал како активни граѓани и застапници за своите права. Децата можат да бидат добар гласник за тоа како кршењето на нивните права ги засега нивните животи, и учеството во медиумите може да им овозможи да повикаат на промени, со свој глас. Искуството им помага да се изразат себеси на ефективен начин и на други настани.

Како резултат од нивното учество во медиумите, децата се чувствуваат дека се вреднувани и се стекнуваат со самодоверба. Ова е резултат од откривањето на нивните сопствени таленти и добивање признание од страна на возрасните и од нивните врсници. Чувството дека се корисни во заедницата може, исто така, да води кон тоа децата да станат активни и во други полиња и може да ги поттикне да преземат нови улоги и задачи.

**Меѓународен контекст**

Голем број меѓународни средби за деца и медиуми ја имаат признато важноста од учеството на децата во оваа област. Некои од нив се следниве:

- Ден на генерална дискусија на тема „Детето и медиумите“ од страна на Комитетот за правата на детето (Швајцарија, 1995 година): „Медиумите се важни во тоа да им овозможат на децата можност да се изразат себеси. Еден од принципите на Конвенцијата е дека треба да се слушнат ставовите и на децата и да се земат предвид... децата не треба да само да бидат консументи на медиумите, туку, исто така, и да учествуваат во нив.“
- Работилница во врска со Предизвикот од Осло (Норвешка, 1999 година): „Предизвикот за децата и младите е да утврдат начини за промовирање на нивното сопствено активно учество во медиумите и во развојот на медиумите; предизвикот за родителите, наставниците и истражувачите е да ги признаат и да ги поддржат правата на децата да имаат пристап до медиумите, да учествуваат во нив и да ги користат како инструмент за нивно унапредување.“
- На Четвртиот светски самит за медиумите за деца и адолесценти (Бразил, 2004 година) возрасните предложија дека „треба да се промовира медиумската продукција со учество на деца и адолесценти“, додека децата предложија дека „децата и адолесцентите треба да имаат гарантиран простор во продукцијата и емитувањето на медиумските производи“.
- Форум за развој на медиумите за младите (Мали, 2006 година) на кој присуствуваа 400 делегати од 60 држави во светот, вклучувајќи ги тука и Plan-државите (Албанија, Бенин, Буркина Фасо, Камерун, Еквадор, Ел Салвадор, Етиопија, Гана, Гвинеја, Гвинеја-Бисао, Хаити).
- Петтиот светски самит на медиумите за деца (Јоханесбург, 2007 година) со повеќе од 1 000 луѓе од околу 90 држави, вклучувајќи најмалку 300 домашни и деца од странство; беа одржани интерактивни работилници, дебати и дискусии за истражување на начините да им се даде на децата глас во медиумите. Конференцијата се осврна на учеството на децата во медиумите и како медиумите придонесле за тоа на кој начин се гледа на децата. Овој самит, исто така, се осврна и на начините и средствата за промовирање на инволвираноста на децата во продукцијата на сликите за самите нив. Во фокусот на дебатата беше како децата би можеле да бидат инволвирани во процесот на производство на слики и програми за нив самите.

**Предизвици и проблеми за корисно учество на децата во медиумите**

CRC-Комитетот еднаш укажа дека „Детството не е чекална за животот кој е пред нив“. Иако, речиси, една третина од светското население се млади под 18 години, медиумите ретко го прикажуваат мислењето или реалната состојба на оваа група.

Севкупно земено, и во северната и во јужната хемисфера, медиумите им даваат малку можности  и право на децата за тие да ги изразат своите права да учествуваат во медиумите, односно да ги искажат своите ставови по прашања кои ги засегаат.

Досега не и' било посветено соодветно внимание на потребата од смислено и соодветно учество на децата на секое ниво во медиумите, вклучувајќи и мониторинг на медиумите. Нивното учество, се' уште, нема добиено приоритетно внимание какво што заслужува. Сепак, и натаму има голем број заеднички предизвици кои се однесуваат на учеството на децата.

**Социјални студии и отпор спрема учеството на детето**
Медиумите најчесто се контролирани од возрасните кои не секогаш сакаат да се откажат од својата моќ и да им дозволат на децата да ја утврдуваат агендата. Од друга страна, самите родители, исто така, не ја разбираат вредноста од учеството на децата. Често тие веруваат дека медиумските проекти одземаат премногу време и поради тоа децата немало да имаат време за училиште. Сепак, доказите покажуваат дека успехот на децата во училиште често се подобрува токму како резултат од нивното учество во вакви проекти.

Кај родителите е можно да постои воздржаност да им дозволат на своите деца да научат за детските права. Правата често се гледаат како нешто што е во судир со традицијата во многу држави, каде што децата не ги прашуваат ниту, пак, им се обраќаат на возрасните освен ако не им биде кажано да го прават тоа. Многу е важно таквите ставови да се решаваат преку информирање и подигнување на свеста на медиумите и на родителите.

**Етика и заштита**
Во нашите обиди да го зголемиме учеството на децата во медиумите, мора, исто така, да обезбедиме заштита на децата од медиумите. На пример, медиумската изложеност на децата кои страдале од злоупотреба често значи и секундарна злоупотреба поради потенцијалот од виктимизација доколку биде откриен идентитетот на детето. Исто како и возрасните новинари, децата новинари понекогаш не успеваат да ги заштитат другите деца со кои работат.

Комерцијализацијата, насилството, сексуалниот притисок, родовите стереотипи и другите штетни влијанија можат да ги намалат можностите за децата за учество во медиумите. Во многу делови од светот голем број програми и емисии (најчесто на телевизија) не го прикажуваат вистинскиот живот на децата и младите луѓе. За да ги заштитат децата од штетни влијанија и негативни слики, тие мора во целост да учествуваат во процесот за да создадат медиуми кои ќе обезбедуваат добри информации и забава која ги прикажува нивните животи и не ги прекршува нивните права.

**Мала инвестиција и недоволно ресурси**
Од суштинско значење е на детето да му се овозможат адекватни ресурси кога се прави продукција на програма во медиумите, за да се обезбеди пристап и квалитет. Детските медиуми се во конкуренција со други медиумски производи од целиот свет  - доколку сака да го сфатат сериозно и да допре до целната публика, детскиот медиум треба да даде ист квалитет без поддршка од професионални медиумски лица.

**Потреба од развивање на вештините**
Децата како и голем број на возрасни не се секогаш свесни за нивното право на слободно изразување. Тие често се срамат и имаат тешкотии да се изразат себеси кога не се навикнати на такво нешто. Без медиумска обука, децата може да се исплашени да се искажат за да не дадат погрешна порака или не се во можност да се искажат како што мислат и чувствуваат. Неписмените деца, децата со посебни потреби и другите маргинализирани групи често имаат потреба од специјалистичка помош која ќе им овозможи да учествуваат во целост.

Медиумите се инструмент за да се слушне гласот на најзагрозените. Кога програмите во медиумите ги почитуваат стандардите и принципите на CRC тие можат да ја променат перцепцијата кај возрасните за децата преку покажување добри примери. Тие можат да ги изразат во јавноста прашањата како што се насилството (што е секогаш тешка тема за дискусија) и можат да го променат однесувањето на возрасните.

Учеството на децата во медиумите зависи од можноста за искажување и од тоа да се има соодветна публика која ќе го слушне тоа. Во државите каде што технологијата им дозволува на децата да преземат иницијатива, на пример, преку креирање на свои сопствени интернет-страници, предизвикот е да се спречи гласот и проблемите на децата да не „потонат“ во мноштвото информации. Општеството мора ги земе предвид мислењата на децата и да им даде одреден простор во медиумите.

## КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

**Правото на слобода на изразување, на изнесување на мисли и изразување на верска припадност се гарантира во членовите 12, 13 и 14 од Конвенцијата за правата на детето.**

Децата и младите поседуваат право да ги изразат своите мислења и да бидат сфатени сериозно во поглед на нешта кои ги засегаат.

Децата и младите имаат правото на слободен говор. Тоа значи дека тие имаат право да бараат, примаат и даваат информации и мисли од секаков вид. Имаат право да се изразуваат преку говор, пишување, цртање и пеење, или на секаков друг начин се додека тоа не вознемирува или навредува други луѓе. Мислите, совеста и верската припадност на децата и младите мора да бидат почитувани.

**Право на разновидност и информации се третира во членот 17 од Конвенцијата.**

Земјата-потписничка мора да се погрижи за тоа децата и младите да се здобиваат со добри информации и материјали од дневниот печат, книги, радио и ТВ.
Земјата-потписничка ќе го охрабрува производството и дистрибуцијата на книги за деца и млади.
Деца и млади со мајчин јазик поинаков од службениот, ќе добиваат материјал на нивен јазик.

**Предлог за дополнителна литература**
Plan International: http://www.plan-international.org/

„Да се зборува, да се учествува и да се одлучува – е правото на детето да биде слушнато“, Plan International, 2006.

Децата, младите и медиумите во светот: Преглед на трендовите и актуелните прашања, Intermedia (2004)

Децата во медиумите, Plan Sweden (2006).

Комитет за правата на детето на Обединетите нации (1996), „Детето и медиумите“.

## 8. НАЈДОБРИ ИСКУСТВА ВО НОВИНАРСТВОТО ВО ОДНОС НА ДЕЦАТА

„Јас и натаму верувам дека, ако вашата цел е да го промените светот, новинарството е инструментот кој може да го направи тоа сега и веднаш“
– Том Стопард

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА УЧЕЊЕ

- Најдобри искуства во новинарското известување во однос на децата
- Мониторинг и евалуација на детските медиуми: печат, радио, телевизија

Предизвикот од Осло, кој беше објавен на десетгодишнината на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето, ги повика сите новинари и сопственици на медиуми, наставници, политичари и деца да изнајдат начини да направат мас-медиумите позитивно да влијаат врз животите на децата од целиот свет.

Предизвикот за приватниот сектор, вклучувајќи ги и сопствениците на медиумите, беше:

- Да се земат предвид правата на децата за пристап, учество, медиумска едукација и заштита од штетни содржини во развивањето на нови медиумски производи и технологии.
- Најдобриот интерес на детето да биде главната работа во потрагата по комерцијален и финансиски успех, за да може денешните деца да станат возрасни во глобалниот свет, во кој сите луѓе се заштитени, почитувани и слободни.

Како што веќе објаснивме, многу новинари се скептични околу тоа да им се посветува толку внимание на потребите (и на правата) на децата. Во Велика Британија, на пример, секоја недела весникот на новинарите Press Gazette содржи прилози за законските промени во ограничувањата да се известува од судски процеси во кои се вклучени деца под 18 години. Иако законот беше сменет неодамна за да ја земе предвид Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето, која признава дека младите лица кои направиле престап имаат право да го учат доброто поведени без непотребен публицитет, ова некои го гледаат како ограничување на слободата на печатот доколку медиумите не можат да ги именуваат оние лица кои постојано прават престапи.

Сепак, многу новинари се заинтересираа за децата и тие се во центарот на нивната работа, и можеме да видиме многу примери за ова низ целиот свет. Новинарите за правата на детето и жената во Македонија, формирани во 2003 година, спроведуваат кампања за детските права преку презентирање билтени и филмови во медиумите. Беше формиран и Меѓународен клуб на новинари за детски права од страна на Метју Мек-Кваме од Институтот за новинарство во Гана и од Френки Асар-Донкох од Choice FM радиото во Гана.

Бразилската новинска агенција за деца ANDI им дава награди на новинарите – пријатели на децата, за да ги поттикне новинарите да ги истражуваат и да пишуваат за детските прашања. Тие утврдија дека убавиот збор им овозможил поголем пристап до децата, дури и во затворите.

Фондацијата Prix Jeunesse, исто така, има цел да го подобри квалитетот на телевизијата во целиот свет за младите преку подобро разбирање и промовирање на комуникацијата меѓу народите. Prix Jeunesse ја застапува идејата дека телевизијата треба да биде атрактивна за целната публика и да им овозможи на децата да видат, да слушнат и да се искажат себеси и својата култура, истовремено промовирајќи свест за другите култури. Prix Jeunesse наградата се смета за најпрестижна телевизиска награда за програми со деца во целиот свет.

Во 2003 година, Меѓународната федерација на новинари и Асоцијацијата на новинари на Јужна Африка, организираа дводневна работилница во Кејп Таун со цел промовирање на детските права во медиумите. Дискусијата беше фокусирана на општествената одговорност на новинарите и конкретната грижа која е потреба во покривањето на прашањата кои ги засегаат децата. Учесниците потенцираа дека децата не се возрасни и поради тоа им е потребна посебна помош и заштита. Во најголем број случаи, сепак, децата во голема мера се игнорирани во медиумите. Овој состанок резултираше со објавување на водичот со наслов „Децата и нивните права – меѓународен водич за новинарите и медиумски куќи“.

Други организации, исто така, даваат награди за новинарство кое е фокусирано на децата. Во 2002 година Plan Haiti и Panos-институтот (и двата од Вашингтон), покренаа меѓународна новинарска награда за најдобро известување за детски права. Иницијативата резултираше не само со продукција на висококвалитетни извештаи за децата и нивните права, туку, исто така, ги мотивираше и медиумските куќи и новинарите повеќе да ги слушаат децата.

Plan Togo покрена сличен проект во јуни 2006 година со невладината организација WAO Африка како партнер, беше формирана и Џитри-наградата за медиумите и новинарите кои висококвалитетно известуваат за децата и за нивните права. Членови на жирито за годишната награда се деца новинари кои учествуваат во програмата за деца и медиуми на Plan Togo.

**Примери за најдобри искуства**

**ВЕСНИЦИ**

**Весниците во образованието**
Светската асоцијација на весници (WAN) е меѓународна организација која претставува 18 000 весници, 71 национално здружение на весници, извршни лица од весници од повеќе од 100 држави, 13 новински агенции и девет регионални и меѓународни прес-групации. Оваа асоцијација има изготвено пакет со 30 идеи за привлекување на нови млади читатели, врз основа на пилот-програмите, организирани низ целиот свет. WAN објави петгодишна програма на проектот *Весниците во образованието* (NIE), финансиран со 1, 74 милиони долари од големата норвешка фирма Norske Skog, која е втор најголем производител на весници и трет најголем производител на хартија за весници.

NIE-програмите се изготвени така за да ги направат печатените публикации природен дел од училишниот ден во целиот свет. Новата програма ќе се фокусира на Балканот и Азија, со изготвување на комплети за обука на наставниците на јазикот во нивната држава. Идејата е да се користат публикациите како начин за подобрување на писменоста, општото знаење, аналитичките вештини и почитта на вредностите на слободата на изразување, толерантност и демократски вредности.

**Евро-арапски регион (Euro-Arab Neighbourhood): списанија за ученици во арапските држави во Европа**
UNESCO го започна проектот Euro-Arab Neighbourhood: Students build Bridges (Евро-арапско соседство – учениците градат мостови) во рамките на програмата Дијалог со исламскиот свет. Проектот започна во декември 2003 година. За време на работилницата во Германија, експерти од министерствата за образование, јавните организации, издавачките куќи и училишта од Данска, Египет, Германија, Јордан, Либан, Либија, Палестина, Катар, Судан, Сирија, Тунис и Украина воспоставија основа за силна, долготрајна мрежа на училишни списанија.

Целта на проектот е да го промовира евро-арапскиот дијалог меѓу младите преку соработка на училишните весници. Дијалогот меѓу европските и арапските граѓани е предуслов за мирно заедничко живеење во мултикултурни и мултирелигиски заедници. Со цел намалување што е можно порано на сите предрасуди и преку промовирање на подоброто разбирање, размената меѓу младите од европските и арапските држави има суштинска важност. Сите видови училишта и млади од која било возраст кои се заинтересирани да учествуваат во новинарската соработка се добредојдени да учествуваат во овој проект.

**Kuleana-центар за детски права.**
Kuleana центарот за детски права во М'ванза, Танзанија, гледа на медиумите и на новинарите како на важни сојузници. Младите се половина од 800 000 жители во М'ванза, вклучувајќи и голем број деца на улица. Откако овој центар беше отворен во 1992 година, децата на улица започнаа да ги стават своите ставови на „тапети“ кои се лепеа низ целиот град. Денес во секое училиште списанието Mambo Leo се лепи во вид на плакат.

Kuleana разговараше и со уредниците во регионалните весници на следново прашање: „Ова се ваши деца: што ќе направите за нивната ситуација?“. Најпрвин,

опфатот на децата на улица беше сензационален. Како што медиумите станаа посигурни во себе, тие започнаа да ги разгледуваат причините и да ги истражуваат условите поради кои руралните деца завршуваа на улица. Локалните радиостаници одвоија 15-минутен простор за децата на улица, со награди за добитниците на наградите. Редовни текстови беа објавувани во Асоцијацијата на жени кои работат во медиумите во Танзанија (TAMWA) за да се подобри опфатот на насилството врз децата.

Ракеш Раџани, коосновач и поранешен извршен директор на Kuleana центарот вели дека медиумите можат да создадат можности за јавноста (вклучувајќи ги и децата) да се ангажираат во детските права како „разумни граѓани“. Тој, исто така, вели дека новинарите треба да бидат во можност да ги опфатат правата на децата во економските вести. „Мала промена на полошо во економијата може да го врати наназад напредокот кој бил постигнат преку заедничко социјално дејствување. Еден процент на промена во националниот Буџет може да значи 100 000 дополнителни деца да немаат пристап до безбедна вода за пиење“.

**РАДИО**

Како релативно евтино, лесно пристапно и преносно, радиото се покажа како најотпорен, најистраен и ефективен медиум дури и во најлоши општествени услови. Во Африка има илјадници радиостаници, и мали и големи, каде што е тоа најважен систем за комуницирање. Младите луѓе се покажаа како доста вешти во негувањето на радиотехнологијата за нивни цели, правејќи дури и пиратски радиостаници само за да бидат сигурни дека некој овозможува музика која им одговара на нивниот вкус. Нивните креативни енергии можат да имаат силно влијание врз главните медиуми.

**Проект на UNICEF во Сомалија**

Во Сомалија, УНИЦЕФ се здружи со младинските организации за да изготви радиопроект кој им даде на младите слободен пристап до радиобрановите. Како дел од проектот, UNICEF обезбедува обука за младите за радиопродукција со цел тие да емитуваат интелигентни и популарни емисии. Проектот се користи не само за забава и за овозможување вештини за младите луѓе, туку исто така и да обезбеди промена во однесувањето во однос на социјалните и на здравствените прашања.

Секојдневниот живот во Сомалија се планира околу радиостаниците каде што секој ден во 17:30, запираат сите активности и луѓето се собираат околу радиото за да слушаат BBC Сомалија. Сомалијците ја користеа технологијата за да ја поттикнат нивните усна култура и изградија заедница на електронски медиуми која се простира во целата држава која е зафатена со војна и која им е достапна на Сомалијците низ целиот свет преку интернет-стриминг.

Младите во Сомалија поминаа низ многу премрежиња и имаат цврсто мислење за тоа што значат мирот, развојот и правата на децата. Сега, гласот на младите во Сомалија се слуша со поголем кредибилитет отколку досега. Електронските медиуми и продуцентите беа импресионирани и им овозможија на младите бесплатен пристап до радиобрановите. Поезијата, драмата, песните и другите традиционални форми на изразување обезбедуваат вести, забава и ја поттикнуваат дебатата.

Силата на овој проект се базира врз важноста од радиото во Сомалија и посветеноста на младите новинари. Проектот докажа дека:

- инволвирањето на младите во медиумската продукција е од суштинско значење за изготвување, создавање и емитување на програми кои се интересни за младите и кои се однесуваат на нив;
- младите продуценти не гледаат на продукцијата како на извор на приходи, туку како на начин да се слушне нивниот глас;
- градењето на младински продукциски капацитет преку организирани младински групи е продолжување на услугите од заедницата во кои тие веќе се активни, за да имаат чувство за она што сакаат да го продуцираат;
- кога се обучуваат младите, тие не гледаат на нивното присуство како на задолжително, туку како на можност која треба да се искористи;
- фактот што им се остава на младите да обезбедат дека програмите се однесуваат на теми кои се важни на локално ниво и дека имаат квалитет кој е привлечен за младите во Сомалија;
- продукцијата со која управуваат младите помага во тоа да се обезбеди дека локалната заедница и електронските медиуми гледаат на програмата како на локален производ кој е вреден за локално признавање и поддршка
- кога младите луѓе управуваат со контроверзни прашања во медиумите, тие често не се составен дел на контроверзата која е дел од тоа политичко прашање (на пример, во Бурунди, младите ги имаат интервјуирано лидерите на бунтовниците и се имаат ангажирано во неочекувани политички дебати – и двете со огромен успех);
- младите луѓе имаат ентузијазам да научат нови технологии и тие често се полесна целна група за обука отколку возрасните.

**Takeover-радио**

Во Велика Британија, Takeover радиото започна со емитување во 1997 година кога тројца млади луѓе го презедоа терминот во сабота вечер наречен „во друштво со Филип Соло“ на радиостаницата Valley FM во Лејчестер. Вкупно два часа, Ели (15), Сем (12) и Рејн (10) Мензи го презедоа шоуто на Филип така што упаднаа во студиото, го врзаа и создадоа „заложничка ситуација“ во студиото. Инспекторот Лотон од „Полициското радио“ мораше да им вети чоколадо и пица пред да го „ослободат“ господинот Соло и да му дозволат да ги заврши последните половина час од неговата програма.

Следната година, три деца презедоа сличната станица NOW FM во Вигстон. Тука тие ја „презедоа“ станицата вкупно четири викенди и изготвија четири едночасовни програми.

Во август 2000-та година, програмата порасна толку голема што им требаше сопствена радиостаница. Во септември истата година овој тим го формираше и Трустот за детски медиуми на Takeover-радиото каде повеќе деца може да научат како да презентираат програми. По повеќе од шест години во етерот, тие се првите радиостаници во Велика Британија на кои им е доделена лиценца за емитување исклучиво за деца.

Овој труст (добротворна организација) ги учи младите како да работат заедно во тим, за потребата да се испочитуваат роковите и да продуцираат програма според нивните најдобри способности. Ова ја гради нивната внатрешна самодоверба,

вештините за планирање и организација, а исто така ги подобрува и нивните комуникациски вештини (во одредени случаи децата кои немаат такви вештини се учат како да се искажат себеси без да бидат физички или вербално нападни). Професионалните возрасни лица во електронските и во печатените медиуми ги учат на неопходните вештини за радиопродукција, новинарство, дизајн на интернет-страници и видеопродукција.

**„Јас сум дете и јас исто така имам свои права“**
Ова е наслов на една радиопрограма која е продуцирана од деца и која се емитуваше во цела Западна Африка. Беше емитувана за првпат во 1998 година, со цел да ги информира родителите, децата и власта за нивните обврски во однос на правата на децата. Проектот има цел да ја промовира CRC преку радиобрановите.

Радиопроектот се емитува во Буркина Фасо, Гвинеја, Того, Мали, Сенегал, Гвинеја Бисао и Бенин. Оваа програма се емитува од 10 радиостаници во секоја држава (вклучувајќи тука јавно, приватни, рурални и радиостаници од заедницата), приспособувајќи ја кон културата на таа соодветна држава.

Приказните го промовираат правото да се оди на училиште, да се има пристап до вода за пиење, да се расте здрав и да се биде заштитен од експлоатација. Приказната вклучува стотици професионални комедијанти и деца (околу 600 деца и млади на возраст од 6 до 18 години). Учеството на децата е главниот дел на проектот. Тие учествуваат директно во продукцијата, но исто така и преку интервјуа и дебати, радионатпревари и преку испраќање на песни, писма и цртежи.

Оваа програма се претвори во нешто многу повеќе од обична радиокампања. Театарските и училишните активности се исто така составни делови на проектот. Проектот значително ги надмина планираните резултати и својот првичен опфат. Стотици деца беа вклучени во продукцијата и емитувањето на програмата и многу илјади учествуваа во неговите натпревари и јавни емитувања.

Раскажувањето приказни и едукативните драми се покажаа како ефективни и популарни начини за подигнување на свеста за детските права. Децата можат да ги поврзат приказните директно со искуствата од нивните животи. Пораките им даваат храброст на децата да побараат поддршка од возрасните и да бараат решение за нивните проблеми. Тие се стекнуваат со знаење кое натаму го проследуваат преку дискусии за тоа што слушнале со своите семејства и пријатели. Слушањето на другите млади луѓе како зборуваат на радио, ги поттикнува и ги мотивира и другите деца да се слушне нивниот глас.

**Straight Talk – Уганда**
Straight Talk весникот е основан во 1993 година. До 1997 година тој порасна и до ниво на регистрирана невладина организација (Straight Talk фондација – STF), со повеќе проекти. Изјавите за мисија се „да ги чуваме безбедни адолесцентите“ и „комуникација за подобро здравје на возрасните“. Тука поимот безбедност значи непостоење на инфекции и несакана бременост, како и стекнување животни вештини, образование и вредности кои ќе им помогнат во тоа децата да станат продуктивно возрасно лице.

Радиопрограмата започна да се емитува во мај 1999 година. 30-минутната неделна програма најмногу е насочена кон адолесцентите во и надвор од

училиштето, со што се засилуваат пораките на Straight Talk за безбеден сексуален однос, апстиненција, користење кондоми и животни вештини. Емисијата се емитува низ целиот свет на 14 радиостаници и тоа на англиски и на четири локални јазици.

**Светски радиофорум**

Светскиот радио форум (WRF) е наменет за промоција на квалитетно емитување од и за децата. Формиран на Третиот светски самит за медиумите за деца кој се одржа во Солун во март 2001 година, WRF има цел да ги прикаже детските права, состојбата на децата и младите во нивните заедници преку радиопрограмата. Таа содржи проекти и приватни форми од секој континент, најмногу од Африка.

**ТЕЛЕВИЗИЈА**

Се проценува дека низ целиот свет има околу 1, 8 милијарда телевизиски гледачи под 15-годишна возраст. Од оваа бројка, 190 милиони живеат во најбогатите региони и 1, 6 милијарди во земјите во развој. Вкупно 142 сателитски и кабелски канали се наменети за деца под 15 години на пет континенти, од кои 88 се во Европа.

Јавните електронски медиуми низ целиот свет имаат задача да обезбедат програми за деца кои ќе ги информираат, едуцираат и кои ќе им бидат интересни за гледање, иако квалитетот и квантитетот на програмите значително се разликува.

**Британски програми за млади**

Во Велика Британија, емисијата Blue Peter, која е една од најпознатите телевизиски емисии на BBC за деца, прослави 50 години во октомври 2008 година. Тој е формат на магазин и се емитува веднаш откако децата се враќаат од училиште. Со текот на годината нејзината агенда е под значително влијание на идеите на децата. Таа емитува  активности од типот „направи сам“, го прославува успехот на децата на разни полиња, организира натпревари кои немаат карактер да ги експлоатираат деца и, исто така, организираат национални апели да им помогнат да децата кои тешко се осамостојуваат, како во Велика Британија така и во странство.

Младите водители на оваа програма се вклучуваат во интересни активности (нуркање, скокање со падобран, скијање итн.) кои им даваат на децата идеи за тоа во какви активности би сакале да учествуваат кога ќе пораснат. Секоја година екипата посетува разни делови на светот за да им даде на децата увид во тоа како живеат другите деца и кои се нивните проблеми.

BBC, исто така, емитува редовна емисија насловена како *Вести за деца* која на едноставен и директен начин ги покрива главните настани во денот, вклучувајќи тешки теми (злоупотреба на деца, глад и природни катастрофи), како и посебни прилози од посебен интерес за децата кои, можеби, не би биле емитувани во вестите за возрасните. Со оглед на тоа што новите емисии се наменети за возрасни, тие не се толку популарни кај децата. Имајќи свои верзии им овозможи на децата да дискутираат за актуелните прашања со возрасните, истовремено заштитувајќи ги од вознемирувачки слики кои често се прикажуваат во вестите за возрасните.

Еден од комерцијалните електронски медиуми во Велика Британија (Channel 4) има добиено награда за својата Wise Up програма наменета за тинејџер во која млади луѓе се поттикнуваат да ја утврдат агендата на емисијата. Програмските идеи и водителите-гости доаѓаат од гледачите. Гостите-новинари придонесуваат кон дел од програмата и тие најчесто истражуваат проблем кој потекнува од нивниот живот. Тие добиваат професионален совет и поддршка,главно, од младите продукциски тимови. Програмата има младешки стил, со брзи движења, снимана е со рачна камера, но исто така е внимателно уредувана и е произведена во согласност со формалните инструкции утврдени од официјалните регулатори.

**Mukto Khobor (бесплатни вести)**
Во Бангладеш, Mukto Khobor е неделна 25-минутна програма со вести и актуелни настани, наменета за возрасни, а со фокус на децата и нивните права. Нејзините цели се:

1. Да се создаде простор за децата во медиумите; форум за младите да ги искажат своите ставови за прашања и настани кои се случуваат меѓу нив, каде што ќе бидат слушнати од децата и од возрасните во целото општество.
2. Да ги поттикне младите новинари преку нивни обуки во специјализирани вештини; да поттикне и инспирира поголем број млади гледачи кои „влечат“ инспирација од програмата како добар пример за тоа колку ефективно тие би можеле да работат во медиумите кога им се дава можност. Да им се помогне на адолесцентите да создадат самодоверба и самопочитување
3. Да му се додаде вредност на гласот на младите и да се утврди дека и тие, исто така, можат да дадат мислења и решенија; да ги променат традиционалните идеи дека децата треба само да слушаат, а да не кажуваат многу.
4. Оваа програма да биде модел за еднаквите можности за учество на децата во медиумите.

Крајниот производ е мошне популарна програма која се фокусира на правата на децата.

Преку процесот на селекција за учество во програмата кој е приемчив за децата се обезбедува дека се земени предвид сите сектори на општеството. Не само што се контактира со училиштата да предложат кандидати, туку се контактираат и организации кои работат со деца што немаат пристап до образование. Тимот за продукција е мешавина на привилегирани деца, работни деца и некои кои немаат дури ниту основна писменост.

Програмата имаше силно влијание врз својата публика. На моменти имаше и тензии и несигурност меѓу децата од различно потекло кои работат заедно, но тие го надминаа ова и формираа одлични работни односи. Програмата точно го прикажува општеството во Бангладеш и, како таква, е привлечна за различна публика и е успешна.

**Детски медиацентар (СМС) во Киргистан**
Работењето на СМС во аудиовизуелни и печатени медиуми, како и неговата работа, се врши исклучиво од децата и младите. Проектот има цел да создаде услови за самоизразување на децата. Членовите на СМС ги проучуваат

проблемите со кои се соочуваат децата и младите во Киргистан и прават проценка на нивните стравови од сопствен аспект. Тие, исто така, ги шират информациите за детските права во согласност со Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето (CRC).

Членките на СМС работат на многу теми, со акцент врз проблемите на младите (детска заштита, општи прашања и СИДА). СМС има изготвено текстови во печатени и електронски медиуми за децата бездомници, лицата инфицирани со ХИВ и кршењето на правата на жените. Главната моќ на проектот е фактот дека мислењата во медиумските производи на СМС се оние на автентичните гласови на младите.

**ANDI**
Детската новинска агенција ANDI од Бразил ја започнаа новинарите кои беа загрижени за состојбата на децата на улица. Најпрвин тие се фокусираа на формирање училишта, бидејќи гледаа на образованието како на излез од сиромаштијата, особено под диктатура.

Потоа започнаа да вршат мониторинг на медиумите и утврдија дека огромен дел од вестите за децата беа со негативна конотација. Тие објавија посебна табела која покажуваше кои медиуми се најлоши во ова и поттикнаа еден попозитивен пристап. Шемата на покриеност постепено се менуваше и потоа и медиумите си конкурираа кој од нив ќе биде на повисоко место на оваа табела.

Мисијата на ANDI е да придонесе кон подигнување на свеста во рамките на медиумите во насока на промовирање и заштита на правата на децата и адолесцентите, со оглед на тоа што демократизацијата на нивниот пристап до основните социјални права е предуслов за социјална еднаквост.

ANDI има утврдено национални стандарди за одлична новинарска работа по прашањата кои се однесуваат на децата и младите. За оваа цел, ANDI:

- Ги дефинира и ги предлага конкретните теми и на новинарите им дава информации за нив;
- Ги дисеминира главните вести за децата и младите кои се објавуваат во државата;
- Обезбедува квантитативни и квалитативни анализи на третманот на децата од страна на новинарите во медиумите во Бразил;
- Дисеминација на информации за предизвиците и успешните искуства;
- Признавање на професионалците, чијашто работа е пример за социјално одговорно новинарство
- Обука на младите новинари и студенти.

Во март 2000-та година беше формирана AND-мрежата која денес се состои од шест агенции за комуникација од различни држави во Бразил.

**Јуниор во една минута**
Јуниор за една минута е конкурс за деца и млади да изготват сопствени едноминутни снимки и да се искажат себеси преку овој медиумски жанр.

Едноминутниот филмски фестивал воведе OneMinutesJr категорија. Овој фестивал, инаку, се одржува секој ноември во Институтот Сандберг во Амстердам. Се работи за еден сеопфатен фестивал и во тие рамки оваа OneMinutesJr категорија нема намера да биде изложба на професионални филмски (видео) остварувања. Наместо тоа, таа ги поттикнува младите да експериментираат и да ги искористат можностите кои ги нуди овој жанр и да обезбеди признание за нивната креативност и загриженост.

Младите на возраст од 12 до 20 години од Европа и Централна Азија се поканети да доставуваат свои дела. Секоја година партнерите, инволвирани во проектот, ги избираат темите за натпреварот, во меѓусебна консултација со младите.

За време на фестивалот се прикажува селекција на најкреативни филмови и им се даваат награди на најдобрите дела. Изборот го прави жирито кое се состои од тројца претставници од организациите-спонзори (Европската културна фондација, Институтот Сандберг и UNICEF) и тројца млади.

Сите оние што учествуваат на натпреварот добиваат потврда за учество. Победниците добиваат награди, изготвени од студентите од Институтот Сандберг, и мала парична награда. Фокусот не е да се победи, туку да се гради креативна и стимулативна заедница на младите. Секоја година фестивалот има елементи на игра кои покренуваат голема дискусија кај публиката.

Спонтаноста и постојаното користење на новите дигитални медиуми од младите покажува дека тие даваат значителен придонес. Ова треба да се признае и да се поттикне и да се даде поширока платформа за плодовите на нивното експериментирање.

**Предлог за дополнителна литература**
Светска асоцијација на весници (WAN): http://www.wan-press.info/

Светски радиофорум: http://www.worldradioforum.org

Светска асоцијација на медиуми во заедниците: http://www.amarc.org/

Многу други интересни медиумски активности и добри идеи, со, од и за децата (MAGIC), идентификувани од PressWise и од Media Action International кои се прикажани на посебна интернет-страница која, исто така, содржи кодекси како за однесување за работа со деца, така и за известување за децата. Исто така, содржи и многу корисни линкови и информации во врска со многуте формални декларации кои ги издаваат медиумите и другите медиумски агенции во кои се инсистира на фактот дека најважните интереси на детето треба да имаат предност во медиумската продукција: www.unicef.org/magic

ANDI: http://www.andi.org.br

Press Gazette: http://www.pressgazette.co.uk

Prix Jeunesse International: www.prixjeunesse.de

Децата и медиумите – глобално прашање, Mike Jempson, The PressWise Trust

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ 4

## ДОБРИ ПРИМЕРИ

Кога се зборува за медиумите во Македонија, јавниот дифузен сервис Македонската телевизија најчесто се споменува во негативен контекст. Но, кога станува збор за децата и нивната вклученост во медиумите или, пак, застапувањето на интересите на децатата, МРТВ е таа што предничи во овој дел.

МТВ е единствената телевизија која редовно сугерира кои филмови смеаат или не смеаат да ги гледаат децата, односно која е возрасната граница над која е дозволено да се гледа филмот. Останатите телевизии речиси не ги почитуваат тие правила, па воопшто не ставаат знак за дозволена возраст за публика на одреден филм. Практиката на почитување на препораките од Советот за Радиодифузија за заштита на малолетна публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот развој (http://www.srd.org.mk/?ItemID=906E4EC85A292E498972A80E3A3454E9) е многу ретка.

На ТВ Сител, на пример, во август 2009 година околу 14 часот се емитуваше филм на кој се испиша знакот 12+, но без предупредувачка аудио сигнализација на почетокот на филмот, така што децата кои не знаат да читаат можат и да не го забележат тој знак. Во препораките од Советот за радиодифузија стои дека таквите содржини наменети за публика над 12 години смеаат да се емитуваат од 21 до 5 часот наутро. На останатите приватни телевизии не е забележана ваква сигнализација.

Во принцип, МТВ внимава програмите да се емитуваат во соодветен временски период за нив. Сепак, пред неколку години (2001-2002), и на МТВ и се случи еден пропуст во емитувањето на Шоуто на Џери Спрингер во ударен термин во 19 часот пред Дневникот во 20 часот. На тој начин, беше прекината долгогодишната добра традиција на МТВ- триесетина минути пред дневникот од 19.00 до 19.30 да се емитува програма за деца, цртани филмови или играна програма за деца, во која голем дел од главните улоги ги играа деца.

Како исклучително успешен проект, може да се спомене серијата ,,Умни глави,,, во која сите улоги ги играа деца. Серијата и ден- денес се репризира и е актуелна за новите генерации. Децата играа различни улоги. Освен деца, тие беа и мајки, татковци, чичковци, тетки, учителки...

Кога станува збор за детската програма, извонредно достигнување во продукцијата на МРТВ е серијата ,,Бушава азбука,,, режирана од Слободан Унковски по текст на Горан Стефановски, македонски драмски писател кој денес живее и работи во Лондон.

Ако на некое дете или возрасен му кажете А, тоа ќе ви одговори Авијатичар, како асоцијација за таа буква од серијата, што е одличен доказ за нејзината успешност. Серијата има 31 епизода посветена на секоја буква од македонската азбука. Секоја епизода има неколку сегменти во кои се обработува буквата и се што е поврзано со неа (пишување, изговарање, читање делови од книги, писатели на таа буква, зборови на таа буква, анимации, игри, песни, приказни за животни, стандарден јазик наспроти дијалекти...). Освен одличните македонски актери, во серијата настапуваа и деца од Детското драмско студио на МТВ.

Бушавата азбука беше снимена во осумдесеттите години на минатиот век. Оттогаш се репризираше неколку пати и е подеднакво актуелна за сите генерации деца и возрасни.

Богатата ризница на детска играна програма на МТВ ги памети и ,,Дајте музика,,, ,,Светот на бајките,,... Серијата ,,Дајте музика,, беше реализирана со 99- процентно учество на деца. Денес мора само со жалење да констатираме дека, иако МТВ го загуби сјајот што го имаше, се уште останува единствениот медиум кој има најбогата и најдобра програма за деца.

Контактно- училишната програма ,,Ѕвон,,, која се емитува веќе 20 години, им дава шанса на многу деца да стекнат искуство во водителството и автентично да сведочат за успесите и проблемите со кои се соочуваат нивните врсници. Емисијата ,,Ѕвон,, се емитува во текот на учебната година секој ден од понеделник до петок од 10 часот и триесет минути до 11 часот и триесет минути. Со цел да ја гледаат сите ученици, емисијата има и реприза од 14 часот и 45 минути до 15 часот и 45 минути. Емисијата има образовен и воспитен карактер. Се третираат сите теми што ги засегаат учениците, училишните активности, учество во разни проекти, со педагози и психолози се разговара за проблемите на младите, се афирмираат постигнатите успеси на децата и се поттикнуваат на убаво однесување.

Исто така, петнаесетина години, секоја сабота на МТВ се емитува и дебатна емисија во која се обработува една тема актуелна за децата и младите. Низ годините, триесетминутната емисија го менуваше насловот, па од ,,Мал училишен парламент,, сега опстојува на ТВ- екраните под насловот ,,Говориме, спориме,,. Во секоја емисија се обработува одредена тема која ги засега младите од различни аспекти. Секогаш има соодветни гости кои даваат одговори на прашањата на новинарката и на учениците. Најчесто се зборува за проблематични теми. Децата слободно ги изнесуваат своите ставови и размислувања за темите кои се битни за нивните животи. .

Во стоте епизоди на емисијата ,,Дали, како, што,, учениците поставуваа ппрашања и добиваа одговори на различни теми. Во различен облик,

децата учествуваат и во останатите образовни емисии на МТВ: историска читанка, географска енциклопедија, 100 прашалници со 100 одговори...

И на останатите телевизии има детски емисии, кои ги водат возрасни лица, а децата учествуваат како гости. Долги години на телевизијата ,,Канал 5,, се емитува емисијата ,,Супер ѕвезда,,, во која децата се запознаваат со некои интересни професии и пеат песни.

Во поново време, на телевизијата ,,Телма,, се емитува емисијата ,,Пет плус,, секој ден во живо од понеделник до петок со тројца водители: една девојка и две кучиња (маскоти). Емисијата третира интересни теми за децата. Ги воспитува дека пушењето е штетно за здравјето преку пораки ,,Немој да пушиш, оти ме гушиш,,. Децата се учат како да пеглаат, гостуваат деца со свои изуми или постигнати успеси на натпревари итн.

Многу водители користат неколку минути од своите емисии за хуманитарни цели, повикувајќи ја публиката да донира пари преку телефонски повик за болни деца на кои им е неопходна операција. Благодарение на хуманите луѓе, спасени се многу животи. Исто така, организирани се и многу хуманитарни концерти за собирање средства за операции во странство.

Исклучително признание заслужува емисијата ,,Светот на тишината,,, која повеќе од 18 години е посветена на информирање на лицата со оштетен слух. Емисијата има документарно- информативен пристап. Се емитува 25 минути, секоја втора среда во месецот во 19.30 на првиот канал на МТВ, а се репризира наредниот ден во 13.30.

,,Светот на тишината,, ги доближува луѓето кои се наоѓаат од двете страни на линијата и неизбежен е впечатокот дека овој проблем МТВ го чувствува, го подржува, финансира и прави обиди да ги утврди перспективите за надминување на комуникациските бариери, во потребата да се чуе гласот и на најтивките,,, ги објаснуваат своите мотиви авторите на емисијата (www.mtv.com.mk).

Во поново време, на МТВ се емитува и емисијата ,,Петтиот ангел,,, посветена на сите лица со специјални потреби.

Во двете емисии се зборува за правата на хендикепираните деца, а децата се снимаат само со дозвола на родител.

,,Времето покажа дека МТВ придонесе да се подигне јавната свест кај населението и да ги убеди родителите да не се срамат од својот пород, туку напротив да се почитуваат вредностите што зборуваат сами за себе,,, велат авторите на емисијата.

# Децата учат ...

Од Dorothy Law Holte

Ако детето живее со пофалби, ќе научи да цени.

Ако детето живее со критикување, ќе научи да осудува.

Ако детето живее со искреност, ќе научи што е вистина.

Ако детето живее со страв, ќе научи да биде плашливо.

Ако детето живее во еднаквост, ќе научи што е правдина.

Ако детето живее со толеранција, ќе научи да биде трпеливо.

Ако детето живее со охрабрување, ќе научи да биде сигурно во себе.

Ако детето живее со признание ќе научи дека е добро да се има цел.

Ако детето живее во сигурност ќе научи да верува во себе и во другите.

Ако детето живее со прифаќање и одобрување ќе научи да се сака себеси и другите.

Ако детето живее со почитување и пријателство, ќе научи како да најде љубов во светот.

www.childrensembassy.org.mk